УНИВЕРЗИТЕТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА

**м-р Стефан Васев**

# СОЦИО-КУЛТУРНИ АСПЕКТИ НА МАКЕДОНСКОТО ЖЕНСКО ДВИЖЕЊЕ

**докторски труд**

Докторанд:
м-р Стефан Васев

Ментор:
проф. д-р Антоанела Петковска

**Скопје, 2025**

КОМИСИЈА ЗА ОДБРАНА:

Проф.д-р Милева Ѓуровска (претседател)

Проф.д-р Антоанела Петковска (ментор)

Проф.д-р Весна Димитриевска

Проф.д-р Ило Трајковски

Проф.д-р Денко Скаловски

Докторанд:
м-р СТЕФАН МИРОСЛАВ ВАСЕВ
Тема:
СОЦИО-КУЛТУРНИ АСПЕКТИ НА МАКЕДОНСКОТО ЖЕНСКО ДВИЖЕЊЕ

*„Изјавувам дека докторскиот труд го изработив самостојно, дека уредно ги цитирам сите користени извори и литература и дека трудот не е користен во рамките на други универзитетски студии или за стекнување на друго звање“*

с.р.

*„Изјавувам дека електронската верзија на докторскиот труд е идентична со отпечатениот докторски труд“*

с.р.

**Stefan Vasev M.Sc.**

– A b s t r a c t –

This study examines the socio-cultural dimensions of the Macedonian women's movement, with a primary focus on the period from the country's independence to the present day. Particular attention is given to the historical evolution, ideological narratives, organizational structures, and contemporary challenges of the movement, highlighting the key ideas, cultural contexts, and institutional practices that have shaped women's activism in Macedonian society.

The research combines both theoretical and empirical analysis, employing in-depth, semi-structured interviews with key actors and activists involved in women's advocacy. This methodological approach allows for a layered understanding of personal perspectives, the obstacles faced, and visions for the future of feminism and the women's movement, while also exploring how gender studies have been integrated into Macedonian academic thought as part of the development of contemporary feminist discourse.

The findings indicate that the Macedonian women's movement has been profoundly shaped by historical transformations, cultural discourses, and institutional frameworks, as well as by contemporary forces such as globalization, digitalization, and emerging forms of civic resistance.

The study also addresses the socio-political developments within the movement, including the introduction of quota systems, strategic gender equality documents, the institutionalization of feminist theory and gender studies, and the eventual integration of gender policies into state frameworks, exemplified by the implementation of gender mainstreaming.

**Keywords**: *women's movement, feminism, gender, activism, culture, patriarchy, institutions, gender studies, sociology.*

**БЛАГОДАРНОСТ ДО**

Сакам да изразам искрена благодарност и почит до проф. д-р Сузана Симоновска, проф. д-р Боби Бадаревски, проф.д-р Денко Скаловски и мојата менторка проф. д-р Антоанела Петковска за нивниот непроценлив придонес кон моите идеи и напредок, како професионален, така и личен. Нивната стручност, поддршка и водство беа од суштинско значење за развојот на моето истражување и академскиот напредок. Најпрво до, **Проф. д-р Сузана Симоновска**, нејзините инспиративни дискусии оставија траен впечаток врз моето академско патување. Ќе ја издвојам, пред сè поради тоа што беше мој духовен родител и што го трасираше мојот академски пат. Неизмерно сум радосен што имав можност да ја запознаам како професорка и како човек и да соработувам со неа како нејзин асистент. Секогаш ќе биде во моите размисли, слава ѝ! **Проф. д-р Боби Бадаревски**, вашите длабоки расправи и критички размислувања значително го збогатија моето разбирање на сложените теории и концепти. **Проф. д-р Денко Скаловски** вашите продлабочени филозофски дискусии и аналитички пристап кон суштинските прашања на знаењето и постоењето ми отворија нови хоризонти во размислувањето. И, најпосле, но не помалку значајна, мојата драга и ценета менторка **проф. д-р Антоанела Петковска**, вашата постојана поддршка, трпение и насоки беа клучни за успешното завршување на мојот труд, како овој, така и магистерскиот труд. Без вашата помош и верба во мене, овој успех не би бил можен. Ви благодарам од срце.

**Содржина**


**Вовед ....................................................................................................... 8**

**I. Предмет и методологија на истражувањето ................................................... 11**

1.1. Предмет и цели на истражувањето ......................................................... 12

1.2. Теоретска претпоставка и методолошки пристап ................................. 15

**II. Теоретски хоризонти: Мапирање на концептите и идеите ......................... 18**

2.1. Дефинирање на клучните концепти ....................................................... 19

2.1.1. Култура и општество ..................................................................... 19

2.1.2. Социјални (општествени) и културни промени ............................ 23

2.1.3. Идеологија ....................................................................................... 24

2.1.4. Моќ ................................................................................................... 26

2.1.5. Дихотомија на приватна/јавна сфера ............................................ 28

2.1.6. Граѓанско (цивилно) општество .................................................... 30

2.1.7. Колективно однесување и општествени движења ........................ 31

2.1.8. Феминизам и женско движење ...................................................... 35

2.1.9. Определување на поимите пол/род ................................................ 38

2.2. Структурален и културолошки приод: социо-културни координати .... 40

2.2.1. Интеграција на структуралниот и културолошкиот приод ......… 52

2.3. Идеолошки наративи: анализа на идеологиите кои го обликуваат феминистичкото движење ........,......................................................... 56

2.3.1. Партијархатот и критика на патријархатот како идеологија ..… 56

2.3.2. Феминизмот како плурално, идеолошко, политичко, културно и уметничко движење ................................................................... 58

2.3.2.1. Радикален феминизам .......................................................... 60

2.3.2.2. Либерален феминизам .......................................................... 61

2.3.2.3. Марксистички и социјалистички феминизам ....................... 64

2.3.2.4. Постмодерен феминизам ...................................................... 65

2.3.2.5. Интерсекционален феминизам ............................................. 68

**III. Пролог: Историски и културни патеки на феминизмот и женското движење: дискурс и идеја ....................................................................... 70**

3.1. Феминистички бранови: историја, идеја и влијанија ............................ 71

3.2. Дискурзивното поле на феминизмот и женското движење ................... 77

3.2.1. Теоретска основа: јазик, моќ и феминистички дискурс ................ 77

3.2.2. Јазикот како инструмент за моќ ..................................................... 77

3.2.3. Активизам и јазични стратегии: политички дискурс .................... 81

3.3. Ангажирана уметност и феминистички дискурс .................................... 82

**IV. Историски глас на отпорот: Женското движење во Македонија низ времето ........................................................................................................... 88**

4.1. Жените што ја градеа историјата пред и во МРО .................................. 89

4.2. Женскиот активизам во Македонија: од АФЖ до независноста – историски пресек и трансформации ................................................................ 96

4.2.1. Појавата и развојот на Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ) во Југославија и Македонија .............................................................. 97

4.2.2. Улогата и дострелите на првото македонско женско списание „Македонка" .......................................................................................................... 99

4.2.3. Заложбите и активностите на АФЖ во поствоениот период: исходиштата на борбата против патријархалната хегемонија ................... 100

**V. Развој на политики за gender mainstreaming: Институционални предизвици и приоритети – македонски контекст ................................. 107**

5.1. Институционални предизвици, приоритети и динамики во политиките за родова рамноправност ......................................................... 108

5.1.1. Проблематизација на клучните интервенции: помеѓу унапредувањето и ограничувањето на женските права .............................. 117

5.1.1.1. Женски права ≠ родова еднаквост: концептуални замаглувања и политички импликации ....................................................... 118

5.2. Образовни патики: Улогата на образованието во развојот на женското движење ........................................................................................... 124

**VI. Резултати од примената на длабински интервјуа: Гласови, искуства и перспективи ................................................................................................. 128**

6.1. Прибирање податоци преку длабински полуструктурирани интервјуа ........................................................................................ 129
6.2. Презентирање на резултатите од истражувањето ................................ 132
6.3. Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето ........… 177
6.3.1. Профилација на македонското женско движење ........................ 177
6.3.1.1. Стратегии за лобирање и застапување: политичка ангажираност ......................................................................... 180
6.3.1.2. Феминистичката теорија и родови студии во академскиот дискурс ................................................................................. 187
6.3.1.3. Феминистички гласови: јазик, перформанс и симболичен отпор .................................................................................... 197
6.3.2. Трансформација на феминистичкиот активизам – од „трандиционален“ кон „современ“ .................................................. 200
6.3.2.1. Генерациски континуитет и дисконтинуитет во женското движење ............................................................................... 200
6.3.2.2. Македонскиот феминизам во своите сопствени координати: дали феминизмот веќе не е популарен? ..................... 206
6.3.2.3. Помеѓу „еднаквите можности на жените и мажите“ и „родовата еднаквост“: поимно „деконструирање“ на категориите пол и род .......................................................................... 211
6.3.3. Новите предизвици на македонскиот женски/феминистички активизам: трасирање на патот напред ........................................... 216
**VII. Од интерсексионализам до конфликт: глобални перспективи и локални контексти? ........................................................................................ 218**
7.1. Глобални феминистички текови: политички хоризонти и идеолошки наративи ........................................................................................ 219
7.1.1. Македонски контекст: рефлексии и трансформации на глобалните феминистички текови ................................................ 232
7.1.2. Културни практики на визуелната артикулација и колективна мобилизација ........................................................................... 237

7.2. Што (не) е исто помеѓу женското, феминистичкото и ЛГБТ+ движењето ... 238
**VIII. Заклучни согледувања ... 244**
**Користена литература (библиографија) ... 255**

## Вовед

Мотивацијата за истражување на македонското женско движење произлегува од мојот интерес за феминизмот и родовите студии од гледиште на социологијата на културата и социо-културната антропологија. Истражувањето на женското движење во Македонија е тема која заслужува да предизвика широк научен и културен интерес, со цел да се даде поголемо значење на разбирањето на социо-културната динамика и историска посебност на оваа земја во поглед на женските права и феминизмот, воопшто. Исто така важно е да се забележи дека досега во нашата академска средина не им е посветено доволно теоретско и емпириско внимание, пред сè на современото женско движење и неговите социо-културни аспекти (од осамостојувањето до денес).

Понатаму, ова истражување е поттикнато од неколку фактори. Во последните децении, женските права и родовата рамноправност станаа истакнати прашања во македонското општество, а истражувањата на овие феномени и процеси истовремено може да придонесат за поголемо разбирање на културните, општествените, политичките и економските промени кои се случуваат во македонското општество.

Трудот има научнотеоретска цел имајќи предвид дека се проучува динамиката на социо-културните промени и нивното влијание врз феминизмот и женското движење во македонскиот културен простор. Во овој труд феминизмот и женското движење се поставуваат како важни општествени феномени, односно како процеси кои произлегуваат од општествените односи и културниот контекст. Истовремено ваквото истражување може да има и општествена апликативна цел, односно партиципативни и еманципаторски цели во самото женско движење во Македонија. Притоа темелно ќе се истражат причините зошто во Македонија социо-културните приоди на проучувањето на феминизмот и женското движење се издвојуваат како посебен феномен, кои ќе може да дадат соодветна подлога за научна (теоретска) анализа.

Истражувањето есенцијално ќе се фокусира на македонските женски движења, а дејствувањето и дострелите на феминистичките (женски) движења во другите земји ќе бидат секундарно разгледувани во насока на прикажување на интеркултурната комуникација, како и развојот на феминизмот и женските движења, глобално. Евидентно е дека секое феминистичко дејствување или движење е производ или обележје на општественото милје од кое потекнува, се развива и се манифестира. Од тие причини ќе ја нагласиме специфичноста на општествениот и културниот контекст кој го обликувал феминистичкото дејствување (и идеја) и женските движења во различни историски и современи фази на развој или промени во нашето општество. Особено во правец на пристапот кон културата, вредносниот систем, начините на комуникација и интеракција, контролата врз културната продукција и прашањата поврзани со дејствувањата, дострелите и обележјата на феминистичките идеи и женски движења во македонскиот културен простор.

Трудот се обидува да даде научен приод кон систематски и логичен пристап за откривање на воздејството на македонското женското движење како одредена парадигма за социјални и културни промени и обратно (интерференциите на социјалните и културните промени врз женското движење). Според тоа, истражувањето на македонското женско движење ќе настојува да создаде научен курс на отворањето, рационализацијата и индивидуализацијата на општествените односи кои се дел од современите идејни трендови во т.н. демократски општества. Оттука, трудот е во насока да се добијат нови, содржајни, егзактни и продлабочени сознанија за феминизмот и женското движење во рамките на македонското општество и културниот контекст од кои тие произлегуваат. Македонското женско движење прокламира нови политики и правни рамки во македонскиот социо-политички простор. Несомнено е дека женските движења во демократските општества влегуваат со добра подлога за политиките на родовата рамноправност, односно со појавата на движењата се поттикнуваат размислувањата за развојот на граѓанското општество и неговата демократизација.

Пред да го определиме поимно категоријалниот апарат, важно е да се наведе дека социо-културниот пристап (културолошки приод) на проучувањето на македонското женско движење ќе обезбеди димензионирано и сеопфатно разбирање на овој општествен феномен (женско движење). Оттука, контекстуалното разбирање на социо-културните аспекти на македонското женско движење е истражување на феминизмот и женското движење преку културолошки објектив со цел да овозможи подобро разбирање за тоа како општествените верувања, културните вредности и традиции влијаат на опсегот, стратегиите и прифаќањето на женското движење во македонското општество. Истовремено преку културолошкиот приод, може подобро да се анализира како политиките на идентитети влијаат во диференцијацијата на движењето, признавајќи ги различните искуства на жените/мажите во различни културни матрици. Понатаму, проучувањето на женското движење од социо-културна перспектива ќе помогне да се разоткријат општествените и културните ставови кон родовата рамноправност, расветлувајќи ги и предизвиците со кои се соочуваат во специфичните културни рамки во македонскиот културен простор. Проучувањето на културните димензии на македонското женско движење ќе даде увид во тоа како културните вредности влијаат врз реформите на државниот апарат и институциите на системот, како и политиките за вклучувањето на родовите аспекти во главните политики (gender mainstreaming) во македонското општество, помагајќи да се развијат ефективни политики кои промовираат родова рамноправност. На крајот, културолошкиот пристап на проучување на македонското женско движење ќе ги олесни меѓукултурните споредби и интеркултурната комуникација, овозможувајќи да се идентификуваат сличностите и разликите во женското движење низ различните културолошки перспективи.

# I

# ДЕЛ

## Предмет и методологија на истражувањето

## 1.1. Предмет и цели на истражувањето

Предмет на истражување во овој труд се повеќеслојните социо-културни аспекти на македонското женско движење и феминизмот во македонскиот културен простор, навлегувајќи во историските, современите и глобалните аспекти кои го обликуваат (женското движење и феминизмот). Трудот ќе се фокусира на истражувањата на социо-културните особености на феминизмот во Македонија, како и развојот, дејствувањето, дострелите и активизмот на женското движење во македонското општество. Исто така, како предмет на истражување во овој труд, потребно е *ipso facto* да се истражи до кој степен женските движења, а особено феминистичките идеи се прифатени во нашата култура, преку иследувања на: *вредносните системи; ставовите; начините на комуникација и интеракција; концентрацијата и дисперзијата на моќта: политиките на идентитети: институциите на системот; актуелните идеолошките дискурси; степенот на граѓанската проактивност: природата на медиумската култура; улогата на уметничкото творештво; и др.*

Македонското женско движење и феминизмот преку исходиштата на социо-културниот приод на проучување како свој предмет на истражување ги имаат културолошкиот дискурс и општественото милје кои на фундаментален и систематски начин го детерминираат тоталитетот на женското движење во македонското општество. Феминистичкиот дискурс исто така е предмет на истражување во овој труд, односно феминизмот генериран како дел од социо-културната матрица на македонското општество кој есенцијално е потребен за истражување на женското движење во македонскиот социо-културен простор.

Целите на истражувањето се насочени кон неколку иследувања: Прво, неопходно е во трудот да се направи анализа на историскиот развој на феминизмот и македонското женско движење, испитувајќи ги клучните периоди, настани, фигури и пресвртници кои придонеле за развојот на феминистичката идеја и женското движење во македонското општество.

Следна цел е да се спроведе соодветна анализа на современата динамика на македонското женско движење, односно истражување на современите состојби, земајќи предвид како женското движење се профилира (обликува, димензионира) во природата и специфичностите на македонскиот современ социо-културен пејзаж[1]. Бидејќи женското движење како феномен е дел од македонскиот социо-културен простор, тоа (женското движење) е конститутивна компонента во тој конкретен простор и оттука културата станува централна категорија во дискурсот на анализа и истражување на македонското женско движење. Тргнуваме од тоа дека истражувањето на влијанието на културолошките аспекти (вредносните системи; ставовите; начините на комуникација и интеракција; концентрацијата и дисперзијата на моќта: политиките на идентитети; актуелните идеолошки дискурси; итн.) врз македонското женско движење претставува исклучително комплициран процес. Од тие причини ваквиот дискурзивен приод на културолошките аспекти ќе биде насочен кон „неиндивидуални дескрипции", со цел да бидат избегнати „замките" на начините на опишување на „наводно" објективните својства, релации и законитости на културата. Според тоа, истражувањата на феноменот за социо-културен аспект на македонското женско движење (со сите својства на културолошки приоди) е во рамките на дискурзивниот научен приод, односно идентификувачките и припишувачките „опити" кои упатуваат на својствата кои го трансцендираат животот на индивидуите и го определуваат севкупниот социо-културен простор на едно општество. Така, културолошкиот приод ќе биде насочен кон идентификација на „механичките" социо-културни диференцијации кои го претставуваат интегративниот темел на една општествена заедница. Истовремено тие го претставуваат контролниот механизам и го вообличуваат поведението и го детерминираат односот на индивидуата со заедницата на која ѝ припаѓа и воедно се формира колективната свест[2] на таа култура.

Третата димензија во целта на ова истражување ќе биде насочена кон соодветен начин да се испитаат диференцијацијата и распонот на современото

[1] ***Појаснување:*** Културата претставува една од централните категории на проучување на феминизмот и македонското женско движење.
[2] ***Види повеќе*** *за колективна свест кај Емил Диркем (Ташева, 1999).*

македонско женско движење, односно категоризацијата на неколку генерации во македонското женско движење од периодот на 1990-тите години до денес. Ваквите категоризации се со цел да се увидат можните хетерогености во заложбите и идеите за феминизмот и македонскиот женски активизам. Една од намерите на трудот е да се стекнат нови сознанија за дострелите, иницијативите и контроверзиите на дејствувањето на женското движење во македонското општество, како и демократизацијата на општеството, односно зголемувањето на родовата рамноправност во рамките на институциите. Со оглед на тоа, ќе се разгледа како феминизмот и женското движење се профилираат и конституираат во македонскиот граѓански сектор (цивилно општество).

Четвртата димензија во целите на ова истражување е разгледувањето на феноменот на феминистичката идеологија, односно дали секое женско движење е феминистичко. Следствено на тоа, ќе се разгледа какви се релациите на женското движење со феминизмот, всушност колку поседува свест за себе како феминистичко движење (независно дали се појавува како движење или теорија).

Во контекст на фокусирањето на трудот врз феминизмот и македонското женско движење, со особен акцент на неговите социо-културни димензии, целта на ова истражување е поделена во неколку тематски целини: историскиот развој на женското движење во Македонија; културните и општествените обележја на женското движење во македонскиот културен контекст; социјалните процеси и конституирањето на феномените карактеристични за граѓанското општество; влијанието на женското движење во Демократизацијата на македонското општество и вклучувањето на родовите аспекти во главните политики (gender mainstreaming) и др.

## 1.2. Теоретска претпоставка и методолошки пристап

Теоретската претпоставка на која се темели трудот е дека ***македонското женско движење е конституирано врз новите културни вредности и норми кои имаат клучно влијание врз развојот на демократијата, граѓанското општество и институциите во Македонија***.

„Систематското и научно преиспитување на теоретската претпоставка ја наметнува потребата од формулирање на истражувачки прашања, кои, пак, упатуваат на оправданоста и релевантноста на проблемот што ќе биде во фокусот на овој труд.“ Формулацијата на истражувачките прашања е резултат на опсервацијата произлезена од теоретската претпоставка на трудот. Во овој труд ќе бидат разгледувани следните истражувачки прашања:

- ✓ Какво е влијанието на женското движење врз социо-културните промени и обратно?
- ✓ Какви се статусот, положбата и ситуираноста на женските движења и организации во македонското општество и како тие влијаат врз политиките за вклучување на родовите аспекти во главните политики (gender mainstreaming)?
- ✓ Колку женското движење придонело/придонесува за развојот на граѓанското општество?
- ✓ Дали секое женско движење и акции се дел од феминистичкиот дискурс, односно дали женското движење може да се поистовети со феминизмот и какви се неговите релации со него?
- ✓ Колку феминизмот како теорија се ефектуира низ практиката на женското движење во Македонија?
- ✓ Како женското движење и феминизмот влијаат врз начинот на живот, комуникацијата, ставовите и севкупните родови релации во македонското општество?

- ✓ Каква е улогата на историската културна меморија врз современите трендови во македонското женско движење и феминизам?

Овој труд се вклучува во поширокиот истражувачки напор за анализа на развојот, иницијативите и контроверзиите што ги придружуваат феминизмот и женското движење, при што фокусот е ставен на нивната профилација и видливост во рамките на македонскиот општествен и културен контекст. Теоретскиот дел на трудот ќе биде насочен кон содржинска анализа на релевантната литература и достапните извори, со цел да се обезбеди сеопфатен, систематичен, прецизен и објективен научен пристап кон проучувањето на феминизмот и женското движење, разгледани низ призмата на социо-културниот контекст на македонското општество. Во овој дел (теоретско-поимен) од трудот ќе се пристапи кон анализа и теории за поимите феминизам, женско (како дел од општествените) движење, културни и општествени вредности, моќ, дискурси на јавна и приватна сфера и идеологијата на феминизмот како двигател на женските движења (развојот на феминистичката мисла во македонскиот социо-културен простор).

Емпирискиот дел во трудот во еден дел ќе се состои во спроведените полуструктурирани длабински интервјуа со истакнати активист(к)и и интелектуално ангажирани поединци кои се дел од македонското женско движење од осамостојувањето до денес. Преку длабинските интервјуа ќе се добие поголема и посистематска анализата на женските движења и феминизмот во македонскиот социо-културен простор, односно развојот на феминистичката мисла и движење, како и промените во сферата на еднаквите можности на мажите и жените (или родовата рамноправност) во рамките на јавниот дискурс. Во однос на водењето на длабинските интервјуа, прашањата кои ќе бидат поставувани ќе се однесуваат на: прашања во врска со искуства, прашања кои се однесуваат на информираност, знаење, прашања за вредностите и ставовите, и прашања за чувствата. Од тие причини, секое длабинско интервју заслужува да се гледа како посебен ентитет, бидејќи жените во секое од нив ги вткајуваат своите лични активистички приказни од својот период на активизам. Според Кениг, важно е да се нагласи дека „*меѓу најважните предности на длабинското интервју како техника на прибирање на*

*податоци се вбројува можноста да се добијат наоди богати со детали, низ испитување на темата во длабочина*“ (Кениг, 2008: 99). Притоа како можна алтернативна истражувачка техника, покрај длабинските интервјуа, може да се искористи и содржинската анализа на различни организации, мрежи и заедници на граѓани во рамките на дејствувањето на женскиот активизам, односно ваквиот дополнителен дел на истражувањето може да придонесе кон поегзактно и посистематско преиспитување на женското движење и феминистичките заложби во македонскиот социо-културен простор.

Во креирањето на примерокот во емпирискиот дел на ова истражување изборот на испитаници е поделен во три групи, и тоа: жени/мажи кои се сметаат себеси за феминист(к)и и кои се препознаваат како такви во јавниот дискурс; жени/мажи кои се во државно-институционални органи на позиции поврзани со подобрување на родовата рамноправност во македонското општество, но жени/мажи активни во граѓанскиот сектор (НВО), и третата категорија жени/мажи кои припаѓаат на интелектуалната и академска фела, кои своите академски и интелектуални ангажмани ги посветуваат на феминистичката теорија и активизам во македонското општество.

# II

# ДЕЛ

## Теоретски хоризонти: Мапирање на концептите и идеите

## 2.1. Дефинирање на клучните концепти

### *2.1.1. Култура и општество*

Зборот култура доаѓа од латинскиот збор *colare*, што значи одгледување, негување, а од истиот збор доаѓа и поимот колонизација (во смисла на населување на територија), како и култ (*cultus*), во смисла на почит или обожавање натприродни суштества (духови или богови). Модерниот поим на културата содржи мноштво значења, толку често користени на различни начини, што е многу тешко да се обедини преку едноставна дефиниција за да се опише сè што припаѓа во доменот на културата. Рејмонд Вилијамс поимот на културата го сметал за еден од двата или трите најсложени зборови (Williams, 1976: 87).

Дефиницијата и смислата на терминот „култура“ се многу често оспорувани од голем број централни концепции во општествените науки. **Рејмонд Вилијамс** предложил три значења за овој термин: *„општ процес на интелектуален, духовен и естетски развој (културата како ’цивилизација‘); дела и постапки на интелектуалната и уметничка активност (висока култура); и еден посебен начин на живеење на некој народ, период или група*“ (Вилијамс, 1996: 9). **Клифорд Гирц** културата ја дефинирал како историски пренесен образец на значења олицетворени во симбол (Гирц, 2007), односно ставот на Гирц е дека *„поимот култура има целосно влијание врз човекот, и оттука да се стане човек значи да се стане поединец под водство на културните обрасци, историски создадени системи на значење со кои на нашите животи им даваме форма, ред, поента и насока“* (Гирц, 2007: 15). **Ентони Гиденс**, пак, културата ја сметал како севкупност на материјалните и духовните вредности создадени од човекот во неговата општествено-историска практика со цел совладување (некаде надминување, справување) со природните сили, како и развојот на производството и справување со општествените задачи. Со тоа би значело дека културата се состои од две меѓусебно поврзани области: материјална култура (средства за производство и други материјални творби) и духовна култура (севкупноста на резултатот на науката, уметноста, филозофијата, моралот, обичаите итн.) (Giddens, 2003: 25).

Од друга страна, **општеството** е сложен систем на институции, организирано однесување и меѓучовечки односи кои се формираат помеѓу поединците и општествените групи. Социологот **Талкот Парсонс** и антропологот **Алфред Кребер** предупредуваат дека општеството и културата не се различни феномени, туку аналитичко разграничување на низа фактори кои припаѓаат на истиот феномен. Според нив, културата се однесува на сите пренесени и создадени содржини, вредности, идеи и други симболичко-значајни системи кои го обликуваат човековото однесување, како и артефакти кои се резултат на таквото однесување, додека општеството (во целина) се преклопува со овие содржини, но е специфицирано како „релациски систем на интеракции меѓу поединците и колективитетите“ (Parsons & Kroeber, 1958: 582-583). Следејќи ја оваа мисла, мора да забележиме дека не постои единствен културен модел во општествената целина, исто како што не постои хомогеност на класната општествена структура. Од гледна точка на социологијата на културата, врската помеѓу социјалната припадност и културниот модел е секако значајна. Со други зборови, може да се тврди дека секоја општествена класа има свој специфичен културен модел или културен стил.

Невозможно е да се замисли културата без вредности. Во текот на културната историја, човекот создава вредности. Суштинската карактеристика на културата е создавање вредности и нивно диференцирање со помош на одредени критериуми. Културата создава убаво и грдо, добро и зло, вистинско и лажно, праведно и неправедно; а воедно се труди да ги разликува и оцени со помош на критериуми. Вредностите можеме да ги поделиме на вредности идеали (насочени кон доблести) и вредности норми (регулирање/контролирање/нормирање на однесувањето).

Понатаму, **вредностите**[3] се општи верувања кои преовладуваат во едно општество или во човечка заедница и упатуваат кон тоа што е корисно, правилно, добро и убаво. Верувањата се генерално позитивни и релативно трајни (вредностите тешко се менуваат или отфрлаат), а нивната функција е да бидат обележја (насоки) за однесувањето на поединци, групи или на целото општество.

---

[3] *види: Аксиологија.*

Истражувањето на вредностите е всушност истражување на видовите мотивација – за психологијата, социологијата и антропологијата е важно да се открие и/или да се објасни на одреден начин како тие го мотивираат (или демотивираат) човековиот дух, како индивидуално така и интерперсонално, но и социјално однесување и дејствување на поединците. Во оваа смисла, вредностите може да се истражуваат барем на две нивоа (Lazar & Koković, 2017): *микрониво, тоа е фокусирано на индивидуалните вредности и како тие влијаат на однесувањето; *макрониво, се однесува на поширокта целина, односно контекстот на културата и општеството во кои се појавуваат и функционираат вредностите.

Вредностите исто така може да се дефинираат и како инструментални и терминални. Инструменталните вредности ги одржуваат постапките и однесувањата (на пр. љубезност, искреност, послушност итн.). Терминалните вредности ги одржуваат посакуваните крајни состојби (и последици) (на пр. слобода, еднаквост, мир, правда итн.) (Lazar & Koković, 2017).

Оттука, дали општеството може да ги реализира идеалите на слободата, еднаквоста и правдата? Низ историјата, поединци, општествени групи и цели движења се бореле за тие вредности. Низ историскиот период може да се наиде на еден факт – огромен број различни интереси, сфаќања и волја на луѓето биле дел од човековата културна историја. Таа различност е суштината на човековата цивилизација, а не униформноста. Како може да се поврзат идеалите за слобода, еднаквост и правда со човечките разлики? Дали е можно воопшто да се доближиме до тие идеали ако се во конфликт? Слободата, тврдат некои мислители, не е „придружник“ на еднаквоста. Други веруваат дека праведно општество е само идеја на социјал-утопистите. Одговорот на прашањето зависи од дефиницијата на тие поими во одредени култури. Што е слобода?; што е социјална еднаквост?; а што е правичност и правда?; Проблемот со дефинициите на основните социо-културни поими е што има разновидни значења и повеќе начини за нивна операционализација. За приближно остварување на слободата, еднаквоста и правдата, потребно е, покрај културните, да се исполнат и два општествени услови: униформност во општественото богатство и моќ што ќе се заснова на правни

овластувања, а не на лична волја. Државата, како општа волја или општо добро, мора да биде способна да ги разреши сите конфликти кои се појавуваат на патот кон остварување на гореспоменатите идеали. На крајот, личната слобода, еднаквоста и правдата се условени од културните услови на животот (Аврамовић, 2008).

Историјата на човечката култура претставува создавање, конфликт и надополнување на вредности. На „културната сцена“ се одвива битката на старите и новите вредности. Оттука, во сите области на културата има одбрана и критика на одредени вредности. Дополнително, разликите меѓу вредностите не се нужно конфликт на вредности, односно може да постојат различни вредности во меѓусебната толеранција на нивните носители, но тие секогаш се во потенцијален конфликт. Каков ќе биде нивниот меѓусебен однос е прашање на афинитет, воспитување, правни норми, културна традиција. Разликите и конфликтите меѓу вредностите долго време се предмет на научни истражувања. Вредностите на различните култури, како и вредностите во една култура може да бидат од исклучителна когнитивна и научна важност (Аврамовић, 2008).

Во контекст на македонскиот современ културен простор, според Петковска, „*судирот на главно три системи на вредности е обележје на традиционалниот, соц-реалистичкиот и современиот (актуелен вредносен модел). Историски формиран менталитет, особено во однос на егзистенцијалните прилики, врзаност за примарните општествени групи, предоминација на православниот и патријархален морал, влијанието на етно-религиозниот фактор како релевантен чинител на традиционалното обоените културни модели се карактеристики на традиционалниот систем на вредности, додека во соц-реалистичкиот културен синдром припаѓаат идеолошко-политичкиот исконструиран (наметнат) начин на мислење и вреднување на општествената стварност, иместување на интересите на поединецот кон интересите на општеството. Конечно, актуелниот или рецентен синдром на културни вредности го обележува свртеноста кон материјалните вредности и потрошувачкиот менталитет, свртеност кон светот односно кон универзалните вредности што водат до процесот на глобализација, вклопување во информатичкото општество и култура, фасцинација од постмодерниот начин на мислење и слично*“ (Петковска, 2009: 19).

### *2.1.2. Социјални (општествени) и културни промени*

Општествените промени претставуваат (означуваат) појава или исчезнување на одредена технолошка, економска, политичка или културна структура и значат внесување нови елементи во општествената структура. Овие процеси предизвикуваат различни општествени интеракции, различно функционирање на општествениот систем, промени во положбата и односите на елементите на социјалната структура. Општествените промени се манифестираат како разлика помеѓу две (или повеќе) состојби од ист општествен систем разделени со одреден временски интервал, што овозможува споредба на новата состојба со претходната. Промените се постојани, но напредокот и развојот не се. Напредокот е концепт со боја на вредност, додека промените може да бидат вредносно неодредени. Порадикалните општествени промени секогаш подразбираат промена на структурата и институциите, односно општествениот живот во поширока смисла. Општествените промени потоа вклучуваат таква реорганизација на општествената структура која се перципира како револуција (ненадејна и фундаментална промена) или реставрација (враќање во претходната состојба). Во доменот на културата (особено идеологијата и вредносните системи) тогаш доаѓа до редефинирање на општествената реалност на начин што е значително посоодветен на новонастанатата ситуација (Lazar & Koković, 2017); (Murdock, 1956).

Истовремено, културата постојано се менува, но не е предмет на брза трансформација. Културата е всушност еден вид „остаток на историјата“, поради што е релативно отпорна на промените што се случуваат на технолошко, економско и политичко ниво или се менува побавно од нив. Промената во културата најчесто зависи од промените во општественото однесување: постојаното отстапување во која било насока од воспоставените културни навики резултира со промени прво во општествените очекувања, а потоа и во обичаите, верувањата и правилата. На овој начин, постепено, доаѓа до промена на колективните навики, а културата почнува подобро да се согласува со новите норми на сегашното однесување (Lazar & Koković, 2017); (Murdock, 1956). Промените кои одат во насока на поголема егзистенцијална сигурност, поефикасно

задоволување на потребите, зголемување на материјалната благосостојба, пораст на животниот стандард, поправедно владеење или проширување на политичките слободи сигурно ќе влијаат на општествените очекувања, што ќе резултира со промени во навиките, обичаите и правилата, како и реорганизација на системот на вредности (Murdock, 1956).

### *2.1.3. Идеологија*

Според **Тери Иглтон**, досега никој нема понудено адекватна дефиниција на идеологијата. За Иглтон, тоа не се должи поради „ниската интелигенција“ на истражувачите во ова поле, туку поради фактот што самиот поим „идеологија“ има цела низа употребливи значења, од кои некои се меѓусебно некомпатибилни. Оттука, Иглтон вели дека „*би можело да се рече дека зборот идеологија е текст, исткаен од различни концептуални нишки*“ (Иглтон, 2005: 15). Понатаму, како показател на мноштвото различни значења, ќе споделиме неколку избрани дефиниции за идеологијата кои Иглтон ги споменува во своето дело „Идеологија“: „*процес на произведување значења, знаци и вредности во општествениот живот; збир на идеи карактеристични за одредена општествена група или класа; идеи кои помагаат да ѝ се даде легитимитет на доминантната политичка моќ; лажни идеи кои придонесуваат да се легитимира доминантната политичка моќ; систематски искривена комуникација; она што на субјектот му обезбедува некаква позиција; облици на мислата мотивирани од општествените интереси; мислење за идентитетот; општествено неопходна илузија; конјунктура на дискурсот на моќта; медиум преку кој свесните општествени актери го осмислуваат светот во кој живеат; верувања насочени кон акција; побркување на лингвистичката и феноменолошка реалност; семиотичко „затворање“; неопходен медиум во кој поединците ги живеат своите односи со општествената структура; процес на претворање на општествениот живот во природна реалност*“ (Иглтон, 2005: 15-16).

Од друга страна, според **Славој Жижек**, би требало да правиме разлика помеѓу „идеологијата како комплекс на идеи“; „идеологијата како материјална основа“ и „спонтаната идеологија која дејствува во срцевината на самата општествена реалност“ (Zizek, 1994). Понатаму за Жижек, критиката на политиката

е неопходна затоа што самата активност на политиката станува лажна, фетишизирана, односно политиката, општествените односи и слично не се лажни и фетишизирани само затоа што се производи и последици на отуѓување, дехуманизирачка активност (капитализам, приватна сопственост, итн.), туку политичката активност и самата општествена активност се инхерентно лажни.

Според Жижек, ваквиот концепт е можен само доколку елементот на идеологијата е присутен и во самите економски (производни и стоковно-монетарни) односи. Со други зборови, за Жижек: „*критиката на религијата е критика на религијата како идеологија, критиката на теологијата е критика на идеологијата, критиката на политиката е исто така критика на политиката како идеологија!*“ (Zizek, 1994). Следствено на тоа, според Жижек, не се само лажни идеологијата и нејзиното неадекватно мисловно претставување туку идеолошки е конституирано и самото (свесно) битие на човекот, кое се материјализира на различни начини: преку политички односи, морални, правни, па дури и економски односи (Zizek, 1994).

Во крајна линија, колку и да е прифатлив ставот на Жижек за идеологијата, која секако ја поврзува со зло, односно не е пожелна во човековото идентификување, сепак идеологизацијата на општествата и културите во светот е длабоко присутна, односно идеологијата претставува една форма на политичка свест кај поединците или кај колективните актери во едно општество. Тоа е, всушност, збир на идеи за општеството и политиката кои се вклучени во културните активности, како и во различни форми на создавање. Од друга страна, појавата на терминот идеологизација на културата значи потчинетост на културата на поимот на идеологијата, односно дека и културата е идеологија. Идеологијата се јавува во рамките на врската помеѓу знаењето и општествените интереси. Секое знаење претставува еден вид систематизирано искуство и затоа припаѓа на целото општество. Следствено на тоа, марксистите ја толкуваа идеологијата како искривена свест, а други (како Карл Манхајм во делото „Идеологија и утопија“) дека идеолошката свест е тесно поврзана со интересите или желбите на општествените групи (Manhajm, 1978). Идеологијата во политичкото дејствување секогаш претставува одредена мисловна рамка (идеолошка свест) за толкување

настани, ставови и однесување. Конечно, секоја општествена епоха имала повеќе идеологии, кои биле изразени преку организирани општествени групи и политички акции. Секој поединец се вклучува во некоја форма на група луѓе (граѓанско содружништво[4]) и е мотивиран од вредности, интереси, идеали, задоволство итн. Тешко е да се замисли индивидуален културен живот надвор од групата (Аврамовић, 2008).

### *2.1.4. Моќ*

Секоја култура се сретнува со односите на моќ и власт. Каков е односот на културата и моќта? Дали моќта го попречува или поттикнува културниот живот? Во крајна линија, може ли културата да ја контролира моќта? **Бернард Расел** во своето дело „Освојување на среќата" се осврнал на тоа дека целта на секој човек е да дојде до одредена моќ која зависи од неговите страсти. Според Расел, еден човек се стреми кон моќ над човечките постапки, друг сака моќ над нивните мисли, третиот моќ над нивните емоции. Некои луѓе сакаат да го променат материјалното опкружување, други сакаат чувство на моќ што доаѓа од интелектуалната супериорност. Сите активности што поединците ги преземаат во јавната сфера во себе содржат одредена желба за некаква моќ кај човекот. Оттука, според Расел, моќта е основна компонента во нашето секојдневие во кое сите учествуваме, односно моќта не е нешто што припаѓа единствено на државните институции и центри на моќ (Расел, 2012).

**Терминот моќ** подразбира однос помеѓу поединци или општествени групи во кои едната страна ја наметнува својата волја на другата. Во секоја формализирана врска постои наметнување волја – или со послушност (дисциплина), или со сила (кршење на отпорот). Одредени форми на владеење се неопходни во секое општество. Меѓутоа, таа е секогаш институционализирана моќ и се постигнува со потчинување од една страна кон друга преку убедување, награди или сила (принуда). Моќта подразбира и обврски и оттука таа е поврзана со политиката или институциите (држава) (Аврамовић, 2008).

---

[4] *Види: за поимот на граѓанско содружништво кај Готје Пирот (Скопје: МЦМС, 2016).*

Според **Мишел Фуко**, во современите општества, нема место за првична слобода бидејќи моќта е насекаде. Секоја релација меѓу луѓето, за Фуко, на одреден начин, е релација на моќта. Моќта, за разлика од традиционалните општества, е смислено распоредена и распрсната во сите институции на општеството и не е затворена во макроструктурите или владејачките класи (цит. според: Симоновска, 2003). Оттука, за Фуко, новиот облик на власт, тој (Фуко) го нарекува „власт на нормата“ и претставува специфичен механизам за произведување стандарди, норми, за тоа што е нормално и воедно успева тие стандарди да ѝ ги наметне на индивидуата и нејзиното однесување да го доведе во согласност со општествениот систем (цит. според: Симоновска, 2003: 465).

Од каде неизбежноста на моќта во културата? Делумно, таа произлегува од „природната“ способност на човекот. Има поединци = културни творци кои поседуваат моќ, доминација и сила да ги наметнат својата воја и своите идеи во културата. Од друга страна, изворите на моќ може да се институционални и инструментални. Хиерархиската структура на културните институции им овозможува на некои поединци да наметнат нормативно одредена волја, а големите творци (поединци или групи) ја наметнуваат својата моќ благодарение на авторитетот (лично/колективно влијание) и угледот што ги уживаат во одредена култура (Аврамовиħ, 2008). Дали моќта во културата може да се избегне? Факт е дека таа делумно припаѓа на одредени биолошки (есенцијални) основи на човековото постоење (егзистенција), а делумно на институционалниот поредок во културата. Во врска со таквата манифестација на моќ и авторитет во општеството, се поставува прашањето како да се одреди значењето на културата во однос на моќта. Дали е тоа во основа природен процес или постои начин да се подготви поединецот во културата да ги исполни формите на моќ и авторитет во општеството?

Несомнено е дека секогаш треба да се смета на спонтани форми на однос кон моќта. Поединецот го одредува својот однос кон моќта и авторитетот во општествената група и во организацијата на културата (нормите, обичаите, вредностите итн.). Меѓутоа, поради огромното значење што моќта и авторитетот го

имаат во животот на поединците и заедниците, неопходно е да се расветли културниот однос кон овие појави. Уште во семејството, во најраното детство, поединецот се среќава со облиците на моќта и контролата од страна на мајката и таткото (родителите). Несомнено, тие му ја наметнуваат својата култура во однос на стилот, навиките, обичаите (храна, облека, јазик и сл.), вредностите (морал, норми, правила, верувања и сл.) и знаењето (воспитание, образование и сл.). Во семејството се појавува вистинската слика за светот. Подоцна, таа се споделува и надградува со врсниците, во згрижувачко-воспитните и воспитно-образовните институции (градинки и училишта), низ слободните активности, итн. Секој поединец доаѓа во контакт со други форми на моќ и авторитет, следствено на тоа, тој ја прифаќа туѓата волја или сам ја наметнува (Аврамовић, 2008).

### *2.1.5. Дихотомија на приватна/јавна сфера*

Во феминистичката теорија, голем број авторки како клучна категорија во објаснувањето на положбата на жените во сите општествени релации ја посочуваат дистрибуцијата на моќта. Во историски, но и современ контекст, поголемиот број општества, приватната сфера (домаќинството) им се припишува на жените, додека јавната сфера (политиката), односно јавното дејствување им се припишува на мажите. Приватното се сфаќа во смисла на тесно дефинирано, предвидливо и статусно помалку важно подрачје на општественоста. Од друга страна, во јавната сфера доминираат „говорот на власта“, моќта, авторитетот и слично. Родовата асиметрија и дискриминација произлегуваат од поделбата на приватното и јавното, а таа, пак, произлегува од поделбата на трудот според полот. Притоа се одвојуваат две струи во однос на прашањето: дали подреденоста на жената се случила во одреден историски момент, во кој по „природната хармонија“ се случил „светскоисторискиот пораз на жените“?; Или, пак, подреденоста на жената е универзален факт кој го следи општеството од самите негови почетоци, што, пак, значи дека подреденоста е својствена и за првобитните (бескласни) заедници (Leacock, 1981)?

На една страна се оние авторки кои сакаат да покажат дека положбата на жената во првобитните општества квалитативно се разликува и не може да се

спореди со положбата на жената во класните системи; на друга страна се универзалистичките толкувања според кои потчинетоста и доминацијата врз жените се својствени за сите општества и претставуваат универзален факт (Leacock, 1981).

Според **Елинор Ликок**, подреденоста на жените не претставува универзален факт, и положбата на жената во претткласните, егалитарни општества не може да се толкува со идејата за универзалната доминација на мажите. Положбата на жената во првобитните општества квалитативно се разликува од онаа во класните општества, бидејќи станува збор за сосема различни економски односи. Универзалистичките толкувања кои дихотомијата приватно – јавно ја земаат како општа „даденост на човековата положба“ се несоодветни за разбирање на претткласните општествено-економски структури. Таквите толкувања се плод на етноцентризмот, кој не успева да ги разбере специфичниот општествен живот и односите помеѓу половите во претткласните заедници. Она што претставува темел на родовата доминација во класните општества – способноста на жената да раѓа и со тоа да ја преземе грижата за децата – се зема како универзален показател за родовата хиерархија и во претткласните, егалитарни општества (Leacock, 1981).

**Мишел Розалдо** се обидува да изгради глобален структурален модел, врз основа на кој ќе се истражува и утврдува местото на машкото и женското во психолошкиот, културниот и општествено-економскиот аспект на човековиот живот во сите општества. Таквото место на машкото и женското во основа е одредено од спротивноста помеѓу приватното и јавното, која, пак, произлегува „*од способноста на жените да ги хранат и негуваат децата*“. Меѓутоа овој универзален факт за машката доминација не значи дека низ историјата се негира значењето на жената, и дека се занемарува разновидноста на општествените структури. Овој модел го смета за „универзална и нужна рамка“ во проучувањето на машките и женските улоги во општеството. Преку трансисториската генерализација на односите помеѓу половите, Розалдо, всушност, се обидува да открие зошто жената низ историјата главно била „вториот пол“, и зошто, покрај сите варијации на општествените облици, мажот бил центарот на културните

вредности, имал поголем авторитет и бил супериорен во јавната идеологија. Одговорот според неа лежи во универзалниот факт дека: родовата асиметрија во културното вреднување на значењето на машкиот и женскиот пол е својствена речиси за сите познати општества. Но, тоа не значи дека жените во текот на историјата биле целосно беспомошни и дека немале влијание во општествениот живот. Она што е од посебно значење за општествената теорија е дека општествената егзистенција на жените, во основа, е противречна. Така, на пример, во патријархалната идеологија жените се сметаат за „непотребни“ или „безвредни“ актери, но воедно и како витално значајни за опстанокот на заедницата. И покрај тоа што биле културно потиснати, имале значење, жените користеле „свои методи на влијание“, спротивни на формалните норми, и тоа на теренот на јавно непризнаеното влијание и моќ (Lamphere & Rosaldo, 1974).

Второ, спротивноста помеѓу приватното – јавното постои во сите познати општества, и покрај разликите во општествените структури. Клучниот момент и линијата на раздвојување на овие две сфери, кои во социјалната мисла биле занемарени, е „женскиот репродуктивен систем“. Жената била дефинирана во рамките на нејзините биолошки функции и главно се врзувала за домашната, приватна сфера (Lamphere & Rosaldo, 1974).

### *2.1.6. Граѓанско (цивилно) општество*

Терминот „граѓански сектор“ се користи како еквивалентен на англискиот термин *civil society* или на францускиот термин *société civile* (Трајковски, 1997). Поимот граѓанско општество се однесува на широк спектар на општествени структури и активности кои функционираат надвор од доменот на државните институции и економските субјекти со профитна цел. Во својата најширока смисла, го опфаќа збирот на организации, иницијативи и мрежи преку кои граѓаните се здружуваат доброволно за да ги застапуваат своите интереси, вредности и права. Ова опфаќа формални и неформални групи, невладини организации, движења, професионални асоцијации, синдикати, како и други облици на здружување што дејствуваат на принципот на саморегулација и јавна одговорност. Во потесен контекст, граѓанското општество се сведува на активностите на невладиниот

сектор и граѓанските иницијативи кои се стремат кон промовирање на демократските процеси и заштита на човековите права. Неговото постоење и дејствување се засноваат на индивидуалната и колективната волја на граѓаните да придонесат кон јавниот интерес, без директна зависност од државната власт. Затоа, под поимот граѓанско општество може да се вклучат различни субјекти – од здруженија и фондации, до верски заедници, комори и, под одредени услови, дури и политички партии, доколку тие дејствуваат во насока на зајакнување на јавниот дијалог и општествената кохезија (Трајковски, 1997).

**Готје Пирот** го користи поимот „граѓанско содружништво" со цел да ги определи активностите на т.н. „трет сектор". Според Пирот, „*поимот граѓанско содружништво денес може да се користи за означување на едно место на протести, на спротивставувања или на општествени новитети*" (Пирот, 2016: 8). Ваквиот термин/поим, според Пирот, може да се однесува на политички чинители, на економски чинители, на општеството во целина, на една класа носители на развојот (како новите невладини организации – НВО), на организациите на работодавци или на синдикатите, на содружнички мрежи носители на социјални капитали итн. Во таа перспектива, поимот граѓанско содружништво се појавува како идеја за контрамоќ – нешто што не треба да се поистоветува ниту со власта, ниту со нејзиниот административен апарат. Денешниот интерес за граѓанското содружништво произлегува од потребата за преиспитување на односите меѓу граѓанинот и државата, односно на политичката моќ на обичниот човек (Пирот, 2016).

### *2.1.7. Колективно однесување и општествени движења*

Терминот (или поимот) општествено движење (*social movement*) меѓу првите автори во социолошката теорија го вовел **Лоренц фон Стајн** (*Lorenz von Stein*) во средината на XIX век, во своето дело *Историја на општественото движење во Франција од 1789 година до нашите денови* објавено во 1850 година (Von Stein, 1964). Ова дело претставувало една од првите содржински расправи каде што централна категорија на поимање е токму општественото движење како основ на борбата за поголема социјална независност која кулминирала во класната борба на

пролетеријатот. „Терминот, иако подоцна систематизиран од Лоренц фон Стајн, бил веќе во употреба во социолошката мисла, при што се среќава уште кај Сен-Симон во доцниот XVIII век.“ **Сен-Симон** овој термин го користел со цел да ги опише социјалните протести и народни немири кои се јавувале во Франција и во другите земји. Овие немири биле резултат на новиот бран на политички сили што се спротивставувале на политиката status quo (цит. според: Маршал, 2004: 495).

За **Херберт Блумер**, општествените движења се колективни заложби кои имаат за цел да воспостават нов поредок во човековата заедница, нагласувајќи ја долгорочната цел на општествената промена која ја создаваат општествените движења (Blumer, 1969: 99). За Дела Порта и Диани, општествените движења се неформални мрежи од членови кои имаат исти убедувања, вклучени во колективно дејство базирано на некоја конфликтна ситуација и која го употребува методот на протест (Della Porta & Diani, 2006).

**Том Ботомор** сметал дека „*општественото движење во најширока смисла може да се дефинира како колективен напор да се донесат или спречат промени во општеството во зависност на кое му припаѓа движењето*“ (Bottomore, 1983: 22). Според Ботомор, општествените движења се во суштина феномен на модерното време. Тој прв направил остра разлика помеѓу претполитичките движења и модерните општествени движења (стари и нови општествени движења) кои се директно вклучени во политичкиот конфликт со определени идеолошки позиции. Оттука, за Ботомор, работничкото движење е можеби темелот на модерните општествени движења, со јасна идеолошка цел, поставени цели кои треба да се постигнат и поставени постулати на дејствување (Bottomore, 1983).

Како и Ботомор, така и **Ален Турен** зборувал за социологија на колективното однесување, односно тој го застапувал ставот дека меѓузависноста на колективните ориентации и општествените конфликти ја создава матрицата на целокупните општествени и културни организации, т. е. општеството е обликувано од два спротивставени процеси. Првиот е тој што го преобликува историцитетот и создава поредок и моќ, додека вториот е тој кој го руши таквиот поредок преку културни преобликувања и општествени движења, за да воспостави нов поредок и

моќ, што на крајот повторно ќе резултира со нови ориентации и конфликти (Turen, 1983).

**Карл Маркс** идејата за општествените движења ја дефинирал како облик на дејствување со цел остварување општествени промени на револуционерен начин, дефинирајќи го работничкото движење како свесно учество во историскиот процес во кое се остварува општествениот пресврт.

Од друга страна, важен сегмент во дефинирањето на општествените движења како појава е потребата да се постави концептуално-терминолошки диспаритет помеѓу општествено движење и колективно однесување. Исто така, интересно е да се спомене тоа дека социјалните движења, за разлика од колективното однесување, инклинираат кон целесообразност и организираност, додека колективното однесување повеќе е случајно или спонтано и во голема мера и хаотично. Показател за тоа е и начинот на дејствување на современите социјални движења, кои најчесто се појавуваат како носители или поддржувачи на различни форми на општествена борба, од застапување на човековите и работничките (синдикалните) права, преку еколошки иницијативи, до феминистички, ЛГБТ+ и други ангажмани. За разлика од социјалните движења, колективното однесување се обликува преку различни примери на бунтови, учество во толпа, масовно движење без посебна цел или идеја, навивачки групи, култови како организации, итн. (Маршал, 2004).

Колективитетот претставува поголем број луѓе кои се вклучени во ограничена интеракција водена од слаби и однапред неутврдени норми. Неограничените маси, немири, побуни и колективните изливи на насилство го сочинуваат составниот дел на едно општество. Како што наведува Тарнер, „*речиси е невозможно да отвориме весник или да гледаме телевизија без да слушнеме вести за незадоволство и внатрешни конфликти во некое општество во светот, вклучително и нашето*“ (Tarner, 2009: 421). Затоа, за да одговори на прашањето што е општествено движење, Тарнер нè наведува кон областа на социологијата која го проучува колективното однесување.

Колективното однесување претставува реакција на одреден број луѓе во непредвидливи ситуации, а во моментот кога ќе има образложение зошто и против кого преземаат акција, колективното однесување прераснува во општествено движење. Оттука голем број социолошки студии покажуваат дека речиси сите организирани општествени движења претходно започнале како непланирани собири на одреден број поединци и создале заедничка перцепција за вклучување во движење за одредена промена во општеството. Оттука општествените движења може да бидат дел од еден посебен сегмент на проучување на социологијата на колективното однесување (Della Porta & Diani, 2006).

Францускиот социјален психолог **Гистав Ле Бон** се занимавал со анализа на емоционалната природа на колективното однесување, при што особено внимание посветил на идејата за постоење на колективна психа како уникатна социјална појава. Во своето влијателно дело *Толпата: едно проучување на народната душа* од 1895 година, тој воспоставува врска меѓу Диркемовото разбирање на колективната свест и концептите на Габриел Тард за толпата и јавноста (Ле Бон, 1997). Ле Бон, како и претходно Сен-Симон и Лоренц фон Стајн, го носи белегот на два доминантни интелектуални правци – од една страна, француската социолошка мисла која интензивно се занимавала со феномени на колективноста, и, од друга страна, германската идеалистичка филозофија. Дополнително, неговото размислување било под влијание и на конзервативните теоретичари кои развивале идеи за народот и народната душа. Според Ле Бон, толпата претставува собир на индивидуи кои, во специфични околности, почнуваат да размислуваат и дејствуваат како единка, што резултира со потиснување на личната свест и доминација на групната емоционалност (ibid.).

Понатаму, Ле Бон сугерира дека во толпата се губат сите индивидуални одговори и дека се појавува „колективен ум“ кој ги прави луѓето да чувствуваат, да мислат и да дејствуваат на сосема различен начин од оној на кој индивидуите би се однесувале насамо (цит. според: Маршал, 2004). Според Ле Бон, психите на луѓето поврзани во толпа се обединуваат во едно ментално единство кое му подлежи на законот на менталното единство на толпата. Но, секоја топла има и свои водачи, а

тоа се луѓе што поседуваат особини со чија помош може да го окупираат вниманието на другите. Тие се ретори, агитатори или фанатици кои со своите „супериорни моќи“ остваруваат контрола над масата и кои ја предводат во сите акции (според: Ташева, 1999). Меѓутоа, Ле Бон, слично како и старогрчките мислители Аристотел и Платон, на толпата гледал како на негативна општествена појава со цел современиот свет да го врати кон фразата на варварството, како што наведувал Ле Бон, или, пак, како што Аристотел и Платон посочувале дека толпите претставувале закана за општествениот поредок и институциите (според: Ташева, 1999).

Низ историјата, масите понекогаш биле доста експресивни и многубројни, со голема сила рушеле политички режими и менувале целосни политички системи. Овие маси најчесто настануваат во услови на големи општествени нееднаквости, појави на нови лидери, појава на нови идеологии, мрежи на комуникација или опаѓање на политичкиот авторитет во општеството. Активната маса во едно општество започнува да биде основ за појава на големи масовни протести и во други општества и брзо создава бран на незадоволство на масите во светот, што на крај може да резултира со целосна револуција (Tarner, 2009).

Оттука општествените движења и колективното однесување се во целосна кореспонденција со политичките институции, односно политичката средина има директно влијание не само на тоа дали некое движење ќе се појави туку и на самиот негов тек и за неговиот успех во општествената заедница.

### *2.1.8. Феминизам и женско движење*

Терминот „феминизам“ за првпат се појавува во францускиот јазик кон крајот на XIX век, околу 1880 година, во форма *féminisme*. Авторството на терминот ѝ се припишува на **Хубертин Оклер** – истакната активистка за женски права и основачка на првото суфражетско здружение во Франција. Иако појавата на самиот збор е поврзана со конкретен историски контекст, неговата етимолошка основа произлегува од латинскиот збор *femina* (жена), во комбинација со суфиксот -изам, кој често се користи за означување политички, идеолошки или филозофски

правци и движења. Пред да се утврди пошироката употреба на поимот „феминизам“ како унифицирачка ознака, во јавниот дискурс и активистичките кругови биле застапени различни термини, како што се „унапредување на женските права“, „женска кауза“, „движење за правата на жените“, „суфражетизам“ или едноставно „женско движење“ (според: Астеруд, 2009).

Феминизмот како теорија и практика и женското движење се важни двигатели на општествените и културните промени (особено од периодот на втората половина на 20-тиот век, односно појавата на контракултурата во 60-тите и 70-тите години на векот со импликации на рецентните општествени состојби), што укажува на тоа дека темата за феминизмот и женското движење во Македонија е актуелен истражувачки проблем (Treanor: 2002). Дефиницијата на феминизмот вклучува два момента: доктрина за еднакви права за жените (организирано движење за здобивање права на жените) и другиот момент е: идеологија на социјална трансформација која цели да создаде свет за жените кој е нешто повеќе отколку едноставна социјална еднаквост. Главно, феминизмот е идеологија на ослободување на жените бидејќи во сите свои пристапи својствено му е верувањето дека жените трпат неправда поради својот пол. Различни форми на феминистички струи нудат различни анализи на причини или субјекти на женското угнетување. Феминизмот вклучува разни методи на анализа и теорија, ако тој треба да биде теорија за точка на гледиште на жените. Најзастапениот метод во феминизмот е подигање на свеста; бидејќи феминизмот значи сознавање на постојните нешта во ново светло, потребно му е поинакво објаснување на односот на методот со теоријата (Ивановска & Бадаревски, 2012). Феминизмот е општествено и политичко движење кое се бори за постигнување родова еднаквост и еманципација на жената. Ги промовира правата на жените во различни области, вклучително и во сферите на политиката, правото, економијата, културата и општеството како целина. Централната идеја на феминизмот е дека сите жени треба да имаат исти можности и права како мажите, без разлика на нивниот пол, раса, класа, сексуална ориентација или какви било други карактеристики. Феминизмот се бори против сите форми на родова дискриминација кои им штетат на жените и на општеството во целина. Тој ја промовира идејата дека за општеството да биде прогресивно и

праведно, неопходно е да се преземе акција за елиминирање на сите форми на нееднаквост и дискриминација, како и промена на системските структури и општествените норми кои ја поддржуваат родовата нееднаквост. Феминизмот не е само идеологија, во рамките на феминистичката теорија постојат различни школи на мислата и пристапи во рамките на движењето. Некои од најпознатите пристапи вклучуваат: либерален феминизам, радикален феминизам, црн феминизам, постструктурализам и други. Сите овие пристапи имаат заедничка цел – постигнување родова еднаквост, но се разликуваат по нивните пристапи и фокус (Baksh & Harcourt, 2015).

Од друга страна, пак, женското движење можеме да го дефинираме како групно залагање, главно од страна на жените, кое настојува да го подобри животот на жените. Како форма на социјално движење, женското движење е составено од групи (формални или неформални), организации или поединци кои преку најразновиден репертоар на активизам се стремат кон решавање проблеми и прашања кои се од витален интерес за жените и за нивното достоинство (Ивановска & Бадаревски, 2012). Женското движење е социјално движење кое се бори за правата на жените и еднаквоста во општеството. Тоа има за цел да ги истакне и отстрани системската дискриминација, нееднаквост и нерамнотежа кои често се присутни во однос на жените. Како посериозно женско движење во светот се смета движењето на суфражетките кое започнало во 19-ти век како дел од борбата за правото на жените на глас и продолжило да се развива за да ја вклучи борбата за други права, вклучувајќи ги правото на образование, правото на работа, правото на репродуктивно здравје и контрола над своето тело, борба против насилството врз жените, еднаквост во кариерата и многу други прашања. Низ историјата, женското движење стана многу разновидно и вклучува различни пристапи и идеологии. Женското движење имало значително влијание врз општеството и овозможило многубројни промени и достигнувања во полето на правата на жените. Иако се постигнати значителен напредок и промени, постојат предизвици и проблеми со кои се соочуваат жените и кои бараат продолжување на борбата за родова еднаквост (Bereni & Revillard, 2012).

### *2.1.9. Определување на поимите пол/род*

Теорискoто промислување на прашањата за сексуалните разлики ја наметнува потребата од аналитичко разликување на биолошкиот пол (sex) и културно, општествено конструираниот род (gender). Категоријата род е аналитичкиот инструмент на феминистите за објаснување на односите меѓу половите и клучна компонента во објаснувањето на корените на женската потчинетост. Во осумдесеттите години на 20-тиот век системот пол/род е широко прифатен во општествените науки, и се смета дека односите меѓу половите се културни конструкции и дека категориите машкост и женскост не се природни одредби. Категоријата род се сфаќа како релативна, која зависи од општествениот и културниот контекст.

Па, така, терминот **род (*gender*)** нашироко се користи за да се означат начините на кои културата го преформулира она што започнува како факт на природата. Во текот на историјата биолошките полови се редефинираат, се претставуваат, оценуваат и канализираат во различни улоги на разни културнозависни начини. Оттука, родовите разлики не се вродени, категориите мажественост и женственост не се природни одредби, туку се општествено конституирани и условени, а биолошките разлики меѓу половите само се користат како „природно" оправдување за таквите разлики. Во таа насока, Шери Ортнер посочува дека родовите улоги не се дело на природата, туку на една „*специфична културна операција*" со која една половина од човековиот род – жените, се доживуваат и се дефинираат како помалку вредни (Ortner, 2003)

Од друга страна, терминот **пол (*sex*)** се користи за дефинирање на биолошките и физичките разлики според кои припадниците на човековиот род се разликуваат како мажи и жени. Биолошкиот пол е детерминиран од генетските и анатомските карактеристики. Постојат женска полова структура и машка полова структура, неопходни за репродукција на човековиот род. За разлика од полот, родот (*gender*) ја нагласува социјалната или културната димензија во дефинирањето на жената и мажот. Родот е социјален процес на конструирање на специфичните статуси, улоги и особини на мажите и жените – што, всушност, се

очекува од припадниците на еден пол. Родот се однесува на социјално договорени улоги, однесувања, вредности, активности и атрибути кои одредено општество ги смета како соодветни за жените и мажите. Значи родот е стекнат идентитет, кој се менува со текот на времето и варира во и низ културите (Scott, 2011).

Во таа насока **Симон де Бовоар** вели: „*жена не се раѓа, жена се станува*“, но по една културна присила на такво настанување. Културната принуда и не доаѓа од полот. Па, оттука, оној што станува „жена“ не значи дека неопходно е женско. На пример, дали еден маж кој под влијание на културниот бран на промени во сфаќањето на улогите (готви, пегла, чува деца), односно презема дел од обврските кои се сметале за женски, со самото тоа станал жена?! На нашите простори до ден-денес таквите мажи многу често го добиваат „епитетот“ дека станале „жени“, или поточно „папучари“.  А, пак, за жена која успеала да се пробие во „машкиот свет“, и која работи сè она што се сметало за машка работа, но не ја запоставува и домашната, „женска работа“, се слуша фразата, но сега како вистински комплимент, дека е „жена маж“ (Бовоар, 1989). Оттука, родовите стереотипи се психолошки карактеристики кои на различен начин се поврзуваат со жените и мажите во одделни културни групи. Стереотипите влијаат на долги патеки и најтешко се искоренуваат. Затоа, дистинкцијата пол – род е посебно значајна за надминување на мноштвото стереотипи и предрасуди поврзани со традиционалните сфаќања за различните родови, но и сексуални улоги, однесувања и цели, а кои пак се во основата на сè уште постојната родова дискриминација.  Така, на пример, сè уште не е надминат народниот стереотип (предрасуда) дека „*мажот е глава на семејството*“ и покрај тоа што мажите ја немаат веќе истата улога во издржувањето на семејството (особено во некои современи општества и култури). Тука се и раширените стереотипни сфаќања за „*брачните должности*“ на жената, претворени во митови, меѓу кои е и сфаќањето дека таа секогаш треба да ги „*задоволува*“ сексуалните потреби на мажот, без оглед на нејзините желби и потреби; дека мажите имаат поизразен сексуален нагон, кој треба да го задоволат без разлика на емоциите. Оттука произлегуваат и различните правила и двојните стандарди за однесувањето на мажите и жените (Scott, 2011).

## 2.2. Структурален и културолошки приод: социо-културни координати

Во рамките на социолошката анализа на феминизмот и женското движење, неопходно е прво да се разгледаат и дефинираат поимите *структура* и *култура*, бидејќи тие претставуваат основни концепти кои овозможуваат длабинско разбирање на овие феномени и го определуваат структуралниот и културалниот приод на проучување. Зборот „**структура**“ потекнува од латинскиот збор *structura (ae)* кој има три значења: *ѕидање, градење;* потоа, *начин на градење;* а најпосле може да значи и *зграда*. Сѐ што нѐ опкружува (работи, суштества, човечки дела) има структура. Структурата ја сочинуваат елементи или делови поврзани во некоја целина. Тие елементи или делови се поврзани на одреден начин. Тој одреден начин на поврзување на елементите или деловите во целина ја гради структурата (склоп, поредок, систем, целина). Деловите споени во одредена целина без точно определен начин или организација на поврзување не сочинуваат структура, туку состав. Структурата и составот треба да се разликуваат. Составот се само елементи или делови на некоја целина, а начинот на нивното поврзување ја гради структурата. Разликувањето помеѓу составот и структурата е значајно поради фактот дека структурата некогаш може да се промени, а составот да остане ист. Од истите елементи (состав) може да се добијат различни структури. Структурата е она што е цврсто, обликувано во реалноста. Кога станува збор за општествени појави, односно нивните структури, неизбежно е тие да бидат подложни на промени. Така се преминува од една структура во друга. Во структурата се одржува динамичка рамнотежа на елементите. Кога ќе настане значајна промена кај еден елемент или дел, тогаш се менуваат и другите елементи или делови на структурата. По нарушувањето на рамнотежата во структурата, се воспоставува нова рамнотежа на повисоко ниво. Структурата е „*процес на запирање во нашата свест.*“ Таа е „*пресек на една појава во еден момент од нејзиниот развој*“ (Čupić, 2002: 11-14).

Понатаму, за целесообразност во поимањето на структурата во контекст на трудот, важно е да се дефинира општествената структура и што ја сочинува неа. Општествената структура ја сочинуваат деловите на едно општество (групи, слоеви, класи) и односите што се воспоставуваат меѓу нив. Колку е едно општество

поедноставно (има мал број делови), толку се помали можностите за односи меѓу нив, и обратно, колку е општеството поразвиено, толку е посложено и по бројот на делови и по односите што може да настанат меѓу нив. Врз основа на општествената структура, постојат различни типови општества. Од тоа кој дел во општеството добива значење или доминација, односно кој преовладува, зависи како ќе го определиме типот на општеството. Оттука, општествената структура може да биде воспоставена според *хиерархиски или вертикално поставена* (во форма на пирамида) и *хоризонтален* (во форма на мрежа[5]) принцип (Čupić, 2002: 15-18).

Во општества кои се хиерархиски воспоставени, можно е да настане општество на нееднаквост (облици на вакви општества се кастинските и класните општества). Хиерархиското (вертикално поставено) општество не мора да биде општество на нееднаквост. Ако на хиерархиската скала се споредуваат делови од општеството според критериумот на творечка моќ и придонес, тогаш таквото општество не е општество на нееднаквост. Кога односите помеѓу деловите на општеството се менуваат, а деловите остануваат исти, настанува промена на општествената структура. Така се случува во хиерархиското општество, кога пониските или средните слоеви или класи стекнуваат економска моќ, па добиваме превртена пирамида – основата станува моќна, а врвот немоќен. Најчесто во такви случаи (кризи, војни и револуции) настануваат промени во општеството. Промените може да бидат делумни или целосни. Целосната промена може да биде изведена на ненасилен начин (граѓанска непослушност што прераснува во граѓански бунт), а тогаш настанува промена на системот и владеењето, односно дисконтинуитет. Друг облик на целосна промена е револуцијата, која најчесто се изведува со насилни средства. Структурата на општеството може да го обликува и просторот. Така, во населените места (градови и села) се проектира сликата на општеството (ibidem.)

Секако, структурата на општеството (општествената структура) „не може да се сфати во буквална, просторна смисла.“ Тоа е можно кога се занимаваме со

[5] **Појаснување**: Хоризонтално поставената општествена структура може да се спореди со мрежа – сите делови се поврзани без строга хиерархија, со повеќе рамноправни врски, каде што ниту еден дел не е значително повисоко од другите.

просторното уредување на поединци и групи во просторот, но не и со општествените односи кои настануваат меѓу нив. Поимите кои се однесуваат на просторните односи, како што се дистанца, изолација и граници, не припаѓаат на општествената структура во просторна смисла. На пример, општествената подвижност (социјална мобилност) не се однесува само на подвижноста во просторот или, пак, општествената дистанца не мора да биде просторна дистанца. Кога станува збор за општествената структура, се отвораат три групи проблеми: *проблемот на стабилноста и трајноста на општествените структури*; *проблемот на основните составни елементи кои ја сочинуваат структурата*; и, *проблемот на заемните односи меѓу елементите на структурата*. Стабилна општествена структура е онаа во која дистанцата помеѓу горните и долните слоеви и класи е значајно помала. Најнестабилна е онаа во која постои голема дистанца помеѓу горните (мал број пребогати) и долните (голем број сиромашни слоеви). Општествената структура е нестабилна и во периоди кога средните и долните слоеви економски зајакнуваат, но немаат статусна и политичка моќ. Прераспределбата на политичката моќ ја зацврстува општествената структура (ibidem.).

Продолжувајќи со објаснувањето на структуралниот приод во рамките на општествените движења, од особена важност, како агрегација, е да се разгледаат неколку клучни теории кои го обликуваат разбирањето на овие движења. Прво, **теоријата на политичките можности (Political Opportunity Structure Theory)** или политичко-процесна теорија, претставува значаен концепт во истражувањето на општествените движења, фокусирајќи се на надворешните фактори кои влијаат врз нивната способност за мобилизација и успех. Оваа теорија ја истражува динамиката на политичките системи и како тие можат да создадат или ограничат можности за колективна акција на поединците. Според ваквиот пристап, политичките можности се дефинираат како „*конзистентни – но не нужно формални, перманентни или национални – димензии на политичката околина кои ги охрабруваат или обесхрабруваат луѓето за учество во колективно дејствување*“ (Meyer & Tarrow, 1998: 19-20). Теоријата нагласува дека промените во политичката структура, како што се отвореноста на политичкиот систем и

стабилноста на политичките сојузи, играат клучна улога во формирањето и развојот на движењата. Анализирајќи ги овие аспекти, може да се увиди зошто некои движења се создаваат и имаат успех во одредени периоди, додека други немаат. Оваа теорија, често се фокусира на историските и структурните промени кои влијаат на способноста на движењата да се мобилизираат. Таа мобилизација може да биде насочена кон трансформации во владините политики, економски кризи или промени во јавниот дискурс. Овој пристап овозможува разбирање на „*периодите кога политичките можности се зголемуваат, овозможувајќи пренос на потенцијалот за општествена акција и движење*“ (McAdam, 1997: 175). Истовремено се разгледува и како различни политички системи и култури влијаат на можностите за акција, што може да објасни зошто движењата се појавуваат во одредени контексти. Разбирајќи ги овие фактори, според истражувачите на оваа теорија, може да се предвидат кога и каде социјалните движења ќе имаат најголем успех. Теоријата на политичките можности исто така се фокусира и на интеракцијата меѓу надворешните и внатрешните фактори кои влијаат на одредена акција. Оваа интеракција може да биде комплексна, бидејќи внатрешните фактори како организациските способности и ресурсите играат важна улога во нивната способност да се искористат политичките можности. Исто така битно е како социјалните движења можат да влијаат на политичките системи, создавајќи нови можности за акција преку нивната мобилизација. Според тоа, може да се акцептира како социјалните движења не реагираат само на политичките можности туку и ги создаваат (McAdam, 1997). Оттука, теоријата на политичките можности претставува значаен концепт во истражувањето на општествените движења, бидејќи овозможува разбирање на комплексната интеракција меѓу политичките системи и колективната акција. Истражувачите кои ја применуваат оваа теорија често се фокусираат на специфични случаи и контексти, што може да доведе до различни заклучоци и интерпретации. Ваквиот пристап овозможува „*разбирање на варијациите во мобилизацијата на општественото движење во некој политички контекст*“ (Meyer & Tarrow, 1998: 21).

Понатаму, **теоријата на мобилизација на ресурси (Resource Mobilization Theory)** нагласува дека успехот на општествените движења зависи од нивната

способност да мобилизираат ресурси како што се финансии, човечки капитал и организациски капацитети. Оваа теорија се фокусира на рационалните аспекти на организирањето и управувањето со движењата, при што се истакнува дека движењата не се само спонтани реакции на социјални неправди туку и резултат на стратегиски планирани активности. Како што објаснуваат Мек Карти (McCarthy) и Залд (Zald), „*ресурсите се клучни за успехот на движењата, бидејќи тие овозможуваат организирање, комуникација и координација на активностите*“ (McCarthy & Zald, 1977: 1215). Со други зборови, движењата кои успеваат да мобилизираат значителни ресурси имаат поголеми шанси за успех.

Теоријата на мобилизација на ресурси (подоцна во текстот како RMT) се појавува како одговор на потребите од нов концепт кој ќе ги објасни движењата кои не се вклопуваат во рамките на класичните теории. Според RMT, фокусот е ставен на ресурсите како клучен фактор за успех на движењата, при што се потенцира дека „*колективната мобилизација не е резултат на импулсивни страсти, туку на пресметани интереси*“ (Kitschelt, 1991: 327). Оваа перспектива ја нагласува важноста на рационалноста во одлуките на актерите кои се вклучени во движењата и нивната способност да ги проценат трошоците и придобивките од учеството. Анализирајќи ги овие аспекти, RMT нуди нов поглед на динамиката и логиката зад колективната акција. Еден од клучните аспекти на RMT е анализата на начинот на кој движењата ги мобилизираат различните видови ресурси. Овие ресурси не се ограничени само на материјални добра, туку вклучуваат и „*човечки капитал, организациски структури, знаење, искуство и мрежи на поддршка*“ (McCarthy & Zald, 1997: 153). Според RMT, успехот на движењата зависи од нивната способност да ги идентификуваат, да ги обезбедат и ефикасно да ги користат овие ресурси за да ги постигнат своите цели. Во овој контекст, RMT ја нагласува важноста на ефикасната организација, стратегиското планирање и лидерството во рамките на движењата. Истражувајќи ги овие елементи, RMT дава значаен придонес кон разбирањето на факторите кои придонесуваат за успехот или неуспехот на колективната акција.

Теоријата на мобилизација на ресурси (RMT), исто така, ја разгледува и улогата на надворешните фактори и нивното влијание врз успехот на движењата. Политичката клима, правниот систем и општествените норми можат да создадат поволни или неповолни услови за мобилизација. Според оваа перспектива, „*политичките можности, како што се промените во законодавството, појавата на нови сојузници или слабеењето на противниците, може да бидат од клучно значење за движењата*" (Tarrow, 1994: 85). Анализирајќи ја интеракцијата помеѓу внатрешните ресурси на движењата и надворешните можности, RMT обезбедува повеќедимензионално разбирање на сложените фактори кои влијаат врз нивниот развој. Иако RMT е критикувана за нејзината претерана фокусираност на рационалноста и материјалните аспекти на колективната акција, таа нуди важен придонес за разбирањето на движењата. Според оваа перспектива, „*движењата не се само резултат на спонтани реакции на неправда, туку и на свесни напори на поединци и групи да ги подобрат своите животи*" (Morris, 1984: 45). Во овој контекст, RMT ги предизвикува класичните сфаќања за движењата како ирационални или емотивно мотивирани феномени и ги става во контекст на рационалното дејствување. Развивајќи ја оваа линија на размислување, RMT отвора нови можности за анализа на логиката и динамиката на движењата.

Разгледувајќи ги овие теории, може да се заклучи дека структуралниот приод во проучувањето на општествените движења обезбедува длабоко разбирање на комплексните интеракции помеѓу општествените, политичките и економските фактори кои влијаат на нивниот развој и успех. Структуралниот приод кон женското движење се фокусира на анализата на општествените структури кои го обликуваат родот како општествена категорија и ги ограничуваат можностите на жените. Оваа перспектива го разгледува женското движење како одговор на нерамноправноста, дискриминацијата и сегрегацијата во структурите кои им оневозможуваат на жените да ги остварат своите права и потенцијали. Притоа, структуралниот приод ги анализира факторите како што се: патријархатот, капитализмот, расизмот и хетеронормативноста (Ferree & Tripp, 2006) и нивното влијание врз положбата на жените во општеството. Разбирајќи ги овие структури, можеме подобро да ја сфатиме динамиката на женското движење. Оттука,

интегрирањето на теоријата на мобилизацијата на ресурси и теоријата на политичките можности во рамките на структуралниот приод овозможува продлабочено разбирање на женското движење и ги идентификува општествените неправди кои го мотивираат движењето, на пример, RMT објаснува како движењата ги мобилизираат ресурсите за да се борат против овие неправди, а теоријата на политичките можности покажува како промените во политичкиот контекст може да влијаат врз успехот на движењето. Со други зборови, овие теории меѓусебно се дополнуваат и нудат комплементарни објаснувања за динамиката и успехот на женското движење. Користејќи ги заедно, можеме да создадеме побогата и покомплексна анализа на ова важно општествено движење (ibid.).

Во рамките на социолошките истражувања на општествените движења, теориите на мобилизација на ресурси и политичко-процесната теорија (теорија на политичките можности) се најчесто поврзани со структурален приод, додека теоријата на врамување (framing) се смета за дел од културолошкиот приод. Овие различни теоретски перспективи се развиени за да објаснат различни аспекти на општествените движења, и секоја од нив нуди уникатен увид во динамиката на колективното дејствување.

**Теоријата на врамување (framing)** зазема значајно место во изучувањето на општествените движења, нудејќи аналитичка рамка за разбирање на тоа како движењата ги мобилизираат своите приврзаници, влијаат на јавното мислење и ги оспоруваат доминантните наративи. Оваа теорија се фокусира на процесите на создавање, пренесување и оспорување на значењата, истакнувајќи ја важноста на културата во колективното дејствување. Во таа смисла, можеме да зборуваме за еден вид културолошки пресврт (cultural turn) во изучувањето на општествените движења (Snow & Benford, 1988). Преку концептот на „врамување“, истражувачите се обидуваат да разберат како движењата ги интерпретираат општествените проблеми, ги конструираат колективните идентитети и ги мобилизираат поединците околу заеднички цели. Во суштина, теоријата на врамување тврди дека општествените движења не се само реакции на „објективни“ услови или неправди, туку се резултат на активни процеси на толкување и креирање значења. Клучна

претпоставка на оваа теорија е дека реалноста е социјално конструирана, што значи дека нашето разбирање за светот е обликувано од културните вредности, норми и верувања. Според тоа, општествените движења не само што реагираат на постојните „рамки“ на значење туку и активно работат на создавање нови „рамки“ кои ги оспоруваат доминантните толкувања на реалноста (ibid.).

Важен аспект на теоријата на врамување е дека таа ги разгледува општествените движења не само како носители на протестни пораки туку и како креатори на алтернативни вредности, идентитети и визија за општеството. Но, оваа рамка овозможува и поцелосно разбирање на идејните корени на социјалните движења, како и на меѓусебните врски на идејните модели и колективната акција. Со други зборови, фокусот на оваа теорија се проширува од анализата на стратегиите на движењата кон испитување на нивната улога во обликувањето на културните вредности, норми и идентитети. Ова го прави пристапот на врамување особено важен за разбирање на долгорочните последици од дејствувањето на општествените движења, бидејќи промените во културните перцепции и вредности може да имаат далекосежни општествени импликации (ibid.).

Друг аспект во современите теоретски анализи на културолошките димензии на општествените движења е фактот што тие значително придонесоа за корекција на структурните модели (теории) на мобилизација на ресурси и политички процеси. Франческа Полета (Francesca Polletta) во статијата *Culture and Its Discontents: Recent Theorizing on the Cultural Dimensions of Protest* критички ги разгледува постигнувањата и ограничувањата на културолошките пристапи кон општествените движења, истакнувајќи дека тие остануваат ограничени поради задржувањето на дихотомните концепции на културата и структурата во појавата на протестот. Таа посочува дека многу теоретичари на општествените движења ја концептуализираат културата како нешто што станува релевантно само во моменти на структурна нестабилност, што го поставува прашањето: „*ако контрахегемонискиот дискурс станува ефективен само кога структурните услови се дестабилизирани, тогаш не треба ли да ги проучуваме структурните фактори кои генерираат нерамнотежа наместо културниот предизвик кој дури*

*тогаш доаѓа во игра?*" (Polletta, 1997: 433). Таа аргументира дека метафората на структурниот раскин, со нејзината сугестија за целосен дисконтинуитет помеѓу стабилноста и бунтовништвото, и помеѓу структурата и контракултурниот предизвик, сè уште ги карактеризира дури и самосвесно културолошките пристапи, што „фрла сенка" врз културната димензија на политичките и економските структури и можности (ibid.).

Понатаму, се забележува дека фокусот на „новите општествени движења" го лоцираат кон културата и граѓанското општество, наместо кон државата и економијата, што имплицира дека културниот предизвик се остварува надвор од институционалната политичка сфера. Полета ја критикува оваа претпоставка, поради тоа што „*големите општествени промени се остваруваат во односите лице в лице, на ниво на личниот идентитет и свест, во домаќинството и соседството, без оглед на тоа дали таквата промена е изразена во јавната политика и односите на моќ на макрониво*" (ibidem.). Таа тврди дека кога се комбинираат структуралниот и културалниот приод, и дека културната промена е по дефиниција поконсеквентна од политичката институционална промена, го прават континуираниот ангажман со државата помалку важна опција. Оттука, таа се залага за подобра спецификација на начините на кои културата и структурата, културата и стратегијата, и културата и политиката заемно дејствуваат, што би открило важни и досега занемарени динамики на колективното дејствување. Полета тврди дека концептуализирањето на општествените категории во дихотомни термини очигледно ја исклучува анализата на заемното дејство на секоја страна од дихотомијата, и дека „*исто така го дефинира секој термин по аналогија со други дихотомизирани термини*" (ibid.,: 444). Така, без обид да се поткрепат имплицитно направените тврдења, културата станува „субјективна", а структурата „објективна", самосвесно нормативните ориентации стануваат „културни", додека стратегиските „акултурни", експлицитно наведува дека културата станува „длабока", а политиката „површна". Полета се обидува да идентификува некои од концептуалните и стратегиските можности што на тој начин се занемаруваат, и се приклучува кон хорот на оние кои повикуваат на повеќе емпириска работа, особено компаративна, за околностите во кои културата

инспирира, попречува и го обликува колективното дејствување. Заклучувајќи дека најубедливите предизвици на овие дихотомии доаѓаат од вистинските општествени движења, таа се залага за истражување кое е внимателно на опасностите и од тотализирање на културата и од третирање како онтолошки на аналитичките разлики помеѓу културата и другите категории, ветувајќи богати и строги анализи.

Културата, во контекст на општествените движења, не се однесува на елитистичко сфаќање на терминот, туку претставува збир од вредности, верувања, норми, практики и симболи што ги споделуваат и конструираат припадниците на едно движење. Културата не е статична, туку динамична и еволуира со текот на времето, под влијание на внатрешни дискусии, надворешни притисоци и промени во општествениот контекст. Теоретичарите го користат културолошкиот приод за да ги разгледуваат општествените движења како колективни обиди за создавање ново значење, нови идентитети и нови форми на социјални односи (Tarrow, 1998: 124). Оттука, студиите кои се фокусираат на културолошките приоди често го истакнуваат значењето на симболите, наративите, ритуалите во процесот на мобилизација и колективна акција. Истражувајќи ги овие елементи, можеме да добиеме поцелосна слика за тоа како движењата ги оформуваат своите цели, ги мобилизираат членовите и влијаат врз општеството (ibid.).

Културолошката анализа може да ни помогне да разбереме како групите ги артикулираат своите потреби, интереси и цели. Преку споделени вредности, верувања и симболи, се креираат колективни идентитети, што им дава на членовите чувство на припадност и солидарност. Колективниот идентитет е важен затоа што им овозможува на поединците да се почувствуваат како дел од нешто поголемо од себе и ги мотивира да преземат акција (Snow, 2004). Ваквиот идентитет, исто така, им помага на движењата да ги мобилизираат ресурсите, да ги привлечат сојузниците и да извршат притисок врз носителите на моќта. На тој начин, културата игра есенцијална улога во формирањето на колективната свест и акција на општествените движења.

Понатаму, идеолошката подлога на движењата не е хомогена, туку честопати се карактеризира со внатрешна разновидност и конфликт. Различни

групи и поединци во рамките на едно движење може да имаат различни интерпретации на неговите цели, стратегии и тактики. Овие разлики може да бидат извор на внатрешни тензии и конфликти, но исто така може да бидат и извор на креативност и иновација (Melucci, 1996). Културолошкиот приод ги разгледува овие разлики не како слабост, туку како интегрален дел од динамиката на колективната акција. Анализирајќи ги различните културни струења во рамките на општествените движења, можеме да добиеме побогата и покомплексна слика за нивната внатрешна динамика и нивното влијание врз општествените промени.

Продолжувајќи со објаснувањето на културолошкиот приод во рамките на општествените движења, важно е да се разгледаат концептите на колективна свест на Емил Диркем и хегемонија кај Антонио Грамши, кои обезбедуваат дополнителни перспективи за разбирање на културната димензија на движењата. **Колективната свест,** како што ја дефинира **Емил Диркем**, се однесува на збирот на заеднички верувања, вредности и норми кои ги обединуваат членовите на едно општество и ги водат нивните акции. Диркем тврди дека „*колективната свест е основа за социјалната кохезија и стабилност*“ (Durkheim, 1893: 79). Во контекст на општествените движења, колективната свест игра клучна улога во формирањето на колективниот идентитет и солидарноста меѓу членовите на движењето.

За Диркем, општеството израснува во рамките на заедничкото живеење, кога преку заемното дејствување на свеста на поединците се оформува една заедничка, или колективна свест. Оттука, Диркем заклучува „*збирот на верувања и чувствувања заеднички на просечниот член на едно исто општество чини одреден систем кој има свој сопствен живот можеме да го наречеме колективна или заедничка свест*“ (цит. според: Ташева, 1999: 254). Колективната свест претставува оној дел од свеста на сите поединци кој го овозможува нивното заемно поврзување и разбирање, и преку кој се остварува соработката меѓу нив. Колективната свест ја претставува консолидираната форма на заедничко однесување, размислување и емоции во рамки на групата. Како феномен кој надминува поединечни сознанија, таа не може да се проучува преку индивидуалните свести, туку бара анализа на нејзините изрази на колективно ниво. Овие манифестации се огледуваат во

различни општествени институции и културни форми, како што се правните системи, етичките вредности, религиозните убедувања, политичките идеи, уметноста и општествените обичаи. Во тој контекст, Диркем го насочува своето внимание не кон однесувањето на поединците туку кон феномените што произлегуваат од колективната динамика (според: Ташева, 1999).

Понатаму, **концептот на хегемонија** кај **Антонио Грамши** обезбедува рамка за разбирање на начинот на кој доминантните групи во општеството успеваат да ги одржат своите позиции на моќ преку културна доминација и контрола на значењата. Грамши објаснува дека „хегемонијата е процес на културна доминација преку кој доминантните групи ги наметнуваат своите вредности и верувања како универзални“ (Gramsci, 1971: 12). Општествените движења, во овој контекст, може да се видат како обиди за оспорување и трансформирање на постојната хегемонија преку создавање алтернативни значења и културни наративи. Терминот хегемонија е поим кој во исто време вклучува и надминува два моќни претходни поими: поимот „култура“ како „целокупен општествен процес“ во кој луѓето го дефинираат и го обликуваат својот целокупен живот; и поимот „идеологија“ во секоја нејзина можна марксистичка смисла, во кој системот на значења и вредности е израз или проекција на определен класен интерес. Хегемонијата ја надминува културата во своето настојување да го поврзе „целокупниот општествен процес“ со конкретни распределби на моќ и влијание. Да се рече дека луѓето го обликуваат и го дефинираат својот целокупен живот е егзактно само во апстракција. Во секое општество постојат специфични нееднаквости во однос на средствата и оттука во можноста да се оствари овој процес. Оттука Грамши го воведува нужното признавање на доминацијата и потчинетоста во она што, сепак, сè уште може да се согледа како целокупен процес. Токму од признавањето на целокупноста на процесот, поимот хегемонија ја надминува идеологијата. Не е пресуден само со „свесниот“ систем на идеи и верувања, туку целокупниот општествен процес што се живее, како практично организиран со специфични и доминантни значења и вредности (Ортнер, 1999: 42-43).

Разгледувајќи ги овие концепти, може да се заклучи дека културолошкиот приод нуди длабоко разбирање на начините на кои општествените движења се ангажираат во културната борба за значење и моќ. Колективната свест и хегемонијата се клучни концепти кои помагаат да се објасни како движењата ги мобилизираат своите членови и влијаат врз поширокото општество. Преку анализа на овие концепти, можеме да добиеме поцелосна слика за динамиката на културната промена и улогата на движењата во обликувањето на општествените норми и вредности.

### *2.2.1. Интеграција на структуралниот и културолошкиот приод*




[6]Социо-културните координати претставуваат **интеграција на структуралниот и културолошкиот приод**, овозможувајќи поцелосно разбирање на комплексните динамики на општествените (социјалните) движења. Дебатата помеѓу структурата и културата претставува една од најзначајните теоретски дихотомии во современата социологија и антропологија, која ги обликува истражувачките пристапи и аналитичките рамки во дисциплината. Структуралистичкиот пристап своите корени ги има во британската социјална антропологија, кој ја нагласува важноста на општествените односи и институционалните поставки како примарни детерминанти на човековото однесување и општествените процеси. Културолошкиот пристап, пак, развиен првенствено во американската антропологија, ја истакнува централната улога на симболичките системи, значењата и вредностите во обликувањето на општествената реалност и човековото искуство (Gans, 2012). Таквата дихотомија, иако аналитички корисна, често создава

[6] **Појаснување на користена (слика) илустрација**: јин-јанг илустрацијата е во насока на симболика која може да се илустрира и како пример во контекст на структура – култура, но само како имагинација користена во овој труд, без посебна опсежна анализа за симболичка вредност на илустрацијата. Имено, јанг – активниот принцип може да ја означува структурата, односно институции, закони, политика, правила и хиерархии, од друга страна, јин – пасивниот принцип може да ги симболизира идејните и вредносните аспекти на едно општество, вклучувајќи ги верувањата, традициите, уметност, јазик и колективен идентитет. Користењето на јин-јанг илустрацијата може да симболизира интеграција и симбиоза помеѓу структурата и културата како клучен аспект за општествен напредок. Во суштина, заемната зависност значи дека културните идеи водат кон структурни промени, а структурните механизми ги штитат културните вредности.

вештачка поделба која ја ограничува нашата способност да ги разбереме сложените општествени феномени во нивната целост. Социолошките теории кои се обидуваат да ја надминат оваа дихотомија, како теоријата на структурација на Гиденс (Giddens, 1984) или теоријата на полето (theory of social fields) на Бурдје (Bourdieu, 1986), нудат пософистицирани рамки за разбирање на дијалектичката врска помеѓу структурата и културата. Анализирајќи ги различните концептуализации на структурата и културата, можеме да забележиме дека тие не се меѓусебно исклучиви туку се надополнуваат во објаснувањето на општествената реалност (Bourdieu, 1986; Giddens, 1984).

Концептот на општествена структура има долга историја во социологијата, почнувајќи од Херберт Спенсер, кој прв го воведува терминот во 1874 година, па сè до современите теоретичари кои продолжуваат да го редефинираат и прошируваат. Британската социјална антропологија, под влијание на Радклиф-Браун, ја дефинира општествената структура како мрежа на конкретни односи помеѓу поединци, која може емпириски да се набљудува и анализира. Француската традиција, пак, под влијание на Диркем, ја нагласува апстрактната природа на структурата како принцип на организација кој лежи зад набљудуваните општествени односи. Општествената структура мора да се опише преку обрасците на однесување кон кои поединците и групите се придржуваат во нивните меѓусебни односи (Durkheim, 1982), што укажува на неизбежната поврзаност на структурата со културните обрасци. Леви-Строс, пак, развива структуралистички пристап инспириран од лингвистиката, кој ја гледа структурата како систем на односи помеѓу елементи, кој функционира според принципите на целост, трансформација и саморегулација (Lévi-Strauss, 1963). Марксистичката традиција ја нагласува материјалната основа на општествената структура, фокусирајќи се на односите на производство и класните односи како клучни детерминанти на општествената организација (Althusser, 1971). Истражувајќи ги различните концептуализации на општествената структура, станува јасно дека таа не може да се разбере изолирано од културните значења кои ја одржуваат и репродуцираат (Марковска & Симоновска, 1999).

Културата, како концепт во социологијата и антропологијата, има исто така сложена историја на теоретски развој, од класичната концепција која ја поврзува со култивирањето на човековите способности, до современите сфаќања кои ја нагласуваат нејзината симболичка и структурна природа. Дескриптивната концепција на културата, развиена во раната антропологија, ја дефинира како комплексна целина која вклучува знаење, верување, уметност, морал, закон, обичаи и други способности и навики стекнати на индивидуата како член на општеството. Симболичката концепција, пак, ја нагласува улогата на симболите во човековиот живот, дефинирајќи ја културата како образец на значења отелотворени во симболички форми, вклучувајќи дејства, искази и значајни објекти од различни видови, преку кои поединците комуницираат меѓусебно и ги споделуваат своите искуства, концепции и верувања (Thompson, 1990). Клифорд Гирц, еден од најзначајните теоретичари на културата, ја дефинира како мрежа на значења во која човекот е заплеткан, нагласувајќи ја интерпретативната природа на културната анализа (Гирц, 2007). Мери Даглас, пак, ја проширува Диркемовата анализа на симболичката класификација, истражувајќи ја идејата дека концептите за „чистота и нечистотија" не се само биолошки или хигиенски категории туку се длабоко вкоренети во културните и социјалните структури. Со оваа анализа, Даглас ја проширува Диркемовата теорија за симболичката класификација, покажувајќи дека овие концепти не се само одраз на постојните социјални структури туку и активни агенси во нивното создавање и трансформација. Таа ја нагласува важноста на културните симболи и ритуали во одржувањето на социјалниот поредок и во процесите на социјална промена (Daglas, 2001). Проучувајќи ги различните концепции на културата, станува очигледно дека таа не може да се разбере изолирано од општествените структури кои ја обликуваат и кои, истовремено, се обликувани од неа (Марковска & Симоновска, 1999).

Диркем, особено во своите подоцнежни дела, развива теорија која експлицитно ја поврзува општествената структура со симболичките системи, тврдејќи дека категориите на мислење имаат општествено потекло. Според Диркем, основните категории на човековото разбирање, како што се просторот, времето и каузалноста, произлегуваат од општествената организација и се неопходни за

постоењето на општеството. Поединците ги поделиле нештата бидејќи тие самите биле поделени во групи, што укажува на директната врска помеѓу општествената организација и когнитивните категории. Диркем тврди дека општеството не е само модел за категории и класификации туку и за логички односи, бидејќи ние ги разбираме логичките односи како слични на општествените односи (Durkheim, 1982).

Современите социолошки перспективи продолжуваат да ја истражуваат врската помеѓу симболичките системи и општествените структури, развивајќи нови теоретски, аналитички и методолошки пристапи. Навраќајќи се на **теоријата на полето на Бурдје**, со нејзините концепти на поле, капитал и хабитус, нуди софистицирана рамка за анализа на односот помеѓу општествените позиции и когнитивните шеми. Неоинституционализмот во социологијата и организациската анализа се фокусира на тоа како институционалните притисоци влијаат врз организациите да усвојат слични практики и структури, нагласувајќи ја улогата на легитимноста во обликувањето на организациското однесување (Bourdieu, 1986). Според Гиденс, културата, пак, преку симболичките системи и дискурзивните практики, е составен дел од структурата и е одговорна за нејзиното постојано производство и репродукција, што укажува на неразделната поврзаност на културата и структурата во современата социолошка теорија. Областа на културата и когницијата, од друга страна, се фокусира на когнитивните процеси кои лежат во основата на културните практики, црпејќи од знаењата на когнитивните науки за да ги специфицира механизмите преку кои културата влијае врз мислењето и дејствувањето. Анализата на социјалните мрежи нуди методолошки алатки за формално истражување на односите помеѓу поединците и групите, овозможувајќи попрецизно мапирање на општествените структури. Истражувајќи ги современите социолошки перспективи, станува очигледно дека тие се обидуваат да развијат пософистицирани рамки за разбирање на комплексната и дијалектичка врска помеѓу симболичките системи и општествените структури (Giddens, 1984).

Оттука, сложеноста на општествените движења бара интеграција на различни теоретски пристапи за да се разберат нивните динамики и влијанија.

**Поврзувањето на структуралниот и културалниот приод** во проучувањето на општествените движења е од **есенцијална важност**, бидејќи овозможува поцелосно разбирање на начините на кои движењата се формираат, функционираат и влијаат на општеството. Структуралниот приод се фокусира на материјалните и институционалните аспекти, како што се ресурсите, организациските структури и политичките можности, кои го обликуваат капацитетот на движењата за мобилизација и влијание. Од друга страна, културалниот приод се занимава со симболичките и идеолошките димензии, како што се значењата, идентитетите и културните наративи, кои го мотивираат учеството и го обликуваат колективниот идентитет на учесниците. Културалниот приод нагласува дека движењата не се само реакција на структурни услови туку и креатори на нови културни значења. Со комбинирање на овие два приода, можеме да ги анализираме не само материјалните услови и политичките можности туку и културните процеси кои ги обликуваат и трансформираат општествените движења. Оваа синтеза овозможува повеќедимензионално разбирање на комплексните интеракции меѓу структурата и културата, кои се клучни за сфаќањето на општествените промени и трансформации (Tomić, 2009).

## 2.3. Идеолошки ветрови: анализа на идеологиите кои го обликуваат женското движење

### *2.3.1. Патријархатот и критика на патријархатот како идеологија*

Патријархатот може да се дефинира како „*општествен систем што ја распределува моќта, статусот и правата на мажите и машките интереси на штета на жените и женските интереси*“ (Кошка-Хот и др., 2010: 75). За Мери Девро, идеологијата на феминизмот има политичка димензија, а истовремено и политичка цел, а тоа е укинување на патријархатот (ibid.). Евидентно е дека со ослободувањето од стегите на патријархалноста, жените, но вклучително и мажите, ќе добијат нови форми на слобода. Имено, во феминистичката теорија се застапува тезата дека и мажите се под стегите на патријархатот, кој прави притисок врз тврдата родова социјализација и го потиснува слободниот човечки дух. Понатаму, патријархатот претставува владеење на мажите преку институциите кои ги

легализираат и поттикнуваат нивната моќ и агресија и има не само политички туку и економски, социјални и идеолошки димензии (ibid.).

Според Бел Хукс, патријархатот е политичко-социјален систем кој инсистира на тоа дека мажите се инхерентно доминантни, супериорни над сè и над секој што се смета за слаб (особено жените). Оттука, мажот е „биолошки предодреден“ со право да доминира и да владее со слабите, како и да ја одржува таа доминација преку различни форми. За Бел Хукс, патријархалната идеологија се потпира на учењето дека „*Бог го создал човекот да владее со светот и со сè што е во него и дека задачата на жените е да им помагаат на мажите во извршувањето на овие задачи, да бидат послушни и секогаш да ја преземаат својата подредена улога во однос на моќните, понатаму, овие учења беа засилени во секоја институција со која се сретнуваат луѓето – училишта, судници, спортски арени, како и цркви*“ (bell hooks, 1984: 12). Оттука, прифаќајќи го патријархалното размислување, како и сите други форми на патријархална општествена хиерархија, според Бел Хукс, ние ги учиме ваквите форми на организирање на животот како да изгледаат сосема „природни“ или „здраворазумски“ (ibid.).

Според Симон де Бовоар, триумфот на патријархатот не е ниту случајност, ниту резултат на некаква револуција, туку чист израз на машката надмоќ поддржана од биолошката супериорност. Од овие привилегии, според Бовоар, мажите никогаш не се откажале. Оттука, во феминистичката теорија, важно е да се нагласи жената да се гледа како субјект, а не само како женски објект на машките желби и фантазии, па оттука неопходно е да се деконструира и дешифрира патријархалното визуелно поле за жените како Другост. Во таа смисла, можеме да ја откриеме позицијата на родовиот пресврт од објект до субјект, односно преку феминистичките субјективни приоди ќе се здобиеме со „нови“ објективни теории за жените и женското искуство (Бовоар, 1989).

Силвија Волби во своето дело *Patriarchy at work: patriarchal and capitalist relations in employment („Патријархат на дело: патријархалните и капиталистичките односи во вработувањето“)* тврди дека „патријархатот“ е многу сложен феномен составен од многу вкрстени сили. Според Волби, концептот

на патријархатот мора да остане во средиштето на феминистичкото разбирање во секое општество. Централното место во преиспитувањето на патријархатот е нејзиното инсистирање дека патријархатот не треба да се гледа ниту како чисто структурен, ниту како општествена акција, туку како фундаментална структура, која жените ги гледа како пасивни актери на општествените односи (Walby, 1986). За Кејт Милет, машката доминација во јавниот дискурс се манифестира и преку сексуалната надмоќ, која можеби се прокламира како идеологија и која најмногу провејува во нашата култура и ги отелотворува најфундаменталните концепти на моќ. Поткопувањето на таа сексуална надмоќ (маскулинистичка и хетеронормативна), всушност, лежи во пружањето отпор на целосниот притисок на патријархалната идеологија, станувајќи свесни за сопственото потиснување и искажувајќи го своето противење на машката моќ. Само концептот за идеологијата како еден „контрадикторен“ конструкт, одбележан со јазови, падови и неконзистентност, би можел да му овозможи на феминизмот да ги објасни и другите најтешки идеолошки притисоци кои ги генерираат сопствените гледишта и идеи (Мои, 2002). Евидентно е дека есенцијален дел од феминистичката идеологија е насочен кон критика на патријархатот со цел да ги разоткрие патријархалните структури и идеи во системот кои ги опкружуваат, а кои се автохтони во различни култури и општества, а целта на феминизмот е нив да ги прикаже како анахрони и да предизвика поткопување на структурата на патријархатот. Низ човековата историја долги години се развивале културолошките мизогини и сексистички омаловажувања кон жените од страна на мажите, како во науката така и во целокупните општествени системи, единствената причина за таквите состојби е моќта на патријархатот (Кошка-Хот и др., 2010).

### *2.3.2. Феминизмот како плурално, идеолошко, политичко, културно и уметничко движење*

Феминизмот, како плурално, идеолошко, политичко, културно и уметничко движење, претставува комплексен феномен кој се развива низ различни историски и културни контексти, при што секој од нив придонесува за неговата еволуција и трансформација. Во својата основа, феминизмот се стреми кон постигнување

родова еднаквост и ослободување на жените од патријархалните структури кои ги ограничуваат нивните права и можности. Како што истакнува Церјан-Летица (*Cerjan-Letica*), „*феминистичката теорија се концентрира на втемелување на разликата помеѓу полот и родот и развива специфична анализа на половите разлики како начин на социјална контрола*" (Cerjan-Letica, 1985: 15). Оваа анализа е клучна за разбирање на начинот на кој феминизмот се позиционира во однос на другите социјални движења и како се адаптира на променливите општествени услови.

Феминизмот како идеолошко движење се карактеризира со различни теоретски пристапи и ориентации, кои вклучуваат класичен либерален феминизам, радикален феминизам, марксистички и социјалистички феминизам, како и постмодерни и интерсекционални теории. Секој од овие пристапи нуди различни перспективи за разбирање на родовата нееднаквост и предлага различни стратегии за нејзино надминување.

Политичкиот аспект на феминизмот се манифестира преку активизмот и борбата за законски и институционални промени кои ќе обезбедат еднакви права и можности за жените. Феминистичките движења низ историјата се бореле за право на глас, право на образование, право на работа и репродуктивни права, меѓу другото. Во Македонија, женското движење се развива во контекст на постсоцијалистичка транзиција, каде што женските невладини организации играат клучна улога во промовирањето на родовата еднаквост и борбата против дискриминацијата (види дел III).

Културниот и уметнички аспект на феминизмот се изразува преку различни форми на уметност и културни практики кои ги предизвикуваат традиционалните родови норми и стереотипи. Феминистичката уметност, на пример, користи различни медиуми за да ги истражи и прикаже искуствата на жените, нивните борби и триумфи. Овие уметнички изрази често се користат како алатки за подигање на свеста и поттикнување општествена промена кои претставуваат важна компонента за културната и уметничката димензија во развојот на феминизмот (види дел III) (Cerjan-Letica, 1985).

На крајот, феминизмот, како плурално движење, продолжува да се развива и адаптира на новите предизвици и можности кои ги носи современиот свет. Соочувајќи се со глобализацијата, дигиталната трансформација и новите форми на нееднаквост, феминистичките движења се принудени да ги преиспитаат и редефинираат своите стратегии и цели. Во овој контекст, мултикултурниот и интерсекционалниот пристап стануваат сè поважни, бидејќи тие овозможуваат поинклузивно и холистичко разбирање на родовата нееднаквост. Преку интегрирање различни перспективи и искуства, феминизмот може да продолжи да игра клучна улога во борбата за праведно и рамноправно општество.

#### *2.3.2.1. Радикален феминизам*

Радикалниот феминизам, како правец во рамките на феминистичката теорија, го потенцира значењето на родовата диференцијација и ги отфрла сите видови соработка со мажите или организации поврзани со мажи (Кошка-Хот и др., 2010: 106). Истовремено, се карактеризира со својата бескомпромисна критика на патријархатот како систем на угнетување на жените. Проблемот го лоцираат во нееднаквите можности и дискриминација, угнетувањето на жените го разгледуваат како длабоко вкоренета структурална карактеристика на општеството. Од оваа појдовна точка, радикалните феминистички теоретичарки развиваат низа на концепти и аргументи со кои го разоткриваат длабоко вкоренетиот карактер на патријархатот и неговото опстојување низ човековата историја (Mackay, 2015).

Еден од централните аспекти на радикалниот феминизам е анализата на моќта како инструмент на машката доминација. Радикалните феминистки ги истражуваат механизмите преку кои моќта се концентрира во рацете на мажите и се користи за контрола и потчинување на жените во сите сфери на општествениот живот, од семејството до политиката, економијата и културата. Според нив, овие механизми не се ограничени само на формална нееднаквост или дискриминација, туку продираат во длабочината на општествените норми, вредности, верувања и практики кои ја натурализираат и легитимираат супериорноста на мажите и инфериорноста на жените (ibid.).

Клучната констатација на радикалниот феминизам е да се деконструира вештачкото раздвојување меѓу приватната и јавната сфера. Ваквата поставка ги става во фокусот проблемите со кои жените се соочуваат во приватниот живот, како што се семејното насилство, репродуктивната контрола, неплатениот домашен труд, и ги дефинира како длабоко политички прашања. Радикалниот феминизам ја отфрла поделбата на јавно и приватно бидејќи смета дека оваа дистинкција служи за замаглување на моќта што мажите ја имаат во приватната сфера (Ивановска & Бадаревски, 2012: 82).

Според радикалните феминистки, контролата врз женската сексуалност и репродукција е фундаментален механизам преку кој се одржува машката доминација. Тие тврдат дека еманципацијата на жените бара радикална промена во односите меѓу половите, односно укинување на родовите улоги. Борбата за репродуктивни права, вклучително и правото на абортус, како и борбата против сексуалното насилство, се конститутивни елементи на борбата за ослободување на жените од патријархалното угнетување (ibid.).

Радикалниот феминизам често е поврзуван со лезбиското движење[7], но повеќе како посветеност на морално-политичката кауза отколку како сексуална ориентација (Кошка-Хот и др., 2010). И покрај критиките за својот радикален став, има одиграно клучна улога во еволуцијата на феминистичката мисла, отворајќи нови перспективи за анализа на комплексноста на угнетувањето на жените.

#### *2.3.2.2. Либерален феминизам*

Либералниот феминизам претставува значајна гранка во рамките на феминистичката мисла која се фокусира на улогата на рамноправноста и слободата во остварувањето на родовата еднаквост. За разлика од радикалните феминистики кои го лоцираат коренот на женската супресија во патријархатот, либералните

[7] **Појаснување**: Лезбејскиот феминизам се потпира на уверувањето дека посветената поврзаност на жените со жени во смисла на сексуална, економска и политичка поддршка гради алтернативен модел на машко-женските релации кои тие ги гледаат како угнетувачки. Лезбискиот феминизам ги напаѓа и институциите и идеологијата на хетеросексуалноста бидејќи смета дека тие се сржта на патријархалниот модел на светот. Двојната и едновремена перспектива на сексуалната ориентација и на политичкиот избор не само што се насочени кон разбивање на конвенционалната „принудна“ хетеросексуалност, која според лезбискиот феминизам дава „машки поглед за женскиот живот“, туку и кон креирање женско-центрирана позиција која обезбедува нови согледувања за женскиот идентитет, воопшто (Кошка-Хот и др., 2010: 57-58).

феминистки сметаат дека нееднаквоста меѓу половите произлегува од нееднаквите можности и дискриминаторските практики кои им се наметнуваат на жените во општеството (Duhaček, 2011). Теоријата за индивидуалните слободи на жената, која произлегува од принципите на либерализмот и правата на поединецот (Кошка-Хот и др., 2010), ја поставува како главна цел елиминирањето на законите и обичаите што ги ограничуваат можностите на жените.

Постигнувањето на оваа цел, според нив, се состои во уривање на законските бариери, промовирање еднакви можности во образованието, вработувањето, политичкото учество и други сфери на јавниот и приватниот живот. Обединувајќи ги принципите на индивидуализмот, либералниот феминизам се залага за создавање општество во кое секој поединец, без разлика на пол, ќе има можност да ги развие своите потенцијали и да го оствари својот полн потенцијал. Залагајќи се за еманципација на жените, либералниот феминизам тежнее кон градење праведно општество, засновано на принципите на еднаквост, слобода и правда за сите (Duhaček, 2011).

Централно место во либералната феминистичка мисла зазема концептот на еднакви можности, кој се однесува на обезбедување еднакви услови за жените и мажите да се натпреваруваат и да напредуваат во сите сфери на општествениот живот. Жените треба да имаат иста можност како и мажите да се образоваат, да работат, да гласаат, да поседуваат имот и да учествуваат во сите аспекти на јавниот живот. Тие се залагаат за отстранување на сите форми на дискриминација врз основа на пол, вклучувајќи ги законите, политиките, обичаите и стереотипите кои ги ограничуваат можностите на жените. Според либералниот феминизам, овозможувањето еднакви можности е од суштинско значење за жените да ги остварат својата автономија, независност и полн потенцијал. Обезбедувајќи им еднакви можности, се создаваат услови за рамноправно учество на жените во сите сфери на општествениот живот, што придонесува кон создавање поправедно и поеднакво општество (Ricer, 2009).

За разлика од некои други феминистички струи, либералниот феминизам не се залага за целосно уривање на постојниот општествен систем, туку за негово реформирање со цел да се интегрираат жените во сите негови сфери. Либералните

феминистики веруваат дека постигнувањето на родовата еднаквост е можно во рамките на постојните структури на моќ. Оваа цел, според нив, може да се постигне преку донесување закони и политики кои ја промовираат родовата еднаквост, едукација на жените и мажите за важноста на родовата еднаквост, како и преку промена на општествените норми и стереотипи кои придонесуваат за нееднаквост меѓу половите. Работејќи во рамките на системот, либералниот феминизам настојува да ги промовира вредностите на еднаквост и слобода, создавајќи општество во кое родовите разлики нема да бидат извор на дискриминација или ограничување. Залагајќи се за постепена промена, либералниот феминизам се фокусира на конкретни реформи кои може да доведат до суштински промени во животот на жените и до создавање поправедно и поинклузивно општество (Duhaček, 2011).

Една од клучните карактеристики на либералниот феминизам е неговиот фокус на индивидуалните права и слободи. Либералните феминистики веруваат дека жените, како и мажите, се автономни поединци со право на самоопределување и слобода на избор. Тие се противат на сите форми на принуда, дискриминација и ограничување на личната слобода, без разлика дали доаѓаат од државата, семејството, религијата или други општествени институции. Жените треба да имаат слобода да ги донесуваат своите животни одлуки, без оглед на традиционалните родови улоги или очекувања. Овој пристап им овозможува на жените да го обликуваат својот живот според своите желби и аспирации, ослободени од ограничувањата кои им ги наметнуваат родовите стереотипи. На тој начин, либералниот феминизам ги зајакнува жените да ја преземат контролата над својот живот и да го остварат својот полн потенцијал (Lonćarevič, 2011).

И покрај тоа што либералниот феминизам има остварено значајни достигнувања во борбата за родовата еднаквост, како што се правото на глас, правото на образование, правото на работа и други, тој е често критикуван од други феминистички струи. Една од главните критики е дека либералниот феминизам не успева да се справи со системските и структурни фактори кои ја одржуваат нееднаквоста меѓу половите. Дополнително, се критикува и тоа што либералниот феминизам е премногу фокусиран на жените од средната класа во западните

општества, додека не посветува доволно внимание на проблемите со кои се соочуваат жените од други култури, раси, класи и сексуални ориентации. И покрај овие критики, либералниот феминизам останува влијателна струја во феминизмот, која продолжува да се бори за родовата еднаквост преку промовирање еднакви можности, индивидуални права и слобода (ibid.).

#### *2.3.2.3. Марксистички и социјалистички феминизам*

Основната ориентација на марксистичкиот феминизам се фокусира на анализа на капиталистичките економски односи и начинот на кој тие придонесуваат кон угнетувањето на жените. Според марксистичките феминистки, жените се експлоатирани не само како работнички во капиталистичкиот систем туку и во рамките на патријархалниот систем, преку неплатениот домашен труд, репродуктивната работа и нивната улога во одржувањето на работната сила. Марксистичкиот феминизам во своите разновидни облици се конституира на основа на критиката на доминантните марксистички интерпретации на женското прашање, кои ги елаборираа претежно машки автори, но и со намера да се понуди теоретска рамка за артикулирање на женското прашање (Milić 2011: 156). Клучна поставка на марксистичкиот феминизам е концептот на „двојна експлоатација", кој укажува на тоа дека жените се подложни на угнетување од страна на два системи: капитализмот и патријархатот. Според оваа гледна точка, жените се експлоатирани како работнички на пазарот на трудот, но истовремено и како жени во рамките на патријархалниот систем, каде што се изложени на дискриминација, насилство и ограничени можности за економска, политичка и социјална афирмација (Васев, 2018).

Марксистичкиот феминизам ја потенцира важноста од промена на економските односи во општеството како предуслов за постигнување родова рамноправност. Според ова гледиште, ослободувањето на жените не е можно без уривање на капитализмот и создавање бескласно општество во кое средствата за производство ќе бидат во колективна сопственост. Во контекст на марксистичкиот феминизам, поимот род се појавува како критички одговор на биолошки детерминистичките толкувања за женската природа и улога во општеството (Milić

2011: 157). Оваа концептуална рамка е од суштинско значење за разбирањето на тоа како општествените норми, вредности и практики ги обликуваат очекувањата, можностите и искуствата на жените и мажите, придонесувајќи кон создавање и одржување на родовата нееднаквост (Васев, 2018).

Социјалистичкиот феминизам, пак, претставува поширок правец на феминистичката мисла што ги спојува елементите на марксизмот со други критички теории, како што се феминизмот на различноста, радикалниот феминизам и постколонијалниот феминизам. За разлика од марксистичкиот феминизам, социјалистичкиот феминизам се дистанцира од ригидниот економски детерминизам и го проширува фокусот на анализата кон поширокиот општествен контекст, земајќи ги предвид различните фактори што придонесуваат кон угнетувањето на жените. Овој правец се залага за создавање општество кое ќе биде ослободено од сите форми на угнетување и експлоатација, а не само од класното угнетување (Milić, 2011).

Овој правец, од марксистичкиот феминизам, ги презема и анализира прашањата на експлоатација на женскиот труд, и видливиот и невидливиот, оттука, корените на женското потчинување се наоѓаат во капитализмот како патријархален систем, а непоставеното, но сеприсутно прашање јасно се вгнездува во рамките на социјалистичкиот феминизам и ги опфаќа сите негови аспекти без да западне во „дневна политика“, пред сѐ, каде е местото на жената во немилосрдниот свет на профитот, капиталот и кариерата наспроти свесното жртвување на мајчинството за да се остане на врвот, односно негирањето на постоењето на сопственото дете (Кошка-Хот и др., 2010).

#### *2.3.2.4. Постмодерен феминизам*

Постмодерниот феминизам, како филозофски и културолошки дискурс, го доведува во прашање постоењето на универзални вистини и објективни категории, вклучувајќи ја и категоријата „жена“. Тој се залага за деконструкција на бинарните опозиции како што се машко/женско, разум/емоција, субјект/објект, кои традиционално се користат за поддршка на хиерархиските структури на моќ во општеството. Ваквата деконструкција има за цел да ги разбие стереотипите и да ги

отвори можностите за различни, флуидни и контекстуално условени разбирања на родот. Постмодерниот феминизам го дефинира родот како релационен, променлив и нестабилен концепт, а не како биолошка даденост. Почнувајќи од овие исходишта, постмодерниот феминизам се стреми да создаде простор за мултиплицитет на родови идентитети и изразувања (Blagojević & Lončarević, 2011).

Една од клучните карактеристики на постмодерниот феминизам е неговата критика на есенцијализмот, односно идејата дека постои суштинска, непроменлива природа на жената. Според постмодерните феминистки, ваквиот есенцијализам води кон генерализации и хомогенизација на женското искуство, игнорирајќи ги различностите меѓу жените кои се условени од расата, класата, сексуалната ориентација, културата и другите фактори. Отфрлајќи ја идејата за универзално женско искуство, постмодерниот феминизам се отвора кон интерсекционалност, признавајќи ја комплексноста на идентитетот и различните форми на угнетување со кои се соочуваат жените (ibid.).

Во својата анализа на моќта, постмодерниот феминизам се фокусира на начинот на кој таа продира во сите сфери на општествениот живот, вклучувајќи ги и јазикот, културата, знаењето и самите односи меѓу луѓето. За постмодерниот феминизам, моќта не е само репресивна сила која доаѓа од горе, туку е продуктивна сила која ги конструира самите субјекти и нивните идентитети. Според постмодерните феминистки, оваа проникливост на моќта бара константна свест и критика на начините на кои таа функционира, како и развивање стратегии за отпор и создавање алтернативни модели на општествена организација (Roseneil, 1999).

Јазикот, како средство за конструирање на значењето, игра клучна улога во постмодерниот феминизам. Постмодерните феминистки го анализираат начинот на кој јазикот ги рефлектира и репродуцира родовите стереотипи, како и начинот на кој тој може да се користи за оспорување на овие стереотипи и за создавање нови, по инклузивни репрезентации. Постмодерниот феминизам го истакнува значењето на деконструкцијата на јазикот и на креирање нови форми на дискурс кои ќе ги оспорат доминантните родови норми. Преку анализа на јазикот, постмодерниот феминизам се бори против невидливоста и маргинализацијата на жените во јавниот дискурс. Следствено на тоа, постмодерниот феминизам претставува комплексен и

хетероген наратив кој има значајно влијание врз современото разбирање на родот, моќта и општеството. Критикувајќи ги есенцијализмот, бинарните опозиции и проникливоста на моќта, постмодерниот феминизам се залага за мултиплицитет на родови идентитети, искуства и изразувања. Преиспитувајќи ги традиционалните категории и хиерархии, тој отвора нови простори за размислување, дејствување и градење поправедно општество за сите (Blagojević & Lončarević, 2011).

Постмодернистичките идеи, развиени во рамките на постструктуралистичката и постмодернистичката филозофија и теорија, особено преку делата на мислители како Мишел Фуко, Жан Франсоа Лиотар, Жак Дерида, Жак Лакан и Лис Иригај, нашле значајно влијание во феминистичката теорија, особено на северноамериканскиот континент. Овие парадигми ги доведуваат во прашање стабилноста и универзалноста на традиционалните категории како убавина, вистина и реалност. Во рамките на постмодерниот феминизам се преиспитуваат и широко распространетите уверувања за природната и неопходна разлика меѓу мажите и жените, како и за подредената позиција на жените во општеството. Главниот фокус е ставен на деконструирање на овие предрасуди преку нагласување на улогата што општествените влијанија и дискурзивните практики ја имаат во конструирањето на родовите разлики. Во духот на постмодерната мисла, универзалната дефиниција на „жена“ се поставува како фрагментирана, земајќи ги предвид различните контексти во кои се применува, што создава потреба за множества перспективи и критичко разгледување на традиционалните категории. Овој пристап подразбира одбегнување на универзалните значења и носи со себе елементи на релативизам, кој ги доведува во прашање објективните позиции и вистини. Во таа насока, постмодернистичките феминистички стратегии ја истакнуваат потребата за постојана критичка дистанца и преиспитување на секоја избрана позиција и интерпретација (Кошка-Хот и др., 2010).

#### *2.3.2.5. Интерсекционален феминизам*

Интерсекционалниот феминизам претставува теоретска рамка која се обидува да го разбере и анализира начинот на кој различни форми на репресија и нееднаквост се преклопуваат и меѓусебно влијаат врз искуствата на индивидуите, особено жените. Концептот на интерсекционалност во феминистичката теорија претставува доминантен начин на концептуализирање на односот помеѓу системите на угнетување кои ги конструираат нашите повеќекратни идентитети и нашиот општествен статус во хиерархиите на моќ и привилегија. Во феминистичката теорија стана вообичаено да се тврди дека субјективноста на жените (или женското искуство) е конструирана од повеќекратни, интерсекциски системи на угнетување. Интерсекционалнииот феминизам ја потенцира важноста на разбирањето на интерсекционалноста како одговор на ограничувањата на единечните анализи на угнетување, како што се оние кои се фокусираат само на родот (Carastathis, 2014).

Појавата на концептот се врзува со феминистичките движења на црните жени во САД, кои се соочувале со двојна маргинализација врз основа на нивниот род и раса. Црните жени во САД, уште во 19 век во САД, се соочија со двојна сегрегација, во однос на „женското прашање“ и „расниот проблем“, во таа насока, Кимберли Креншоу (Kimberlé Crenshaw), во доцните 1980-ти го воведува терминот „интерсекционалност“ во правната теорија, користејќи ја метафората на сообраќајна раскрсница за да ја илустрира комплексноста на дискриминацијата. Според Креншоу, доколку се случи сообраќајна несреќа на раскрсница, таа може да биде предизвикана од возила кои доаѓаат од различни правци, а слична аналогија може да се направи и со дискриминацијата – таа може да се појави како резултат на различни фактори кои дејствуваат истовремено (цит. според: Carastathis, 2014).

Во тој контекст, црниот феминизам особено ги вклучува црните жени кои се соочуваат со „тројно угнетување“ – врз основа на раса, род и класа.

Црното феминистичко движење израсна делумно како одговор кон невидливоста на црните жени и на расизмот во белото феминистичко движење. Бел

Хукс јасно се изјаснува против белиот феминизам кога вели „во поголемиот дел од литературата напишана од бели жени во врска со ’женското прашање‘ од деветнаесеттиот век до денес, авторките упатуваат на ’бели мажи‘, но го користат зборот ’жена‘ кога всушност тие мислат на ’бели жени‘, истовремено терминот ’црнци‘ многу често е синоним со црни мажи“ (цит. според: Антиас & Јувал-Дејвис, 2003: 275).

Според тоа, интерсекционалниот феминизам претставува повеќедимензионална теоретска рамка која ги анализира aequivocatio[8] факторите како што се родот, расата, класата, сексуалната ориентација и други социјални категории кои се преклопуваат за да создадат субјективни или уникатни искуства на дискриминација и сегрегација. Истовремено може да се отворат и прашањата што интерсекционалниот феминизам ги вклучува, а тоа се социјалните и економските проблеми кои влијаат на жените од различни потекла – особено жени од ЛГБТК+ заедницата, сиромашни жени, жени со попречености или жените од руралните средини (ibid.)

Иако интерсекционалниот феминизам е влијателен и широко прифатен, тој исто така се соочува со различни критики од академски, политички и активистички кругови. Критичките размислувања се насочуваат кон можната концептуална сложеност и нефункционалност на интерсекционалниот феминизам, кој поради акцентот на политиката на идентитети може да ја изгуби основната цел на феминистичката теорија – борбата против патријархалниот систем на моќ и хиерархија. Феминистичките активистки исто така го критикуваат интерсекционалниот феминизам, нарекувајќи го премногу академски, бидејќи не е доволно ориентиран кон активистичка борба, туку кон теории и вмрежувања на идентитетските политики, што го прави сложен и повеќедимензионален проблемот. И, на крајот, некои феминистки сметаат дека интерсекционалноста се користи како политичка алатка за создавање поделби, наместо за вистинско решавање на „женското прашање“, односно борбата против патријархатот.

[8] Филозофски речник: aequivocatio (лат. = повеќезначност) настанува кога повеќе предмети ги обележуваме со ист термин, но во сосема различно значење.

# III

# ДЕЛ

## Пролог: Историски и културни патеки на феминизмот и женското движење: дискурс и идеја

## 3.1. Феминистички бранови: историја, идеи и влијанија

Феминистичките бранови претставуваат значајни историски периоди во развојот на женското движење, кои се карактеризираат со различни идеи, стратегии и општествени контексти. Првиот бран на феминизмот се појавува во контекст на просветителството и либералните идеи за еднаквост и слобода, фокусирајќи се првенствено на правните и политичките права на жените, особено правото на глас. Вториот бран, кој се развива во 60-тите и 70-тите години на 20-тиот век, го проширува фокусот на борбата за женски права на прашања поврзани со сексуалноста, семејството, работното место и репродуктивните права. Третиот бран, кој започнува во 90-тите години, ги критикува есенцијалистичките тенденции на претходните бранови и ја нагласува разновидноста на женските искуства, земајќи ги предвид факторите како раса, класа, етничка припадност и сексуална ориентација. Анализирајќи ги овие историски периоди, можеме да забележиме како феминистичката мисла еволуирала како одговор на променливите општествени услови и предизвици (Milojević, 2011).

Во историските прегледи на феминистичката мисла, теориските и практичните иницијативи за редефинирање на поимот род, од традиционалното патријархално кон алтернативното феминистичко, обично се делат на таканаречените три големи бранови на феминизмот. Имено, низ историјата жените биле и субјекти на знаењето: од старите Веди во Индија, преку античките грчки поетеси и филозофки, до креаторки на митови и легенди во сите познати општества. Како владетелки, кралици и научнички, поединечни жени со самото свое постоење ги доведувале во прашање патријархалната родова поставеност и односите на моќ во голем број општества, низ целокупната забележана човечка историја. Сепак, сите тие иницијативи често се сметаат за „протофеминистички[9]“ од една

[9] **Појаснување**: Поим што се однесува на најраните појавувања на она што денес се нарекува феминистичка мисла, а се случиле многу векови пред појавата на феминизмот како општествено и политичко движење. Во текот на развојот на феминистичката мисла, откриени се и донесени на виделина, со нивната (ре)евалуација, стотици имиња на авторки од дамнешните времиња, чие творештво е заслужно за посебно внимание, со тоа што нивните дела ќе бидат детално регистрирани и проучени. Тука припаѓаат и жени кои не оставиле зад себе пишана трага, но значајно влијаеле

едноставна причина – бидејќи не достигнале масовност. Учество на жени во јавниот живот на општествената заедница било правило, а не исклучок во претпатријархалните општества. Појавата на патријархатот, кој според најчестите оцени во западното општество се случил пред околу пет илјади години, го прекинала тоа и учеството на жени во јавниот живот станало маргинализирано (ibid.).

Во тој контекст, **првиот бран на феминизмот** означува период на масовно собирање на жените кои се бореле за промени во родовите односи на моќ. Токму масовноста го разликува првиот бран на феминизмот од претходните протофеминистички иницијативи, како и контекстот на западниот патријархален поредок во 18-тиот и 19-тиот век, кој го разликува овој бран од претходниот период на масовно учество на жени во јавниот живот во традиционалните претпатријархални општества (ibid.).

Авторството на терминот **втор бран** ѝ се припишува на Марша Вајнман Лир (Marsha Weinman Lear), која го употребила овој термин во напис во „Њујорк тајмс" во 1968 година (ibid., 29) за да ја означи тогашната засилена феминистичка активност во САД, Велика Британија и Западна Европа. Астрид Хенри (Astrid Henry) ја цитира Вајнман Лир, која пишува: „*Накратко, феминизмот, за кој можеше да се претпостави дека е мртов, како и аграрното прашање, повторно е предмет на дебата. Поддржувачите го нарекуваат втор феминистички бран, бидејќи првиот ослабна по славната победа со освојувањето на правото на глас, а потоа конечно исчезна во песочниот нанос на 'Заедништвото'*" (цит. според: Milojević, 2011: 29). Очигледно, терминот веќе бил користен кога Вајнман Лир го употребила во овој напис. Во тоа време, реактивно, во контекстот на САД и западноевропските земји, започна да се користи и терминот прв бран, со што се означи претходната фаза на феминизмот, која главно била насочена кон добивање на правото на глас, правото на образование и работнички права. Иако оваа терминологија настанала во западниот, поточно во американскиот контекст,

---

(директно или индиректно) врз развојот на историските настани, а поради нивните нецелосно документирани биографии, некои од нив се прикриени и со превезот на легендата кој може релативно лесно да се тргне (Кошка-Хот и др., 2010: 87-103).

подоцна почна да се користи и на глобално ниво, како начин за означување на циклусите на промени во рамките на женското и феминистичкото движење во различни општества (ibid.).

Се разбира, разновидноста на овие движења и социо-историските контексти во кои се појавуваат доведува до прашањето за разграничување на врановите. Според најчестите класификации, првиот бран го означува оној што се појавил под влијание на Француската револуција во 1789 година и траел во текот на 19 век, сè до 1920-тите години. Трите од најзначајните документи (дела) што го претставуваат овој бран се *Декларацијата за правата на жената и граѓанката* на Олимп де Гуж (Olympe de Gouges) (1791), *Одбрана на правата на жената* на Мери Волстонкрафт (Mary Wollstonecraft) (1792), како и *Потчинувањето на жените* од Џон Стјуард Мил (John Stuart Mill) (1868). Првиот бран бараше прокламираните човекови права да се прошират така што ќе бидат загарантирани не само за мажите од различни општествени слоеви туку и за жените (Кошка-Хот и др., 2010).

Понатаму, значајното дело *Вториот пол* (1949) на Симон де Бовоар претставува концептуална дистинкција во рамките на феминистичката критика и теорија како англо-американска и француска школа. Нејзината позната мисла од ова дело, дека „*ние не се раѓаме, туку стануваме жени*“, воедно претставува и вовед во една од најзначајните и најкарактиристични согледби на вториот бран на феминизмот. Евидентно е дека, во овој бран, се става акцент и на дистинкцијата пол/род, односно сфаќањето и тврдењето дека полот е биолошка категорија, а родот општествена и културолошка конструкција. Истовремено, појавата на вториот бран ја обележува американката Бети Фридман со своето дело *Женската мистика* (1963), како и во развојот на феминистичката мисла кога се развива свеста за независен статус на жената и нејзината политичка ангажираност околу нејзините права. Оваа фаза ја карактеризира исто така борбата за граѓанските права на жената, но, овој пат, секако, на едно друго ниво, пред сè во однос на легистлативата, трудовото право, еднаквоста на работното место и слично. Станува збор за побудување на свеста дека жените се избориле за значајни права, но дека сè уште

постои „стаклен плафон", односно бариера која можеби не е видлива, сепак постои и не е пожелно да ја поминат (ibid.)

Вториот бран на феминизмот, кој се појави во 60-тите години на 20 век, претставуваше значајна етапа во развојот на феминистичкото движење, бидејќи тој не само што се фокусираше на правата на жените туку и на длабоките структурни промени во општеството. Овој бран беше инспириран од контракултурните превирања и создавањето на Новата левица, кои се појавија како одговор на социјалните и политичките нееднаквости во западните општества. Вториот бран на феминизмот се стремеше не само кон поделба на моќта во постојното општество туку и кон негова радикална трансформација, со цел да се постигне вистинска родова еднаквост. Мотото на вториот бран, *„Личното е политичко"*, ја отсликуваше идејата дека личните искуства на жените, вклучувајќи ги и оние во домот и семејството, се неразделно поврзани со пошироките политички и социјални структури. Оваа фраза, која стана симбол на движењето, ја нагласуваше важноста на препознавањето на личните искуства како дел од политичката борба за промена. Оваа перспектива ја поттикна свеста дека личните искуства на жените се одраз на пошироките општествени и политички структури кои ги одржуваат нееднаквостите (Ристова-Астеруд, 2009). Конечно, фокусот на овој бран е на разликите и конфронтирањето со структурите/центрите на моќ, односно она што феминистичката теорија го дефинира како систем на машки вредности (Кошка-Хот, 2010).

Појавата на **третиот бран на феминизмот** почна да ја доведува во прашање класификацијата. На пример, австралиската историчарка Мерилин Лејк (Marilyn Lake) смета дека во контекстот на Австралија и Нов Зеланд е подобро да се зборува за четири фази на континуираното феминистичко движење отколку за три брана. Авторките од незападниот контекст обично разликуваат два брана (на пр., Патриша Мухамед во контекст на Карибите, Вивијен Ренгли во контекст на Централна и Јужна Америка), додека некои авторки не ја гледаат појавата на „бранови" во сопствениот општествен контекст (на пр., Мај Гоусоу во контекст на Блискиот Исток, Полин Ого Авето во контекст на Северна Африка, Џенифер Лемон во

контекст на Јужна Африка, Ренука Шарма во контекст на Јужна Азија, Албина Пекзон Фернандез во контекст на Југоисточна Азија и Глорија Емеагвали во контекст на Подсахарска Африка). Некои, пак, разликуваат три брана (на пр., Казуко Ватанабе пишува за три фази на феминизмот во Јапонија). Всушност, во колонизираните општества многу е позначајна класификацијата која ги разгледува женските права во контекст на процесот на деколонизација. Слична е ситуацијата и во општествата кои беа во социјалистички земји, бидејќи кај нив процесот беше воден од државата, а не од граѓанските движења како што е означено со радикалните промени во западните општества (Milojević, 2011).

Третиот бран на феминизмот, сега веќе како цврсто етаблирана феминистичка критичка теорија, датира од 90-тите години на 20 век. Наспроти настојувањата на вториот бран на феминизмот, кој се карактеризира со вклучување на жените во доминантно машките сфери, третиот бран на феминистичкото движење се занимава со испитување, редефинирање на односот меѓу родот и сексуалноста. Авторката на терминот „*трет бран на феминизмот*", **Ребека Вокер**, кој го употребила во 1993 година, со овој термин ја навестувала новата струја во феминистичката мисла, бидејќи е афроамериканска Еврејка, која се декларира како бисексуалка и со самото тоа го претставува сето она што вториот бран на феминистичката теорија не го ставил во фокусот на својот интерес. Оваа фаза се јавува како одговор/критика/деконструкција на бинарната опозиција[10] на која инсистира вториот бран и го отфрла есенцијализмот[11], односно ставот дека постои

[10] **Појаснување**: Бинарна опозиција е поим што често се среќава во лингвистиката и структурализмот. Во основа се однесува на дихотомијата која подразбира постоење на два спротивни поима, како, на пр., црно/бело, рационално/ирационално, машко/женско. Овие двојни поими генерираат значења кои потоа стануваат општествено институционализирани. Дихотомиите се типични за западната општествена и политичка мисла, а во феминистичката теорија ја одразуваат фундаменталната дихотомија машко/женско. Вообичаено е првиот поим од бинарната двојка да се толкува како позитивен и супериорен во однос на вториот поим, од кој, пак, зависи неговото значење. Мери Иглтон го формулира тој однос на следниов начин: „Според бинарниот начин на размислување, машкото и маскулиноста ги претставуваат нормата, позитивното и супериорното; женското и женскоста претставуваат отстапување/девијација, негативното и инфериорното" (цит. според: Кошка-Хот, 2010: 25-26).

[11] **Појаснување**: Есенцијализмот е стојалиште дека разликите меѓу мажите и жените се суштински, дека постојат посебни машки и женски природи, за разлика од гледиштето дека разликите се социјално/експериментално конструирани. Доколку разликите се суштински, тогаш се претпоставува дека тие се универзални, „природни" и произлегуваат од биологијата. Лис Иригаре

нешто што би можело да се нарече „универзален женски идентитет“. Како дел од овој бран истовремено се смета и Џудит Батлер, со своето дело *Проблеми со родот* (1990), која го користи терминот перформанс, односно родот како перформанс. Истовремено, може да се забележи и дека теоретичарите/теоретичарките од овој бран користат и внесуваат нова терминологија како: полиморфност, хибридност, дестабилизација, диверзитет на идентитети итн. (Кошка-Хот, 2010).

тврди дека постојат суштински женски разлики кои произлегуваат од биолошките разлики. Тереза де Лауретис тврди дека феминистите треба да ризикуваат есенцијализам бидејќи тоа е она што прави разлика меѓу феминистичко и нефеминистичко мислење. Италијанските, културалните и француските феминисти се согласуваат дека мајчинството е суштинско актуелно или потенцијално искуство. Антиесенцијалистите, пак, се загрижени дека теориите за есенцијални родови разлики се премногу биолошки и конзервативни. Деконструкционистите ги напаѓаат поставените дихотомии (маж/жена), психоаналитичарите тврдат дека сексуалноста е конструирана од јазикот, па субјектот на феминизмот не е „жената“, постмодернистите го предизвикуваат мислењето за универзалноста во масовната култура, додека Џудит Батлер го предизвикува есенцијализмот со постструктуралистичкиот концепт дека родот е „перформанс“ (Ивановска & Бадаревски, 2012: 39-40).

## 3.2. Дискурзивното поле на феминизмот и женското движење

### *3.2.1. Теоретска основа: Јазик, моќ и феминистички дискурс*

Пред повеќе од дваесет години, во рамките на науката за јазикот, беше создадена нова област на истражување: феминистичка лингвистика. Таа претставува дел од женското движење, затоа што содржи политичка и социјална компонента и, за разлика од самата лингвистика, не се обидува само да ги опише јазичните норми и јазичниот систем туку и да ги критикува – да ги посочи нивните недостатоци. Феминистичката лингвистика го поставува прашањето за тоа како женскиот род, односно жените, се појавува во јазикот. Феминистичките лингвисти бараат жените во пишаниот и говорниот јазик да се третираат како независни и рамноправни човечки суштества. Бидејќи, според тоа, се стреми кон јадрото на патријархалното општество и дополнително ја открива лошата положба на денешните жени, оваа област на јазичната наука предизвика претежно негативни реакции на лингвистите. Бидејќи нејзината цел не е само опис на јазикот туку социо-политичките промени во него како огледало. Според Луиз Пуш (Luise Pusch), јазикот создава претстави, претставите влијаат на нашите постапки, а постапките влијаат на нашата политичка и економска позиција, додека таа позиција, од своја страна, влијае на нашиот јазик (Ćopić, 2018).

### *3.2.2. Јазикот како инструмент на моќ*

Ако го исклучиме фактот дека именката што ја означува е машки род (во нашиот јазик), се поставува прашањето дали јазикот има род? Лингвистите одамна утврдиле дека јазикот ја одразува патријархалната структура на општеството, т. е. дека во јазиците што прават разлика помеѓу родовите системи, како и во оние без граматички род, жените се третираат нееднакво. Одреден род е „разбран“, а тој род е машки: жените, од друга страна, немаат иста можност да се „разберат“ себеси, а преку јазикот нивната вредност е намалена, нивната видливост е ограничена и тие се латентно дискриминирани во јазикот (ibid., 218).

Евидентно е дека, и во македонскиот јазик, како и во многу други со граматички род, именките од машки род се користат како таканаречен

„неутрален“ или „универзален“ род, што всушност ја прикрива системската доминација на машкиот принцип во јазичната структура. Така, поимот „човек“ во секојдневниот говор најчесто се поврзува со машка личност, и покрај неговото номинално значење кое би требало да го опфаќа секој припадник на човечкиот род, без разлика на полот. Оваа јазична практика е одраз на длабоко вкоренетите културни претпоставки според кои машкото се смета за општо, норма, а женското за „друго“, односно девијација од нормата. Ваквиот лингвистички механизам го потврдува родовиот дисбаланс, бидејќи жените стануваат невидливи во јазичната претстава на светот. Тоа што мажот е претставен како стандард, а жената како изведенка или исклучок, води до нерамноправна симболичка распределба на општествената моќ. Токму преку ваквите привидно неутрални лексеми, како „човек“, се репродуцира патријархалниот дискурс, во кој машкиот идентитет не се маркира, додека женскиот мора да се означи посебно (на пр. „жена човек“, „женско лице“ и слично), што дополнително го засилува чувството на маргинализација. Ова јазично фаворизирање на машкиот род можеби не е само случајност или граматичка конвенција, туку има подлабоки корени во културните и религиозните наративи што со векови го обликувале општествениот менталитет. Особено значаен е митот за создавањето на човекот во јудео-христијанската традиција, каде што првиот човек – Адам – е маж, а жената, Ева, е создадена подоцна, и тоа од неговото ребро. Во овој наратив, мажот е поставен како оригинал, а жената како изведен ентитет, секундарен по значење и функција. Овој архетипски поредок – каде што машкото е прво, централно и целосно, а женското споредно и зависно – се рефлектира и во јазикот, каде што машкиот род се поистоветува со „човекот“ како таков, додека женскиот се доживува како дополнување или исклучок. Така, употребата на именката „човек“ во значењето „маж“ не е само навика, туку дел од подлабока семиотичка структура во која машкото е сметано за мера на сè, дури и на човечноста.

Јазикот не е само средство за комуникација – тој е и клучен носител на значења, симболи и општествени односи. Во таа смисла, **јазикот станува инструмент на моќ**, бидејќи преку него се создава, одржува и легитимира општествениот поредок. Во патријархалните општества, каде што машкото е

поставено како доминантна категорија, јазикот несвесно или свесно ја репродуцира таа доминација. Преку граматички структури, лексика и говорни практики, жените често се невидливи, маргинализирани или сведени на стереотипни улоги. Машкиот род се користи како универзален, додека женскиот се маркира само кога е нужно, што го создава впечатокот дека машкото е стандард, а женското – отстапка од тој стандард. Јазикот со тоа не само што го одразува постојниот родов поредок туку активно учествува во неговото одржување – со тоа што ги нормализира нееднаквостите и ги вградува во секојдневното комуницирање. Оваа моќ не мора да биде експлицитна или отворено дискриминаторна; таа е суптилна, латентна, но длабоко вкоренета – се манифестира во начинот на кој се именуваат професии, во поговорките, па дури и во начинот на кој се претставуваат жените во јавниот дискурс. На тој начин, јазикот не е неутрален, туку е идеолошки обоен систем на знаци кој служи за одржување на постојната хиерархија на моќ – во која мажот има приоритет, а жената е во подредена позиција (Cameron, 1992).

Хана Ќопиќ (Hana Ćopić) во својот труд „Жените и јазикот" ни претставува феминистичка анализа на конверзациите, каде што вели дека, анализирајќи го разговорот, феминистките го испитуваа однесувањето на одредени групи или лица за време на разговорот, односно ги испитуваа различните начини на кои мажите и жените комуницираат. Жените почесто избираат формулации што ги ослабуваат нивните искази – со честа употреба на деминутиви или релативизација, почесто од мажите, тие формулираат искази во форма на прашања (*се чини дека..., јас би рекла дека..., нели е така..., ...нели?*). Почесто користат форми што им ја одземаат вредноста (*О, јас сум само домаќинка..., Што знам јас..., Тоа е само моја идеја...*). Жените користат вулгарни изрази многу помалку од мажите; тие пцујат поретко и користат посоодветни изрази. Жените имаат различен вокабулар; во областите што традиционално спаѓаат во нивните должности и одговорности (домаќинство, одгледување деца, мода), нивните термини во таа сфера се многу попрецизни од оние што ги користат мажите. Жените си дозволуваат да бидат прекинати во разговор многу почесто од мажите, тие молчат почесто и подолго, ги дотеруваат своите искази со прашања. Сè на сè, во повеќето студии е донесен истиот заклучок: разговорот меѓу жените и мажите е претежно карактеризиран како кооперативен,

односно таков што избегнува конфликт (за жените) наспроти конфронтациски (за мажите). Мораме да се запрашаме како се објаснуваат различните форми на комуникација меѓу жените и мажите – обично се наведуваат постојни предрасуди, кои им се пренесуваат преку типично машка или типично женска социјализација, и која е одговорна за разговорното однесување. Следното објаснување се однесува на позицијата на жените во општеството – во различни социјални ситуации тие се едноставно дефицитарни(!). На овој начин, на жените им се доделува слаба, инфантилна позиција во однос на мажите. Значи, тоа влијае и на нивниот вообичаен пристап кон комуникацијата (Ćopić, Neko je rekoa feminizam, 216-226).

Претставите за моќта на јазикот објаснуваат зошто некои лингвисти сметаат дека промената на јазикот е одлучувачка чест за жените, бидејќи тие се чини дека гледаат повеќе или помалку силна автоматичност на општествената промена преку промената на јазикот. Сепак, таква автоматичност не постои. Она што е несомнено позитивно во врска со феминистичката лингвистика е фактот дека таа го сензибилизира проблематичниот однос меѓу половите со своите истражувања и провокативна употреба на јазикот, но не смееме да дозволиме таа да остане на ниво на површна изјава или да се претвори во своја спротивност, ограничувајќи се само на променетата употреба на јазикот. Имено, реалноста е конституирана од субјекти кои дејствуваат и зборуваат. Сепак, говорот не се случува без никакви предуслови и не може да се каже дека субјектите што зборуваат ги остваруваат своите цели и намери целосно автономно. Поточно, овие субјекти се вклучени во дискурси, институционализирани начини на говорење, преку кои се создаваат, а воедно и ги конституираат. Јазикот постојано го одразува нашето мислење, а новите и различни јазични формулации сигурно можат да ги обликуваат ставовите, на ист начин како што самите се одразуваат во она што се зборува.

Навраќајќи се повторно кон студијата на Чопиќ, таа вели дека, „*јасно е дека структурите на патријархатот 'ги мразат јазичните полицајки', кои во секоја дискусија пред сè ќе истакнат дека говорникот безброј пати го пропуштил женскиот пол. Секако, членовите на структурите на моќ протестираат кога се случуваат промени. А тоа значи дека ништо не треба да се зема здраво за готово. Во ниту еден момент не треба да го изгубиме од вид фактот дека јазикот е жива и динамична категорија, подложна на*

*промени што не исклучуваат (социјално) влијание. Напротив. Секој од нас има право да ја избере соодветната јазична етикета. Дури и ако на почетокот изгледаше како ситна или банална забелешка, приказната за јазикот е приказна за мислењето, а ова може да има далекосежни афирмативни последици за сите нас*“ (ibid., 226).

### *3.2.3. Активизам и јазични стратегии: политички дискурс*

Дебатите околу „**феминистичкиот јазик**“ доведоа до значителен број јазични решенија кои се спротивставуваат на исклучувањето, маргинализацијата и дискриминацијата. Затоа, не станува збор само за жените, а уште помалку за одредена група жени, туку за фактот дека феминистичките напори водат до промена на сите дискриминаторски елементи и лоши практики. Меѓу заслугите на феминистките е вредниот увид во фактот дека диференцијациите на моќта не се среќаваат само кога станува збор за мажи и жени, туку и меѓу различни општествени слоеви, генерации, помеѓу здрави и болни, членови на етнички групи. Не е неважно да се посочи дека позицијата на жените како членови на различни слоеви на општеството или етнички групи се одразува различно во нивниот пристап кон дискурсот и во нивното позиционирање во него. Прашањето е до кој степен овој увид, кој феминистките го усвоија не без контроверзии и кој ги чинеше (скапо), стана дел од феминистичката лингвистика, односно лингвистиката воопшто, заедно со подобрениот начин на размислување за општеството и меѓусебниот третман (ibid., 226).

Можеме да забележиме дека, во рамки на политичкиот дискурс, јазикот се претвора во поле на борба, каде што симболичката моќ на именувањето добива директна политичка тежина. Користењето родово чувствителен јазик – како вметнување женски облици, двојни форми или неутрални термини – претставува не само лингвистичка промена туку и активистички чин што го оспорува статус квото. Таквите интервенции во јавниот говор не се само прашање на стил или политичка коректност, туку начин да се промени свеста и да се преместат границите на видливоста. Преку нив, феминистичките иницијативи ја отвораат јавната сфера за нови идентитети и искуства што дотогаш биле исклучени или потиснати. Дополнително, стратегиите за јазично вклучување ја засегаат и институционалната

рамка – од образовни програми до медиумски содржини и закони. Еден од најважните аспекти е како институциите го кодифицираат јазикот и какви модели на говор легитимираат. Во тој контекст, активистичкиот пристап бара промена не само на индивидуалната употреба туку и на нормативните јазични правила. Ова вклучува борба за вклучување родово избалансирани формулации во службени документи, образовни материјали и јавна комуникација, што претставува клучен чекор кон праведно претставување и општествена трансформација преку јазикот.

### 3.3. Ангажираната уметност и феминистичкиот дискурс

Феминистичкото уметничко движење (Feminist art movement)[12], кое се појави во текот на 1960-тите и 1970-тите години, претставува критичка реакција на доминантниот патријархален систем во уметноста и културата. Тоа се карактеризира со свесно истакнување на женската перспектива и искуство како одговор на маргинализацијата и исклучувањето на жените уметници од традиционалните уметнички институции и наративи. Феминистичкото уметничко движење го истражува родот како социјален конструкт, истовремено предизвикувајќи ги стереотипите и нормативите поврзани со женственоста, телото, сексуалноста и идентитетот. Во тој контекст, уметничките форми се користат како алатки за политичка активност и освестување, со цел да се овозможи репрезентација и еманципација на жените (Gipson, 2022)

Клучни фигури во ова движење, како што се: Џуди Чикаго (Judy Chicago), Мери Кели (Mary Kelly), Керол Шер (Carolee Schneemann), Барбара Кругер (Barbara Kruger), Хана Вилке (Hannah Wilke), Луси Липард (Lucy Lippard), Валери Јуинг (Valerie Jaudon), Силвија Гутман (Sylvia Guttman), Ана Мендиета (Ana Mendieta), Бренда Вебер (Brenda Weber), Маријан Ернст (Marianne Ernst), Линда Ночлин (Linda Nochlin), Грета Пан (Greta Pan), Марина Абрамовиќ (Marina Abramović), преку своите дела го поставија прашањето за нееднаквоста во уметничката продукција и институционалната дискриминација. Тие се залагаа за вклучување на женската историја, култура и секојдневни искуства во уметноста, при што создаваа

[12] https://www.theartstory.org/movement/feminist-art/ [пристапено на: 15.6.2025]

дела кои го рефлектираат искуството на жените, а често и ги критикуваа доминантните визии на моќ и пол (ibid.).

Покрај тоа, движењето ја нагласува важноста на колективната акција, како и размена на знаење и поддршка меѓу женските уметнички заедници. Феминистичката уметност, покрај тоа што е уметнички израз, има и силна социјална и политичка димензија, бидејќи цели кон трансформација на општествените структури кои ја репродуцираат родовата нееднаквост. Со ова движење се отвори простор за критичка анализа на моќта, идентитетот и репрезентацијата, што има влијание врз понатамошното развивање на современата уметност и теорија. Истовремено, тој процес ја стимулира дебатата за тоа што претставува уметност и кој има право да ја создава и дефинира, што ја прави феминистичката уметност значаен елемент во поширокиот дискурс за родот и културата (ibid).

Феминистичката уметност, како форма на ангажирана уметничка практика, претставува критичка интервенција во доминантните општествени и културни структури преку естетски и политички алатки што произлегуваат од личното искуство и родовиот идентитет. Таа не се сфаќа само како „женска уметност“ туку како свесен и концептуален одговор на патријархалната репрезентација, каде што уметничкото дело функционира како простор на отпор, дијалог и политичка артикулација. Уметноста тука не е затворена естетска форма, туку јавен текст и простор за критика, кој ја премостува поделбата меѓу приватното и јавното, инсистирајќи на принципот дека личното е политичко (ibid.).

Феминистичката уметност претставува радикален пристап кон деконструкцијата на патријархалните структури во општеството, користејќи го уметничкото дело како средство за политичка артикулација и општествена критика. Таквата уметничка практика не се ограничува само на естетски квалитети туку активно се вклучува во преиспитување на родовите улоги, стереотипите и системските нееднаквости што се вградени во културните институции и социјалните норми. Феминистичките уметнички дела често се карактеризираат со интердисциплинарен пристап, комбинирајќи различни медиуми и техники за да

создадат повеќеслојни значења што ги предизвикуваат конвенционалните начини на гледање и разбирање на светот. Родот и визуелната уметност се меѓусебно поврзани преку механизми како што се: уметнички слоеви, уметничко наследство, архетипи, стереотипи и слично, визуелната уметност воспоставува контакти и релации со различни облици на општественото сознание (Kojić Mladenov, 2023: 7). Ваквиот пристап кон уметноста ја нагласува нејзината трансформативна моќ, не само во културниот туку и во политичкиот и општествениот контекст, каде што личното искуство станува основа за поширока критика на системските неправди. Создавајќи дела што ги преиспитуваат границите меѓу приватното и јавното, феминистичките уметници активно придонесуваат кон промена на перцепцијата и свеста за родовите прашања во современото општество (ibidem.).

Телото како медиум во феминистичката уметност зазема централно место, станувајќи платно на кое се испишуваат општествените норми, очекувања и ограничувања наметнати врз жените. **Перформансот и боди артот** (body art) се особено значајни форми на изразување во феминистичката уметничка практика бидејќи овозможуваат директно соочување со публиката и предизвикување на воспоставените норми за тоа како женското тело треба да изгледа, да се однесува и да биде претставено. Многу уметници го користат сопственото тело како инструмент за истражување на темите поврзани со идентитетот, сексуалноста, насилството и моќта, создавајќи дела што се истовремено лични и политички. Концептуалните уметници за исходиште го земаат сопствениот идентитет како предмет на истражување, што е по Луси Липард (Lucy R. Lippard) последица на претходната маргинализација на уметниците во уметничкиот систем, како и воопшто општествениот процес на подигање на свеста на жените (ibid., 12). Ваквите уметнички дела често предизвикуваат силни реакции бидејќи го нарушуваат комфорот на публиката и ги принудуваат гледачите да се соочат со сопствените предрасуди и претпоставки за родот и телото. Преиспитувајќи ги границите на прифатливото и неприфатливото во уметноста и општеството, феминистичките уметници создаваат простор за нови начини на размислување и разбирање на родовите односи (ibid.).

Историскиот развој на феминистичката уметност е тесно поврзан со политичките движења за женски права и еманципација, одразувајќи ги различните фази и приоритети на феминистичката борба. Од раните феминистички уметнички дела што се фокусираа на видливоста и признавањето на жените уметници, до посовремените пристапи што ги истражуваат интерсекциските идентитети и глобалните феминистички прашања, таквата уметност постојано еволуира како одговор на променливите општествени и политички контексти. Феминистичката уметност од 1970-тите години беше особено значајна за развојот на критичкиот дискурс околу родот и уметноста, воведувајќи нови теми, техники и пристапи што ги предизвикаа традиционалните уметнички канони. Таквите уметнички дела не само што ги проширија границите на уметничкото изразување туку и придонесоа за поширока општествена дискусија за родовата нееднаквост, дискриминацијата и репрезентацијата. Анализирајќи ги начините на кои родот се конструира и репродуцира преку визуелната култура, феминистичките уметници и теоретичари развија критички алатки за деконструкција на патријархалните наративи и создавање алтернативни визии за родовите односи (ibid., 13).

Интердисциплинарноста претставува клучна карактеристика на феминистичката уметност, која ги комбинира различните медиуми, теоретски пристапи и методологии за да создаде комплексни и повеќеслојни уметнички дела. Многу феминистички уметници работат на границата меѓу различни дисциплини, вклучувајќи визуелни уметности, перформанс, филм, литература и теорија, создавајќи дела што ги предизвикуваат традиционалните категории и класификации. Ваквиот **интердисциплинарен пристап** овозможува поширок и посложен ангажман со феминистичките прашања, истражувајќи ги различните аспекти на родовата конструкција и опресија. Уметниците се сè повеќе заинтересирани за авторефлексивност, анализа на статусот на уметноста и нејзината врска со институциите, музејот, критиката и пазарот. Феминистичката уметност често се ангажира и со други критички дискурси, како постколонијализмот, квир теоријата и интерсекционализмот, создавајќи сложени анализи на начините на кои различните форми на опресија се вкрстуваат и заемно се зајакнуваат. Истражувајќи ги овие интерсекции, феминистичките уметници

придонесуваат кон поширокото разбирање на комплексноста на идентитетот и моќта во современото општество (ibidem.).

*Феминистичките перспективи во театарот, филмот и перформансот* претставуваат критички пристапи кои ја истражуваат и преиспитуваат улогата на родот, моќта и репрезентацијата во овие уметнички форми. Овие медиуми се користат како платформи за разоткривање на родовите стереотипи, предрасуди и дискриминација, овозможувајќи глас на женските и маргинализираните идентитети кои традиционално биле исклучени од доминантните културни наративи. Преку нови наративи и експериментални форми, феминистичките уметнички активистки ги поставуваат прашањата за женската агенција, телесноста, сексуалноста и политиката на идентификација, со што ги рушат класичните дихотомии и отвораат простор за повеќеслојни интерпретации. Во театарот и перформансот, феминистичките практики често вклучуваат изведби кои го преиспитуваат традиционалниот однос помеѓу актерот и публиката, користејќи го телото како политички и социјален медиум. Овие изведби може да бидат директни и провокативни, со намера да ги нарушат патријархалните структури и да создадат нови форми на колективна свест и отпор. Во филмот, пак, феминистичките режисерки и сценаристки работат на креирање приказни кои ја нагласуваат женската перспектива, како и на критика на маскулинистичката кинематографија преку деконструкција на визуелните и наративни кодови. Со тоа, феминистичките перспективи во овие уметнички жанрови не само што го променуваат начинот на кој се создава и доживува уметноста туку и ја поттикнуваат дебатата за родовите односи во поширокиот социјален и културен контекст, поттикнувајќи трансформација и ослободување од патријархалните структури (Duhaček, 2018: 286-295).

*Концептуалната и мултимедијалната уметност*, во контекст на родовата перспектива, претставуваат клучни медиуми преку кои уметничките активистки и теоретичарки го истражуваат и предизвикуваат традиционалното разбирање на родот, идентитетот и моќта. Овие форми на уметност ја надминуваат класичната визуелна репрезентација и ги ставаат во фокус интеракцијата, процесот и идејата

како основа на уметничкото дело, овозможувајќи подлабока критичка анализа на општествените структури што ги обликуваат родовите улоги. Преку употреба на различни медиуми – како што се перформанс, видео, инсталации и дигитални технологии – уметниците ја разоткриваат и деконструираат доминантната патријархална нарација, отворајќи простор за нови форми на самоизразување и политички активизам. Од родова перспектива, концептуалната и мултимедијалната уметност служат како алатки за осветлување на искуствата на маргинализираните групи, со што ја прошируваат дискусијата за родот и сексуалноста во рамките на уметничкиот дискурс. Овие уметнички практики не само што ја преиспитуваат традиционалната улога на уметникот како авторитет туку и го промовираат колективниот и интерактивниот карактер на создавањето, охрабрувајќи ја трансформацијата на јазикот, телото и просторот како средства за отпор против структурните неправди. Во тој контекст, концептуалната и мултимедијалната уметност стануваат значајни инструменти за родова еманципација и социјална промена, што ја прави нивната анализа важна за разбирањето на современите родови политики во уметноста (Sandler, 1996).

# IV

# ДЕЛ

## Историски глас на отпорот: Женското движење во Македонија низ времето

### 4.1. Жените што ја градеа историјата пред и во МРО

Прашањето за степенот на влијание што историјата и културата на одредена територија го имаат врз формирањето на индивидуалната свест и потсвест останува отворено и предмет на континуирана расправа. Обичаите и општествените норми се пренесуваат меѓу генерации во степен што кореспондира со значењето на традицијата во даденото општество. Улогата на жената во македонската историја и култура претставува специфична категорија, чија анализа е условена од методолошкиот пристап кон интерпретацијата на историјата. Женскиот елемент е евидентно присутен, и тоа не само симболично туку и на реално и практично ниво, преку поединки кои се издвојуваат како влијателни дејци/актерки. Оваа присутност ја надминува традиционалната перцепција за македонското општество како конзервативно во односите меѓу половите. Во тој контекст, се поставува суштинската дилема: дали е посоодветно да се стремиме кон квантитативна родова еднаквост – со поширока вклученост без изразени поединечни примери – или кон квалитативен пристап, преку поддршка и афирмација на мал број влијателни жени што поседуваат капацитет за иницирање суштински општествени промени?

На преминот од XIX во XX век, на територијата на Македонија започнуваат да продираат капиталистичките општествени односи, што резултира со појава на првите организирани форми на женското прогресивно движење. Слично на развојните процеси што се одвиваат во тогашните југословенски земји, како и во поширокиот европски контекст, и во Македонија идеолошката еволуција на женското движење се одвива низ два паралелни и комплементарни правци. **Првиот е феминистичкиот правец**, кој ги вклучува граѓанските слоеви и различните женски добротворни и културно-просветни организации. **Вториот** е пролетерскиот правец, кој се формира меѓу работничката класа и делови од интелигенцијата, развивајќи се под силно влијание на социјалистичките идеи. Овие два правци, иако произлегуваат од различни општествени структури, суштински придонесуваат кон афирмацијата на родовото прашање во историскиот и општествениот контекст на Македонија (Весковиќ-Вангели, 1990: 193). Весковиќ-Вангели забележува дека:

„*Како логична последица на недоволно развиените економско-општествени односи, како што се малобројноста на работничката класа и недоволно развиеното работничко движење, карактеристични појави за раниот капитализам, женското напредно движење во Македонија во својот развоен процес има одредени специфичности. Меѓутоа, појавата на женското движење во Македонија и неговиот, иако побавен, развиток кај дел од македонските социјалисти создава потреба и интерес за проучување на марксисичката литература што се однесува на женското прашање, која, меѓу многубројните општествени прашања, на дневен ред го поставува и прашањето за целосна еманципација на жената. Маркс и Енгелс, а особено Август Бебел и Клара Цеткин, во своите дела и теоретски расправи ги презентираат новите погледи и сознанија за положбата на жената во општеството и преку мултидисциплинарните истражувања и важечките научни норми докажуваат дека нејзината потчинетост е последица на општествените, а не на природните закони, како што тврделе тогаш, а и подоцна, граѓанската филозофија и политичка наука*“ (ibidem.).

За да го разбереме контекстот во кој подоцна се развиваат првите организирани форми на женското движење/јунаштво или женската борба, неопходно е да се направи краток осврт кон општествено-историските услови и родовите динамики што го карактеризираат македонското општество во втората половина на XIX век. Евидентно е дека најзабележителните трансформации во положбата на жените за време на процесот на модернизација и реформи во Османлиската Империја се одвивале во сферата на образованието. Девојчињата почнале да добиваат пристап до формално учење, а нивното образование било активно поддржувано. Наставничката професија претставувала единствената форма на јавна работа што им била дозволена на жените под османлиска власт. Во тој период, македонските жени веќе имале можност да се школуваат, а дел од нив продолжиле со образование во женски училишта во Русија. Во патријархалниот систем на вредности, образованието на девојчињата не било сметано за особено корисно. Мажите, кои се занимавале со трговија, занаетчиство и патувања, редовно имале контакт со јавниот живот, што ги мотивирало да учат да читаат и пишуваат. За разлика од нив, жените, кои главно биле одговорни за домаќинските обврски, не се сметало дека имаат потреба од писменост, бидејќи нивниот контакт со надворешниот свет бил ограничен. Поради оваа причина, женските училишта во Македонија се појавиле многу подоцна од машките (Ковилоски, 2019).

Ковилоски (2019) во својот труд *Македонски женски книжевни и историски ликови од XIX век* дава податоци на конкретни имиња на жени како наставен кадар во женските училишта (ibidem). Во Солунската егзархиска женска гимназија учителствувале: Ане-Трпче Стојанчева од Воден, Марија Кушева од Велес, Тима Попова и Камелија Сплитек од Русија, Евгенија Димева од Велико Трново, Елизавета Павловна Кондрадова од Болград и други. Понатаму, Ковилоски посочува дека отворањето женски световни училишта доживеало вистина експанзија во текот на 60-тите години на XIX век, кога всушност биле отворени повеќе женски училишта во Кукуш, Штип, Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Солун, Дебар, Неврокоп, Кочани, Куманово, Крива Паланка и други места (ibid., 151).

Развојот на женското образование во Солун е тесно поврзан со дејноста на учителката **Славка Динкова**, која потекнувала од реномираното преродбенско семејство Држиловци-Динкови. Славка Динкова може да се смета за ***првата македонска феминистка*** поради својот пионерски придонес во еманципацијата на жените преку образование, јавен ангажман и интелектуална дејност. Во втората половина на XIX век, таа го основала првото народно училиште за девојчиња во Солун, со што го отворила патот кон писменост и образовно издигнување на жените во услови на силниот патријархален систем на вредности. Покрај тоа, таа активно преведувала, објавувала текстови и се вклучувала во општествени иницијативи, со што ја надминала традиционалната улога на жената и го промовирала правото на жените на знаење, јавно присуство и општествено учество. Нејзината визија и дејствување ја позиционираат како рана претставничка на феминистичката мисла во македонскиот контекст. Славка, под влијание на својата мајка Велика и брат ѝ Георги, во 1866 година основала прво народно училиште за девојчиња во Солун, сместено во една просторија од семејниот дом. Наставата се одвивала со скромна програма која вклучувала мајчин јазик, грчки и рачни работи. Со текот на времето, интересот за ова училиште растел, благодарение на посветеноста на Славка, која зборувала грчки и француски, како и поддршката од македонски граѓани и локалните еснафи. Таа не само што била значајна просветна работничка туку и активна преведувачка, новинарка и пионерка во борбата за

женска еманципација во Македонија. По нејзината смрт во 1878 година, развојот на образованието во градот доживеал краткотраен застој (ibidem.).

Следствено, може да се заклучи дека и на поддржувачите и противниците на женското образование фокусот главно им бил насочен кон иднината на новите генерации. Од една страна, постоело уверување дека образованата жена е темел за градење просперитетно и образовано население, но, од друга страна, пак, се сметало дека таквото образование носи штетни влијанија врз младите девојки, внесувајќи непотребни и „опасни" модерни трендови, кои, според тие гледишта, го нарушувале здравиот развој на телото и духот. Овие спротивставени ставови биле присутни и често се судрувале во текот на втората половина на XIX век. На просторот на традиционалниот и конзервативен Балкан, ваквите идеи не се разликувале значително, при што најголемата дилема била кој пристап ќе овозможи посигурна иднина за потомството. Темите поврзани со пошироката женска еманципација, како нејзината улога во јавниот живот, науката, медицината или изборното право, останувале во сенка и не биле централни теми од интерес во овие дебати (ibid.).

Интересен пример за да се претставаат тешките услови на активниот јавен живот на жените од тој период Ковилоски во својот труд ни наведува со учителката Евгенија Ракиџиева, подоцна Јунчулева. Таа била активна говорничка во полза на правата на жените и авторка на сеопфатен извештај посветен на состојбата со женското образование во Прилеп. По стапувањето во брак со лекарот Јордан Јанчулев, кој подоцна заминал во Цариград за дополнително усовршување, таа презела одговорност да му помогне финансиски и логистички за да ги продолжи студиите. Според тогашни сведоштва, нејзината посветеност била оценета како редок и вреден пример, достоен за почит и поддршка. Истовремено, членовите на Прилепската црковно-училишна општина ја опишувале како жена со изразена енергија и иницијативност. Благодарение на својот ангажман како во семејниот живот така и во јавната сфера, таа била препознаена како позитивен пример – жена што успешно се справува со предизвиците на секојдневието, претставувајќи модел на женска сила и одговорност (ibid., 153).

Во народното творештво, и покрај доминантната застапеност на машките јунаци, се среќаваат и примери каде што жената е прикажана како борец, при што нејзиниот јуначки карактер добива посебен индивидуален израз, особено во јуначките и ајдутските песни. Таков пример претставува **Сирма Војвода**, македонска ајдутка од XIX век, која облечена во машка облека учествувала во борбите заедно со машките чети и се истакнала со својата храброст. Таа е една од најопејуваните жени во македонското народно творештво, симбол на женската борбеност и саможртва[13]. Сирма Војвода станала водач на дружината откако ги надминала сите мажи во физичките вештини – натфрлање со камен, скок во далечина и стрелање, при што единствено таа успеала да погоди прстен врзан за гранка. Оваа претстава го разнишува традиционалното машко водство, бидејќи мажите биле под команда на жена, иако во некои случаи не знаеле ни дека нивниот водач е жена. Од друга страна, постојат и песни каде што жената отворено го покажува својот пол и директно повикува на вооружена борба (ibid., 154). Покрај Сирма Војвода, истражувањето го вклучува и ликот на **Румена Војвода[14]**, наречена „Горска царица“ или „Планинска царица“ како и **Донка Војвода[15]**. Овие личности, историски потврдени, ја промовираа улогата на жената како активен војвода борец, со што ги прекинаа традиционалната родова дистинкција и патријархалните граници во борбените редови на XIX век. Понатаму, и **Константина Настева**

[13] Сличен мотив се среќава и во народната песна *Крушево абер пристигна*, во изведба на **Васка Илиева**, каде што е опеана Тодорка – девојка која заминува во борба како комита, носејќи пушка берданка и остра сабја пренгија, како вистинска војничка, но облечена во маж комита, каде што се опева дека никој Тодорка не позна дека е девојка. Овие ликови претставуваат силни примери на женската активна улога во историските и револуционерни процеси, која често останува засенета во традиционалните наративи.

[14] **Румена Георгиева Павлова (Румена Војвода)**, родена околу 1829 г. во Ѓуешево, од мала веќе била обучувана во употреба на пиштол од дедо си. По смртта на нејзиниот четиригодишен син, таа го напуштила семејството, станувајќи водач на дружина од 15-16 комити во Осоговскиот Балкан (1856 – 1862), каде што ги деморализирала османлиските власти со брзи и изненадувачки ноќни напади. Позната како ’Планинска царица‘, таа ја илустрира трансформацијата на жената од традиционален семеен круг во автономен и воен актер во народното движење.

[15] **Донка Ставрева Ушлинова** (21 XII 1880 – 27 VI 1937), позната како Донка Комитката или Донка Војвода, е еден од ретките примери на женски улоги во македонските револуционерни и воени движења. Учествува во околу 20 битки за време на Илинденското востание, подоцна како доброволка во Македонско-одринското ополчение за време на Балканските војни и во Првата светска војна. Одликувана е со комплет од четири ордени „За храброст“, достигнувајќи чин подофицер, и е жртвувана како активен војник до 1937 година. Нејзиниот живот демонстрира како жените го преминуваат традиционалното женско место, станувајќи не само учесници туку и лидери во вооружената борба за национално ослободување.

**Бојаџиева**[16], **Роза Плавева** и **Накије Бајрам**, кои се дел од идеолошкиот и организациски подем на ТМОРО, ја отсликуваат трансформацијата на жената од пасивна набљудувачка во револуционерна учесничка. Нивната активна позиција во подготовките за Илинденското востание ја спојува идејата за национално ослободување со процесот на женска еманципација (ibidem.).

Женското учество во периодот на формирањето на Македонската револуционерна организација (МРО – Солун, 1893 година, подоцна како ТМОРО, ВМОРО и ВМРО) покажува повисоко ниво на организираност. Кон крајот на 19 век, низ образовниот систем во Македонија започнуваат да излегуваат учителки со поинакви погледи од традиционалните – тоа биле образовани и прогресивни жени, кои не прифаќале да бидат исклучени од општествените и политичките процеси. Освен нивната ангажираност во наставата, голем дел од нив биле активно вклучени во револуционерната дејност. Дејствувале како преносители на пораки, обезбедувале засолништа за борци, шиеле знамиња, се грижеле за повредени и болни револуционери и на разни начини ја поддржувале борбата. Процесот на револуционерно активирање на жените во Македонија може да се согледа низ две главни линии. Првата се однесува на лично доживеаната неправда и емпатијата со страдањата на другите, што најчесто (иако не исклучиво) било присутно кај повозрасни жени од урбаните и руралните средини. Тие ги гледале борците како свои деца, а нивниот ангажман бил мотивиран од мајчинската грижа и животното искуство стекнато со текот на времето (ibid., 155).

Иако нивните активности на прв поглед можеби не изгледале како отворено револуционерни, жените претставувале неопходен елемент за функционирањето на Организацијата. Македонските жени одиграле суштинска улога во развојот на револуционерните настани, особено во периодот пред, за време и по Илинденското

[16] **Константина Настева Бојаџиева-Русинска** (1880 – 1932) е значајна фигура во македонското револуционерно движење. Како учителка и претседателка на женското друштво „Успение Богородично“ (1901 – 1903), активно учествувала во подготовките за Илинденското востание – организирала тајни болници, изработила востаничко знаме и ги обединила идеите за национално и родово ослободување. Во брак со Никола Русински, ја следела идејата за интеграција на жените како чесни активни учеснички во ТМОРО, а преку својот понатамошен едукативен и револуционерен ангажман до Првата светска војна, го остварува својот отпечаток како педагог, организатор и идеолог на женската рамноправност во македонскиот национално-револуционерен контекст.

востание. Нивното дејствување, иако најчесто во позадина, било клучно за извршување логистички и поддржувачки задачи. Без нивниот придонес, како што се навременото пренесување информации, згрижувањето и лекувањето повредени борци, подготовката на облека и снабдување со потребни материјали, организациската структура не би можела ефикасно да ги спроведува своите планови. Во некои случаи, жените дури директно учествувале во борбите, што претставувало значаен чекор напред во развојот на нивната улога во македонското револуционерно движење (Ковилоски, 2018).

Поставувањето на жената во колективната меморија, преку историските, митолошките и легендарните наративи, отвора прашања за тоа дали овие модели и понатаму ја обликуваат нејзината улога во современото македонско општество. Се наметнува дилемата дали овие претстави опстојуваат во колективната свест на општеството и дали се пренесуваат преку секојдневните практики, влијаејќи врз чувството за припадност, положбата и поимањето на еднаквоста. Прашањето што се наметнува е дали историските настани имаат сила да го променат овој длабоко вкоренет културен образец, или сепак традицијата и понатаму доминира во оформувањето на женската самосвест? Од клучно значење е и дилемата: дали промовирањето нови општествени вредности и родова рамноправност подразбира отфрлање на традицијата, или, пак, е можно нивно усогласување во корист на благосостојбата на жената како општествен субјект. Познавањето на сопствената историја и култура тука игра суштинска улога – не само за разбирање на сопствениот идентитет туку и за градење соживот помеѓу различностите. Ако концептот на родова еднаквост често се поврзува со модерните општества, тогаш треба да се преиспита дали историското искуство ја потврдува или ја исклучува таа претпоставка. Можеби токму историјата сведочи дека стремежот кон еднаквост не е современа конструкција туку прашање на човечка суштина. Токму затоа, во продолжение ќе се осврнам на активноста на Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ) и улогата на македонските жени во Втората светска војна и по неа.

## 4. 2. Женскиот активизам во Македонија: од АФЖ до независноста – историски пресек и трансформации

Учеството на жената во борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување и создавање нови општествени односи датира уште од првата половина на XVII век. Станува збор за поединечното и спонтано учество на жената како ајдутка во многубројните ајдутски дружини кои имале разни акции низ македонските планини. Организираното учество на жената во борбата на македонскиот народ за ослободување од ропството на Отоманското Царство настапило во периодот на подготовките за Илинденското востание (1903 г.) и во деновите на неговото разгорување, за да продолжи уште поорганизирано и идејно поосмислено низ социјалистичката мисла во напредното работничко движење, во чија револуционерна акција била вткаена и борбата за еманципација на жените (Весковиќ-Вангели, 1976: 1313).

Во втората половина на XIX век, како резултат на заложбите на првиот бран на феминизмот, се забележуваат првите женски здруженија на Балканот, кои главно се занимавале со хуманитарни акции и заложби, а опсегот на нивното дејствување бил првенствено фокусиран на грижа за жените и децата. Оттука, самото дејствување било на маргините на општествените главни теркови, односно нивниот ангажман бил ограничен. На почетокот на XX век, со значајна идеолошка подлога и специфична агенда, се создавала организација, која своите барања ги формулирала врз основа на феминистичките заложби. Во напорите за општествена еманципација на жените од Југославија, оваа организација, наречена Младинска секција на женското движење, била поддржана и финансирана од КПЈ, кои го иницираат создавањето на Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ) за време на војната, како прва женска политичка организација со јасно дефинирани цели и заложби (Pantelič, 2020).

### *4.2.1. Појавата и развојот на Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ) во Југославија и Македонија*

На формирањето на АФЖ му претходело организирање на жените во Комисиите за работа со жените при Месните комитети на КПЈ/ КПМ, именувани и како Женски антифашистички комисии. Во Македонија, организирањето започнало во пролетта на 1943 година со формирањето одбори на АФЖ во Кавадарци и Неготино, а официјално била формирана во слободното Скопје (1945) на Првата главна конференција на АФЖ на Македонија во киното „Уранија" (денес „Култура")[17]. Во првите години по ослободувањето биле организирани доброволни акции за учество на жените во обновата на земјата и особено во организирањето на аналфабетските курсеви за описменување и еманципацијата на жените. Подоцна АФЖ била трансформирана во Сојуз на женските друштва на Македонија, како дел од Сојузот на женските друштва на Југославија (Хаџиевска & Коцевска, 2022).

Евидентно е дека официјалното основање на АФЖ се врзува со периодот на Народноослободителната борба (НОБ), со единствена цел да ги мобилизира жените во борба против фашистичките сили. КПЈ преземала голем број акции и чекори за да ја оствари својата цел, со активно вклучување на жените во НОБ[18] (Хаџиевска & Коцевска, 2022). Жените имале различни позиции во НОБ. Најголемиот број од нив биле задолжени за грижата на ранетите како болничарки, но за прв пат тие се вклучуваат и во борбените единици, што пак го означува продорот на жените во една исклучиво машка сфера, дотогаш недостапна за

---

[17] Извадок од препис на летокот до жените од Македонија за организирање на АФЖ: *...Многу жени денес лежат низ затворите, претепани од окупаторите, многу од нив веќе рамо до рамо со мажите со пушки низ планините во студ и мраз, бранејќи се од дожд куршуми ги даваат своите животи и се борат. Жените од Македонија треба да се соединат во еден општ Антифашистички сојуз на жените во Македонија без разлика на вера, нација и политички определби, да формираат женски антифашистички одбори по здруженијата, фабриките, маалата, селата и градовите. Тие треба да се собираат, да одат пред општините и комесарствата и единствено да протестираат, да бараат повеќе леб, храна, облека и др., да се бунтуваат против теророт...* (цит. според: Весковиќ-Вангели & Јовановиќ, 1976: 404-406).

[18] Извадок од АМ – Скопје к.88, инв. бр. 761; весник „Братство" на I Македонско-косовска ударна бригада, год. I, од 1.XII.1943, Положај: *... положбата на жената во едно општество е мерило за степенот на напредокот на тоа општество и навистина овде таа изрека нашла своја потврда. Народите на Југославија, а заедно со нив и нашите југословенски жени, му докажаа овој пат на целиот свет дека се навистина доследни борци за слобода и напредок, тие станаа најактивна снага на НОВ...* (цит. според: Весковиќ-Вангели & Јовановиќ, 1976: 369-371).

жените. Одредени историчари сметаат дека КПЈ го основала АФЖ со цел да им понуди на жените политичка платформа заснована на еманципаторските принципи и на тој начин да обезбеди масовно вклучување на жените во НОВ и НОБ.  Сепак, активностите на АФЖ може да се дефинираат како продолжение на феминистичките организации и заложби на еманципаторските политики на југословенските простори (Sklevicky, 1996) (Stojakovič, 2012).

Официјалното основање на АФЖ(Ј) било во декември 1942 година, во Босански Петровац. Претходно во левиот политички спектар постоеле разни женски организации кои на одредени начини го поттикнувале јавното ангажирање на жените, меѓу кои е и организирањето на жените во работничко-синдикални организации во меѓувоениот период. Жените од АФЖ креирале јасна визија со истакнати заложби дека самата борба против фашизмот претставува истовремено и борба против неправедноста и нерамноправноста на жените во општеството, односно дека женската борба е двојна[19].

КПЈ во голема мера ја разработила идеолошката и политичката платформа за рамноправноста на жените со мажите во сите сегменти на општествениот живот. По формирањето на АФЖ, на целата територија на Југославија започнале да се формираат главните одбори на организацијата и на локално ниво. АФЖ на Македонија официјално било формирано на 14/15 декември 1945 година, под истите принципи на АФЖ Југославија. (Хаџиевска & Коцевска, 2022). Во периодот

[19] Дешка Ташковска, санитарка од II чета, II баталјон: „Зошто излегов партизанка“ (јуни 1944 г.): „*Често пати ми беше поставувано прашањето од другарите и другарките партизани: Зошто излегов партизанка? Одговорот што им го давав беше едноставен. Јас сум селско девојче и како таква работев ден и ноќ. Животот ми беше пуст. Не можев повеќе да го гледам мизерниот живот на мојот поробен народ, над кого окупаторот беснееше со своите злосторства. Многупати си мислев, зарем ние Македонците не сакаме да живееме подобар живот, зар ние селски девојки не ни треба образование и културен развој? Затоа јас смело тргнав со пушка во рака да одам заедно со борците од НОВ, за да донесеме слобода на нашиот напатен народ, за да во нашите села блесне зракот на образованието и културата, која на нашиот народ окупаторот му ја ускрати*“ (цит. според: Весковиќ-Вангели & Јовановиќ, 1976: 598).

од 1945 – 1953 година за ширење на своите идеи АФЖ ги користи печатените медиуми[20].

### *4.2.2. Улогата и дострелите на првото македонско женско списание „Македонка“*

Во октомври 1944 година, **АФЖ во Македонија** го покренува издавањето на **списанието „Македонка“**, како орган на организацијата. Првиот број на списанието излегува во печат веднаш по ослободувањето на Битола, во почетокот на ноември 1944 година и содржи 24 страници со тираж од 2 000 броеви. Списанието излегувало еднаш месечно, на мал формат, а печатењето започнало во с. Горно Врановци, Велешко, во печатницата „Гоце Делчев“. По ослободувањето на Прилеп, печатницата била преселена во овој град. Уредничка на „Македонка“ била Веселинка Малинска[21], а меѓу соработниците биле Нада Богданова, Ленче Иванова, Нада Ачкова и други. Насловната страница и илустрациите ги изработувале уметникот Василије Поповиќ-Цицо. Од јануари 1955 година, до 70-тите години, „Македонка“ излегува под насловот „Просветена жена“[22], како орган на Сојузот на женските организации во Македонија, а подоцна преминува во орган на

[20] Првото југословенско феминистичко списание е „Женски покрет“ (1920 – 1938), кое своите заложби ги споделува со позициите на радикалниот граѓански феминизам, а е издадено од страна на Здружението за просветлување на жените и заштита на нејзините права (основано во 1919 година). За динамиката на феминистичката сцена во текот на 20-тите и 30-тите години на минатиот век сведочат темите на кои се посветени страниците на ова списание, неговите полемики и идеолошки размислувања за улогата, значењето и програмските карактеристики на феминизмот, но тие исто така претставуваат платформа за размислување за сегашниот момент и за (ре)дефинирање на феминизмот(ите) денес.

[21] **Малинска** Георгиева **Веселинка** (Куманово 4.I.1917 – Скопје, 12.XI.1987). За членка на СКОЈ била избрана во 1933 година, а од 1936 година е член на КПЈ. Веднаш по окупацијата на Белград, каде работела, се вклучила во саботажни акции, таа била и главна врска со ЦК КПЈ и како курир на КП КПЈ -Србија го префрлила Јосип Броз-Тито и други истакнати водачи на востанието, како што е Едвард Кардељ и др. на слободната територија. Од Гестапо била осудена на смрт. Во пролетта 1942 година се враќа во Македонија каде била секретарка на МК КПЈ – Скопје и уредник на органот на Скопската партиска организација „Весник“. Членка е на иницијативниот одбор за свикување на Главна конференција на АФЖ (Весковиќ-Вангели & Јовановиќ, 1976: 1135-1136).

[22] Во 1990 година, списанието „Просветена жена“ продолжило да се издава под името „Жена“, а главна уредничка била Татјана Копачева. Од 1997 до 2005 година се издава под името „Жена нова“, а главна уредничка била Лилјана Дирјан, Од 2005 кратко време излегувало под името „Згодна“. Според Хаџиевска, *со следењето на развојот и промените што ги доживеала оваа публикација, ние можеме да ги следиме промените во претставите за еманципацијата на жената од социјализмот до транзицијата во 90-тите и репатријархализацијата во последните децении* (Хаџиевска & Коцевска, 2022: 36)

Конференцијата за општествена активност на жените во Македонија (Весковиќ-Вангели & Јовановиќ, 1976: 911)

Списанието своите заложби ги поставило под постулатите на АФЖ, но со феминистичка визија да се зголеми учество на жените во сите јавни професии и во органите на власт, како и да се поврзат жените од цела Југославија со цел заедничко решавање на проблемите поврзани со женските прашања. Уште од првиот број, списанието повикувало на масовно вклучување на жените во НОВ и партизанските одреди на Македонија, за да придонесат во целосното ослободување на територијата. Во списанието биле опфатени содржини посветени на: политичка рубрика, организациски живот и задачи на АФЖ, вести од внатрешноста и селата, вести од Југославија и светот, културно-научна рубрика и стручна рубрика со совети за домот или работилницата (Хаџиевска & Коцевска, 2022)

Списанието „Македонка" одиграло важна улога во процесите на креирање на државната политика, воспоставувајќи ги книжевните, културните и националните обрасци на дејствување на жените од Македонија. Ова списание имало јасни идеолошки и политички задачи за еманципацијата на жените и создавање нова „социјалистичка жена", под принципите на марксистичките идеали и во рамките на КПЈ.

### *4.2.3. Заложбите и активностите на АФЖ во поствоениот период: исходиштата на борбата против патријархалната хегемонија*

Еманципацијата на жените и ослободувањето од стегите на патријархалната култура се **една од основните цели на културната промена** која започнува да се случува за време на НОБ. Во тој период напорите на АФЖ главно биле насочени кон две цели, а за кои добивале поддршка од комунистите. Првата цел била мобилизација на жените како партизанки, но и како болничарки во санитетите, додека втората цел била подобрување на положбата на жените во целокупното општество: политичката партиципација на жените; културната еманципација, еднакви можности во НОБ и борба за ново општество и негова консолидација (Sklevicky, 1996: 25).

Во повоениот период, односно во втората половина на XX век, во македонското општество, под влијание на глобалните и локалните општествени промени, се забележуваат радикални промени во општествено-политичката состојба. Се менува структурата на семејството и економскиот живот, како и положбата и статусот на жената во општеството. За прв пат во македонската историја, жените се евидентно присутни во јавната сфера и во професионалниот живот. Жените стануваат дел од работната сила во разни сектори на индустријата. Идеолошкиот наратив се потпирал врз борбата за рамноправност на мажите и жените, а посебен акцент бил ставен на заслугата на жените во антифашистичката борба и на жените жртви во Втората светска војна, кои ги загубиле своите животи борејќи се рамо до рамо со мажите.

Учеството на жената во НОВ и социјалистичката револуција на македонскиот, односно југословенскиот народ, според Весковиќ-Вангели, е *творечки осмислено во марксистичкиот период на КПЈ за разрешување на нерамноправниот статус на жената во општеството* (Весковиќ-Вангели & Јовановиќ, 1976: 1325). Според достапната документација за учеството на жените во НОБ, се наоѓаат 5 752 биографски белешки на партизанки; 141 жена од Македонија го носи признанието „Партизанска споменица 1941“; и 7 жени се прогласени за народни херои: Мара Нацева[23], Оливера Вера Јоциќ[24], Ибе

[23] **Нацева** Миланова **Мара** (Куманово, 28.IX.1920 – Куманово, 1.VII.2013). Текстилна работничка, пред војната учествувала во напредното работничко движење. Во 1938 година го организирала штрајкот на работничките во текстилната работилница „Шуменковиќ“ во Куманово, поради што била отпуштена од работа. Тогаш била примена како член на СКОЈ, а наскоро потоа и за член на КПЈ. Во 1939 година во Ниш се активирала во синдикалното движење, а поради својата револуционерна активност во Ниш, два пати била апсена. Нејзиното храбро држење во затворот служело за пример меѓу комунистите. По капитулацијата на кралството Југославија се вратила во својот роден крај. Во летото 1942 година била уапсена од бугарската полиција и изложена на силно измачување, потоа била испратена во концентрационен логор. Во март 1943 година, кога била формирана КП на Македонија, во отсуство била избрана за организационен секретар на ЦК КПМ. Истата година во ноември била избрана и за член на АВНОЈ. По враќањето од концентрациониот логор, на Првото заседание на АСНОМ (2.VIII.1944) била избрана за член на АСНОМ. Во декември 1944 година била избрана за потпретседателка на Главниот одбор на АФЖ за Македонија, а на I Конгрес на АФЖ за потпретседателка на ЦО на АФЖ на Југославија (Весковиќ-Вангели & Јовановиќ, 1976: 1168).

[24] **Јоциќ** Младен **Оливера** (с. Синѓелиќ, Скопско 21.VIII.1923 – с. Саса, Кривопаланечко, 23.V.1944). Припаѓала на напредното младинско движење пред војната во Скопје. Во почетокот на 1941 година била примена за член на СКОЈ. Пред почетокот на војната во Валево, Србија, била примена за член на КПЈ. Во 1942 година била активна на фронтот во јужноморавскиот терен. Големата желба да биде борец во својата Македонија ја прави позната преку борбите кај Дренак, Пелинце, Ристовац и др.

Паликуќа[25], Естреја Овадија-Мара[26], Елпида Карамандии[27], Вера Ацева[28], Фана

При пробивот на бригадата во Егејскиот дел на Македонија, во борбите кај Страцин, Кумановско на 20 мај 1944 година при јуришот на бугарските ровови, била тешко ранета. Нејзините соборци ја носеле три дена низ борбените позиции до селото Саса, каде што Вера била топло примена во мала семејна селска куќа, н набргу потоа престанало да чука нејзиното храбро срце (Весковиќ-Вангели & Јовановиќ, 1976: 1092-1093).

[25] **Паликуќа** Шериф **Ибе** (Дебар, 1927 – с. Премка, Кичевско, 22.IX.1944). Со италијанската окупација на Западна Македонија и Дебар и со започнувањето на востанието, семејството Паликуќа, антифашистички настроено, учествувало активно во востанието против фашистите. Ибе иако имала само 14-15 години, таа активно учествувала во многу акции. Таа била ангажирана како курир, пренесувајќи писма и летоци. Во јули 1943 година била примена како член на КПМ и станала главен проповедник на НОВ, не само во градот, туку и во селата, а особено меѓу женската младина од албанската народност. Поради нејзината силна илегална активност и силните симпатии што ги здобила меѓу младите девојки, окупаторот настојувал да ѝ влезе во траг и да ја ликвидира. Во една битка на нејзиниот баталјон со балистите, кај с. Премка, Кичевско на 20 септември 1944 година, била тешко ранета. По два дена, на 22 септември, подлегнала на раните здобиени од ранувањето (Весковиќ-Вангели & Јовановиќ, 1976: 1186).

[26] **Овадија** Хаим-**Естреја Мара** (Битола, 1921 – Кајмакчалан, 26.VIII.1944). Потекнувала од многу сиромашно семејство, немајќи средства за живот, заедно со група младинки од Битола, заминала на работа во Белград, каде што се приклучила на напредното работничко движење. По окупацијата на Белград се вратила во Битола и се вклучила во подготовките за вооруженото востание. За член на КПМ била примена во 1942 година. Учествувала во сите борби што ги водел нејзиниот Одред против германските и бугарските окупатори, истакнувајќи се со извонредна храброст, особено во борбите кај Фуштани, Тушин и на Кожув. Учествувала и во борбите на познатиот Февруарски поход. Со својата единица учествувала и во обезбедувањето на I заседание на АСНОМ. Како политички комесар на Баталјон, на 26 август 1944 година, во жесток судир со бугарската фашистичка единица на Кајмакчалан, јуришајќи на непријателот, загинува во борба (Весковиќ-Вангели & Јовановиќ, 1976: 1180).

[27] **Караманди** Ставре **Елпида** (Лерин, 1.I.1920 – Лавчанска Корија, Битолско, 3.V.1942). Како студентка во Белград, пред војната му припаѓала на напредното студентско движење. Во 1939 година била примена за член на СКОЈ. Веднаш по капитулацијата на Кралството Југославија, заминала за Битола каде што активно се вклучила во подготовките за востанието. Во јуни 1941 година била примена за член на КПЈ. Нејзината активност била како борбена така и културнообразовна, организирала и раководела младински воспитни групи во градот. Нејзината интензивна работа и активност биле забележани од бугарската полиција, поради што била уапсена. Во затворот се држела храбро, наскоро била пуштена, но под строга контрола на полицијата и агентите, поради тоа се повлекла во илегалност. Во април 1942 година, стапила како активен борец во ПО „Пелистер". Во судир со бугарската полиција и многубројната војска, на 3 мај 1942 година на Лавчанската Корија, Битолско, била тешко ранета. Била фатена и жива врзана за една запрежна кола со која е влечена низ битолските села додека не издивнала (Весковиќ-Вангели & Јовановиќ, 1976: 1100).

[28] **Ацева** Дончева **Вера-**Доста (с. Ореовец, Прилепско 24.IX.1919 – Скопје, 10.XI.2006). Била тутунска работничка. Од 1935 година му припаѓала на напредното младинско движење и учествувала во сите акции што ги организирала партијата во Прилеп. Во 1940 година била примена за член на КПЈ. Во времето на подготовките за вооруженото востание, таа раководи и со воениот комитет во Прилеп. Како резултат на таа дејност, доаѓа до формирањето на I прилепски ПО, чија акција од 11 октомври 1941 година на полицискиот участок во Прилеп е земена како датум за почетокот на вооруженото востание во Македонија. Во август 1943 година заминала во Шарпланинскиот ПО, како партиски раководител. До конечното ослободување извршувала голем број партиски функции (Весковиќ-Вангели & Јовановиќ, 1976: 985).

Кочовска[29].

Истовремено, голем број жени се одликувани со ордени или медали за храброст, братство и единство, заслуги за народ и други, што најдобро зборува за величината на револуционерниот дух и славното вклучување на жената од Македонија во стремежот за слободата (Весковиќ-Вангели & Јовановиќ, 1976)

Новоформираната држава (Македонија) во рамките на СФРЈ се гради под модерните принципи на комунистичките идеолошки постулати и марксистичките идеали, така што законите се создаваат врз принципите на работничките права и колективното добро. Токму во таква констелација се наметнува прашањето: дали женските прашања добиле еднаква важност како и работничките права, односно дали марксистичката идеја за потчинетоста на пролетеријатот е во корелација со потчинетоста на жената од мажот во приватната сфера (Васев, 2018)? Дали прашањата за машкиот авторитет и улогата на жената во општествените активности се наметнувале како предмет на дискусии, апели и жалби на состаноците на АФЖ? Записниците од состаноците на сите нивоа сведочат за женското незадоволство и поплаки дека тие се заобиколени во доделувањето позиции во различни општествено-политички организации, а на нивната реакција мажите се правдале со образложение дека едноставно „не забележале дека треба да изберат и жена“ (Pantelič, 2020: 77).

Во такви околности, АФЖ како организација, имајќи ги предвид специфичните потреби на своето членство, би требало да го акцентира програмскиот, борбениот и бескомпромисниот интерес во унапредувањето на правата на жената на југословенските простори. Но, се чинело дека политичкопартиското интерес на жените од КПЈ (а со тоа и на лидерките во АФЖ) бил повеќе насочен кон обезбедување учество на жените во структурите на

[29] **Кочовска-**Цветковиќ Петрова **Фана** (с. Лавци, Битолско 27.VII.1927 – Скопје, 17.IV.2004). Со започнувањето на вооруженото востание, на свои неполни 14 години му пристапила на НОВ. Во средината на 1942 година, бугарската полиција преку терор во селото каде што живеела, упаднале во домот на Фана, барајќи ја токму неа како мала револуционерка, но таа успеала навреме да се засолни и избегне да ја заробат. По овој настан активно се вклучила во партизанските одреди. Учествувала во многу битки, покажувајќи извонредна храброст и неустрашливост. Учествувала во познатиот Февруарски поход 1944 (Весковиќ-Вангели & Јовановиќ, 1976: 1119).

државата и партијата, а многу малку биле посветени на оспорувањето на патријархалниот модел на партискополитичката и културната хегемонија во југословенското (македонското) општество. Оттука, релацијата АФЖ – Сојузна влада би била далеку подобра доколку АФЖ опстојувала на позицијата како „независна масовна политичка организација“.

Една од најзначајните задачи на АФЖ била „политичка, културна и образовна работа“. Станува збор за голема активност во сферата на образованието и политичкото придобивање на жените. Во рамките на окружните организации на АФЖ, биле организирани посебни групи, задолжени за спроведување курсеви за описменување на жените во селата. Иако, според статистичките параметри, курсевите за описменување не ги исполниле првичните очекувања за големи образовни достигнувања, гледано од феминистичка перспектива, тие имале посебна улога и драгоцено значење во однос на меѓусебното поврзување и зајакнување на социјалните контакти на жените и го отвораат патот за пробивот на жените во јавната сфера (надвор од домот/приватната сфера) (Pantelič, 2020).

Образование на жените било неопходно за нивна културна еманципација, односно за нивно културно „издигнување“, и за таа цел биле организирани предавања „од различни области на науката“ (здравство, хигиена, историја, итн.) и биле спроведувани курсеви („на повисоко и пониско ниво“) за обука на женски активисти (Sklevicky, 1996). Така што образовниот процес во СФРЈ (и Македонија) бил темелен под поимите на еманципација и слобода, и на тој начин се воспоставувале и темелите на женската еманципација и ослободување од стегите на патријархалноста. Идејата за еманципација на жените во Македонија била водечки дискурс на социјалистичката реалност сѐ до крајот на неговото идеолошко постоење – „ослободена жена е само образована и просветлена жена.“ Воедно, акцентот бил ставан и на развивање на свеста кај родителите за важноста на образованието на нивните деца. За таа цел активната државна кампања не била насочена само кон поттикнување на родителите да ги праќаат децата на училиште, туку и самите тие да станат активни чинители во образованиот процес на своите деца (Леитнер-Стојанов, 2022).

Што се однесува на заложбите и активностите на АФЖ за родовата рамноправност, тие биле повеќе насочени кон унапредување на работничките права на жените и репродуктивните здравствени политики, како и на подобрување на условите за работа, а помалку внимание се посветувало на вклучувањето на жените на клучните политички и општествени позиции. Така што за времето на постоењето на КПЈ (и КПМ/СКМ), фактичката состојба била далеку од посакуваната родова рамноправност. И во текстовите на првото македонско списание „Македонка“ се истакнувале недостатоците во спроведувањето на идеалот за родовата рамноправност, земајќи ја предвид состојбата во „стара Југославија“ (Коцевска, 2022).

Прашањето за еманципација во првите повоени години главно се оценува врз основа на сеќавањата на партизанките, како промоторки на женската еманципација. Но, борбата рамо до рамо со мажите за време на војната не значи дека во повоениот период бил целосно реализиран идеалот на социјалистичките жени и комунистки за родова рамноправност.

Ако се обидуваме да го проценуваме АФЖ како фактор на културна промена, треба да се има предвид дека оваа организација е составен дел од едно широко антифашистичко и народноослободително движење (борба). Таа била иницирана под принципите на марксиситичкото учење и социјалистичката држава – борба за „социјалните, националните и демократските права на народот на Југославија“. Оттука, новите улоги и релации во рамките на АФЖ се дефинирани во насока на борбата против класното општество, односно идеолошката борба на пролетаријатот против буржоазијата. Иако концептот на еднаквост не е експлицитно дефиниран во дејствувањето на АФЖ, тој се однесувал на еднакви права и можности за учество во КПЈ, без разлика на полот. Интересно е што еднаквоста како принцип не била главниот двигател за учеството на жените во АФЖ. Образованието на жените се сметало за неопходен предуслов во еманципацијата на жените, па оттука и АФЖ своите активности ги насочила кон општо образование на жените, и дополнително кон политичко образование (со цел политичка мобилизација во КПЈ), под паролата „смрт за неписменоста,

образованието е оружје против непријателот“ (Sklevicky, 1996: 30). На основното образование се гледало како можност за зголемување на „креативната моќ на жената“ во градењето на државата (ibidem).

Сепак, треба да се истакне дека дејствувањето на АФЖ, како најмасовната женска организација во историјата на југословенските земји, немало да биде можно без КПЈ, но и без активното учество на жените во војната како партизанки. Партизанките биле првите организирани членови на оваа организација и биле столбот на организацијата, а нејзините лидерки биле регрутирани од редовите на жените членки на воената и партиската олигархија.

Меѓутоа, може да се забележат одредени слабости на АФЖ, кои ги попречиле нејзиниот понатамошен развој и прераснувањето во масовна женска организација, задолжена за унапредување на индивидуалните и колективни права на жените во СФРЈ (и Македонија). Првиот недостаток на АФЖ била неговата олигархиска природа. Тесен круг на жени, партиски и државни функционерки, некогаш високи партиски лидерки, континуирано го воделе АФЖ во текот на целата деценија. Иако многу посветени и искрено вклучени во работата на АФЖ, примарна била нивната лојалност кон партијата, која условувала и диктирала одредени одлуки, каква што е и укинувањето на АФЖ само осум години по завршувањето на војната. Партиските одлуки биле одлуки на соборци, а мнозинството од партијата и државната олигархија се состоеле од мажи. Укинувањето на АФЖ укажува дека гласот(вите) на „другарките“ очигледно немал доволно авторитет. Втората пречка на АФЖ, генерички поврзана со првата, била фактот што во мирновременскиот период бил целосно врзан за Партијата, така што биле ограничени можностите да прерасне во независна организација и автентичен претставник на интересите на жените во Југославија. На крајот, со укинувањето на АФЖ, на жените симболично им била одземена моќта на јавното и политичко дејствување. Подоцнежните форми на женско организирање никогаш не достигнале таква моќ и општествено значење како во воениот период и годините на официјалното постоење на АФЖ.

# V

# ДЕЛ

## Развој на политики за gender mainstreaming: Институционални предизвици и приоритети – македонски контекст

### 5.1. Институционални предизвици, приоритети и динамики во политиките за родова рамноправност

Во овој дел кратко ќе се осврнеме на хронологијата на промените во македонското законодавство и актуелни согледувања на женското движење, со посебен фокус на неговото дејствување во рамки на граѓанскиот и НВО секторот. Ќе се анализира и како феминистичкиот активизам се профилира како значаен чинител во обликувањето на јавните политики, но и како дел од пошироките општествени движења за демократија и човекови права. Оттука, во овој дел ќе се фокусираме и на институционалните механизми и приоритети – како што се телата за родова рамноправност (еднакви можности), парламентарните комисии и државните стратегии, со цел да се разбере пошироката динамика на креирање, (не)спроведување и трансформација на политиките за родова рамноправност во нашата држава.

Во контекст на современиот женски и феминистички активизам во македонското општество, од осамостојувањето до денес, Македонија направи значителни напори за изработка на рамка за политика за недискриминација и промоција на родовата рамноправност. Низ процесот на демократизација на македонското општество, како и сите модерни демократии така и Македонија, ја имплементира на ортодоксен начин неолибералната парадигма, односно *de iure* се продуцираат огромна нормативна маса од закони, стратегии, конвенции, повелби, поради што може значително да се разликува *de facto* нивната примена и реалниот општествен и демократски напредок.

Од 2005 година, како земја кандидатка за ЕУ[30], во континуитет Македонија се обврза да постигне усогласување со европската легислатива во однос на родовата рамноправност и да обезбеди целосен развој и унапредување на правата на жените. Оттука, хронологијата на унапредување на правата на жените во македонското општество може да се забележи преку неколку важни законски реформи во поглед на женските права. Веднаш по осамостојувањето во 1991

---

[30] Во однос на родовата рамноправност, ЕУ има развиено обемно законодавство, бидејќи рамноправноста на жените и мажите е темелен принцип на Европската Унија од самиот почеток на нејзиното основање.

година, македонската држава започна со примена на **Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ)** и потпишување на Факултативниот протокол (кој стапил на сила во 2003 година) (Државен завод за статистика, 2025).

Со започнувањето на примената на Конвенцијата и со потпишувањето на Факултативниот протокол, нашата земја се обврзала како договорна страна да ги гарантира, заштити и унапреди правата на жените и девојчињата, а особено да превенира, заштити и на крајот да ги елиминира сите форми на дискриминација врз жените и девојчињата на својата територија. Меѓутоа, многу години во практиката оваа обврска на државата не заживеа, а најгласни во прозивањето на државата за нејзините обврски од оваа Конвенција како обврзна страна беа граѓанските организации, правните експерти и мал број правни практичари. Иако секојдневно сме сведоци на постојана системска дискриминација и грубо кршење на правата на жените и девојчињата во Македонија, до 2019 година не е поднесена ниту една индивидуална жалба до Комитетот ЦЕДАВ, врз основа на Факултативниот протокол на ЦЕДАВ (Штерјова-Симоновиќ, 2019).

Подоцна, во 1995 година е потпишана **Пекиншката декларација и платформата за акција**, донесени на Четвртата светска конференција на жените во Пекинг. Како резултат на напредокот во однос на женските прашања во македонското општество и афирмација на феминизмот, во 1997 година во рамките на Министерството за труд и социјална политика е отворено одделение за унапредувањето на родовата еднаквост, кое во 2007 година се реорганизира и прераснува во **Сектор за еднакви можности при МТСП,** со што се унапредува неговиот статус и му се дава севкупна одговорност за унапредувањето на статусот на жените и мажите во сите сфери на општествениот живот. Истата година се назначуваат и координатори за еднакви можности на жените и мажите во сите институции на централно и локално ниво (ibid.). Во 1999 година е донесен и првиот Национален акциски план за родова еднаквост, а во 2007 година беше донесен и вториот Национален план за родова еднаквост со важност до 2012 година (ibid.). Улогата на секторот за еднакви можности при МТСП е да се грижи за

унапредување на статусот на жените во сите области на општественото живеење и воспоставување еднакви можности за жените и мажите, на национално и локално ниво. Овие надлежности Секторот ги реализира преку соработка со надлежните институции во државата, како и во соработка со граѓанскиот сектор и со социјалните партнери. Исто така Секторот е одговорен за спроведување на позитивната законска регулатива во земјата, Законот за еднакви можности на жените и мажите и Националниот план за акција за родова рамноправност. Превенцијата и заштитата од секаков вид насилство и дискриминација претставуваат дел од активностите на Секторот.

Истовремено, во периодот по осамостојувањето се воспоставуваат и **првите женски невладини организации**, но повеќето од нив најчесто биле со етничка идентификација, без конкретна свест и експлицитно идеолошко легитимирање во рамки на феминистичкиот активизам. Трајаноски во својот труд *Идеологијата на женските невладини организации во Македонија* ја анализирал улогата на невладините организации во транснационалното граѓанско општество, како и дали има нешто специфично што ги издвојува женските невладини организации во Македонија како во поглед на другите локални невладини организации така и во поглед на регионалните организации кои имаат слични програмски определби (Трајаноски, 2002). Понатаму, во истражувањето на Трајаноски може да се забележи дека во Македонија постојат здруженија на граѓани во кои генерално членуваат жени, но во кои „женските прашања“ се маргинализираат, ако не во програмските определби, тогаш во активностите на здружението. Оттука, дали овие „женски организации“ може да се сметаат за „феминистички“? Дали фокусот на ваквите организации е првенствено насочен кон подобрување на општествениот статус на жената, и дали во овие организации би претставувало проблем да членуваат и мажи? Трајаноски акцентира дека различните критериуми за поделбата на невладините организации може да се класифицираат според најразлични основи (ibid., 378). Следствено, при самоидентификувањето, женските организации чија целна група е насочена кон застапување етнички, расни или вредносни прашања го определуваат својот карактер преку програмските активности и примарните цели за кои се залагаат.

Оттука, **идентификацијата по етничка основа** е мошне присутна во периодот по осамостојувањето на државата, особено во организациите во кои главно членуваат жени припаднички на немнозинските етнички заедници. Евидентно е дека етничкиот идентитет е силно присутен и во името на многу женски невладини организации. Тие претставувале мултиетнички мрежи чија цел била да обединат поголем број жени врз основа на етничката припадност, со посебен фокус на социјалната и здравствената заштита (ibid.).

Сепак, не може да се занемари фактот дека во 90-тите години се појавуваат и женските организации кои биле насочени кон директно идеолошко, програмско и структурно **феминистичко дејствување или со фокус врз правата на жените и родовата еднаквост**. Дополнително, треба да се истакне и придонесот за унапредување на родовата рамноправност што го дадоа редица меѓународни невладини организации и амбасади во Република Македонија преку поддршката на низа проекти. Оттука, значаен дел од проектните активности на организациите биле насочени кон зајакнувањето и поддршката на женскиот активизам во македонското општество, информирање и едукација на членството за правата на жените во различни области на дискриминација и преземање пионерски чекори во јавното застапување за воведување законски решенија, политики и механизми за унапредување на статусот и положбата на жените (Докамновиќ и др., 2019). Токму како резултат на таквите пионерски чекори и заложби на жените од НВО секторот, како дел од феминистичките напори за поголемо учество на жените во политичкото одлучување, во 2001 година се воведува родова квота, каде што преку законски обврски се налага 30 % од кандидат(к)ите на изборните листи на политичките партии на национално и локално ниво да бидат од помалку застапениот пол[31]. Во 2006 година родовата квота се проширува и налага секое трето лице на

[31] Во македонското Собрание, жените како носителки на законодавната власт во Македонија пред воведување на системот на квоти биле исклучително малку застапени. Така, на пример, во парламентарниот состав од 1991 до 1994 имало само шест жени од вкупно 120 пратеници, односно само 5 %. Првите пратенички биле: Ратка Димитрова, Доста Димовска, Биљана Лазаревска, Славјанка Стојанова, Ѓулистана Јумеровска. Во вториот парламентарен состав од 1994 до 1998 година состојбата не се променила, напротив се влошила, односно имало само четири пратенички, односно 3,3 %, додека во третиот парламентарен состав од 1998 до 2002 година имало седум пратенички. Истовремено, важно е да се спомене дека дури во парламентарниот состав од 2002 година има прва жена Албанка во собранискиот состав, односно тоа е директен резултат на системот квоти во македонското Собрание.

кандидатските листи да биде од родово недоволно застапената група (Државен завод за статистика, 2025)[32].

**Квотата како инструмент за родова рамноправност** се воведува како форма на афирмативна акција, со цел да се обезбеди пристап на жените до одлучувачките структури. Овој механизам има за цел да поттикне создавање женски политички фигури кои ќе служат како модели за идентификација и инспирација, со што ќе се охрабри поактивно учество на жените во политиката и на локално, и на национално ниво. Важно е да се напомне дека системот квоти дава поволни ефекти на планот на политичката партиципација на жените во парламентарните состави, но во развиените демократски општества тој треба да претставува само времена рамка за унапредување на правата. Евидентно е дека, во македонското општество, без системот на квоти, жените би останале надвор од законодавниот дом и локалните совети. Тоа се потврдува преку анализата на нивното учество во извршната власт и локалната самоуправа (на пр., како градоначалнички), каде што квотниот систем не е задолжителен[33].

Во насока на унапредување на родовата рамноправност, значајна улога одигра **македонското женско лоби**, кое со години наназад доследно се залага за видливост, застапеност и политичко јакнење на жените. Преку мрежи на здруженија, иницијативи и соработка со институциите, женското лоби успеа да го актуелизира прашањето за родова рамноправност во јавниот дискурс, како и да издејствува конкретни измени во законските рамки, особено во изборното законодавство. Лилјана Поповска во својот труд *Мултикултурните поврзувања во*

---

[32] Во 2015 година системот квоти се зголемил од 30 % на 40 % на кандидатските листи од помалку застапениот пол.

[33] Во однос на извршната власт, во првата експертска влада (техничка влада) од март 1991 до септември 1992 година на премиерот Никола Кљусев немало ниту две жена носителка на министерска функција. Во втората македонска влада на премиерот Бранко Црвенковски од септември 1992 година, само две жени биле носителки на министерски функции – Софија Тодорова, министерка за развој, и Гордана Силјановска, министерка без ресор. Во наредните влади на премиерот Црвенковски имало само една жена во секторот образование (Софија Тодорова и Емилија Симоска). Евидентно е дека сликата не се менува ниту до денес, но најпоразително е во однос на бројките во локалните единици, односно градоначалници/чки. На пример на локалните избори во 2005 година од вкупно 84 општини, само една е жена (Виолета Аларова во општина Центар), додека, пак, на локалните избори во 2009 година нема ниту една градоначалничка.

*граѓанскиот сектор во Република Македонија како претпоставка за развој на граѓанската демократија* вели дека:

> „*Клучен фактор за унапредување на положбата на жените стана формирањето на Македонското женско лоби во 2000 година, кое ги обедини жените од различни сфери, направи своја структура и програма и преку јавно активно лобирање направи голем пробив во поглед на вклученоста на жените во политиката и ја смени перцепцијата и на мажите и на жените во поглед на рамноправноста на половите. Македонското женско лоби настана како внатрешна потреба на жените од Република Македонија за подобрување на нивниот статус во општеството, а се искористи приликата на формирање регионална женска мрежа, т.н. Gender Task Force (GTF) при Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, Gender Task Force, всушност, претставуваше Работна група за родова рамноправност, а секоја национална мрежа можеше да си одбере свое име, разбирливо за јавноста. Gender Task Force покриваше 12 земји во регионот: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Македонија, Романија, Словенија, Србија, Унгарија, Хрватска, Црна Гора и (од 2000 година) тогашно Косово, како регион со статус на набљудувач*“ (Поповска, 2016).

Оваа женска мрежа, која се разви како дел од регионалната иницијатива Gender Task Force, во македонскиот контекст се оформи под името Македонско женско лоби. Таа се афирмира како оригинална и самостојна структура која успеа да обедини жени од најразлични општествени сектори, надминувајќи политички, етнички и верски поделби. Преку оваа меѓусебна поврзаност и соработка, Македонското женско лоби прерасна во траен и влијателен субјект на полето на родовата еднаквост, со капацитет да претставува мост помеѓу граѓанското општество и институциите. Денес, оваа мрежа останува активен чинител во националната родова инфраструктура, способна за креирање и артикулирање на заеднички позиции и приоритети, со силен фокус на застапување и лобирање во корист на жените и нивната еднаква застапеност во сите сфери на општеството. Македонското женско лоби се формирало како група за притисок врз јавноста, институциите и медиумите во насока на зголемување на учеството на жените на местата на одлучување во Македонија. МЖЛ било составено од претставници на невладините организации, политичките партии, медиумите, Собранието, Владата, локалната самоуправа, синдикатот, како и од експертки од различни области (ibid.).

Во март 2003 година, Македонското женско лоби (МЖЛ), со поддршка од Собранието на Република Македонија и финансиска помош преку регионален

проект на GTF, го иницира формирањето на **Клубот на пратенички** – структура која се етаблирала како важен механизам за унапредување на родовата рамноправност во законодавниот дом. Клубот, со национален имплементатор СОЖМ, стана нова групна членка на МЖЛ и брзо се позиционира како платформа за натпартиска соработка меѓу пратеничките. Со активно учество на над 300 жени од граѓанскиот и политичкиот сектор, Клубот воспостави меѓусебна солидарност меѓу пратеничките, но и регионални врски со колешки од Црна Гора и Босна и Херцеговина. Фокусот беше ставен на едукација на новоизбраните пратенички, отворање прашања од значење за жените и координација во носењето законски измени во насока на родова рамноправност. Оваа форма на организирање се покажа како успешен модел на парламентарно женско здружување, не само на национално туку и на регионално ниво, при што жените, независно од партиската припадност, успеваа да дејствуваат координирано и ефективно, како внатре во парламентот така и во комуникација со граѓанските организации. Во работата на Собранието Клубот даде значаен придонес со измени на закони во интерес на родовата рамноправност, каде што жените успеваа да се здружат во заедничко натпартиско лобирање, координирани внатре меѓусебно, а надвор со МЖЛ. Ова беше период на важни битки за закони што ги засегаат жените (ibid.).

Во 2005 година се донесе Закон за работните односи, со посебни одредби за заштита од дискриминација и еднакви можности на жените и мажите, додека наредната година (2006) е донесен и првиот Закон за еднакви можности на мажите и жените и беше основана и **Комисијата за еднакви можности на мажите и жените во македонското Собрание**. Во тоа време, овој Закон и оваа Комисија беа меѓу првите во Југоисточна Европа и во следните години служеа како добар модел за земјите во регионот. Комисијата е произлезена како заложба од силното граѓанско движење за јакнење на жените и за постигнување родова рамноправност, па е природно што работи отворено и транспарентно, во партнерски однос со невладините организации, експертите, академската заедница и медиумите (Поповска, 2013).

Понатаму значајно е да се споменат неколкуте важни донесени стратегии со цел да се подобри родовата рамноправност во македонското општество: Стратегијата за безбедно мајчинство (2010 – 2015) и Стратегијата за сексуално и репродуктивно здравје (2011 – 2020) со Национален акциски план за нивното спроведување, како и донесените стратегии за родово одговорно буџетирање (2012 – 2017) и првата Стратегија за родова еднаквост 2013 – 2020[34]. Во 2012 година е донесен и првиот НАП за имплементација на Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН Жените, мирот и безбедноста (2013 – 2015), додека во 2020 година е донесен и вториот НАП за имплементација на Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност (2020 – 2025). Во 2014 година е донесен Закон за спречување и заштита од семејно насилство. Истата година, концептот на **родово одговорно буџетирање** (РОБ) е воведен и за првпат е спроведен во државните институции и во единиците на локалната самоуправа. Како резултат на ова, во 2022 година донесен е Закон за буџети со кој за прв пат се регулира принципот на родово одговорно буџетирање и обврската за вклучување родови индикатори и родово буџетска изјава на централно и на локално ниво[35] (Државен завод за статистика, 2025).

Понатаму, во 2017 година донесен е Закон за ратификација на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (**Истанбулска конвенција[36]**) (која беше потпишана во 2011 година, а стапи на сила во 2018 година), наредната година е донесен Националниот акциски план (2018 – 2023) за имплементација на Истанбулската конвенција, за

[34] Во 2022 година е донесена нова Стратегија за родова еднаквост (2022 – 2027) која содржи јасно наведени општи и специфични цели, очекувани резултати и индикатори за следење и евалуација.

[35] Истата година (2022) Донесен е предлог-законот за измена и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност со кој се намалува стапката за прометот со менструални производи. Исто така, отворен е и Ресурсен центар за родово одговорно креирање политики и буџетирање од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, во партнерство со Канцеларијата на UN Women во Северна Македонија (Државен завод за статистика, 2025).

[36] Истанбулската конвенција е потпишана во 2011 година, која стапува на сила во 2018 година, а истата година бил донесен и НАП 2018 – 2023 за нејзина имплементација. Македонското законодавство има обврска да биде усогласено со одредбите од Конвенцијата, меѓу кои е и обврската за спречување на родово базирано насилство и обезбедување ефективна заштита на жртвите и гонење и казнување на сторителите. Веќе во 2021 година се донесе и Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство – усогласен со барањата на Истанбулската конвенција.

усогласување на националното законодавство со одредбите од Конвенцијата, како и исполнување на обврските за спречување родово базирано насилство, обезбедување ефективна заштита на жртвите и гонење и казнување на сторителите. Истата година имаше и измени на Методологијата за стратегиско планирање и подготовка на Годишната програма за работа на Владата – кои придонесоа за воспоставување механизам за вклучување на родовата перспектива (gender mainstreaming) во стратегиските планови и годишните програми и следење на нивната реализација. Во 2021 година, донесен е Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство – усогласен со барањата на Истанбулската конвенција. Наредната година, поднесен е првиот извештај од нашата држава до GREVIO[37]– експертското тело при Советот на Европа за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство – Истанбулската конвенција (ibid.).

Евидентно е дека унапредувањето на законската рамка и институционалните механизми во доменот на родовата рамноправност создадоа основа за формирање на она што може да се дефинира како **родова машинерија** – структури, тела и процеси во државниот апарат кои се одговорни за следење, унапредување и имплементација на политики за родова рамноправност. Оваа машинерија не е само продукт на феминистичкиот активизам туку и резултат на **државниот феминизам** – политика каде што самата држава презема улога на актер во промовирање на родовата рамноправност, понекогаш и во отсуство на активен граѓански притисок. Секторот за еднакви можности, Комисијата за еднакви можности, системот на квоти, родово одговорното буџетирање, акциските планови и националните стратегии се дел од оваа инфраструктура. Меѓутоа, како што покажуваат анализите, ефективноста на оваа машинерија зависи од политичката волја, кадровската опременост и постојаното вклучување на граѓанскиот сектор како корективен фактор. Најновиот момент во оваа хронологија е изборот на Гордана Сиљановска-Давкова како прва претседателка на Република Северна

[37] Group of Experts on Action against Violence against Women and Domestic Violence.

Македонија – чин кој за многумина претставува кулминација на женскиот политички напредок. Сепак, потребно е да се направи разлика помеѓу симболичната моќ на жената на висока функција и структуралната трансформација на родовите односи во општеството. Доколку изборот на жена на највисоката функција не е проследен со доследно имплементирање на политиките за родова рамноправност, останува само симболичен гест. Затоа, развојот на родовата машинерија мора да продолжи со акцент на институционално вгнездување на родовата перспектива на сите нивоа на одлучување (gender mainstreaming), како и со постојана поддршка на феминистичките и граѓанските иницијативи кои се залагаат за суштинска, а не само номинална еднаквост.

### *5.1.1. Проблематизација на клучни интервенции: помеѓу унапредување и ограничување на женските права*

Иако на нормативно ниво постои значителен напредок во однос на правната рамка за родова рамноправност, поединечни интервенции, како што е случајот со рестриктивните измени во Законот за прекин на бременоста од 2013 година, покажуваат дека унапредувањето на женските права не секогаш оди во линеарна насока. Во 2013 година со новиот Закон за прекинување на бременоста (**Закон за абортус**), со кој се ограничува пристапот на жените до абортус, дојде до значителен пад на индексот за родовата рамноправност во македонското општество. Шест години подоцна, во 2019 година, под притисок на јавноста и феминистичките заложби, се укинаа административните бариери за остварување на правото на абортус. Голем број жени беа активно вклучени во борбата против ограничувањата до пристапот на абортус. Јасно се прокламираше женското (феминистичко) движење преку истакнување на паролата „Мое тело, мој избор“. Како што истакнува Мишковска-Кајевска, „*критичар(к)ите се спротивставија и на тоа што Владата ѝ дозволи на Македонската православна црква да упадне во уставно загарантираните секуларност и право на слободен избор во врска со раѓањето на деца*“ (Мишковска-Кајевска, 2016: 2). Таа се осврнува и на политиките за зголемување на наталитетот и ги критикува тогашните засилени кампањи со

исклучително застрашувачки и моралистички дискурс за последиците од абортусот (Кајевска-Мишковска, 2016).

Во повеќето европски земји и денес во рамки на феминистичкиот активизам, правото на абортус е централна точка на интерес. Според феминист(к)ите, ригидната општествена контрола на абортусот, покрај тоа што може да се определи како „антифеминистичка“ политика која го загрозува концептот на граѓанските слободи, воедно, ја покажува и идеологијата на хиерархијата на моќ на патријархатот која ги определува значењата на мајчинството и семејството. Ваквата идеологија фокусот го става на „правото на фетусот“ служејќи се со жестока иконографија која го прикажува како личност (човечко суштество) и чиј живот треба да се сочува, бришејќи ја сосема перспективата на женското тело и индивидуален избор за сопственото тело и сопствената егзистенцијална траекторија. Сѐ уште голем број патријархални општества ги истакнуваат како најпозитивни (возвишени) морални одлики оние дејства поврзани со репродукцијата која вклучува најчесто раѓање и одгледување на децата од страна на жените мајки (Кошка-Хот & Србиновска & Бојаџиевска, 2010).

#### *5.1.1.1. Женски права ≠ родова еднаквост: концептуални замаглувања и политички импликации*

Иако поимите женски права и родова еднаквост често се користат како синоними во јавниот и политичкиот дискурс, ваквото поедноставување води кон концептуални замаглувања кои имаат реални политички и правни импликации. Во овој дел се анализираат тие разлики, притоа, акцент ќе се стави на оние политики и законски интервенции кои настојуваат да ја прошируваат рамката на родова еднаквост надвор од бинарните опозиции и хетеронормативните претпоставки, особено во контекст на правата на ЛГБТ+ заедницата, антидискриминаторските механизми и предизвиците во нивната имплементација.

Во 2018 година, образовниот систем во Македонија направи значаен чекор кон инклузивност со воведување **антидискриминаторски одредби во**

**основното образование** преку измени во Законот за основно образование[38]. Истовремено, со измените на Законот за учебници, започна процес на прочистување на наставните содржини од стереотипи и предрасуди, поставувајќи основа за покритичко и праведно знаење (Државен завод за статистика, 2025). Истата година, по иницијатива на граѓанскиот сектор, беше формирана Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ заедницата – прва од ваков вид во регионот, како израз на политичка волја за институционално справување со дискриминацијата и промоција на еднаквост за сите граѓани, без разлика на сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Ова претставуваше јасен показател за пресврт во начинот на препознавање и вклучување на родовата и сексуалната разновидност во јавните политики.

Во 2020 година е донесен Закон за спречување и заштита од дискриминација со кој се признава родовиот идентитет и сексуалната ориентација како дискриминирачки основи и се воведува концептот на интерсекциска дискриминација. Со ова законско решение за прв пат се забрани дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, но и се овозможи законска и правна заштита на ЛГБТИ лицата. Со цел да се подигне јавната свест и да се промовира Законот за спречување и заштита од дискриминација, од страна на **Мрежата за заштита од дискриминација** беше спроведена кампања „дискриминацијата завршува со мене!“[39]

Забележливо е дека современите феминистички движења во ширењето на својата идеологија го вклучуваат концептот на „**маргинализација**“. Тие го истакнуваат начинот на кој патријархатот го маргинализира женското искуство, создавајќи доминантен норматив што го промовира исклучиво машкото

---

[38] Во 2024 година се предлага Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование на Министерството за образование и наука (МОН) во кој од членот за заштита од дискриминација се отстранети дискриминаторските основи род, сексуална ориентација и родов идентитет. На оваа одлука на Владата се спротивставија голем број граѓански организации чиј главен фокус им е родовата еднаквост и правата на ЛГБТИ+ лицата (види повеќе: стр. 114/115).

[39] Во дефинирањето „што е дискриминација?“, во оваа кампања беа вклучени следниве пароли: Дискриминација е кога не можеш да напредуваш на работното место само затоа што си жена!; Дискриминација е кога имаш хомосексуална ориентација, а општеството не ја признава твојата врска!; Дискриминација е кога не можеш да пријавиш насилство само затоа што си сексуален работник!; Дискриминација е кога не можеш да си најдеш стан затоа што си трансродово лице!; итн.

(маскулинистичко) искуство. Родовата рамноправност како поим упатува и на заштитата на правата и одговорностите на сите луѓе, без разлика на нивната припадност врз основа на пол, род, сексуална ориентација, раса, религија итн. Оттука, родот како термин претставува аналитичка категорија која може да биде точка на поврзување помеѓу феминистичкото и ЛГБТ+ движењето, но тоа не мора да биде пресудна категорија на поврзување за сите активист(к)и и теоретичар(к)и. Во феминистичката теорија, родот се користи како термин кој ги опишува социо-културните условени карактеристики кои му се припишуваат на биолошкиот пол, односно општествените дефиниции за тоа што значи личноста да е машко или женско. ЛГБТ+ движењето, од друга страна, се фокусира на заштита и промоција на правата на лица со различни сексуални ориентации и родови идентитети. Во ова движење, концептот на род, исто така, се однесува на низа општествено конструирани улоги и врски, лични карактеристики, ставови, вредности и релативната моќ и влијанието кое општествено им ги припишува на машкиот и женскиот пол по различни основи. Оттука, феминистичкиот активизам е насочен кон родовите права со посебен фокус на социјалните промени и легализирање на секој вид сексуалната ориентација. Главната цел е да се обезбеди објективност во поглед на општественото прифаќање различни сексуални ориентации, а не само на нормативниот хетеросексуален (хетеронормативност) однос како институција која е единствено одобрувана/прифатена. Во спротивно би значело дека постои т.н. родова елиминација, односно угнетување на определен број индивидуи/колективи поради „затворање" на идентитетот и негово стереотипизирање според создадени норми за родова поделба, главно, во согласност со машкиот и женскиот биолошки пол, без право на избор на алтернативно, „(не)нормално" однесување (Кошка-Хот & Србиновска & Бојаџиевска, 2010).

Еден од најзначајните примери за институционализирање на концептот на род и негово инкорпорирање во јавните политики во државата претставува предлогот на **Законот за родова еднаквост** од 2022 година, како и **нацрт-измените на Законот за матична евиденција**. Овие законски иницијативи имаа за цел да го прошират сфаќањето за родот надвор од бинарните определби, но истовремено предизвикаа остри реакции и отпор во делови од јавниот и

религискиот дискурс. Целта на Законот за родова еднаквост беше да се направи чекор напред во остварувањето на родовата еднаквост, преку зајакнување на положбата и статусот на жената во општеството. Тоа значи еднаков пристап до ресурси и еднакво учество во донесување одлуки во сите сфери на општествено живеење, целосно надминување на пречките и создавање услови за остварување на потенцијалите на сите луѓе, без разлика на полот, родот и родовиот идентитет[40]. Но, во јавниот дискурс во македонското општество се создаде подлога за антиродови движења, анимозни ставови и напади кон т.н. „родова идеологија". Додека измените на Законот за матична евиденција (иако се сосема два различни закони со Законот за родова еднаквост, во јавноста се направи поврзаност на агендата на „родовата идеологија" со овие два закони) предвидуваа правното признавање на родот, односно процес во кој поединецот може да ја промени ознаката за пол во матичната евиденција и на тој начин државата да го признае неговиот вистински род. Правото на транс луѓето да добијат документи кои ќе го рефлектираат нивниот родов идентитет за тие да можат да функционираат соодветно во општеството и да бидат заштитени од низа повреди на човековите права, вклучувајќи ја дискриминацијата при вработувањето, физичките и вербалните напади, како и ограничувањето во склучувањето брак и пристапот до добра и услуги[41].

Наредната година (2023) беше организиран масовен протест од страна на МПЦ-ОА и други религиски организации повикувајќи го прогласот со став дека „*изразуваме особена загриженост за иднината и безбедноста на верниците за кои имаме одговорност, а посебно за жените и децата. Сметаме дека се неприфатливи легалното признавање на родовиот идентитет во овие закони, како и збунувачкото разликување меѓу: пол, род и родов идентитет*[42]". Претходно, истата година, во Струмица, како реакција на предлог-законот за родова еднаквост, беше организирана јавна трибина која експлицитно се спротивставуваше на употребата на поимот „род" како терминолошка категорија во нормативниот и образовниот контекст. Настанот со

[40] mtsp.gov.mk (предлог-закон за родова еднаквост).
[41] ener.gov.mk (предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, мај 2021).
[42] http://emc.mk/wp-content/uploads/2023/05/2023.5.05_reakcija_rodova_ednakvost1.jpg [пристапено на 4/25/2024]

наслов „Зошто НЕ за сексуалното образование во училиштата", организиран од фондацијата „Елеуса", се одржа под покровителство на Струмичката епархија, а во присуство на високи претставници на МПЦ-ОА, меѓу кои и епископот Стобиски Јаков. Говорниците на трибината го проблематизираа сексуалното образование во училиштата, кое, според нивните ставови, претставува инструмент за имплементација на т.н. „**родова идеологија**". Во своето излагање, епископот Јаков ја оцени содржината на едукативните прирачници како идеолошка и деструктивна, посочувајќи дека во нив „*не станува збор за никаква сексуалност, туку за идеолошка пропаганда којашто е фашизоидна и деструктивна*", со потенцијално дестабилизирачко влијание врз вредносниот систем и човековите права. Овие наративи, во својата суштина, не само што ја редуцираат комплексноста на родовата теорија туку произведуваат страв и морална паника, особено преку нивното поврзување со образовните реформи и здравственото образование. Ваквиот дискурс предизвика силни реакции од страна на граѓанскиот сектор и организациите кои се залагаат за родова еднаквост. Платформата за родова еднаквост, преку официјално соопштение, упати остра критика кон содржината и пораките изнесени на трибината, оценувајќи ги како „ширење дезинформации, страв и стигматизација", насочени против жените, младите, ЛГБТИ+ заедницата и сите маргинализирани групи (Платформа за родова еднаквост, 2024[43]). Според нив, сексуалното образование претставува фундаментален елемент на правото на здравје и информираност, и е суштински заштитен механизам во рамки на човековите права. Во тој контекст, Платформата апелираше до институциите да не подлегнуваат на притисоци кои произлегуваат од антинаучни и ретроградни ставови, туку да продолжат со спроведување политики за унапредување на родовата еднаквост и сеопфатното сексуално образование.

Анализата The Next Wave: How Religious Extremism Is Reclaiming Power, (*Наредниот бран: Како верскиот екстремизам ја враќа моќта*) објавена во 2025 година од авторот Нил Дата (Neil Datta) и презентирана пред европратениците во

[43] Платформа за родова еднаквост. (2024, февруари 28). Остра реакција на Платформата за родова еднаквост по повод јавната трибина „Зошто НЕ за сексуалното образование" во Струмица. https://ekvalis.org.mk/ostra-reakcija-na-platformata-za-rodova-ednakvost/ [пристапено: 14.7.2025].

Европскиот парламент претставува сеопфатна студија за транснационалните антиродови движења и нивната сè поинтензивна интервенција врз европските демократски процеси. Истражувањето се базира на опсежна анализа на финансиските текови, идеолошките матрици и политичките коалиции преку кои овие движења го поткопуваат достигнатиот напредок во областа на родовата еднаквост и човековите права. Во рамки на извештајот е нотирано присуство на антиродови актери и активности и во Република Северна Македонија, каде што, и покрај ограниченото финансирање, се детектирани структури што функционираат како составен дел од пошироката мрежа на идеолошка мобилизација и влијание на подрачјето на Југоисточна Европа (Datta, 2025). Оваа публикација претставува детален истражувачки труд за потеклото, агендата и изворите на финансирање на антиродовите движења во периодот од 2019 до 2023 година. Главниот заклучок што произлегува од студијата гласи: „од 2019 до 2023 година, вкупно 1,18 милијарди американски долари биле насочени кон 275 организации вклучени во антиродови иницијативи во Европа. Петте земји со најголемо антиродово финансирање се Унгарија, Франција, Велика Британија, Полска и Шпанија“ (ibid., 8). Посебно значаен аспект за нашата земја е фактот што Балканот, и Северна Македонија како дел од него, за прв пат се појавуваат како предмет на систематска анализа во ваков тип истражување. Извештајот конкретно посочува на еден значаен настан – протестот организиран од Македонската православна црква во јуни 2023 година, при што се вели: „слични шеми се појавија и во други земји каде што мнозинството е православно со цркви поврзани со Москва. Во Северна Македонија, Македонската православна црква ги предводеше протестите во јуни 2023 година против законите за родова еднаквост и матична евиденција, при што многу од демонстрантите се документирани дека се луѓе со врски со руски мрежи“ (ibid., 66). Генералниот заклучок на извештајот е дека црковните институции играат клучна улога во изградбата на паралелна граѓанска инфраструктура, која ја симулира народната волја, но во суштина е диригирана од идеолошки центри и надворешни политички интереси (ibid.)

Сумирајќи, разграничувањето помеѓу концептите „женски права“ и „родова еднаквост“ не е само академска или семантичка дебата туку суштински

одраз на политички агенди и институционални поставености. Намерните или несвесни концептуални замаглувања често се користат како механизми за ограничување на трансформативниот потенцијал на родовата еднаквост, сведувајќи ја на поедноставени, аполитизирани рамки на „женски прашања“. Ова има сериозни импликации не само врз јавните политики и законодавството туку и врз самосфаќањето на женското движење и неговата историја. Следствено на тоа, образованието претставува суштински простор во кој се обликуваат свеста, агендата и стратегиите на женското движење. Анализата на образовните патеки не само што овозможува историска и општествена реконструкција на феминистичкиот активизам туку и открива како токму образовниот процес придонесувал за артикулацијата, мобилизацијата и еманципацијата на жените во различни периоди и општествени контексти во македонскиот социо-културен простор.

### *5.2. Образовни патеки: Улогата на образованието во развојот на женското движење*

Во однос на самата феминистичка теорија, пионерските заложби започнаа со формирањето на **Истражувачкиот центар за родови студии** (ИЦРС), формиран во рамките на Институтот Евро-Балкан во 1999 година, на иницијатива на Женската програма. Оттука, силен поттик за родовата сензибилизација во науката во македонското општество дадоа токму невладините организации. Мисијата на ИЦРС била насочена кон ширење на академското и научно знаење од областа и поврзување на теоријата, односно знаењето, со активизмот. Еден од првите проекти на Центарот е Меѓународната конференција за институционализација на родови студии Во однос на феминистичката литература, најголем број од преведените книжевни дела и феминистичка литература биле издадени од издавачката куќа „Сигмапрес“ – Скопје и „Евро-Балкан Пресс“ – Скопје. Публикациската дејност на центарот одиграла есенцијална улога во ширењето на феминистичката мисла во македонската академска заедница. Научното списание „Идентитети“, прв пат публикувано во 2001 година, станало платформа за дисеминација на современите феминистички теории и дебати. Научното списание „Идентитети: политика, род и култура“, станува значајна платформа за афирмација на феминистичката мисла. Во него се објавуваат и преведуваат бројни трудови од истакнати феминистички

автори и авторки од светот (Kolozova, 2011: 60). Списанието овозможило македонската академска јавност да се запознае со делата на водечки феминистички теоретичарки. Преводите на клучни текстови од феминистичката теорија создале основа за развој на локален дискурс за родовите прашања. Воспоставувајќи дијалог помеѓу глобалните феминистички движења и локалните контексти, списанието придонело за создавање хибридни форми на знаење (ibid.)

Развојот на женските и родовите студии во Македонија претставува комплексен процес кој започнал во доцните деведесетти години од минатиот век, токму со активностите на ИЦРС кој одиграл пионерска улога во воведувањето на родовата перспектива во македонската академска заедница. Според Колозова, „*идејата за родови студии како академско поле по сопствено право беше првпат воведена на организиран и јавно видлив начин (преку настани и публикации), во 1999 година*“ (ibid.: 59). Центарот функционирал како катализатор за мобилизација на академската заедница околу прашањата поврзани со родот и феминизмот. Неговата мисија била насочена кон промовирање на родовите студии како легитимно научно поле, борејќи се против доминантниот научен универзализам и неговиот наводно родовонеутрален објективизам. Градејќи мрежа од триесетина научници и истражувачи, Центарот успеал да создаде видлива и активна интелектуална сцена, која низ годините стана основа за понатамошен теоретски и академски развој во оваа област.

Процесот на институционализација на родовите студии во Македонија бил обележан со континуирана борба за научна легитимност и академско признавање. Академската заедница покажала различни степени на отпор кон новото поле на истражување, поставувајќи прашања за неговата научна валидност и методолошка основаност. Колозова забележува дека „*македонскиот контекст е сè уште таков во кој аспектот на научната релевантност на родовите студии е сè уште драматично проблематизиран*“ (ibid.: 59). Таквата состојба создала потреба од постојано докажување на научната вредност на родовите студии преку истражувачки проекти, публикации и конференции. Опозицијата кон дисциплината во Македонија главно се состоела во докажување на нејзината научна легитимност и правото да биде признаена како релевантна академска

дисциплина. Соочувајќи се со предизвиците на постсоцијалистичкиот контекст, заговорниците на родовите студии морале да развијат стратегии за интеграција кои би ја зачувале критичката острица на феминистичката теорија (ibidem.).

Концептуализацијата на родот во македонската научна мисла била обликувана од различни теориски перспективи и методолошки пристапи. Постмодернистичките и постструктуралистичките правци (во рамки на филозофијата, социологијата и книжевноста) биле најпосветените пионери на родовите студии во земјата, додека позитивистичките и емпириските научници промовирале перспектива на женски студии (ibid. 62). Ваквата теориска разновидност создала простор за богат интердисциплинарен дијалог, но истовремено и тензии помеѓу различните пристапи. Дебатата помеѓу феминистичките и mainstream научниците често се фокусирала на прашањето за наводната родова неутралност на хегемонискиот научен дискурс. Развивајќи критички пристап кон традиционалните дисциплини, родовите студии во Македонија постепено успеале да се етаблираат како поле кое нуди нови перспективи и методологии (ibidem.).

Понатаму, според Колозова, стратегијата за родова сензибилизација на високообразовните наставни програми претставувала клучен елемент во напорите за интеграција на родовата перспектива во македонската научна мисла. Мрежата за родови и женски студии, координирана од ИЦРС при Институтот Евро-Балкан, спроведувала активности насочени кон воведување на родовата перспектива во постојните наставни програми. Колозова истакнува дека „*стратегијата на децентрализирано и хоризонтално вградување на родовите студии во наставните програми била повторувана и разработувана при многу прилики*“ (ibid. 65). Примарниот фокус бил ставен на вклучувањето на родовите аспекти во содржината и методологијата на традиционалните дисциплини. Таквиот пристап овозможил постепено ширење на родовата свест меѓу академската заедница без директна конфронтација со етаблираните академски структури. Имплементирајќи стратегија која комбинира автономни програми со

интегрирани пристапи, придонела родовите студии да постигнат значителен напредок во трансформацијата на високото образование (ibidem.).

Може да се забележи дека официјална институционализација на родовите студии добила легитимност со формирањето на **Институтот за родови студии** (ИРС) при Филозофскиот факултет во Скопје, кој претставува први официјално акредитирани академски студии посветени на феминистичката теорија (родовите студии). Отворањето на Институтот во 2008 година е важен исчекор не само за академската заедница туку и за целокупниот институционален третман на родовите прашања, означувајќи премин од активистички и невладин ангажман кон формално образование и истражување на родот како научна категорија. Институтот добива значење во рамките на родовата машинерија на државата, односно како дел од поширокота инфраструктура која ги вклучува и институциите, стратегиите, квотите и законските механизми за унапредување на родовата рамноправност во македонското општество. Истовремено, со своето дејствување, Институтот се надоврза на заложбите на ИЦРС и Институтот Евро-Балкан, продолжувајќи ја борбата за афирмација на родовата рамноправност и феминистичката теорија во рамките на македонската академска и општествена сцена.

# VI
# ДЕЛ

# Резултати од примената на длабински интервјуа: Гласови, искуства и перспективи

## 6.1. Прибирање податоци преку длабински полуструктурирани интервјуа

*Избор на метод за прибирање податоци:* Со цел да се постигне длабинско разбирање на социо-културните аспекти на македонското женско движење, како и за да се доловат субјективните искуства и перспективи на клучните актери, ова истражување се базира на длабински полуструктурирани интервјуа. Овој метод беше избран како најсоодветен за квалитативниот истражувачки пристап на дисертацијата, кој е насочен кон истражување на субјективните значења, наративи и контекстуални фактори кои ги обликуваат македонското женско движење и феминизам.

*Процес на развој на водичот за интервју:* Водичот за полуструктурирани интервјуа е резултат на внимателно теоретско и методолошко концептуализирање, засновано врз темелна анализа на релевантната научна литература за женските социјални движења, феминистичките теории, родовите студии и социо-културните контексти во постсоцијалистичките општества, со особен акцент на македонскиот културен простор. Неговата структура е исто така во согласност со поставените истражувачки прашања и основната теоретска претпоставка на истражувањето – дека македонското женско движење се наметнува како значаен двигател на социо-културните промени, истовремено претставувајќи форма на граѓански израз/активизам (формален и неформален) и културна отпорност. Оттука, водичот се темели на социолошко-антрополошки приод, кој подразбира истражување на женскиот активизам преку призма на индивидуализирани искуства, социјални интеракции, историски процеси и културни модели. Со оглед на тоа, беа дефинирани неколку тематски јадра кои овозможуваат холистичко опфатување на феноменот на женското организирање и дејствување во Македонија. Тие вклучуваат:

- **Историски развој и трансформации**: Индивидуални и колективни наративи за етапите на еманципаторско организирање, од постсоцијалистичкиот преод до современите форми на активизам;

- **Актери и мрежи**: Улогата на активистки, интелектуалки, организации и неформални иницијативи во оформувањето на женското движење и нејзината институционализација;
- **Политички и културни предизвици**: Пречки на системско, културолошко и структурно ниво, со фокус на родовите стереотипи, економската маргинализација и политичката невидливост;
- **Идеолошки и теоретски координати**: Различни феминистички позиции, концепции и влијанија кои се профилираат во женското движење;
- **Општествени влијанија и постигнувања**: Процена на ефектите од женскиот активизам врз јавната политика, законодавството и културната перцепција;
- **Перспективи за идниот развој**: Стратегиски визии, генерациски разлики, нови форми на дејствување и односот меѓу институционалниот и автономниот активизам.

Водичот се состои од низа отворени и полуструктурирани прашања дизајнирани да овозможат продукција на длабоки, рефлексивни и наративно богати одговори. Според тоа, овој пристап овозможи адаптација кон текот на разговорот, вклучително и постоење простор за следење неочекувани тематски линии, нови согледувања и субјективни перспективи кои не беа однапред предвидени, но произлегоа од самите интервјуа. Овој квалитативен пристап има за цел да го разбере значењето кое актерките му го припишуваат на сопственото дејствување, нивната историска улога и нивната визија за социјална промена.

*Процес на селекција на испитаници (земање примерок)*: Со цел да се обезбеди репрезентативност на искуствата и перспективите во рамките на македонското женско движење, примерокот за интервјуа беше формиран со користење целна (purposeful) селекција, како што е вообичаено за квалитативните истражувања. Целта беше да се идентификуваат и интервјуираат клучни поединци кои поседуваат релевантно знаење и искуство во врска со темата на истражувањето. Критериумите за избор на испитаници вклучуваа:

- ✓ Долгогодишно искуство и активна вклученост во македонскиот женски активизам;
- ✓ Разновидност во однос на возраста, академското образование, професионалното потекло и типот на организациите во кои дејствуваат (пр. невладини организации, академска заедница, независни активисти, уметници);
- ✓ Способност да понудат длабински увид во социо-културните аспекти на движењето од различни перспективи.

Врз основа на овие критериуми, беа идентификувани и контактирани вкупно 16 испитаници. Почетниот контакт беше остварен преку електронска пошта и телефонски повик, во кои беа објаснети целта на истражувањето, природата на интервјуто и истражувачката етика. Крајниот примерок за интервјуата изнесуваше 12 испитаници, кои доброволно се согласија да учествуваат. Процесот на селекција престана кога беше постигната тематска сатурација на трудот.

*Спроведување на интервјуата:* Интервјуата беа спроведени во периодот од декември 2022 до јули 2025. Пред почетокот на секое интервју, на испитаниците им беа повторно објаснети целта на истражувањето, нивните права, вклучувајќи го правото на прекинување на учеството во секое време, и беше добиена нивната информирана согласност. Дел од интервјуата беа спроведени по електронски пат (испратени прашања и вратени одговори), а дел беа аудио снимени, со претходна согласност на испитаниците, за да се обезбеди точна транскрипција.

## 6.2. Презентирање на резултатите од истражувањето

***Содржинска анализа на интервјуто со Савка Тодоровска***

Тодоровска ја лоцира појавата на женското организирање во Македонија во раните фази на нејзината државност, во услови на институционален вакуум и политичка нестабилност. Тодоровска укажува дека токму во тоа време се јавила свеста за потребата жените активно да се вклучат во процесите на градење на демократските институции и вредности, што ја означува почетната фаза на развој на женскиот активизам во контекстот на транзицијата.

> *„Со распаѓањето на некогашната заедничка држава и еднопартиски систем, виорењето на војните во соседството и останатите немири, завладеа некаков вакуум на организираност во нашата држава. Не знаевме што ќе се случува со државата, но јас едноставно знаев дека жените, како половина од популацијата од земјата, треба да го дадат својот придонес и да стекнат еднаков третман во сите сегменти на општеството. Така на 28 февруари 1991 година станав лидерка на една од првите НВО во новиот систем, Организација на жените на градот Скопје и општините.“*

Во првите години на независноста, женските иницијативи се позиционираат како активни актери во процесите на општествена стабилизација, хуманитарна солидарност и градење на мирот, се поставуваат темелите на идното женско движење, кое ќе биде значаен чинител во формирањето и консолидирањето на државноста. Тодоровска истакнува дека токму преку ваквите активности се артикулирала политичката и граѓанската улога на жените, што претставува основа за понатамошниот развој на женскиот активизам во контекстот на транзицискиот процес:

> *„Во тоа време нашата држава важеше за оаза на мирот. Така, помагавме да си дојдат дома војниците од тогашната ЈНА, да остане Воената болница со сета медицинска опрема во нашата држава, учествувавме во мировни активности, постојано бевме ангажирани околу распределба на хуманитарната помош, згрижување на жените и децата од БиХ, крводарување во Србија, помош на мајките во Хрватска и слично. Тогаш ги поставивме основите на женското движење во независна и суверена држава и беше повеќе од јасно дека тоа е само почетокот. Со развојот на државата несомнено се развиваа и областите во кои треба јакнење на позицијата на жените.“*

Периодот на транзиција донел нови општествени, економски и политички предизвици што директно се одразиле и врз женските иницијативи. Според Тодоровска, токму овие услови ги поттикнале локалните женски организации да преминат од изолирано дејствување кон здружување и создавање мрежи, како стратегија за зголемување на влијанието и адаптација кон новите околности:

> *„Времето на транзицијата беше ново по вертикала и хоризонтала, тоа имаше одраз на севкупното живеење, како и на женското движење, но активистките на организациите на жени, кои дејствуваа на локално ниво, почувствуваа дека е нужно потребно солидаризирање, вмрежување според потребите, состојбите и се роди мислата за здружување, односно основање на мрежа на женски организации, што во тоа време беше првата мрежа на невладини организации. Наредната 1995 година се одржа IVтата Светска конференција во Пекинг, каде како невладина организација на конференцијата беа присутни претставнички на СОЖМ.“*

Во раните 1990-ти, женските организации не само што започнале со теренска работа на поддршка на жени жртви на насилство туку воспоставиле и суштинска институционална соработка која прераснала во стратегиско партнерство со државните органи. Тодоровска нагласува дека токму преку овие иницијативи, прашањето за семејното насилство за првпат влегува во законската регулатива, со што започнува процесот на формализација на родовата перспектива во јавните политики. Воедно, се поставиле и институционалните механизми кои ја зајакнувале женската политичка застапеност, како што било формирањето на Македонското женско лоби и Клубот на пратенички, преку кои се обезбедувало техничка и кадровска поддршка за жените во Парламентот, што, според Тодоровска, претставува важен чекор кон системско јакнење на женските позиции во политиката:

> *„Соработката со институциите, за тоа време, беше на завидно ниво. Баравме сè што можеше да придонесе за унапредување на статусот на жените. Така, 1992 година, кога го добивме проектот за воспоставување на СОС линијата за жени и деца жртви на семејно насилство, најнапред започна преку соработката со Меѓуопштинскиот центар за социјална работа. Образложувајќи ја потребата за СОС линијата и важноста на меѓусебната соработка во интерес на жените жртви на семејно насилство, при што за прв пат во Законот за социјална заштита се воведе прашањето за семејното насилство. Понатаму, добивме можност за работа со жените од политичките партии како придонес во градењето на законската рамка, нивна поддршка, јакнење на позициите на жените внатре во политичките партии, нивните настапи,*

*како и воведување квота во изборниот законик за помалку застапениот пол. Тоа беше плодна соработка со Собранието на Република Македонија. При тоа беа основани Македонското женско лоби и Клубот на пратенички, при што од проектот за Клубот на пратенички беа обезбедени компјутери и друга техничка опрема, како и три лица со хонорарен ангажман од две години, за помош на жените избрани во Парламентот.“*

Образовната иницијатива, женски студии, претставува значаен момент во процесот на институционализирање на родовата свест и критичко размислување на новите генерации. Тодоровска посочува дека овие студии, поддржани од меѓународни фондации и координирани од женски активистки, имале за цел не само да ги осознаат постојните родови разлики туку и да создадат услови за надминување на стереотипите во општеството. Оваа иницијатива истовремено служела како мост кон развојот на родовите студии на универзитетско ниво:

*„Една од повеќето иницијативи беа и женските студии на алтернативно ниво, иницирани и основани од СОЖМ ..., финансиски поддржани од фондацијата Улоф Палме, Шведска. Женските студии работеа во период од 1999 до 2005 година. Целта на женските студии беше да се образоваат, учат, да осознаат младите жени и девојки за постојните родови разлики и со своето стекнато знаење да дадат придонес за надминување на стереотипите и улогата на жените на сите нивоа, со цел овие женски студии да бидат основа, за понатамошно оформување на родовите студии на повисоко ниво, што за наше задоволство и се случи. Се воведоа родовите студии на Филозофскиот факултет при УКИМ и женските постдипломски студии при Евро-Балкан, но за жал неочекувано прекинаа алтернативните женски студии при СОЖМ, што по мене не требаше да се случи, заради можноста на алтернативно ниво да се создаваат кадар и видици за приклучување кон високото образование на родовите студии.“*

Женскиот активизам во периодот на транзицијата се карактеризирал со ентузијазам и непосредна мобилизација на жените, кој поединечно и колективно се обидувал да ја зајакне својата позиција преку неформални средби и активности. Тодоровска нагласува дека оваа фаза, иако без формални проекти, била основа за понатамошна институционализација и стратегиско организирање на женското движење:

*„Женскиот активизам во деведесеттите беше заснован на желби, да се организираат жените, да работат и да дадат придонес во заедницата со ентузијазам, без проекти, едноставно жените се срекаваа на тематски средби организирани по одредени поводи, на локално и национално ниво. Денес, работата на женските организации се засноваат на*

*институционална форма, на проектна, стратешка, учество во меѓународни и домашни проекти, организирани со цел зајакнување на женското движење и надминување на стереотипната улога на жените на сите нивоа. Така, на почетокот на деведесеттите години женските локални организации имаа за цел организирање на жените во здруженија на локално и национално ниво, со оглед на состојбите и потребите во новото време, за да постепено се гради и визијата и мисијата на нивното дејствување.“*

Тодоровска јасно го дефинира феминизмот како широка и инклузивна идеологија и движење посветено на остварување на женските права на сите општествени нивоа. Таа укажува на погрешната перцепција која постои кај дел од активистките кои, иако се залагаат за женски права, не сакаат да се идентификуваат како феминистки. Според нејзината процена, времето ќе ги постави работите на свое место и ќе покаже дека сите тие, всушност, се дел од феминистичкото движење:

*„Феминизмот е правец и движење за женски права, на сите нивоа и голема заблуда е на сите оние кои работат за женските права, а за себе велат дека не се феминистки, но времето ќе покаже и на сите нив ќе им докаже дека борејќи се за женските права тие се феминистки и работат во правецот на феминизмот.“*

Тодоровска истакнува дека во современиот период се појавуваат нови организации формирани од млади жени и девојки кои донесуваат иновативни пристапи кон решавањето на прашањата поврзани со жените, родовата еднаквост и сексуалните родови малцинства. Таа нагласува дека овие теми се од суштинско значење за развојот на демократијата во секој општествен контекст, и ги повикува новите активистки да останат фокусирани на својата мисија и визија со упорност и посветеност, бидејќи тоа ќе доведе до позитивни резултати:

*„Во поново време, се основаат организации од млади жени и девојки од поновата генерација, кои воведуваат поинаков пристап кон решавање на проблемите со кои се соочуваат жените, како и кон родовата еднаквост и прашањето на сексуалните родови малцинства. Работата кон родовата еднаквост и прашањата на сексуални и родови малцинства е еднакво важна и корисна за демократијата во секое општество. Мојата препорака е да работат на мисијата и визијата на својата организација, упорно, доследно и посветено, резултатите нема да изостанат.“*

Тодоровска изразува загриженост поради ниската амбиција на голем број млади жени и девојки за активно учество во извршната власт, бизнисот и

влијанието врз институциите на државата, потенцирајќи дека ова претставува сериозен предизвик за застапеноста на жените во клучните општествени сфери:

> *„Ме загрижува ставот на многу млади жени и девојки за позицијата на жената во општеството, малата амбиција за да се дел од извршната власт, бизнисот и влијанието врз институциите на државата за менување на истата. За мене е свежина влегувањето на младиот кадар и горда сум што сум дел од почетоците на женското движење во самостојна и независна Р М. Нашата заложба е во сите сегменти на нашето живеење и опстојување жените да бидат застапени онолку колку што ги има и во популацијата, тоа значи во сите сфери жените да бидат 50 проценти. Тоа тие го заслужуваат, бидејќи во образованието жените засега се 10 проценти повеќе од машката популација со високо образование, со магистерски и докторски дипломи. Ова е доказ дека жените ги има, тие можат, но треба да се охрабрат и да покажат, внатре во своите политички партии да се оснажат и реорганизираат.“*

### *Содржинска анализа на интервјуто со Јасмина Фришчиќ*

Јасминка Фришчиќ ја отвора својата лична и професионална мотивација низ призмата на една повисока заложба – трансформирање на правото во алатка за социјална правда и родова еднаквост. Нејзиното приклучување кон ЕСЕ во 1996 година не претставува само формален ангажман, туку чин на политичка и граѓанска посветеност кон градење правен активизам кој директно одговара на потребите на жените. Овој исказ открива и како од самите почетоци ЕСЕ ја поставила својата дејност не само како правноедукативна туку и како стратегиска интервенција во полето на пристапот до правда. Таа рана фаза, како што ќе видиме во продолжение, ја најавува долгорочната визија на организацијата, која од скромен проектен модел прераснува во програма со национален и меѓународен опсег:

> *„Во 1996 година завршував со редовните студии на Правниот факултет и на покана на ЕСЕ, чија членка на Извршен одбор бев во тоа време. Па така, во 1996 година организиравме повеќе семинари и подготвивме една публикација под насловот ’Во име на еднаквоста‘. Започнавме скромно со идентификување на одредени прашања што се од интерес за правата на жените, како и на прашањето на насилство врз жените. Овие активности подоцна од проектно ниво прераснаа во програма со многу повеќе цели и компоненти на активности. Впрочем, пристапот до правда е*

*сè уште стратегиска определба на ЕСЕ и на ова поле работиме на повеќе нивоа и со различни актери на национално, регионално и глобално ниво.“*

Поставувајќи го наративот во амбиентот на политичко-економската транзиција од социјализам кон пазарна економија, Фришчиќ ја прикажува ЕСЕ како одговор на итни општествени потреби, а не како производ на претходно дефинирана стратегија. Почетоците биле скромни, со фокус на хуманитарна помош и ад хок интервенции во области како образование, здравство и положба на маргинализираните жени, особено од рурални средини. Таа ја нагласува и важноста на солидарноста и коалицирањето меѓу различни женски организации, кои се институционално оформувани со различни модели – од централизирани чадор организации до автономни, децентрализирани. ЕСЕ, иако започнува со акутни интервенции, рано развива критички и системски пристап кон женскиот активизам.

*„Почетоците на ЕСЕ, односно 1994 – 1995 година беа скромни, во смисла на тоа дека нашите напори беа насочени кон прашања што ги наметна транзицијата на премин од едно општествено уредување во самостојна држава, со поинакво општествено уредување. Прашањето на образованието, здравјето на жените, можностите за вработување и тоа посебно за маргинализираните и жените од руралните средини беа прашања околу кои започнавме дискусија. Во спроведување на активностите соработувавме со повеќе новоформирани организации како што се ДАЈА, Лигата на албанската жена, СОС линијата на Организацијата на жени на град Скопје и др. Со други зборови, почетоците повеќе беа спонтани и пред сè се состоеја во хуманитарна помош и справување со последиците, а не системски промени. Во смисла на организираност, дел од организациите преставуваа чадор организации со ограноци. ЕСЕ во таа смисла се разликуваше од нив и претставуваше еден поинаков начин на функционирање и работење.“*

Формирањето на ЕСЕ, според сведоштвото на Фришчиќ, не е резултат на однапред артикулирана стратегија, туку таа произлегува од потребата да се дејствува во услови на криза. Нејзината рефлексија ги покажува почетоците како импровизирани, базирани на конкретни потреби на теренот. Според Фришчиќ, тоа е клучно за разбирање на начинот на кој политичкото дејствување на женските организации произлегува од секојдневната реалност, а не од апстрактна теорија.

*„Оттаму, периодот од 1998 до 2004 година преставуваше клучен период за дефинирање на определбите, но и на начинот на работење на ЕСЕ. Здравствената едукација и женското здравје, женските човекови права, семејното насилство, зголеменото учество на жените во политиката и*

*одлучувачките структури, жените и економијата итн. беа во фокусот на нашиот интерес. Но, работевме и со жените затворенички, работевме на едукативни програми за родова сензитивизација на средношколската младина, и на јакнење на капацитетите на женските граѓански организации за здравствена едукација. Воведовме обезбедување на правна помош и застапување за жените што претрпеле семејно насилство и обезбедување на здравствени информации и услуги. Подоцна воведовме и програма за јавна политика и добро владеење, како и Оддел за развој на ЕСЕ. Овој условно речено програмски развој на ЕСЕ беше следен со институционален и развој на човечките капацитети на ЕСЕ, прашање на кое сме му полагале подеднаква важност во минатото и сега.“*

Фришчиќ ја отвора клучната тема на финансиската зависност на граѓанските и женските организации од донаторски средства, укажувајќи на системска неуспешност на државата да обезбеди структурна поддршка и одржливост. Таа го проблематизира не само отсуството на национална стратегија за поддршка на граѓанското општество туку и фрагментираноста на донаторските политики, кои понекогаш се во меѓусебна колизија. Овој увид го открива парадоксот на развојната помош: наместо континуитет и институционално јакнење, често се повторуваат веќе спроведени иницијативи, што резултира со неефикасно трошење на ресурси и стагнација наместо прогрес. Анализата укажува на потребата од координиран и одговорен однос и од страна на државата и од донаторите, како предуслов за вистинско јакнење на женскиот граѓански сектор.

*„Работата на целиот граѓански сектор, вклучувајќи ги и ’женските‘ граѓански организации, се заснова на поддршката на развојните агенции и донаторските организации. Тоа значи дека државата до денес не изнајде решение и покрај обидите да го поддржи граѓанскиот сектор, а со тоа и женските ГО, а наедно не предложи и решенија за одржливост на ГО. Ова е едно од најгоречките прашања кога зборуваме за местото и улогата на граѓанскиот сектор во нашата земја. Но, за жал сум сведочела и на моменти во кои активности и заложби поддржани од една развојна агенција/донатор, а спроведувани од страна на ГО биле погазени од страна на друга агенција/донатор. Еднаш постигнатото, наместо да се надогради, се повторува повторно и при тоа се трошат милиони долари.“*

Давајќи критичка процена на состојбата со родовите политики и женскиот активизам, таа ја потенцира длабоката дискрепанца помеѓу формалните заложби на институциите и нивната реална имплементација. И покрај вложените напори во создавање инфраструктура – политики, закони, стратегии – тие остануваат празни формалности без буџетска поддршка и реални ефекти. Фришчиќ укажува дека

женските организации се маргинализирани и насочени кон сопствениот опстанок, наместо кон широка општествена трансформација. Во оваа анализа се открива фрустрацијата од симболичниот, но не и суштински прогрес, и се нагласува потребата од суштинска поддршка на женскиот активизам како клучен носител на родова еднаквост. Истовремено, со самодефинирање на ЕСЕ како феминистичка организација посветена на економските и социјалните права, Фришчиќ ја позиционира како глас на отпор и системско дејствување во контекст на институционална инертност.

> *„Никогаш по природа не сум била песимист, но сепак кога ќе се направи ретроспектива, може да се каже дека и покрај енормно многу напори вложени во градење на родова машинерија и политики што ги обврзуваат државните институции да планираат/буџетираат со цел остварување на родова еднаквост, резултатите не ветуваат многу. Женскиот активизам и организациите или неформалните групи што се занимаваат со ова прашање се маргинализирани и се занимаваат со својот сопствен опстанок. Подолго време активностите на државните институции се сведуваат на усвојување и менување на политики, а не и на нивна имплементација. Се менуваат закони, без финансиски импликации, се носат стратегии без финансиски средства алоцирани од државата... или ако се предвидат, се предвидуваат незначителни финансиски средства... женскиот активизам треба и мора да биде поддржан, со цел да овозможи гласот на жените да се слушне и тие да бидат изворот за идентификување на проблемите, но и на решенијата за нивно разрешување. Уште повеќе тие треба да бидат вклучени во застапување на своите интереси... За ЕСЕ можам да кажам дека е феминистичка организација. Работиме на постигнување на еднаквост на жените на полето на економските и социјалните права.“*

Фришчиќ во однос на современиот женски активизам зазема охрабрувачка, но трезвена позиција. Таа ја нагласува потребата од негово континуирано негување, без оглед на формата, укажувајќи дека, и покрај неповолната општествена клима, денешниот активизам е поброен, поорганизиран, посолидарен и поинволвиран во институционалните процеси. Овој став открива не само историски континуитет туку и значаен напредок во политичката зрелост и видливост на женските иницијативи – кои, од маргинални гласови, се трансформираат во дел од јавниот и политичкиот дискурс, со учество во процесите на известување и застапување на човековите права.

> *„Искрено мислам дека, без оглед на формата, женскиот активизам треба да се негува и охрабрува. Претпоставувам дека општествената клима*

*подеднакво неохрабрувачки дејствува и на ГО и на неформалните иницијативи. Сегашниот женски активизам би го опишала како поброен, поорганизиран и здружен. Секако и далеку поинволвиран во процесите на донесување одлуки и присутен во известувањето кон телата за човекови права. Видлив и неспорен е напредокот во женскиот активизам од почетоците досега...“*

### *Содржинска анализа на интервјуто со Даниела Димитриевска*

Димитриевска во согледбата за континуитетот и трансформацијата на женското движење во Македонија од независноста до денес нагласува дека, и покрај променетите облици на организирање, суштинските прашања и заложби останале речиси идентични со оние од претходните генерации. Таа ја потенцира транзицијата од поранешните форми на активизам кон нови модели, структурирани преку невладиниот сектор, при што активизмот добива поинаква конфигурација – поспецијализиран, тематски насочен и адаптиран на предизвиците на новото време. Со ова, женското движење не ја губи својата ангажирана суштина, туку, напротив, ја акцентира својата стратегиска функција, користејќи иновативни алатки за артикулација на граѓански интереси. Новите форми на дејствување претставуваат еден вид модернизирана практика на истите вредносни темели, при што жените остануваат централни актери во јавниот и општествениот простор, но сега преку пофлексибилни и технички поагилни платформи:

*„Женското движење по независноста на Македонија продолжи да се развива и да се модификува на новите времиња, новите начини на организирање и промоција на женските права и прашања, но во суштина заложбите на претходните генерации не беа многу поразлични од движењето кое беше организирано по независноста. Истите прашања и проблеми, но поинакво организирање и поинакво дејствување. Со формирање на невладините организации се модификуваше активизмот. Се фокусираше на прашања од интерес и јавуваше нови алатки за промовирање на прашање од интерес на граѓаните.“*

Димитриевска ги посочува нормативните промени кои го поставиле темелот на родовата рамноправност во Македонија, прикажувајќи ги жените како полноправни субјекти во јавниот, економскиот и политичкиот живот. Таа историски ги легитимира стекнатите права преку референции кон жените од АФЖ, создавајќи генеалошки наратив на еманципација. Особено го истакнува

долготрпниот борбен процес зад денешните права, нагласувајќи дека македонските жени во одредени аспекти биле и пред своето време. Така, таа ревалоризира историските актерки од социјалистичката еманципаторска матрица како основа на современата родова рамноправност.

> *„Според мене промените кои обезбедиле: право на глас и право да се биде избран на која било позиција; право и пристап до образование и работа; право на сопствен имот; правично наследување на имот без разлика на полот; право на сопствена сметка; право на земање на кредит на сопствено име; ...се основа за рамноправноста меѓу жените и масите. Можеби овие права некому изгледаат вообичаени, но многу западни земји многу подоцна ги имаат усвоено. За поставувањата на овие темели треба во голема мера да им благодариме на жените од АФЖ, жените од партизанското и комунистичкото движење.“*

Димитриевска го опишува својот премин од пасивност кон активизам во студентското организирање, откривајќи родова стереотипизација и отсуство на политичка свест меѓу жените. Контактот со колешки од западноевропските земји ѝ донел феминистичка иницијатива, соочувајќи се со апатија од страна на студентките во македонското општество, што ја открива длабоката патријархална вкоренетост.

> *„Во тоа време немаше многу претседатели на студентски организации жени. Така, од сите факултети на Универзитетот 'Св. Кирил и Методиј', само две бевме жени..., Оваа мала бројка се рефлектираше и во изборот на националниот сојуз на студенти, каде од 15 места, само јас бев жена и мене ми го доверија местото на одговорна за култура. Во класификацијата ниту постоеше сектор за женски права, тоа се изнедри како потреба од соработката со европските институции на студенти. Така, кога европските студенти организираа конференција за женски права, беше поканет и нашиот сојуз на студенти и во момент на седница кога се чита поканата ме избираат мене за нов секретар за женски права. Јас првите сознанија по однос на женските прашања и женски активизам ги добивам во соработката со европските студентки, кои на повеќе организирани конференции дискутираат и за присуството на жените во одлучувањето, насилството, сексуалното насилство, безбедноста на факултетите и идните предизвици во професиите по завршувањето на студиите. Иако се обидувам да организираме настани од интерес на жените во универзитетот, не наидувам на позитивен импакт. И покрај целосната поддршка која ја добивам од моите колеги од извршниот одбор од сојузот на студенти, како и од претседателот и од претседателите на факултетите, сепак незаинтересираноста доаѓа од студентките.“*

Димитриевска го сместува женскиот активизам како проактивен политички актер во трансформативните процеси во Македонија, нагласувајќи дека државата го препознава движењето како партнер, а не само како критичар. Таа ја истакнува институционализацијата на родовата рамноправност преку мејнстримирање на еднаквите можности како обврска на сите институции. Женскиот активизам станува двигател на јавната свест и ретка сила што успеала да создаде консензус за родовите прашања како општествени, а не лични или партиски.

> *„Во минатите три децении најголема заслуга е што женското движење беше препознаено како мотиватор, иницијатор и организатор на општествени промени. Во изминатите триесет години, женското движење се обиде да постави голем број на прашања на политичка тема и тоа како семејното насилство, потребата на жените во политика, учеството на жени како гласачи, борба против злоупотреба на гласот на жената. Женското движење во овие триесет години го подигна интересот на јавноста за потребите на жените. Но и државата го препозна женското движење како партнер и барањето да се мејнстримаат еднаквите можности помеѓу жените и мажите низ институциите на системот.“*

Во таа насока Димитриевска го позиционира МЖЛ како единствена натпартиска и интерсекторска платформа која служи како мост меѓу различни жени – политички, етнички и професионални – обединети околу прашањата на родова еднаквост. Таа посебно го нагласува капацитетот на МЖЛ за заедничко дејствување и лобирање, при што не се задоволува со симболичка застапеност, туку активно влијае врз законодавството и политиките. Истовремено, се потцртува нивната стратегиска улога во внесувањето на родовите прашања во институционалниот мејнстрим – што имплицира борба за структурална промена, а не само за поединечни победи:

> *„Македонско женско лоби е платформа што ги обединува жените од сите политички партии, етнички заедници и професии, со цел да работат заедно на заеднички цели поврзани со женските прашања. Нашата препознатливост е во тоа што ги здружуваме женските движења и лобираме за законски измени и измени на политики. Можеме да се пофалиме дека нашето залагање и притисок ја ставија на политичка агенда мејнстримираната родова машинерија во институциите.“*

На прашањето дали постојат политичка волја и капацитет за навистина функционални и ефикасни механизми за родова еднаквост, Димитриевска го

проблематизира поимот „политичка волја“, нудејќи го како нешто што не претходи, туку произлегува од упорна, убедлива и организирана заложба. Таа ја дестабилизира идејата дека политичката волја е предуслов – напротив, ја дефинира како производ на верба, посветеност и стратегиско дејствување. Ова подразбира еден пристап „оддолу нагоре“ во кој активистите или застапниците не чекаат погоден момент, туку самите го создаваат, демонстрирајќи дека општествената корист е универзална, а не конфликтна. Притоа, акцентот е ставен на рационалната артикулација на проблемот и решенијата – како предуслов за мобилизација на поддршка, а со тоа и за создавање политички импулс:

> *„Мое мислење е дека за ништо се нема политичка волја, доколку нема луѓе кои веруваат во идејата и посветено, организирано се заложат за реализација на истата. Така се креира политичка волја. Така и за ова прашање. Секој оној кој сака да презентира некоја идеја и која треба да добие поддршка од политиката, треба да ја создаде таа политичка волја, преку посветено презентирање на проблемите и можните решенија, при тоа укажувајќи на предностите и добивките за целото општество, и дека никој од тоа нема да загуби.“*

Понатаму Димитриевска на прашањето дали жените имаат реална политичка моќ за промена, таа ја отвора темата за формалната и суштинската политичка моќ на жените, и прави јасна дистинкција меѓу квантитативната застапеност – овозможена преку квотите – и квалитативното учество, односно реалното користење на моќта:

> *„Жените фактички имаат политичка моќ, бројката добиена со квотата го укажува тоа. Проблемот е во што не сакаат, не знаат или се плашат да ја искористат.“*

Димитриевска во потпрашањето дали постои автентичен „македонски феминизам“ вели:)

> *„Апсолутно, Да. Кога нешто се организира, со наши луѓе, за наши потреби, за наши политики и со наши искуства, секогаш раѓа автентичност. Ние често сме се служеле со искуства најчесто од регионот, но и од Европа и Америка, но во исто време и тие користеле наши искуства, така да македонскиот феминизам е автентичен и во голема мера е за гордост, со оглед на голем број постигнати резултати во услови во какви што живееме, 30 години по осамостојувањето, со промена на систем, промена на вредности и градење на демократска држава.“*

Понатаму, таа во контекст на доживувањето на феминизмот во јавниот простор вели:

> *„Денес е проблем дефиницијата на тоа што е феминизам. Новите ветрови од запад во феминизам вклучуваат и дел од ЛГБТ+, како и мировни, еколошки, ваксерски и мн. други движења. Кога вака е спакувано сè во едно и истите актери за сè, се кријат зад транспарентот на феминизмот и на некои нови теории за нови правци во феминизмот, тогаш кај поголем број на граѓани ова се спротивставува на класичната позиција на феминизмот и раѓа недоверба и таа позиција генерално им прави штета на сите – и на 'класичните' феминисти и на 'новите' феминисти."*

Во контекст на кампањите против родовата еднаквост и правата на ЛГБТ заедницата, Димитриевска укажува на внатрешна напнатост во македонското женско движење меѓу класичниот феминистички дискурс и новите трансформации во поимањето на терминот „род". Таа, „родот" го гледа како флуиден и радикален поим што ја разградува основната критика на феминизмот. Нејзината загриженост е дека во стремежот кон инклузивност се губи јадрото на феминистичката анализа:

> *„Мое видување е дека спојувањето на сите борби за човекови права во едно е штета на сите. Сметам дека само една допирна точка помеѓу сите овие прашања и актери ја разводенува идејата и ги збунува луѓето, па така кога станува збор за неразбрани прашања – тогаш секогаш одговорот е негативен од јавноста. Движењето кое се преставува за родови движења во голема мера го злоупотреби терминот род којшто долго време се користеше за социјален конструкт врзан со половата одредница... Така, родот кој беше прилепен за полот, сега наеднаш полот е ирелевантен, туку чувството го детерминира родот. Така феминизмот кој се бореше девојчињата да не бидат врзани за розовата боја, а момчињата за сина, и ги сметавме за родови предрасуди – кога нежноста и чувствителноста не сакавме да ги припишуваме само на жените и цел на нашата борба е да се менуваат тие родови стереотипи, дека жените исто можат да бидат силни, а мажите сентиментални – одеднаш карминот, фустанот, лакот за нокти станаа синоним за родова одредница, која е флексибилна до непостоечки граници."*

Оттука Димитриевска во однос на несогласувањата за Законот за родова еднаквост од 2023 година вели:

> *„Имаше суштински несогласувања за законот. Јас бев во три работни групи кои го подготвуваа овој предлог-закон и постоеше отворена опозиција на тоа што се предлагаше... Овој закон немаше да ја подобри положбата на жените забележително, или немаше многу да влијае врз подобрување на правата на жените. Главна цел беше да се вметне родот како флуктуирачки во законска рамка, да отвори можност за сеопфатно*

*сексуално образование (кое впрочем беше ставено во предлог-законот), каде во училиштата покрај сексуално преносливи болести и теми поврзани со периодот на тинејџерството ќе се занимава и со родот.“*

Во однос на генерацискиот јаз меѓу постарите и поновите бранови феминистики во Македонија, Димитриевска го отвора прашањето на интергенерациските тензии и сложеноста на солидарноста во рамки на граѓанскиот сектор, посочувајќи дека јазот меѓу генерациите не е исклучок, туку природна појава која произлегува од различните историски, политички и социјални услови во кои тие се формирале:

> *„Нормално е да постои генерациски јаз, зошто различните генерации имаат различни искуства живеејќи во други времиња и со поинакви политички околности, секако и битките им се поинакви. Солидарност постои на одредени идеи и проекти, но генерално солидарноста во граѓанскиот сектор се поврзува во голема мера на заеднички проекти кои треба заедно да се изработат. Соработката секогаш била дискутабилна и поврзана со различни мотиви и влијанија.“*

На крајот во однос на согледувањата на иднината на женското движење и феминизмот во македонското општество, Димитриевска изнесува реалистичка и циклична визија за историјата, нагласувајќи дека напредокот не е линеарен, туку се движи во бранови на либерализација и реакција:

> *„Случувањата во историјата секогаш одат циклично – малку либерализам, малку конзервативизам – и така сè во круг. Мислам дека како и во Европа, и кај нас следниот период ќе биде малку потежок за жените, со оглед дека конзервативизмот се враќа во ’мода‘. Во меѓувреме треба да се работи и да се креираат нови сојузи, со нови идеи. Во иднина ние тешко може да предвидиме како вештачката интелигенција која зазема сè поголем замав ќе влијае врз општеството, начинот на живот и вработливоста. Секако дека овие промени во голема мера ќе влијаат и врз односите помеѓу мажите и жените, а како – останува да видиме.“*

### *Содржинска анализа на интервјуто со Љиљана Поповска*

Лилјана Поповска, во одговор како го оценува женското движење од независноста до денес, прави ретроспективна и истовремено концептуално структурирана периодизација на женското движење, која ја темели врз лично сведоштво и активно учество низ три децении. Таа го пресоздава развојот на

движењето **преку четири меѓусебно испреплетени, но истовремено јасно разграничени фази**, при што секоја од нив е обележана со сопствена динамика, институционален капацитет, идеолошка ориентација и политичко влијание:

> *„Женското движење во Македонија си има свој развој низ повеќе фази, на кои сум била сведок последниве 30 години. Според мое видување, би го поделила на 4 фази: 1) 1991 – 2000, период на зреење на женското движење; 2) 2000 – 2016, период на јакнење на женското движење и резултати; 3) 2016 – 2024, период на паралелизам во женското движење со јакнење на т.н. 'интерсекциско' феминистичко движење; 4) 2024 –..., обид за враќање на женското движење кон себеси, паралелно со постоење на современото 'интерсекциско' феминистичко движење, но допрва ќе се види исходот. Секоја фаза има и внатрешна динамика и промени.*

*1) **1991 – 2000**, период на зреење на женското движење: Кога ги запознав во 1994, постоеја големи мултиетнички мрежи:...*

> ***На личен план**, таа 1994 е клучна за моето вклучување во женското движење. Свртувајќи се околу себе, видов исклучително мал број жени на видни позиции во политиката, а во Собранието имаше само 4. Во периодот до 2000 имаше постепено будење на жените во политичките партии, формирање женски секции, клубови, форуми, но не во сите партии и не во етничките. Невладините активистки им приоѓаа за соработка и обуки за 'женските' теми. Партиските колеги немаа против, зашто на ова гледаа како на зајакнување на партиските структури, кои ќе можат повеќе да сработат на терен, а и како придобивање нови гласачи. Но влијанието врз партиските политики беше невидливо, освен кај мал број поединечни жени, кои и пред овие секции си имаа свое место и глас во партиите.*

*2) **2000 – 2016**, период на јакнење на женското движење и резултати: Ова е најплоден и најефективен за женското движење, кога се формираат трите најзначајни организирани женски структури – МЖЛ, Клубот и КЕМ. Во 2000 се формираше МЖЛ – **Македонското женско лоби** и почна интензивно и координирано да работи. Се направи нешто што изгледаше невозможно: се обединија во една заедничка структура лидерките на женските организации од различни сектори и со различно етничко, верско и политичко потекло.*

> *Во 2003 се формираше Клубот на парламентарки во Собранието, на иницијатива и организација на МЖЛ, како неформално тело, во кое членуваа сите пратенички, тој беше и мост и место за помирување во случаи на политички недоразбирања и кризи. Во 2006 се формираше **КЕМ – Комисија за еднакви можности на жените и мажите во Собранието**, како обврска од донесениот Закон за еднакви можности на жените и мажите. Потоа се формираше и целата **родова машинерија**, со локални КЕМ-ови, координатори, одделенија и сектори. На нејзини седници се разгледуваа политиките за рамноправност на жените и мажите, во присуство на експерти, институции на државно и локално ниво, граѓански активисти, медиуми и сите заинтересирани субјекти. Во првите 8,5 години колку што ја водев, КЕМ стана најактивната и најотворената*

*собраниска комисија и речиси сите одлуки ги носевме со консензус. Овие 16 години се период на широко и организирано дејствување на жените преку сите организациски форми...*

*3)* ***2016 – 2024****, период на паралелизам во женското движење со јакнење на т.н. ’интерсекциско‘ феминистичко движење: Ова е време на либерализација и иновации според најновите ЕУ директиви и внесување на концептот со флуидни родови во институциите. Се дградуваа сите закони што ги допираа прашањата на жените и мажите, се донесе Истанбулската конвенција за борба против насилство, либерализација на Законот за абортус, олеснет пристап до контрацепција, законите и мерките за жените се поврзаа интерсекциски со ЛГБТ лицата, се внесоа прирачници за сексуално образование во основните училишта со поделбата родител 1 и родител 2, а се направи обид и за носење на Закон за родова еднаквост и Закон за идентитет, кои предизвикаа бура во општеството и беа повлечени.*

*4)* ***2024 –…****, обид за враќање на женското движење кон себеси, паралелно со постоење на современото ’интерсекциско‘ феминистичко движење: Не знаеме до кога ќе трае и како ќе се развива оваа фаза... Не знаеме дали ќе има доволно сили во женските организации кои останаа женски, за продолжување на борбата со стереотипите на патријархатот. А таа борба е неопходна, зашто сите ние, и покрај сè, го живееме машкиот свет.“*

Понатаму, Поповска го издвојува формирањето на Македонското женско лоби (МЖЛ) како пресвртна точка во историјата на женскиот активизам, подвлекувајќи ја неговата трансформациска улога – од граѓанска иницијатива во влијателно движење:

*„Формирањето на Македонското женско лоби (МЖЛ) во 2000 го сметам за најважна иницијатива, со најмалку три исклучителни придобивки: 1) дотогашниот женски активизам го издигна на ниво на политики за жените, нивните права и местото во општеството; 2) ги обедини жените од различно потекло – етничко, верско, политичко, но и од различни сектори – политичарки, претставнички од институциите, граѓански активистки, новинарки и уреднички, експертки и интелектуалки од разни области, синдикални активистки, кои работеа според етички кодекс за јавно ненапаѓање; 3) даде придонес кон мирот и поголема кохезија на нашето мултикултурно општество, обезбедувајќи интеркултурно дејствување на подолг рок. Македонското женско лоби од иницијатива прерасна во движење на жените во Македонија и практично половината од популацијата во период од петнаесетина години пулсираше координирано, фокусирана на заеднички поставените цели и радувајќи се заеднички на секоја мала или голема победа во интерес на жените“*

На прашањето кои иницијативи за родова еднаквост во изминатите три децении ги смета за најважни, Поповска прави јасна дистинкција меѓу нормативниот напредок и практичната ефикасност во областа на родовата еднаквост:

> *„Има огромни разлики, секако, пред сè во донесени закони усогласени со европски директиви... Најголемиот напредок е во 7-кратното зголемување на учеството на жените во Собранието и во локалните совети (од 6,6 % и 5,5 % на 42 %), но и на раководни места во јавната администрација. Во поглед на борбата против насилството врз жените е изградена институционална инфраструктура од закони, правилници и институции, но тие не даваат задоволителни резултати. Донесена е и регулатива за заштита и постапување при дискриминација, сексуално вознемирување и мобинг на работно место. Законски се регулирани поддршки на жени во бизнисот, рурални жени, жени менаџерки, жртви на насилство и др., за што се издвојуваат и конкретни средства.“*

Поповска на прашањето дали постои политичка волја и капацитет за функционални и ефикасни механизми за родова еднаквост во македонското општество вели:

> *„Директниот одговор е да, постои политичка волја за ’родова еднаквост‘, сфатена како еднаквост во правата и можностите помеѓу двата рода, машкиот и женскиот. Ова ни е позитивно наследство од социјализмот, кога овој принцип се почитуваше, па имавме исти права пред законот и исти плати...“*

Но, Поповска јасно прави разлика меѓу две значења на терминот „родова еднаквост“: класичниот, фокусиран на правна и општествена еднаквост меѓу жените и мажите – кој, според неа, има поддршка и историски континуитет – и поновиот, флуиден концепт на род, кој не наидува на истата политичка волја и разбирање. Таа изразува резерва кон вградување на ЛГБТ+ прашањата во женското движење преку законски рамки кои, според неа, може да предизвикаат конфузија и отпор:

> *„...Но, не гледам да постои волја за ’родова еднаквост‘ сфатена во смисла на флуидна припадност на еден или повеќе од стотина родови. Постои потполно несогласување помеѓу застапниците на двата концепта и дефиниции за родот. Мислам дека голем број и од оние политичари кои се залагаа за ’модерно‘ сфатена ’родова еднаквост‘ не беа докрај запознаени со целосното значење на дефинициите, предложените мерки и последиците од закон за родова еднаквост. За да нема забуна, последниве години од застапниците на првиот концепт се преферира терминот ’рамноправност‘ наместо ’еднаквост‘ помеѓу двата пола или двата рода. Во женското движење во кое влегов и се борев 30 години, ни*

*беше јасно за кого и за што се бориме: за жените, нивните права и подобрување на статусот во општеството, против машката доминација од патријархатот, како и против предрасудите и стереотипите кон женскиот род, наследени низ вековите, за право да одлучи за сопственото тело и за абортус. Ги употребувавме и терминот рамноправност и еднаквост, секогаш мислејќи на жени и мажи. И никој не беше збунет, ниту имаше отпор од широката јавност. Напротив, борбата на жените се примаше како нешто позитивно и женското движење, јакнеше и стекнуваше поддржувачи меѓу жените и мажите со години по ред. Малку подоцна од женското движење, во Македонија се отвори и движењето на ЛГБТ лицата, нивното право на слободен живот и недискриминација од институциите и од јавноста, против говор на омраза кон нив и физички напади.“*

На прашањето за постоењето на автентичен „македонски феминизам“, Поповска го валидира постсоцијалистичкиот женски активизам како локално втемелен облик на феминизам, кој низ години борба успеал да мобилизира широка поддршка – особено од жени, но и од еманципирани мажи:

*„Мислам дека женското движење што го изградивме низ децениската борба беше автентичен ’македонски феминизам‘, кој беше масовно прифатен од жените, со симпатии гледан од мажите, а и поддржан од еманципираните мажи... Иако не секој би го употребил зборот ’феминизам‘ за нашето женско движење – повеќе ’борба за женски права‘, во превод и адаптација.“*

Поповска на одговор на потпрашањето дали феминизмот во јавниот дискурс се перципира како радикален или неразбирлив поим вели:

*„Феминизмот сè уште е збор што треба да се дообјаснува. Има жени за кои тој сè уште се доживува како нешто радикално, па знаат да се оградат: ’Јас сум за женски права, ама не сум феминистка.‘ Во крајна линија, тоа и не е од суштинско значење. Битно е ако некој има желба да биде ’борец за женски права‘, да има ентузијазам за активизам и идеали за подобар и поправеден свет во секоја смисла, за секого.“*

Во однос на кампањите против родовата еднаквост и правата на ЛГБТ+ заедницата, Поповска се осврнува на предлог-законот за родова еднаквост и го критикува во насока дека тој бил неуспешен обид за закон, настанат од вештачко спојување на два веќе постојни, функционални закони – за еднакви можности и за спречување дискриминација:

*„Изготвувачите на Закон за родова еднаквост добиле нерешлива задача – да спојат два закона во едно. Така од два добри закона добиле неуспешен ОБИД за закон. Законот за еднакви можности на жените и мажите и*

> *Законот за спречување и заштита од дискриминација се донесени со транспонирање на европски директиви во македонското законодавство. Тие функционираат онолку колку што се силни институциите, па поголема ефективност треба да се бара преку институционално јакнење и подигање на свеста, а не преку поништување на законите и правење некаков НАДЗАКОН. Поставувајќи си за цел да ја заштити и унапреди положбата на жените и на ЛГБТ лицата во општеството, што е легитимно како општа цел, прави неуспешна компилација на одредби од двата закона. Со ваков предлог-текст и укинување на Законот за еднакви можности на жените и мажите, се гази по женската борба за рамноправност и се разблажува со други агенди, како да е небитна. Се поништува женското движење за еманципација на сите жени од различно културно миље, за излез од патријархатот и активно вклучување во развојот на државата. Со ваков текст се наштетува и на движењето за правата на ЛГБТ лицата за достоинствен живот... Да заклучам. Измешани целни групи, измешани мерки, надлежности на институции. Кога овој текст би станал закон и обврска на државата да постапува според него, би се создал потполн институционален и општествен хаос.“*

Поповска го проблематизира генерацискиот и идеолошкиот расцеп во женското движење, истакнувајќи дека денес сѐ поретко се гледаат солидарност, меѓусебно разбирање и почит. Таа укажува дека поделбите не се строго генерациски, туку се водат по линија на пристапот кон феминизмот, каде што интерсекциските ставови доминираат кај помладите, но не се исклучиви за нив – постојат и возрасни со исти убедувања:

> *„За жал, веќе не гледам солидарност, ниту меѓусебно разбирање, а најмалку почитување. Има големи поделби по идеолошка линија, кои сме ги немале порано, кога сме знаеле за што и против што се бориме. И поделбите не се строго генерациски. Да, најголем дел од застапниците на интерсекциски пристап во феминизмот се од помладите генерации, но има и повозрасни претставници со истите убедувања. Од друга страна, кај противниците на тој пристап има и млади жени, кои се придружуваат кон ставовите на повозрасните феминистки и ја преземаат борбата. Но, она што посебно ме загрижува е што гледаме и млади жени кои не само што не се феминистки, борци за женски права туку се приклонуваат кон патријархалниот образец на однесување и улогата на жената во домот, со целосна зависност од машката глава во фамилијата, ’разбирање‘ за семејно насилство од кој и да е вид и сл. Всушност, јавните, понекогаш жестоки расправии во женското движење не само што го ослабеа движењето туку нанесоа штети во светогледот и еманципацијата на дел од помладите генерации жени, враќајќи ги назад во патријархалниот образец.“*

На крајот во однос на прашањето како ја согледува иднината на женското движење и феминизмот во македонското општество, Поповска се осврнува на

моменталната глобална состојба како период на длабоки потреси и редефинирање на основните поими кои се темел на женското движење, но и на самата цивилизациска рамка. Таа инсистира дека борбата за рамноправност сè уште се води во милениумски машки свет, но предупредува дека е неопходно „чистење на теренот“ – т. е. јасно разграничување на целите и субјектите на борбата, без мешање на различни агенди, како што се женските и ЛГБТ движењата:

> *„Во моментов на светско ниво се случуваат огромни потреси, се редефинираат основните поими и дефиниции клучни за женското движење, но и за светската цивилизација... Борбата за рамноправност на жените и мажите ќе продолжи, ние сме сè уште во милениумскиот машки свет. Но, треба да се избистри теренот, да се знае кој за што се бори, да не се испреплетуваат движењата и борбите, на жените и на ЛГБТ лицата... Сè на сè, ’модерниот феминизам‘ каков што се наметнува кај нас и во некои средини надвор, покрај конфузијата, направи големи штети на тешко изборените позиции на жените во општеството, а исто така и на свеста и еманципираноста на жените. Женското движење е расцепкано, со сосем различни приоритети и слабо, многу слабо. Потребни се некои нови лидерки изнедрени од современите услови, со нов, силен ентузијазам за активизам и моќ за нови мобилизации и нова критична маса за позитивни работи од интерес на жените.“*

### *Содржинска анализа на интервјуто со Марија Савовска*

Марија Савовска, одговарајќи на прашањето за почетоците на „Акција Здруженска“ и нејзините активности во тој период, се осврнува на контекстот во кој организацијата е основана – време на историски и општествени преодности, во кое женскиот активизам сè уште беше оптоварен со идеолошките матрици на поранешниот социјалистички систем. Во такви околности, „Акција Здруженска“ се појавува како иницијатива што носи нов квалитет и ново разбирање на феминистичкото дејствување, со јасно артикулирани цели и визија. Савовска посочува дека организацијата, формирана од локални активистки, уште од самиот почеток дејствувала паралелно на две стратегиски оски: од една страна, кон влијание врз креирањето политики за родова еднаквост и унапредување на женските права, а од друга – кон јакнење и поддршка на локалниот женски активизам:

> *„’Акција Здруженска‘ беше основана од локални активистки и од самиот почеток имаше две клучни насоки на работа: првата беше насочена кон промени на политики за еднаквост и унапредување на правата на жените, а втората кон зајакнување и поддршка на локалниот женски активизам. Организацијата го пополни просторот помеѓу академската теорија и теренската практика..., се работеше и на промена на изборната легислатива за да се овозможи поголемо учество на жените во процесите на одлучување. Клучни теми во тој период беа насилството врз жените и политичкото учество, но многу малку се зборуваше за институционалниот сетап и начинот на кој институциите реагираат на проблемите што произлегуваат од транзицијата, како што се невработеноста и порастот на насилство врз жени. Ние дејствувавме на две нивоа – локално и национално – што беше предизвик, но нашата предност беше тоа што имавме увид во реалниот локален контекст и истовремено го следевме и мониториравме и дејствувањето на централните институции. Тоа ни овозможи да дадеме квалитативен придонес, нешто што тогаш недостасуваше.“*

Марија Савовска, осврнувајќи се на односот меѓу теоријата и активизмот во првите години од дејствувањето на женските организации, вели дека тогаш феминизмот сè уште не беше прифатен како поим, но дека организациите, иако без експлицитна феминистичка самодефиниција, дејствувале во феминистичка насока – преку залагање за спречување насилство, учество во одлуки и промоција на права. Таа укажува дека феминистичката теорија главно се третирала како академска, елитна дебата, недоволно присутна во граѓанскиот сектор, но со појавата на школи за родови студии и иницијативи како „водичот за родова и феминистичка терминологија“ што го објави „Акција Здруженска“, почнува да се гради мост меѓу теоријата и практиката:

> *„Во тоа време, феминизмот не беше прифатен како поим. Но, кога организациите се ставаа во позиција да размислуваат за вредности и права во македонскиот контекст, почнуваа да разбираат дека всушност веќе дејствуваат феминистички – се залагаа за спречување на насилство, учество во донесување одлуки, итн. Во однос на теоријата, морам да кажам дека таа дебата беше елитна, се водеше во академската заедница, а многу малку во организираните женски форми. Имаше школи за женски и родови студии кои почнаа да ги привлекуваат и активистките, па почна да се подига свеста за теоретските пристапи. ’Акција Здруженска‘ изработи водич за родова и феминистичка терминологија за да го олесни неформалното образување на организациите. Денес веќе има кадар кој е добро подготвен, родовите студии станаа дел од нормата, технологијата овозможи пристап до информации и младата активистичка заедница е многу понапредна, но често живее во ’меур‘... Мојот личен придонес беше и во промоцијата на родови студии додека*

*работев во Фондацијата – бев во контакт со академска литература и можев да направам мост помеѓу академската теорија и активизмот.“*

Одговарајќи за поврзувањето на женскиот и ЛГБТИ+ активизмот, Марија Савовска укажува дека првите организирани форми на ЛГБТИ активизам во Македонија се појавија дури откако првиот активист јавно проговори, а тогаш женските организации, меѓу кои и таа самата, биле меѓу првите што им дале отворена поддршка:

> *„Првите организирани форми на ЛГБТИ активизам почнаа да се јавуваат дури кога првиот активист јавно проговори во медиумите. Тие природно бараа сојузници во женските организации, и ние бевме меѓу првите што јавно и без проблем им дадовме поддршка. Бевме дел од мрежата за борба против хомофобија и трансфобија. Феминизмот како вредносен систем и политичко движење секогаш ни бил насока, но недостасуваше поширока јавна промоција, можеби затоа што заедницата беше мала... Но морам да кажам дека постоеше и притисок врз женските организации – често беа обвинувани дека не поддржуваат доволно, наместо да им се понуди разбирање и стратегија. Тоа создаде иницијални тензии, а потоа и идеолошки судири. Идентитетската политика донекаде прави штета – на практично ниво е нефункционална. Затоа, застапуваме системски пристап кој ќе направи промени во институциите, не само во рамки на недискриминација, туку и во начинот на управување со институции и креирање политики... Ако зборуваме за жени како најширока политичка категорија, таа може да ги вклучи и транс жени и лезбијки, но мора да се внимава како се врамуваат прашањата за да се постигне промена без да се наштети на ниту една категорија. За нас, родова еднаквост не е само недискриминација – тоа е трансформација на општеството. Таа не може да се постигне само со кампањи, туку со добро дизајнирани и применети јавни политики. Феминизмот, според нас, мора да остане врзан и за телесната реалност на жените, бидејќи токму биолошката зададеност е основа за многу од нееднаквостите, како сексуална и работна експлоатација.“*

Марија Савовска го истакнува Законот за прекин на бременоста од 2013 година како клучен момент за повторна мобилизација на женските. Поттикот за отпорот биле т.н. „крвави кампањи“ со графички постери, кои според неа изгледале како увезена и скапо организирана стратегија. Оваа ситуација довела до првата поширока јавна дебата за абортусот, со протести, реактивирање на архиви и појава на координирани акции. Иако рестриктивниот Закон бил донесен, Савовска смета дека силната јавна реакција спречила поголема штета, сепак, последиците од самото носење на Законот останале значајни.

> *„Законот донесен во 2013 година навистина активираше поширока мобилизација, не само кај женските организации туку и кај други организации за човекови права. Тоа беше и период на засилени наративи за улогата на жената во општеството, а воедно и првите обиди за нејзино уназадување... Првичните реакции беа предизвикани од т.н. ʼкрвави кампањи' – Македонија беше излепена со постери со крвави фетуси. Се чинеше дека таа кампања е увезена и дека е многу скапа – постерите беа квалитетно изработени, а целиот настап изгледаше многу организирано. Првата поширока јавна дебата се случи токму околу прашањето за абортусот. Иако претходно имаше академски дискусии на таа тема, ова беше прв момент на јавна мобилизација, прв организиран протест, први реактивирани архиви на женски организации. Мене ми беше многу мило што обидот за рестрикции не успеа во целост – можеби поради големата јавна реакција. Но, сепак, законот беше донесен, и тој направи сериозна штета...“*

Савовска ја опишува сегашната состојба на женското движење и НВО секторот како длабоко исцрпена, не толку од идеолошки судири, туку поради хроничен недостиг на ресурси. Според неа, борбата за родова еднаквост денес се води во средини каде што верските заедници се централни актери во јавниот живот, додека основната инфраструктура изостанува. Таквиот дисбаланс ја покажува тежината на контекстот во кој дејствуваат активистите и ја истакнува потребата од долгорочни стратегии за справување со растечките антиродови влијанија:

> *„Денес, секторот е многу исцрпен и ослабен, не толку од идеолошки причини, туку поради недостиг од ресурси – исцрпен е, гладен е. За да се справуваме со силните антиродови движења, потребен е долгорочен пристап. Ние ги гледаме тие движења, бидејќи работиме на локално ниво. Има страшен притисок – во многу места низ Македонија, црковни одбори и верски заедници се главни организатори на социјалниот живот. Во секое село има верски објекти кои се градат како ʼрајски палати', а граѓаните ги поддржуваат со ентузијазам. Во исто време, тие села немаат улици, осветлување, јавен превоз или вода. Тоа е контекстот во кој ние денес се бориме.“*

Како крајна поента, Марија Савовска идентификува два пресудни историски моменти кои донеле пробив во женскиот активизам: воведувањето на родовите квоти и мобилизацијата околу правото на абортус. Овие настани, според неа, не биле краткотрајни реакции, туку долгорочни процеси кои успеале да иницираат значајна јавна дебата и општествен одек. Но, таа нагласува и клучен предизвик: женските организации најчесто се мобилизираат во услови на директна закана, додека во мирни периоди солидарноста и активноста опаѓаат. Оттука, неопходно е

да се развијат механизми за одржување на континуитетот и отпорноста на движењето и надвор од кризни моменти.

> *„Да сумираме: во историјата на женскиот активизам имаше два клучни моменти кои направија вистински пробив и овозможија поширока мобилизација. Првиот беше поврзан со воведувањето на квотите – односно, зголеменото политичко учество на жените. Вториот беше мобилизацијата околу правото на абортус, односно пошироко – репродуктивните права на жените. Овие два настана беа меѓу највпечатливите и најјавните активности што навистина предизвикаа јавна дебата околу конкретни прашања. За првпат се поставија теми кои добија поширок општествен одек, кои беа препознаени и коментирани не само во граѓанскиот сектор туку и во пошироката јавност. И што е важно – тоа не беше моментален изблик, туку процес што траеше повеќе години. Самите теми беа континуирано предизвикувачки, и со тоа овозможија подолгорочна мобилизација и дебата. Но, за жал, тоа се речиси единствените примери. Се чини дека женските организации успеваат да се мобилизираат кога се под директен напад. Кога има конкретна закана, тогаш се активира одбранбен механизам, се зголемува солидарноста, се гради фронт. Но, кога нема експлицитна криза, мобилизацијата ослабнува. Тоа е еден од предизвиците на движењето денес – како да се одржат континуитет и активност и во периоди без директни напади.“*

### *Содржинска анализа на интервјуто со Рајна Кошка-Хот*

Рајна Кошка-Хот го лоцира современиот феминистички дискурс во полето на критичката теорија, инсистирајќи на неговата хетерогеност како суштинска компонента на неговото дејствување. Таа укажува на зголемената звучност на женскиот глас низ книжевноста и уметноста, што во академската дебата останува отворено прашање – дали постои онтолошки засновано „женско писмо“ како специфичен облик на творечко изразување, особено во рамките на француската феминистичка школа. Кошка-Хот не се задржува на бинарната опозиција машко-женско писмо, туку го насочува вниманието кон гиноцентричноста како аналитичка алатка во разбирањето на текстовите создадени од жени:

> *„Хетерогено, како што е, општо земено, и феминистичката критичка теорија. Очигледно е сѐ погласното присуство на женскиот глас во сите книжевни жанрови, а секако и во уметноста. Останува современата критичка теорија да ги анализира и да утврди дали станува збор за, според француската школа на феминизмот, т.н. женско писмо, но мора да се напомне дека тоа тврдење е и денес предмет на дебата – дали воопшто*

*постои она што би можеле да го наречеме женско и машко писмо. Во основа би било интересно да се разгледа присуството на гиноцентричноста во современата литература од жени автори и уметници, односно дали гласот во тие дела – текстуалниот или визуелниот – е базиран врз женска перспектива и искуство. Во овој контекст може да го спомнеме примерот на романот Пиреј од Петре М. Андреевски каде што гласот на главниот женски лик е автентично женски, односно нејзиниот наратив е од женска перспектива и искуство иако се однесува на истите историски настани низ кои поминува главниот машки лик и е сосем различен. Интердисциплинарноста е секако присутна, особено во смисла на експериментирање со жанрови и форми/формати преку кои таа се приопштува. Во однос на јавниот дискурс, и визуелно и текстуално, во медиумите сведочиме на присуство на различни интердисциплинарни и мултимедијални форми на отпор кон присутната мизогинија или она што денес во општа смисла се нарекува токсична машкост.“*

Одговарајќи на прашањето за тоа како македонското женско движење ги интегрира феминистичките теории во контекст на современата критичка теорија, Рајна Кошка-Хот ја детектира зголемената експлицитност на социолошките, културолошките и општествените теми во јавниот дискурс, теми што се преклопуваат со клучните прашања на феминистичката критичка теорија и родовите студии:

*„Очигледно е сè поголемо присуство на социолошки, културолошки и општествени теми токму во тој јавен дискурс коишто ги засегаат и прашањата што ги поставува феминистичката критичка теорија, но и теориите од областа на родовите студии меѓу кои е и прашањето на флуидноста на концептот на род и пол. Тие сигурно не би биле толку присутни доколку во нашата средина претходно не биле промовирани постулатите и концептите на овие теории кои во своја основа го разгледуваат прашањето на социјалните промени... Во јавниот простор сведочиме, на пример, на подигнување на свеста во однос на легислативата преку примерот на третирањето на фемицидот или, пак, од лингвистички аспект, на промените во употребата на лични заменки – сè почесто среќаваме форма тој/таа – или употребата на феминативи. Интересен во оваа смисла е и концептот на т.н. феминизација на одредени професии каде што доминираат жените, но феминистичката теорија го воведува и поимот на 'стаклен плафон' – со други зборови, го поставува прашањето на процентот на застапеноста на жени во тие професии на високи раководни позиции.“*

Во насока на тоа како социо-културните претстави за женското тело и идентитет влијаат врз јавната перцепција и улогата на жените во македонското општество, Рајна Кошка-Хот го проблематизира континуираниот судир помеѓу два антитетички светогледа – андроцентричниот и гиноцентричниот – кој не само што

ја маркира современата културна конфигурација на македонското општество туку се вгнездува и во глобалниот дискурс за родовата хиерархија. Таа го лоцира патријархатот како доминантен општествен поредок, во кој машката перспектива ја диктира нормата на социо-културолошките толкувања, а женското тело останува редуцирано на објект на визуелна и симболичка експлоатација. Културолошката матрица, според неа, останува длабоко инфилтрирана со традиционални модели на перцепција, каде што жената и понатаму функционира како Другото – објект на перманентна маргинализација и симболички отпор. Во тој контекст, нејзината анализа го кондензира дијалектичкиот однос меѓу индивидуалната агенција и колективната културна инерција, нудејќи остроумна слика за перзистентноста на родовите асиметрии и потребата од нивна непрекината критичка деконструкција:

> *„Како и секаде во светот така и кај нас, сè уште се наоѓаме во постојана состојба на судир помеѓу андроцентричниот и гиноцентричниот светоглед. Во патријархатот секако преовладува андроцентризмот, односно толкување на социо-културолошките феномени преку машка перцепција и искуство. Женското тело и понатаму се објективизира. Денес е тоа и поизразено заради експоненцијалното мултиплицирање на дигиталните медиумски формати кои вклучуваат не само текст туку е сеприсутно и визуелното. Интересен е примерот на филмот каде што преку т.н. male gaze, односно вкочанет машки поглед, поим којшто феминистичката теорија го презема од филмската феминистичка теорија, окото на камерата може да го објективизира женското тело, а можностите се денес далеку побројни. Но, и можностите за спротивставување се исто така побројни во смисла на борбата против мизогинијата и борбата за правото на сопствен став за сопствениот идентитет. Секако, како и секаде, и во македонското општество таа јавна перцепција е во тесна корелација со индивидуалните околности, општественото окружување и влијание но и традицијата. Перцепцијата на жената како Другиот е уште присутна, како и обиди за нејзина маргинализација.“*

Во својот одговор на прашањето дали постојат генерациски јаз и различни идеолошки стратегии во рамките на македонското женско движење, Рајна Кошка-Хот го отфрла поедноставниот концепт на генерациски јаз меѓу различните фази на феминистичката мисла, предлагајќи наместо тоа интерпретација што почива врз идејата за континуитет и еволуција на поимовниот и активистичкиот хоризонт:

> *„Не би го нарекла генерациски јаз. Мислам дека станува збор за природен тек на развојот на мислата за прашањата на поимите поврзани со женските движења и за улогата на полот и родот и во теорија и во*

*практика. Во 20-тиот век фокусот бил врз социо-културолошки прашања кои можеби се различни од тие кои му се инхерентни на 21-виот век, но нишката останува. Би можеле да зборуваме за генерација која се занимава/ше со истражување и проучување на феминистичката критичка теорија во академска смисла и со она што е исклучително важно, а тоа е приопштување на нејзините постулати, основни поими и концепти во нашата средина. Важно е да се нагласи и дека не станува збор само за теоретскиот аспект, туку и за апликативниот преку примената на критичкиот апарат со кој феминистичката критичка теорија оперира. Како во светот, така и кај нас, со развојот на граѓанското општество и современи дигитални медиуми и платформи, форматот се менува, но не и идеолошката матрица. Се менува форматот на стратегијата. Со други зборови, сведочиме на т.н. 4. бран феминистичко движење коешто ги промовира истите вредности, но сега во формат на протест, отпор и активизам преку различен формат.“*

### *Содржинска анализа на интервјуто со Боби Бадаревски*

Боби Бадаревски, одговарајќи на прашањето за тоа колку родовата перспектива е интегрирана во македонските универзитети, дава слика на еден сложен и противречен процес. Од една страна, тој признава дека постојат позитивни чекори и документи кои покажуваат желба за усогласување со европските стандарди за еднаквост. Но, од друга страна, укажува на големи пречки кои го забавуваат процесот – како отпорот што доаѓа од самите институции, политички влијанија и традиционални академски ставови:

*„Интегрирањето на родовата перспектива во универзитетското образование во Македонија се развива како навистина сложен процес, кој, иако е забележливо придвижен напред во одредени етапи и моменти, постојано се соочува со сериозни, повеќестрани предизвици од различни формални и неформални карактери. Од една страна, Македонија во последните години остварува конкретни формални чекори како одговор на своите заложби кон родовите политики и еднаквоста, а во рамките и контекстот на долгорочниот стремеж кон европските интеграции и исполнување на глобалните цели и стандарди за инклузивност и недискриминација. Како резултат на тие напори, од посебна важност се одредени значајни институционални акти и документи... Дополнително, усвојувањето на Планот за родова еднаквост (Gender Equality Plan - GEP), кој сега е задолжителен услов за пристап и учество во програмата Horizon Europe, значи дополнителен поттик и засилен импулс за системска интеграција и модернизација во рамките на македонските универзитети. И покрај овие несомнени позитивни исчекори и декларативни обврски, сепак неизбежно е да се посочи на значителните практични и структурни бариери кои сè уште го забавуваат овој процес и спречуваат негово*

*целосно реализирање во практика... Истовремено, не смее да се игнорира тој факт дека бариерите не се јавуваат само на ниво на неформални практики и културни перцепции, туку тие се манифестираат и како отворен политички и институционален отпор. Таквата состојба има и историски потврдени примери, како оној поврзан со прекинувањето на програмите по родови студии на УКИМ во академската 2012/2013 година, акт кој јасно послужи како индикатор за начинот на кој политичките и јавните притисоци можат сериозно да ги ограничат критичкото разбирање и преиспитување на традиционалните доминантни и конзервативни родови улоги... Во крајна линија, за постигнување вистински ефект во областа на родовата еднаквост и интегрирањето на родовата перспектива во македонските универзитети, потребно е овој процес да премине од декларативни и формални рамки во конкретни и континуирани практични активности.“*

Говорејќи за личниот однос кон родовите студии и нивниот развој во македонскиот академски контекст, Бадаревски ја вградува својата научна позиција како длабоко поврзана со еволуцијата на оваа дисциплина во земјата, при што ја истакнува и сопствената улога како сведок и учесник во нејзината институционализација и научна афирмација:

*„Мојата академска кариера со своите главни темелни вредности, интелектуални интереси и истражувачки пристапи навистина може да се види како тесно поврзана со појавата и развојот на родовите студии во Македонија. Ако се осврнам кон минатото и почетните години на развојот на оваа дисциплина, можам веднаш да забележам дека научниот дискурс околу родот во последните две децении помина низ значајна трансформација, при што постепено ја напушти маргиналната позиција и стана составен и признаен сегмент од општите општествени науки. Тогашните академски дебати беа пред сè инспирирани и иницирани од активизмот и неформалните академски школи, кои често се организираа преку граѓански организации и невладини здруженија и тимски проекти, што претставуваше продуктивна суштина преку која се отвораше прашањето за родовата еднаквост, дискриминацијата и социјалната правда. Тогашниот академски простор најпрвин се соочуваше со специфична отпорност кон прифаќање на родовите студии како легитимен и универзален научен пристап, сметајќи го за прашање кое има маргинално или најчесто второстепено значење... Како поединец и научник, активно учествував и ги следев трансформациите и движењата во научниот дискурс поврзан со родот, при што можам да сведочам и лично дека во последните години сериозно се променија не само почетната терминологија и јазичните изрази, туку и пошироката општествената и академска перцепција на самиот поим за родот. Дополнително, неизбежно е да се потенцира значајното влијание што родовите студии го имаат денес во пошироките општествени процеси во земјата. За разлика од минатото кога академските истражувања поврзани со родот беа скоро целосно игнорирани од политичките и институционалните структури, денешната состојба е значително поинаква, што е резултат на*

*промените во општествената свест и свеста на базичната политичката култура во Македонија. Истражувањата за родот денес се земаат предвид при креирањето на јавните политики и стратегиите за еднаквост и недискриминација, што доведува до поздрави и порамноправни институционални и правни рамки кои директно придонесуваат во намалување на дискриминацијата и нееднаквоста во општеството. Гледајќи во ретроспектива и споредувајќи ги промените кои се случија во овие две децении, уверен сум дека родовите студии денес имаат значително поголемо и појасно дефинирано влијание врз социјалниот, политичкиот и културниот живот.“*

Бадаревски го позиционира својот научен интерес на плодниот пресек меѓу филозофијата, когнитивните науки и родовите студии, при што се стреми кон критичко преиспитување на прашањата поврзани со природата и изворот на родовите разлики во когнитивното и неврокогнитивното функционирање:

*„Мојата работа и истражувачкиот интерес се развиваат на комплексниот и интересен пресек меѓу филозофијата, когнитивните науки и родовите студии, каде што особено внимание насочувам кон феноменот на родовите разлики при когнитивното и неврокогнитивното функционирање. Во оваа рамка, се наметнува важноста од разгледување и преиспитување на прашањето дали специфичните родови разлики во когнитивното функционирање приближно може да се објаснат и толкуваат како последица на вродени, биолошки предиспозиции или, сепак, таквите разлики пред сè мораат да се лоцираат во повеќеслојните и сложени социјални фактори кои ги обликуваат низ искуственото и културното милје. Разбирањето на ова прашање бара внимателна анализа и интегративен пристап, при што се земаат предвид современите истражувања од областа на когнитивната наука, филозофијата на духот, невронауката и социолошките читања за родот и половите. Врз основа на ваквите сознанија, во моите истражувања се застапува критички став во однос на доминантната бинарна класификација, со што сериозно се доведува во прашање традиционалната дихотомија за ’машки‘ и ’женски‘ мозок. Наместо тоа, родовите разлики во когнитивните и мозочните активности повеќе се карактеризираат како флуидни, контекстуално варијабилни и културно обликувани односно остварени во конкретниот општествен амбиент на човековото постоење, развој и социјализација. Така, струјата на размислување кон која тежнеам во моите истражувања и професионално дејствување се стреми да понуди комплексна но, во исто време, попродуктивна и посовремена интерпретација на когнитивното функционирање и половите разлики, интегрирајќи ги филозофските, когнитивните, невролошките и родовите перспективи во еден динамичен, недетерминистички пристап.“*

Бадаревски го отвора прашањето за трансформацијата на современите феминистички движења низ призмата на технолошкиот и научниот развој, при што ги нагласува нивната зголемена интердисциплинарност и методолошка отвореност:

*„Современите феминистички движења претставуваат исклучително динамично поле, сè поотворено и порецептивно за интегрирање на знаења и техники од различни научни и технолошки дисциплини како што се невронауката, информациските технологии и вештачката интелигенција. Оваа интердисциплинарност ја рефлектира потребата на феминизмот да одговори на новите предизвици и можности кои произлегуваат од општествените промени и глобалната технолошка револуција. Така, поврзувањето на родовите студии со областите како невронаука или вештачка интелигенција не значи само пасивно прифаќање на нивните начела, туку активна методолошка и теориска соработка која може да ги прошири перспективите на едната и другата област, истовремено формулирајќи нови можности за примена на знаењето во полза на општествената правда и еднаквост... Во тој контекст, интегрирањето на родовата перспектива во когнитивните науки и ВИ овозможува системско истражување и критичко преиспитување на технологијата не само како техничко средство, туку и како потенцијален агент за промовирање на еднаквоста и инклузивноста. Воведувањето ботови со ВИ како канал за ширење знаења и информации за родовите прашања има многубројни потенцијали: од една страна, тоа ќе овозможи брза и ефикасна трансмисија на клучни информации, максимална достапност и иновативна форма на интеракција и обука на различни целни групи во општеството. Од друга страна, како резултат ќе имаме и креирање конкретна и иновативна онлајн платформа за комуникација и далечинско учење во областа на родовата еднаквост, со што значително ќе се олесни пристапот на пошироката јавност до информации и истражувања од оваа област, поттикнувајќи ги јавната свест и разбирање на комплексноста на родовите прашања.“*

Разгледувајќи ги длабоките структурни и културни предизвици со кои се соочуваат родовите студии во Македонија, Бадаревски ја поставува критичката рамка на анализа низ призмата на системската неподдржаност, академската маргинализација и институционалниот отпор. Тој укажува дека родовите истражувања историски се развиваат во средина обременета со ограничени ресурси, недоволна политичка волја и доминантно конзервативни академски и општествени дискурси, што во голема мера го отежнува нивното институционално втемелување:

*„Родовите истражувања во Македонија, како и во повеќе други земји од регионот, историски гледано се изложени на различни форми на недоволна поддршка, кои опфаќаат како формални и институционални бариери, така и посуптилни форми на отпор во академската заедница и пошироко општество. Оваа состојба произлегува од нецелосното разбирање на значењето, улогата и потенцијалот кој родовите студии можат да го одиграат во подигнувањето на квалитетот на научните истражувања и општествено-културните процеси во Македонија. За да може ефикасно да се надмине оваа состојба, неопходно е да се развие модел на системска поддршка кој би овозможил потполна интеграција на родовата перспектива во рамките на сите области на академската и*

*истражувачката заедница, но истовремено и во институционално-општествените структури на државата. Принципот на гендер мејнстриминг инсистира на тоа дека родовата перспектива не треба да остане специјализирана во одреден сектор или област, туку, напротив, таа мора да биде вклучена како транспарентна, суштинска и интегративна компонента во сите стратегии, активности и политики кои ги формулираат и спроведуваат универзитетските институции и државните власти... Меѓу главните предизвици при имплементирањето и интегрирањето на родовите студии во академските и општествените структури во Македонија секако е и длабоко вкоренетиот конзервативизам и патријархалноста во научните, социјалните и политичките средини. Оваа ситуација често резултира со силен, порано изразено неформален, па дури и формално-институционален отпор против научните и образовни активности поврзани со родовите прашања, како на пример затворањето на програмата по родови студии на УКИМ во 2012/2013, кое е директен пример на институционален отпор што пречи на напредокот во оваа област. Ваквиот отпор не само што претставува сериозна пречка за развојот на родовите истражувања и академските програми туку и негативно влијае врз поширокото разбирање и признавање на важноста и критичкото значење што родовите прашања го имаат за целокупниот општествен развој и демократизација. Конечно, вистинската интеграција на родовите студии во академските и општествените структури подразбира не само формална и декларативна поддршка, туку и суштинска посветеност од страна на државните и универзитетски институции.“*

### *Содржинска анализа на интервјуто со Магдалена Стојмановиќ*

Магдалена Стојмановиќ нуди длабоко лично и општествено втемелено размислување за значењето на образованието, особено за жените. Таа го нагласува образованието како најважен процес во животот на поединецот, но со акцент дека за жените тој процес носи уште поголема тежина поради традиционалните и родово ограничувачки општествени рамки:

*„Образованието е најважниот процес во животот на секој поединец, особено ако е жена... сметам дека образованието треба да биде приоритетна дејност за секој поединец, но зошто велам особено ако е жена? Во нашата средина, особено онаа од која јас доаѓам и во рамки на која сум го градела сопственото искуство, се прават децидни разлики помеѓу машките и женските деца. На машките деца полесно им се простуваат животни грешки и тие имаат поголема слобода. Дури понекогаш мислам дека средината ги стимулира машкиот безобразлук, конфликтност и ароганција, што се исклучително негативни карактеристики бидејќи верува дека на тој начин се раѓаат ’мангупи‘, во спротивно ги имате епитетите ’нежен маж‘, ’папучар‘, ’мекуш‘ и сл. Додека жените се подготвуваат за друг тип на однесување кој е тесен и*

*тежок колку и викторијанските слоевити костуми... Образованието, особено општествените насоки во научниот поглед, ви помага да ги разберете социјалните односи, да го разберете потеклото на таа неправда и самоуверено да стоите до себе. Нема ништо посамоуверено и непоколебливо од образована жена и мислам дека образована жена е иднината на борбата за женските права. Образованието ви дава моќ која понекогаш ви е неопходна да се изборите за правата.“*

Споделувајќи ја својата лична трансформација во однос на перцепцијата за феминизмот, Стојмановиќ става фокус врз неразбирање и одбивност, кон длабоко разбирање и прифаќање на феминизмот. Таа искрено признава дека некогаш верувала во распространетата заблуда дека феминизмот е движење на жени кои ги мразат мажите – перцепција што ја делат многумина кои со индигнација гледаат на оваа идеологија. Ваквата искреност ѝ дава на нејзината рефлексија значајна сила, бидејќи го покажува патот на индивидуално еманципирање преку образование:

*„Јас бев жртва на заблудите дека феминизмот е движење на жени кои ги мразат мажите. Како и голем број на луѓе кои со индигнација гледаат кон феминизмот, сметав дека феминизмот не е област во која припаѓам. Благодарение на образованието успеав да расчистам со моите заблуди и да сфатам дека феминизмот го инкриминираат луѓе кои не го разбираат и за кои феминизмот претставува загрозување. Во суштина, јас феминизмот го разбирам како борба на жените да говорат во свое име бидејќи во минатото тоа обично го правеле мажите. Феминизмот е 'женскиот поглед на светот' и прикажување на проблемите од позиција на автентичен субјект. И така треба да биде. За мене неприфатливо е маж да говори во име на жената и обратно.“*

Одговарајќи на прашањето за нејзината професионална профилација како новинарка со подлабоко стојалиште и визија за ангажирана наука, Стојмановиќ упатува на тоа дека личниот светоглед – обликуван од социјалното и културното потекло, образованието и животното искуство – неминовно влијае врз новинарскиот пристап кон темите што се обработуваат:

*„Нашето социјално и културно потекло, нашето образование, искуство и верување влијаат во избор на теми кои ги работиме, начинот на кој им пристапуваме, па и слободните коментари кои ги даваме, оти сме личности кои не се исклучени од перцепцијата кон одредена тема. Во тој поглед новинарството е доста креативна професија, иако новинарот мора да се води од строги правила при обработка на една тема. Јас како новинар претежно обработувам теми кои се од социјален карактер затоа што благодарение на моето образование нив и најмногу ги разбирам, но не се воздржувам да учам нови работи и понатаму да продолжам да се развивам и градам во новинарството. Човек може да е стар за многу*

*работи, но никогаш не е стар да научи нешто ново. Неопислива радост доаѓа токму од учењето.“*

Перформативноста на јазикот е клучниот аргумент во книга „Политички говори и јавни настапи“ на Стојмановиќ, слично како и во делата на Џудит Батлер каде што „перформативноста“ е клучен аргумент и инспирација на третиот бран на феминизмот, Стојмановиќ во својот осврт се дистанцира од перформативната теорија на Џудит Батлер, претпочитајќи го поавтентичниот и телесно втемелен пристап на Симон де Бовоар, оттука и самите концепции на пол и род:

*„Јас не сум голем фан на Џудит Батлер, повеќе ми се допаѓа активизмот на Симон де Бовоар. И таа самата вели – како мажи и жени се раѓаме. Тоа се биолошки детерминизми од кои човек не може да побегне. Не контролираме, барем не сè уште, дали ќе се родиме со еден или друг пол, со дефицит, со одреден изглед и сл. Природата ги поставува своите закони, дури понатаму е човечка слобода. Во истата таа природа нема приоритетен пол и двата пола се ЕДНАКВО ВАЖНИ. И од природата треба да учиме, жените и мажите имаат разлики помеѓу себе, но тоа не ни дава за право ние да одредуваме кој пол е поважен, поубав, подобар од другиот. Тие категоризации ги прави човекот во својата желба за моќ, а не природата. Оттаму и терминот род мене ми е туѓ иако ми е јасен. Родот е општествена конструкција, наметнати улоги и хабитуси кон кои припадник на еден пол може да има отпор или да не чувствува како свои. И тоа е сосема легитимно, но она што не е легитимно е да се дава легитимитет на тоа што општеството наметнува. Таа бунтовност кон родовите улоги и хабитуси нема да ја постигнеме со просто именување и јазична терминологија. Јас сум родена како жена и тоа е мојата полова припадност, а како ќе се однесувам и живеам понатаму никако не зависи од мојот пол, ниту ќе добијам поголема слобода ако општеството ми го препознава и признава родот.“*

Одговарајќи на прашањето дали нејзиниот пристап би можело да се нарече ангажиран реалистичен феминизам, Стојмановиќ критички укажува на еден често занемарен сегмент во феминистичките и активистички дискурси – положбата на т.н. „мнозинска жена“, односно жената која не припаѓа на маргинализирана група, но чии проблеми остануваат недоволно видливи:

*„Она што јас го правам и што сакам да го постигнам е да се видат проблемите и на мнозинската жена. Имам впечаток дека повеќето активисти ги штитат маргинализираните, малцинствата и сл., што е за пофалба, но некако мнозинската жена им се излизгува од рака. За неа се претпоставува погрешно дека е вклапена во системот и дека е добро прифатена. Во суштина мнозинската жена со таквиот пристап е замолчена и нејзините проблеми не испливуваат на површина. Малку се зборува за тоа што една жена поминува низ текот на својата бременост,*

*отпуштања од работа, притисокот на општеството колку деца да имате и никогаш не се ’тамам‘ или се премалку или се премногу, ако имате едно, тогаш општеството ќе ви приговара, ако имате три, сите ќе сметаат дека само раѓате деца, ако имате две, зошто немате повеќе. Малку се зборува за тортурата и траумата која голем број жени ја доживуваат во текот на раѓањето на своите деца во ужасни породилни болки, медицината во 21 век не овозможува безболен пород на жени, а се вршат трансплантации и на мозоци. Никој не зборува за мајчинството и како се гледа на мајките на мали дечиња кои сакаат да градат свои кариери. Ги запоставуваат децата ако се амбициозни, ако не се, тогаш се само обични жени кои родиле дете. Тие работи се многу важни да се зборуваат, а ние сме затруени со теоретизација на тоа дали родот се совпаѓа со полот, за тоа како се гради идентитетот, а како се распарчува, за транс жени и мажи.“*

### *Содржинска анализа на интервјуто со Румена Бужаровска*

Бужаровска зборувајќи за идејата за „ПичПрич“ и како ја доживува нејзината општествена и културна важност, таа гледа на „ПичПрич“ не само како културен проект туку и како чин на отпор и еманципација, кој успеал да отвори многу табу-теми и да ги нормализира женското присуство и искуство во јавниот простор. Според неа, овој процес придонесува за создавање колективна меморија, зашто преку раскажувањето лични приказни, жените не само што се ослободуваат туку и ги архивираат своите искуства, чувства и перспективи – надополнувајќи ја историјата со она што таа традиционално го исклучува:

*„’ПичПрич‘ беше инспириран од фестивалот за раскажување приказни ’Причигин‘ што се одржува подолго време во Сплит, Хрватска, каде што имав настап во 2015 година што предизвика бурни реакции во нашата јавност. Потоа мојата колешка и пријателка Ана Василева ми пристапи со идеја да изградиме наша таква иницијатива, но во која ќе дадеме платформа на женските гласови кои се недоволно чуени во нашата јавност, а притоа ќе оддадеме почит и на женската традиција на усното пренесување на историјата и знаењето. Проектот се покажа многу успешен и влијателен, со што се отворија многу табу-теми и се нормализира присуството на женските приказни во јавноста. Се забележа големо ослободување на жените, како и интерес од јавноста да се следат ваквите женски, секојдневни приказни, при што се покажа и дека жените, во спротивно на патријархалниот норматив кој ги исклучува и од можноста да бидат смешни, имаат голема успешност во хумористичните настапи. На таков начин ’ПичПрич‘ всушност ја инспирираше и режисерката Софија Ристеска да почне со сопствени стендап настапи. Во регионот се покажа интерес кон нашата*

*иницијатива, зашто доаѓаа учеснички од странство кои беа фасцинирани од големината и успешноста на проектот, па дури имавме настап и во Белград. 'ПичПрич' беше инспирација и на Гуѕим Нухиу да направи верзија на албански од настанот, кој го носи името 'Tregime Pjeshkash' и неодамна имаше свој настап во Лондон."*

Во однос на предизвиците со кои се соочиле при градењето и одржувањето на иницијативата, Бужаровска посочува дека не се соочиле со значајни пречки:

*„Не се соочивме со посебни предизвици, освен организациски што се однесуваа на нашата преоптовареност со тековни обврски од кои ја обезбедуваме нашата егзистенција."*

На прашањето дали феминистичкиот ангажман во рамки на „ПичПрич" наидувал на отпор или негативни реакции – прашање што често се поставува во контекст на јавниот третман на феминистичките иницијативи во Македонија и регионот, Бужаровска исто така укажува дека не се соочиле со значајни предизвици:

*„Не се соочивме со некакви посебни предизвици освен повремени незначајни негативни коментари на социјалните мрежи. Напротив, наидовме на голема поддршка, разбирање и чувство на сплотеност."*

Нејзиното гледиште за можниот генерациски јаз на поновите и постарите генерации во женското движење, Бужаровска не го забележува како јаз, туку односот меѓу различните генерации феминистки го гледа како природна генерациска разлика која не создава идеолошки или други несогласувања:

*„Не би го нарекла тоа воопшто јаз. Тоа е обична генерациска разлика, но меѓу различните генерации феминистки во Македонија не наидувам во идеолошки или било какви други несогласувања. Напротив, работиме заедно, се дружиме и чувствуваме меѓусебна солидарност, радост и разбирање."*

***Содржинска анализа на интервјуто со Ирена Цветковиќ***

Ирена Цветковиќ го започнува својот активистички ангажман во блогосферата, каде што неформалните интернет-простори се претвораат во важни арени за изразување родово сензибилни и политички ставови. Нејзиниот блог

„Фемгерила“ се позиционира како мост помеѓу маргинализираните гласови и општествената јавност, отворајќи теми кои традиционалните медиуми ги занемаруваат или извитоперуваат. Во време на офанзивата против абортусот во 2006 година, нејзиниот блог беше првиот автентичен произбор јавен став, што ја изложи на притисоци и ја поврза со женските организации. Така, блогот станува не само простор за индивидуален израз туку и основа за граѓански иницијативи и структурирана политичка агенда:

> *„Блогосферата беше јавна платформа (тогаш единствена од таков вид) која дозволуваше јавен глас и јавна дискусија на луѓе кои ја немаа таа можност во традиционалните медиуми. Блогот 'Фемгерила' кој го водев јас го започнав без голема амбиција, односно со цел да бидам дел од јавна дискусија и да придонесувам на теми поврзани со феминизмот, квир политиките, ЛГБТИ прашањата итн. Сосема неочекувано за мене блогот стана еден од најчитаните блогови на македонски јазик. Она што беше уште поважно е тоа што тогаш мејнстрим медиумите (печатени и телевизии) често се инспирираа за темите кои ќе ги отвораат преку дискусиите на блогосферата. На тој начин, нашите дебати завршуваа како теми на телевизиите, но беа дискутирани од други луѓе. Во 2006 започна анонимната кампања против абортусот. Мојот блог беше првиот јавен глас кој ја застапуваше произбор позицијата. Токму затоа, медиумите почнаа пречесто да бараат изјави и ставови од мене. Во еден момент се почувствував преморено и преанксиозно заради тоа и така започнав да комуницирам со женските невладини организации. Најдов на интернет неколку вакви организации и им пишав имејл во кој ги замолив да преземат дел од дискусијата и да го адресираат прашањето. Единствено една организација прва мене ме исконтактира, а тоа беше 'Акција Здруженска'. Понатаму блогот го користев и како платформа за дискусија, но со поддршката од организациите дел од дискусиите успевавме да ги преточиме во вистински иницијативи.“*

Понатаму, таа отвора увид во процесот на институционализација на некогаш неформалните иницијативи поврзани со човековите права, особено оние кои се занимаваат со прашања од областа на сексуалната и родовата еднаквост. Преку нејзиното сведоштво, се детектира специфична транзиција – од активизам кој егзистира во маргините на формалниот правен и политички простор, кон структурирана организациска форма. Цветковиќ го контекстуализира настанувањето на Коалицијата Маргини како резултат на здружувањето на повеќе граѓански иницијативи, водени од прогресивни интелектуалци и активисти:

> *„Маргини пред да се регистрира постоеше како неформална коалиција од 5 здруженија на граѓани, а водена од Славчо Димитров и Жарко Трајаноски.*

*Кога во 2011 Маргини се регистрираше во согласност со тогаш новиот закон за здруженија и фондации, бев поканета да бидам дел од тимот.“*

Цветковиќ ја прикажува сложената слика на ЛГБТИ движењето во Македонија, нагласувајќи дека неговото јакнење предизвикува и отпор. Таа анализира три области: легислатива, општествени ставови и внатрешна консолидација, истакнувајќи бавен институционален напредок и непроменети негативни ставови. Сепак, гледа напредок во храброста и видливоста на заедницата како основа за долгорочна трансформација:

*„Би рекла дека паралелно се одвиваат два процеса: а) зајакнување на видливоста и политичката борба на ЛГБТИ заедницата и б) организирано мобилизирање против. Со други зборови, како што се зајакнува движењето, така се зајакнуваат и гласовите на отпор. Овие гласови постоеја и порано, но беа тивки затоа што и ние бевме тивки. Нашата мобилизација ја натера и спротивната страна да се организира и креира унифициран глас. За да зборуваме за состојбата, предлагам да се фокусираме на три полиња: а) легислатива и политики, б) општествени перцепции и в) зајакнување на ЛГБТИ движењето. Легислатива и политики: Напредокот е забележан, но е премногу спор. Клучна победа на ЛГБТИ движењето беше законот за недискриминација. Значи, нашата победа е мала и не толку историска. Во последните години успеавме да ги внесеме сексуалната ориентација и родовиот идентитет (СОРИ) како основи за дискриминација во неколку закони. Надвор од рамката на дискриминација, СОРИ речиси не е препознаен во легислативите и политиките. Општествени перцепции: Истражувањата покажуваат стабилност во негативните перцепции на граѓаните во однос на ЛГБТИ заедницата низ годините. Последното истражување на МЦМС покажа дека толеранцијата е најниска кон ЛГБТИ, Ромите и зависните од дроги. Влогот на здруженијата на граѓани во реформи од овој тип (промена на општествени ставови) не е доволен. Тука е потребен системски влог – преку политики, образование, медиуми, култура итн. Зајакнување на движењето: Напредокот е голем и забележлив. Движењето е помасовно, заедницата поохрабрена и видливоста е зголемена.“*

Цветковиќ го истакнува значењето на блиската врска помеѓу женскиот и ЛГБТИ+ активизам во Македонија, базирана на доверба и заеднички акции. Сепак, предупредува на можни разидувања поврзани со транс луѓето, сексуалните работнички и порнографијата, посочувајќи ги како предизвици во глобалниот и регионалниот контекст. Нејзиниот пристап е интерсекциски и отворен кон различностите, нагласувајќи солидарност во разликата како клуч за иднината на движењата:

*„Исклучително сум среќна и горда затоа што генерално женското и квир движењето во Македонија сè уште се блиско поврзани и таа релација почива не само на традиција туку и на заемна доверба. Највидлива манифестација на блискоста се секоја година заедничко организирање и спроведување на маршовите за 8 Март и Парадата на гордоста или друго протести и маршови од тој тип. Сепак, не смееме да бидеме игнорантни кон можноста за разделување која нè демне. Јас ги следам приликите во регионот и морам да кажам дека во некои земји (како Србија на пример) разделувањето на феминистичкото и квир движењето е во напредна фаза. Како и глобално, така и кај нас, постојат неколку точки на разидување: транс луѓето, сексуалните работнички и порнографијата. За мене е многу важно да се истакнат и адресираат и точките на спојување, а не само на разделување. Разногласието во движењата не треба да нè плаши, но напор за останување заедно мора да има. Во Македонија постојат помал број на женски активистки или организации кои отворено застапувале против нашите иницијативи насочени кон препознавање на транс луѓето (или родовиот идентитет) во легислативата. Сепак, вреди да се спомене дека најголемиот дел се во поддршка.“*

Цветковиќ критички го анализира новиот феминистички бран во Македонија, нагласувајќи отсуство на генерациски континуитет. Таа го поврзува тоа со плиткото разбирање на феминизмот во младите генерации, ориентирано кон кратки форми на знаење и надворешен активизам, наместо длабока теоретска и политичка свест. Посочува и структурни слабости, како недостаток на меѓугенерациски дијалог и маргинализирање на историјата од донаторите. Повикот е за простор за комуникација како основа за долгорочна одговорност:

*„Се чини дека врските со претходните генерации активистки се слаби, па дури и да ги нема. За жал генерациски континуитет постои во мал дел. Според годините јас се наоѓам некаде на средината меѓу постарата и помладата генерација на живи феминист(к)и и таа позиција ми дава можност да го увидам дисконтинуитетот. Моја перцепција е дека постојат неколку клучни причини за тоа (но истото го немам истражено): Феминизмот сфатен само како активизам, а не политика и филозофија која изискува негово проучување... – Денес, генерациите имаат инстант можност да се дефинираат како феминист(к)и преку ʼпамфлетскиʻ знаења добиени најчесто од кампањи или куси текстови објавени на социјалните медиуми. Ваквиот пристап до знаења е однапред осуден на дисконтинуитет, затоа што овие информации и знаење најчесто се современи (колку жени се жртви на насилство во 2022 на пример) и немаат за цел да комуницираат со историскиот ангажман или тренд по однос на темата. Ова не само што доведува до генерацискиот јаз туку и политички го затапува движењето, односно го редуцира до две-три теми наместо да ја истакне политичката димензија на промените кон кои целиме. Недостаток од дискусија внатре во движењето за самото движење. Движењето е речиси целосно посветено нанадвор, односно на теми кои ги застапува во општеството и*

*политиките. Речиси да не сме имале прилика да се собереме (на конференција или слично) каде што ќе разговараме за себеси... Чувството дека сѐ започнува од нашата генерација е често во многу движења, ама за да се надмине, потребно е овозможување канали и простори за комуникација. Тука би ги посочила и донаторите како едни од виновниците, кои поддржуваат само активности насочени кон институциите, а речиси никогаш не сакаат да поддржат активности насочени кон зајакнување на социјалните движења."*

Цветковиќ ја осветлува појавата на „родово критички" или трансисклучувачки феминизам (TERF), поддржувајќи го трансинклузивниот пристап што, според неа, доминира во македонското и албанското феминистичко движење. Таа го нагласува влијанието на гласни активистки кои ја застапуваат оваа инклузивност и потенцира дека, иако ова е позитивно, состојбата може да се промени. Цветковиќ покажува политичка зрелост со јасна поддршка на солидарноста и инклузијата во малите локални контексти каде што секој став има тежина:

*„Колку што можам, ја следам состојбата со развојот на 'родово критички' феминизам (или попознат како трансисклучувачки феминизам) во регионот и можам да кажам дека Македонија и Албанија засега се на најдобро место. Во една прилика, на конференција посветена на ова прашање во Западен Балкан и Турција, една експертка изјави дека причината за ова лежи во фактот дека неколку жени од Албанија и Македонија се препознаени како клучни фигури во двете движења. За мене, оваа причина има смисла, особено кога станува збор за помали земји во кои движењата имаат ограничен број на видливи гласови. Верувам дека е можен трансинклузивен феминизам, верувам дека веќе го имаме, но не би можела да гарантирам дека ова во иднина нема да се промени."*

### *Содржинска анализа на интервјуто со Драгана Дрндаревска*

Драгана Дрндаревска ја започнува својата феминистичка траекторија уште како тинејџерка, кога во феминистичката литература ги наоѓа одговорите на прашањата што ја мачеле уште од детството – прашања за нееднаквост, социјална правда и женски права, кои биле интензивирани од нејзините лични искуства со сексизам, двојни стандарди и сексуално вознемирување:

*„Уште во тинејџерски години најдов одговори на прашањата кои ме мачеа во феминистичка литература. Прашањата на еднаквост, социјална правда, мир, женски права ме привлекувале од рана возраст, што секако*

*има врска со моето потекло, средината во која сум растена и раните искуства на сексизам, двојни стандарди, сексуално вознемирување кои сум ги доживеала. Чувството дека не припаѓам во мејнстримот, пред сè поради попрогресивни, во тинејџерството секако и порадикални ставови во врска со доминантните општествени и културни норми, предизвика да најдам 'дом' во феминистички и други прогресивни движења... Од една страна, емпатија, бес и лутина со потреба нешто да се промени, од друга страна, потребата да се припаѓа во заедница. Чувството на растргнатост помеѓу потребата да се најде автентичното јас што вклучува да се критикува, да се отфрлаат нормите од средината, и внатрешна борба со нормите кои биле вбризгани во мене е постојано, бара постојана рефлексија и будност. Така што уште во основно и средно училиште бев дел од различни иницијативи. Сите овие искуства, но исто така и можности кои ми биле пружени благодарени на фактот што доаѓам од средна класа семејство во кое образованието било високо вреднувано ги обликуваат моите политички ставови и лични вредности."*

Интересот на Дрндаревска за ЛГБТИ прашањата започнува уште од нејзините студентски денови, кога темата ја истражувала аматерски, но со голема посветеност и љубопитност:

*„Прашањето на ЛГБТИ права ме интересира од рани студентски денови, преку аматерски студентски истражувања на темата, присуство на настани организирано од тогашната организација за ЛГБТИ права МАСО, лични интимни врски, пријателства со ЛГБТИ луѓе. Како студентка бев вклучена во Federation of young European greens, каде што организиравме серија на меѓународни младински ЛГБТ настани на Балканот каде што се запознав во млади прогресивни луѓе од цела Европа."*

Драгана Дрндаревска своето градење како феминистка и активистка го поврзува неразделно со Коалиција Маргини – организација која, како што нагласува, пораснала заедно со неа. Во неа го стекнува своето критичко образование, се еманципира и активно учествува во нејзиното јакнење и трансформација во една од најрелевантните и најпрогресивни организации по прашања поврзани со феминизмот во Македонија:

*„Јас пораснав со Коалиција Маргини и Коалиција Маргини порасна со мене. Тоа е организацијата која ме изгради, во која учев и се еманципирав. Секако, придонесов во градењето на организацијата, развивањето и прераснувањето во етаблирана и релевантна организација. Коалиција Маргини е најверојатно најпрогресивната организација во однос на феминистички теми во Македонија. Сметам дека Коалиција успева да наметне прогресивна агенда помеѓу одредени делови во општеството, што го сметам за феноменален успех. Исто така, во Коалиција работев директно со маргинализирани групи во пружање правна помош и*

*политичка мобилизација, што е многу важно искуство за мене на лично и професионално ниво.“*

Во своето искуство, Драгана Дрндаревска остро и со лична ангажираност проговорува за тензиите во рамки на феминистичките кругови, особено околу темата на сексуалните работнички. Нејзината јавна застапеност за правата на сексуалните работнички довела до директни онлајн напади, па дури и навреди од други жени кои се именувале како феминистки – нарекувајќи ја „курва“, што таа со текот на времето го трансформирала од навреда во симбол на отпор и гордост:

> *„... бев нарекувана ’курва‘ од други феминистки затоа што зборувам многу за правата на сексуалните работнички. ’Курва‘ за мене не е навреда одамна, туку орден што гордо го носам. Премногу долго се занимавав со дебатата околу сексуална работа и во феминистичка литература и помеѓу активистки и адвокатки. Феминизам кој исклучува сексуални работнички, транс жени и други групи, за мене не е феминизам ниту вредносно ниту како политичка теорија. Феминизмот како политичка теорија е пред сѐ за преиспитување и разнишување на структурите на моќ кои репродуцираат субординација на жените, ЛГБТИ, Ромите, луѓето со попреченост итн. Феминизмот денес се користи стратегиски за да се дехуманизираат транс луѓето и да се врами прашањето како легитимна борба на жени и деца против транс луѓе.“*

Понатаму, говорејќи за различни иницијативи, искуството на Драгана Дрндаревска сведочи за суштинската важност на мрежното дејствување во борбата за човекови права и против дискриминација. Коалиција Маргини, како една од основачките на Националната мрежа против хомофобија и трансфобија (НМХТ), ја поставува сцената за координирана ЛГБТИ акција, каде што таа, како прва генерална секретарка, го носи товарот на организациското водење и здружување на сите ЛГБТИ организации во заедничка платформа. Потоа, нејзиното вклучување и водење на Мрежата за заштита од дискриминација (МЗД) ја носат во едно подисциплинирано, правно и професионализирано поле на дејствување, каде што со адвокати и правници работат на конкретни случаи, законски предлози и стратегиско застапување. За разлика од тоа, ЛезФем настанува од пријателски и интимен импулс – како група блиски жени кои го трансформираат својот заеднички простор во јадро на лезбиски активизам. Иако различни по структура и цели, сите три иницијативи, според неа, оствариле суштински резултати, а токму

мрежното дејствување го препознава како клучниот механизам зад најголемите успеси: од кампањи и протести, до донесување закони и стратегиско застапување:

> *„Коалиција Маргини беше дел од основачите на НМХТ, јас бев прва генерална секретарка која ја менаџираше мрежата. НМХТ беше ЛГБТИ мрежа кој ги координираше активностите на сите ЛГБТИ организации и во која ЛГБТИ организациите дејствуваа заедно. Во МЗД се вклучив по нејзиното основање и тука бевме вклучени правници и адвокати од граѓански организации кои заедно застапуваат случаи на прекршување на права и пишуваат предложи на закони и политики. Ова е многу попрофесионална мрежа. Потоа ја координирав МЗД и со мрежата имаме многубројни успеси во областа на дискриминација и човекови права. ЛезФем не беше мрежа, почна како пријателство од неколку жени кои цело време излегуваа заедно и сакаа да се занимаваат со лезбиски активизам. Сите овие три иницијативи се многу различни, но сите се вредни до некаде ги оствариле своите цели. Мрежното дејствување е неопходно. Повеќето успеси, т. е. успешно спроведени иницијативи за промена и донесување закони и политики, кампањи и протести, успешно застапувани случаи се поради соработката и мрежното делување.“*

Оценувајќи ја состојбата со новата генерација феминистки во Македонија, Дрндаревска ја лоцира промената во последниве петнаесет години како квантитативна и квалитативна: не само што има повеќе иницијативи туку и тие се поразновидни, поеманципаторски, со побогат политички јазик и стратегии:

> *„Мислам дека континуирано се развива. Прво има многу повеќе иницијативи од порано, зборувам од пред 15 години. Гледам разноликост во движењето, во однос на темите кои се отвораат и стратегиите и платформите кои се користат. Новата генерација феминистки се попрегресивни и поеманципирани. Мислам дека е клучно да се работи заедно со други движења, да се покажува солидарност, да се мобилизираат феминистки Ромки, Албанки, жени со попреченост, лезбијки и транс жени, земјоделки, работнички, со цел феминистичката борба да го реализира својот еманципаторски потенцијал на повеќеслојно политичко движење. Присутни се и антиродовите движења и дел од женските организации кои се идеолошки поблиски до нив, иако имаат пристап до мрежи, контакти и инфраструктура на феминистичкото движење ЗА родова еднаквост. Мислам дека антиродовата пропаганда ќе продолжи да се шири и ќе продолжи да мобилизира. Но, ова нужно ќе мобилизира и отпор, иако просторот за дејствување е сериозно тесен. Тука е проблемот и на финансирањето, што е посебна и долга тема.“*

***Содржинска анализа на интервјуто со Калиа Димитрова***

Давајќи одговор за своето ангажирање во полето на женскиот активизам во Македонија, Калиа Димитрова раскажува за својата рана и интуитивна реакција против наметнатите родови улоги и норми, кои ги доживеала како ограничувачки уште во тинејџерските години:

> *„Од многу рано во животот почнаа да ме фрустрираат тесните родови рамки во кои растеме и се бунтував против нивната ригидност уште во тинејџерските години. Подоцна, феминистичката литература и теорија ми станаа своевидно прибежиште и истражувањето на сопствениот идентитет, а со тоа станав и посвесна за длабоките родови нееднаквости кои се во сржта на нашите животи: и во интимните простори и релации, семејствата, а потоа и институциите, јавните простори итн... Имав среќа да израснам во средина каде што најдов луѓе и колективи кои ми ги зајакнаа и продлабочија мотивите да се вклучам во женскиот активизам, како што е фестивалот 'Прво па женско', кој ми беше прво (и многу драгоцено) искуство во тоа поле. Мотивите веројатно останале исти: визија за еден посолидарен, емпатичен и слободен свет, и желба да бидам дел од неговото градење.“*

Осврнувајќи се на својот престој во повеќе европски земји и САД, Димитрова зборува за силното и потресно искуство кое го доживеала за време на својот престој во Полска, кога сведочела на целосната криминализација на правото на абортус. Таа активно учествувала во протестите познати како „Црн протест“, кои се организирале низ целата земја:

> *„Сепак, додека престојував во Полска, бев сведок на целосната криминализација на правото на абортус и бев вклучена во протестите против овој закон кои се организираа под името 'Црн протест' и се одвиваа во повеќето градови во Полска. Ова искуство буквално ме тресна од земја, зашто ми беше практичен показател дека женските права, особено правата поврзани со телесната автономија ни висат на конец, и регресот е секогаш можен. Всушност, слично нешто се случи и кај нас, токму со ограничување на правото на слободен и безбеден пристап до абортус од 2013 година. Истовремено, токму ова искуство во Полска и ограничената можност да се биде политички активен во друга земја донекаде ме мотивираа да се вратам во Македонија, и тука да го барам мојот професионален пат.“*

Одговарајќи на прашањето за структурата и целите на „Медуза“, Калиа Димитрова го претставува колективот „Медуза“ како важен и иновативен феминистички проект кој настанал во 2018 година како онлајн платформа на македонски јазик, со цел да пренесе и оживее феминистичко знаење во дигиталната сфера. Поттикната од растечката мизогинија и сексистичкиот говор што се шири на

интернет, „Медуза“ претставува интервенција која не само што ја архивира феминистичката мисла – од историска до современа – туку создава и простор за поддршка, критика и креативност, особено за маргинализираните гласови:

> *„’Медуза‘ е основана во 2018 година како неформален феминистички колектив, односно феминистичка онлајн платформа на македонски јазик, која иницијално имаше за цел да го пренесе богатото феминистичко наследство, како и современи феминистички текови во дигиталниот простор, а истовремено и да креира пандан на растечката мизогинија и сексистички говор, кои цветаат токму во киберпросторот. Почнувајќи од таа премиса во последните 7 години ’Медуза‘ се разви во афирмативен (онлајн и офлајн) простор кој има за цел да информира, поддржува и креативно да ги вклучи маргинализираните гласови, водена според принципите на солидарност, еманципираност, експерименталност, колективна грижа, отпор и колективна акција. ’Медуза‘ преосмислува и што може да значи медиумска платформа: простор каде што секој/а има слобода да го истражи својот креативен, интелектуален и телесен потенцијал. Нашата мисија е да архивираме, поддржиме и засилиме алтернативни гласови и наративи и да поттикнеме критичко размислување, медиумска писменост и општествени промени, засновани на интерсекционално феминистичко знаење, вредности и практики.“*

Школата ФЕМ 101 претставува еден од најзначајните и најемотивно врзаните проекти на колективот „Медуза“, преку кој се овозможува директна едукација, вмрежување и омоќување на девојки и жени заинтересирани за феминизмот и критичкото пишување, посочува Димитрова:

> *„Школата ФЕМ 101 ми е еден од најдрагите проекти на ’Медуза‘, зашто преку нејзините неколку едиции имавме можност подиректно, во физичкиот простор – време, да се запознаеме со многу девојки и жени со интерес за феминизмот и пишувањето и да им помогнеме да го продлабочат своето знаење и потоа да ги артикулираат своите ставови, знаења и искуства во пишана форма. Школата се базира на теоретски дел кој опфаќа предавања за историјата на феминизмот и женската борба, како и современи феминистички дебати, квир теорија, феномени од полето на поп-културата, интернет-културата, уметностите и медиумите; и практичен дел, каде што преку интензивни работилници учесничките на школата развиваат свои текстови. Очекувањата од школите за мене веќе се исполнуваат, односно ги гледам плодовите: информирани, здружени, омоќени феминистички гласови – иднината на локалниот феминизам.“*

Во однос на перцепцијата дека постои дистанца меѓу поновите и постарите генерации феминистички активистки, Калиа Димитрова изразува зачуденост и

потреба од подлабок контекст за таквата процена, сметајќи ја за неточна и тенденциозна:

> *„Интересна забелешка и, би рекла, чуден впечаток, за кој можеби ми треба повеќе контекст за потребна себерефлексија. Токму во многубројните интервјуа и настапи не пропуштам да спомнам дека идејата за 'Медуза' е родена токму од место на мој длабок интерес за феминистичката историја и локалната сцена поврзана со женскиот активизам, кој сметав дека треба и да најде соодветно место во дигиталниот простор. ... Мојот однос со претходните генерации на феминистички активизам е токму таков: освестен, пријателски и надополнувачки. Тенденциозно е да се прават вакви забелешки, зашто додаваат на еден доста популарен наратив народски познат како 'жена на жена волк', а според моето искуство и доживување, е многу далеку од вистината.“*

Во однос на генерациската дискрепанца во женското движење и на прашањето дали припаѓа на „младата генерација“ женско движење, Димитрова посочува дека веќе не се гледа целосно како дел од „младата генерација“, токму поради тоа што веќе гледа јасна перспектива врз сопствениот придонес во последната деценија:

> *„Веќе се чувствувам како со една нога да сум излезена од категоријата 'млада генерација', но можеби тоа ми дава перспектива да рефлектирам кон својот придонес од изминативе десетина години. Она на што сум навистина горда е што 'Медуза' постои толку многу години и што постојано расте, како еден уникатен, разигран и креативен простор на радикална политичка имагинација, кој е нужен за да се поместуваат границите на она што е можно во материјалниот свет. Јас искрено верувам во моќта на јазикот да создава цели светови. Феминистичката архива на 'Медуза' ја гледам како важен придонес и моќна алатка за сите генерации кои ќе го продолжат феминистичкото светообразување.“*

Во однос на визијата и иднината на феминизмот и женскиот активизам во Македонија, Димитрова вели дека намерно избегнува да гради очекувања – за да не доживее разочарувања – но нејзината визија останува конзистентна: феминистички и (о)слободен свет. Сознанието дека живееме во „густо, напорно и страшно“ време, особено за оние што се маргинализирани и исклучени, води кон песимистичко предвидување дека отпорот кон феминизмот ќе се зголемува:

> *„Немам очекувања за да немам разочарувања, а визијата е секогаш феминистички, (о)слободен свет. Времето во кое живееме е густо, напорно и страшно, особено за исклучените, маргинализираните. Очекувам дека тек ќе станува полошо, а отпорот кон феминизмот ќе расте. За да*

*се соочиме со тој отпор, мора гордо да ја прифатиме и разбереме историската феминистичка борба, бидејќи единствено преку изучување и славење на нашата историја (читај женската), можеме да се позиционираме кон предизвиците со кои се соочуваме денес и да замислиме поразлична иднина.“*

## 6.3. Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето

### *6.3.1. Профилација на македонското женско движење*

Во овој дел, анализата би се насочила кон процесот на обликување на женското движење како унифициран и препознатлив општествен и политички субјект, преку испитување на историските околности, институционалните рамки и идејните влијанија кои ја детерминирале структура и стратегија на дејствување на женските организации и активизам. Овој сегмент ги опфаќа клучните организациски модели, програмски приоритети, начинот на вмрежување на локално, национално и меѓународно ниво, притоа, посебно внимание би се посветило на начинот на кој движењето се адаптирало на општествено-политичките промени и транзицискиот контекст, со цел да се утврди неговата улога во креирањето и промовирањето на јавните политики за родова рамноправност во македонското општество.

Македонското женско движење од независноста до денес се развива во услови на комплексни социјални, политички и културни влијанија кои ги обликуваат неговиот опсег и дејствување. Од една страна, движењето ја отсликува потребата за зајакнување на женските права, вклучувајќи широк спектар на активности од застапување, образование, до активизам на локално и национално ниво. Од друга страна, македонското женско движење се соочувало/соочува со многубројни ограничувања, кои произлегуваат од традиционалните вредности, институционалните бариери, како и од политичките и економските услови во земјата.

По независноста во Македонија се појавува и првиот поорганизиран бран женски здруженија и иницијативи со невладин карактер. Во овој период се

воспоставуваат национални „чадор организации“ – структури кои интегрираа голем број помали здруженија, организирани врз територијален принцип и често засновани на етничка припадност. Меѓу позначајните примери се издвојуваат Организацијата на организациите на жените на Македонија (ООЖМ), Сојузот на албанската жена на Македонија (САЖМ) и Ромската организација на жените „ДАЈА“. Паралелно, се развиваат и мултиетнички мрежи со обемна теренска покриеност, како што беше Сојузот на организации на жени на Република Македонија (СОЖМ), кои обединуваа здруженија од различни етнички заедници (Докмановиќ и др., 2019).

*„На 28 февруари 1991 година станав лидерка на една од првите НВО во новиот систем, Организација на жените на градот Скопје и општините... Тогаш ги поставивме основите на женското движење во независна и суверена државна и беше повеќе од јасно дека тоа е само почеток... Женскиот активизам во деведесеттите беше заснован на желби, да се организираат жените, да работат и да дадат придонес во заедницата со ентузијазам, без проекти, едноставно жените се срекаваа на тематски средби...“* (извадок од интервју со Савка Тодоровска).

*„Женското движење по независноста на Македонија, продолжи да се развива и да се модификува на новите времиња, новите начини на организирање и промоција на женските права и прашања...“* (извадок од интервју со Даниела Димитриевска).

*„1991 – 2000, период на зреење на женското движење: Кога ги запознав во 1994 година, постоеја големи мултиетнички мрежи...“* (извадок од интервјуто со Љиљана Поповска).

*„... напори беа насочени кон прашања што ги наметна транзицијата на премин од едно општествено уредување во самостојна држава, со поинакво општествено уредување. Прашањето на образованието, здравјето на жените, можностите за вработување... беа прашања околу кои започнавме дискусија. Во спроведување на активностите соработувавме со повеќе новоформирани организации како што се ДАЈА, Лигата на албанската жена, СОС линијата на Организацијата на жени на град Скопје и др. ... дел од организациите преставуваа чадор организации... Работата на целиот граѓански сектор, вклучувајќи ги и женските граѓански организации, се заснова на поддршката на развојните агенции и донаторските организации“* (извадок од интервју со Јасмина Фришчиќ).

Покрај овие обединети структури, во истиот период се формираат и независни женски организации со појасно фокусиран програмски фокус, насочен кон унапредување и заштита на човековите права на жените, како и кон постигнување родова рамноправност (или еднакви можности на жените и мажите). Иако кај поголемиот дел од овие организации активностите и стратегиите на дејствување не биле експлицитно дефинирани како „феминистички“, ниту пак постоела јасно формулирана идеолошка рамка, нивната практика и приоритети во голема мера кореспондираа со пристапите на женските и феминистички организации во регионот на Западен Балкан и пошироко.

> *„Организиравме повеќе семинари и подготвивме една публикација под насловот 'Во име на еднаквоста'. Започнавме скромно со идентификување одредени прашања што се од интерес за правата не жените, како и на прашањето на насилството врз жените* (извадок од интервју со Јасмина Фришчиќ).

> *„1995 година се одржи IV-тата Светска конференција во Пекинг, каде што како невладина организација на конференцијата беа присутни претставнички на СОЖМ“* (извадок од интервју на Савка Тодоровска).

Четвртата светска конференција за жените во Пекинг (1995) претставува еден од најзначајните глобални настани во борбата за родова еднаквост, чијашто Пекиншка декларација и Платформа за акција поставија универзални насоки за унапредување на положбата на жените. **Пекиншката декларација** ја формулира визијата за еднаквост, развој и мир, нагласувајќи ја потребата од итна акција врз основа на решителност, надеж, соработка и солидарност. Со препознавање на различностите меѓу жените и нивните улоги во општеството, документот обезбедува рамка за идните активности на државите, организациите и заедниците.

**Платформата за акција** идентификува дванаесет критични области кои бараат итно решавање, меѓу кои централно место заземаат сиромаштијата, нееднаквиот пристап до образование и здравствена заштита, насилството врз жените и последиците од вооружените конфликти. Феминизацијата на сиромаштијата е препознаена како особено загрижувачки глобален тренд, со акцент дека економските политики често ги занемаруваат специфичните потреби на жените, што бара холистички пристап кон развојот. Образованието и обуката се

истакнати како клучни инструменти за економска независност и оспособување на жените. Потребен е еднаков пристап до сите нивоа на образование, особено во контекст на фактот дека неписменоста и недостигот од основно школување претставуваат сериозни пречки за нивниот напредок. Здравјето на жените е дефинирано како фундаментално право, со посебен акцент на репродуктивното здравје како предуслов за нивно активно учество во сите сфери на општествениот живот. Универзалниот пристап до квалитетни здравствени услуги е препознаен како клучна мерка за намалување на морталитетот и подобрување на благосостојбата на жените. Насилството врз жените е идентификувано како сериозна пречка за постигнување еднаквост, развој и мир. Платформата за акција повикува на сеопфатни мерки за негово превенирање и елиминирање, создавајќи безбедна средина која ќе овозможи жените да учествуваат рамноправно во сите развојни процеси. Со интегрирање на овие приоритети, Пекиншката декларација и Платформата за акција остануваат референтни точки за глобалните и националните политики насочени кон родова еднаквост и зајакнување на жените.

Оттука, главните насоки на дејствување во овој ран период вклучуваа подигање на јавната свест и информираноста на жените за нивните права, развивање организации и програми насочени кон препознавање и надминување на различните форми на дискриминација, борба против насилството врз жените и иницирање активности за јавно застапување и влијание врз институциите. Овие активности претставувале иницијална подлога за одредени организации да преземат и пионерски чекори во иницирањето законски измени, креирањето политики и воспоставувањето механизми за подобрување на општествената положба и статусот на жените. Иако во овој развоен период често изостануваше формална идеолошка определба, нивното дејствување имало клучна улога во поставувањето на темелите за понатамошен развој на женското движење во независна Македонија.

#### *6.3.1.1. Стратегии за лобирање и застапување: политичка ангажираност*

Феминистичките напори за зголемување на политичкото учество на жените претставуваат едно од клучните подрачја за постигнување родовата рамноправност.

Тие опфаќаат обезбедување рамноправни можности за вклучување на жените и мажите во процесите на креирање и спроведување на политиките. Основата за овие заложби произлегува од постојната родова нерамноправност и од потребата за постојана ангажираност во надминување на пречките што го ограничуваат учеството на жените на сите општествени нивоа. На тоа влијаат различни фактори социјални, економски, образовни, здравствени и културни, кои ги определуваат условите и го овозможуваат или попречуваат активното учество на жените во политичките процеси и во обликувањето на јавните политики (Докмановиќ и др., 2019).

> *„Секој оној кој сака да презентира некоја идеја и која треба да добие поддршка од политиката, треба да ја создаде таа политичка волја, преку посветено презентирање на проблемите и можните решенија, притоа укажувајќи на предностите и добивките за целото општество и дека никој од тоа нема да загуби“* (извадок од интервју со Даниела Димитриевска).

> *„Клучни теми во тој период беа насилството врз жените и политичкото учество, но многу малку се зборуваше за институционалниот сетап и начинот на кој институциите реагираат на проблемите што произлегуваат од транзицијата, како што се невработеноста и порастот на насилството врз жените“* (извадок од интервју со Марија Савовска).

Во таа насока, демократските вредности и механизмите на управување засновани на еднакви можности и активно учество претставуваат основа за унапредување на родовата рамноправност. Демократизацијата на општеството, особено преку развој на партиципативни модели на одлучување на сите нивоа, мора да биде тесно поврзана со напорите за поголема застапеност на жените. Сепак, и покрај постоењето на формални механизми, системските бариери и вкоренетите општествени стереотипи сè уште го ограничуваат рамноправното учество на жените во политичките процеси. Затоа се неопходни континуирана едукација, подигање на јавната свест и развивање родова сензибилизација, проследено со стекнување конкретни вештини и алатки – како родова анализа, родово буџетирање и интеграција на родовите аспекти во сите фази на креирање и имплементирање политики. Паралелно, клучен предизвик останува зајакнувањето на жените за нивно активно вклучување во процесите на донесување одлуки, што подразбира и создавање политичка волја и поддршка од институциите за нивно поголемо учество.

*„2000 – 2016, период на јакнење на женското движење и резултати: Ова е најплоден и најефективен за женското движење, кога се формираат трите најзначајни организирани женски структури – МЖЛ, Клубот и КЕМ. Во 2000 се формираше МЖЛ – Македонското женско лоби и почна интензивно и координирано да работи. Се направи нешто што изгледаше невозможно: се обединија во една заедничка структура лидерките на женските организации од различни сектори и со различно етничко, верско и политичко потекло“* (извадок од интервјуто со Лилјана Поповска).

*„Македонско женско лоби е платформа што ги обединува жените... нашата препознатливост е во тоа што ги здружуваме женските движења и лобираме за законски измени и измени на политики. Можеме да се пофалиме дека нашето залагање и притисок ја ставија на политичка агенда мејнстримираната родова машинерија во институциите“* (извадок од интервјуто со Даниела Димитриевска).

**Македонското женско лоби** (МЖЛ) е невладина организација основана во 2000 година, која обединува мултиетничка, меѓупартиска и меѓуверска коалиција на жени што доаѓаат од различни сектори – граѓанското општество, политичките партии, законодавната власт, локалната самоуправа, синдикалните организации, медиумите, како и индивидуални активистки. Заедничката цел на овие жени е унапредување на положбата на жените во Република Северна Македонија и нивно еднакво и активно вклучување во сите општествени процеси. Дејствувајќи на ова поле, МЖЛ не само што придонесува кон подобрување на статусот на жените туку и кон севкупниот општествен развој. Покрај тоа, организацијата се афирмира и како значаен интегративен фактор, поттикнувајќи меѓусебна толеранција и премостувајќи етнички, верски и политички разлики. Како група за притисок, застапување и лобирање, МЖЛ ги поврзува различните женски организации и иницијативи во земјата, со цел да обезбеди поефикасно застапување на интересите на жените во јавната сфера, институциите и телата што носат одлуки.

Клучните цели на организацијата се насочени кон постигнување родова рамноправност преку унапредување на законската рамка и нејзината ефикасна примена, со акцент на гарантирање на правата на жените. Во таа насока, МЖЛ работи и на развој и спроведување стратегија за националната родова машинерија, како и на иницирање и организирање кампањи и активности за заштита на женските права во различни општествени области. Принципите на работа на МЖЛ вклучуваат: креирање заеднички стратегии; координирање активности на

национално ниво; спроведување проекти и други иницијативи од страна на поединечните организации; иницирање и реализирање јавни кампањи; како и обезбедување заемна поддршка и меѓусебна соработка меѓу организациите членки.

Во својата застапувачка улога, МЖЛ одиграло значајна улога во процесите што во 2001 година доведоа до **воведување систем квоти** во изборното законодавство, со цел зголемување на политичката застапеност на жените. Преку координирани активности, јавни кампањи и лобирање пред институциите, МЖЛ придонесе за создавање политичка волја за прифаќање на системот квоти како средство за надминување на родовата нерамнотежа во телата за одлучување. Овој чекор, препознаен од активистките и политичарките како клучен за унапредување на родовата рамноправност, наиде на потврда и во нивните сведоштва:

> *„Најголемиот напредок е во 7-кратното зголемување на учеството на жените во Собранието и во локалните совети (од 6,6 % и 5,5 % на 42 %) но и на раководни места во јавната администрација“* (извадок од интервјуто со Лилјана Поповска).

> *„... јакнење на позициите на жените внатре во политичките партии, нивните настапи, како и воведување квота во изборниот законик за помалку застапениот пол. Тоа беше плодна соработка со Собранието на Република Македонија. При тоа беа основани Македонското женско лоби и Клубот на пратенички...“* (извадок од интервјуто со Савка Тодоровска).

> *„Жените фактички имаат политичка моќ, бројката добиена со квотата го укажува тоа. Проблемот е во што не сакаат, не знаат или се плашат да ја искористат“* (извадок од интервјуто со Даниела Димитриевска).

> *„... во историјата на женскиот активизам имаше два клучни моменти кои направија вистински пробив и овозможија поширока мобилизација. Првиот беше поврзан со воведувањето на квотите – односно, зголеменото политичко учество на жените. Вториот беше мобилизацијата околу правото на абортус, односно пошироко – репродуктивните права на жените“* (извадок од интервјуто со Марија Савовска).

Оттука може да се забележи дека меѓу најзначајните постигнувања на женскиот активизам од почетокот на новиот милениум се вбројува воведувањето на првите законски уредени посебни мерки – задолжителната застапеност од најмалку 30 % на двата пола на кандидатските листи за избор на пратеници, предвидена во измените на Законот за избор на пратеници во Собранието на

Република Македонија во 2001 година. Овој механизам резултираше со тројно зголемување на присуството на жени во парламентот – од 6,7 % во 2000 година на 18 % во 2002 година, година кога за првпат беше избрана и Албанка пратеничка. Постојаната соработка меѓу активистките и жените од политичките партии овозможила дополнителни измени во изборното законодавство, кои во 2006 година довеле до подобро позиционирање на жените на листите и зголемување на нивната застапеност на 28,33 %.

Во истиот период, повеќегодишните застапувачки активности, предводени меѓу другото и од Хелсиншкиот комитет за човекови права на жените и ЕСЕ, резултираа со значајни законски промени во областа на **заштитата од семејно насилство**. Во 2004 година, проблемот со семејното насилство беше регулиран и во граѓанското и во кривичното законодавство, при што се обезбеди усогласеност со меѓународните стандарди и препораки. Овие измени предвидоа сеопфатни законски решенија, вклучително и инкриминирање на семејното насилство и воведување привремени мерки за заштита на жртвите.

> *„Оттаму, периодот од 1998 до 2004 година преставуваше клучен период за дефинирање на определбите, но и на начинот на работење на ЕСЕ. Здравствената едукација и женското здравје, женските човекови права, семејното насилство, зголеменото учество на жените во политиката и одлучувачките структури, жените и економијата итн. беа во фокусот на нашиот интерес... Воведовме, обезбедување на правна помош и застапување за жените што претрпеле семејно насилство и обезбедување здравствени информации и услуги“* (извадок од интервјуто со Јасмина Фришчиќ).

Понатамошен напредок беше постигнат во 2006 година со усвојувањето на **Законот за еднакви можности на жените и мажите** – прв пат во земјата со закон беше формализирано уредувањето на областа на родовата еднаквост. Законот воспостави обврска за носителите на законодавната, извршната и локалната власт да преземаат мерки и политики за унапредување на еднаквоста и да создадат институционални механизми за нејзина имплементација.

> *„Во 2006 се формираше КЕМ – Комисија за еднакви можности на жените и мажите во Собранието, како обврска од донесениот Закон за еднакви можности на жените и мажите. Потоа се формираше и целата родова*

*машинерија, со локални КЕМ-ови, координатори, одделенија и сектори“* (извадок од интервјуто со Лилјана Поповска).

Евидентно е дека доколку ги сумираме ефектите од организираното женско дејствување врз креирањето и унапредувањето на политиките за родова еднаквост, може да се заклучи дека најзначајниот напредок беше постигнат во првата декада од 21 век. Овој период се одликуваше со изразен ентузијазам, зголемен број организации и иницијативи, како и со голема разновидност на активности што го опфаќаа целото поле на женските права и родовата рамноправност. Женскиот активизам од тој временски период располагал со поголем пристап до финансиски, институционални и човечки ресурси, што овозможило поинтензивно и поефикасно спроведување застапувачки, едукативни и лобистички активности, насочени кон структурни промени во законодавството и јавните политики. Сепак, и покрај овие значајни придобивки, периодот беше обележан и со одредени предизвици, ограничена и нецелосна имплементација на усвоените закони и декларации, како и забавено или недоволно конзистентно воспоставување т.н. родова машинерија, што го отежнуваше системското интегрирање на родовата перспектива во сите сфери на општественото дејствување.

*„Денес, работата на женските организации се заснова на институционална форма, на проектна, стратегиска, учество во меѓународни и домашни проекти, организирани со цел зајакнување на женското движење и надминување на стереотипната улога на жените на сите нивоа“* (извадок од интервјуто со Савка Тодоровска).

*„Подолго време активностите на државните институции се сведуваат на усвојување и менување на политики, а не и на нивна имплементација. Се менуваат закони, без финансиски импликации, се носат стратегии без финансиски средства алоцирани од државата...“* (извадок од интервјуто со Јасмина Фришчиќ).

*„Женското движење во овие триесет години го подигна интересот на јавноста за потребите на жените. Но и државата го препозна женското движење како партнер и барањето да се мејнстримаат еднаквите можности помеѓу жените и мажите низ институциите на системот“* (извадок од интервјуто со Даниела Димитриевска).

Сепак во периодот на 2010-тите години во македонското општество се забележува опаѓање на достигнатото ниво на женските права. Овој период се карактеризира со значителен пад на бројот на активни женски организации. Иако

беа усвоени многубројни законски измени, стратегии и акциски планови, тие најчесто беа резултат на проекти иницирани и финансирани од меѓународни организации. Релевантните женски здруженија имаа ограничено или речиси никакво учество во процесите на анализа на потребите, утврдување на приоритетите и дизајнирање на проектите, иако делумно беа вклучени во нивната имплементација.

Посебен момент што го мобилизира женското движење се случува во 2013 година, со поднесувањето на предлог-измени на Законот за прекин на бременоста, кои значително ја ограничуваа автономијата на жените во одлучувањето. Овој законски предлог предизвика силна реакција и координирани активности на женските организации, и покрај тоа што политичкиот контекст беше неповолен поради намалениот простор за граѓанска мобилизација и јавен активизам. Стравот од стигматизација ја ограничуваше можноста за јавно оспорување на дискриминаторските политики и на ретроградните концепти за општествената улога на жената.

> *„Законот донесен во 2013 година навистина активираше поширока мобилизација, не само кај женските организации, туку и кај други организации за човекови права. Тоа беше и период на засилени наративи за улогата на жената во општеството, а воедно и првите обиди за нејзино уназадување... Првата поширока јавна дебата се случи токму околу прашањето за абортусот... Ова беше прв момент на јавна мобилизација, прв организиран протест, први реактивирани архиви на женски организации. Мене ми беше многу мило што обидот за рестрикции не успеа во целост – можеби поради големата јавна реакција. Но, сепак, законот беше донесен, и тој направи сериозна штета...“* (извадок од интервју со Марија Савовска).

> *„Во 2006 започна анонимната кампања против абортусот. Мојот блог беше првиот јавен глас кој ја застапуваше произбор позицијата“* (извадок од интервју со Ирена Цветковиќ).

> *„... додека престојував во Полска, бев сведок на целосната криминализација на правото на абортус и бев вклучена во протестите против овој закон кои се организираа под името ’Црн простест‘ и се одвиваа во повеќето градови во Полска. Всушност, слично нешто се случи и кај нас, токму со ограничување на правото на слободен и безбеден пристап до абортус од 2013 година“* (извадок од интервју со Калиа Димитрова).

Забележливо е дека овој законски предлог ја стави на тест соработката меѓу женските активистки и политички ангажираните жени (присутни според системот квоти), кои не само што не ги прифатија аргументите за штетните последици врз жените и родовата еднаквост туку и јавно го поддржаа предлогот. Во истиот период, активностите на Клубот на пратенички значително опаднаа, што претставуваше јасен показател за прекин на претходно воспоставената натпартиска соработка. Ова неформално тело, составено од сите пратенички без оглед на нивната партиска припадност, во претходните години имаше значајна улога во иницирањето законски решенија и заеднички активности со граѓанските организации во насока на унапредување на учеството на жените во процесите на одлучување. Меѓутоа, силните политички конфликти и отсуството на парламентарен дијалог ја спречија оваа група да изгради заеднички настап и да се спротивстави на политиките што ги уназадуваа стекнатите права. Паралелно, во 2013 година по усвојувањето на рестриктивните измени на Законот за прекин на бременоста, се спроведуваа кампањи за промоција на многудетното семејство, а Министерството за образование и наука ја стави во мирување студиската програма по родови студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, иако по петгодишен прекин, во 2017 година, родовите студии повторно беа активирани, што претставуваше значаен чекор кон обновување на институционалната поддршка за академската елаборација на родовата еднаквост. Додека рестриктивните мерки во Законот за прекин на бременоста беа укинати во 2019 година.

#### *6.3.1.2. Феминистичка теорија и родови студии во академскиот дискурс*

Поставувањето на темелите на феминистичката теорија во македонската научна мисла може да се лоцира кон крајот на деведесеттите години. Оттука, првите обиди за институционализирање на родовите студии се јавуваат во 1999 година, во време кога академскиот и општествениот простор сѐ уште беа силно обележани од транзициските предизвици. Како пионерски чекор во овој процес, на 19 септември 1999 година започна едносеместралната програма посветена на женските/родови студии. Таа иницијатива, која претставуваше пресек на

академскиот активизам и невладиниот сектор, имаше за цел да понуди интердисциплинарен поглед кон феминистичката мисла и општествените динамики на родот. Програмата вклучувала истакнати универзитетски професорки од различни области политички науки, право, економија, историја и филологија, меѓу кои Билјана Кашиќ, Олга Шкариќ, Наталија Николова, Мирјана Малевска и Вера Вангели. Нивните предавања не само што претставувале вовед во тематиката туку и го отвориле прашањето за тоа како феминизмот и родовата перспектива може да се вплетат во македонскиот академски контекст, тогаш речиси недопрен.

Овој проект бил произлезен од активистичките иницијативи на СОЖМ, а како инспирација и модел послужило искуството на соседна Хрватска, каде што родовите студии веќе биле дел од универзитетската структура. Иако македонската програма немала формален институционален статус, таа успеала да создаде основа за идниот развој на академскиот феминизам и да постави нови рамки за критичка мисла. Понатаму, во периодот од 2000 и 2004 година проектот се проширил во форма на факултативни предмети, при што тематскиот спектар се збогатил со дисциплини како: „Жените и религијата“ со професорката Слободанка Марковска; „Жените во политиката“ со професорката Гордана Сиљановска-Давкова; „Женско писмо“ со професорките Јадранка Владова и Јасна Котеска; „Психологија на родот“ со професорката Олга Мурџева-Шкариќ; „Жените и вработувањето“ со професорката Гзиме Старова. На овој начин, постепено се градеше мост меѓу активизмот и академијата, а високото образование доби нови содржини што ја проблематизираа положбата на жената во различни општествени сфери (Марковска и др., 2024).

> *„Една од повеќето иницијативи беа и женските студии на алтернативно ниво, иницирани и основани од СОЖМ ..., финансиски поддржани од фондацијата Улоф Палме, Шведска. Женските студи работеа во период од 1999 до 2005 година. Целта на женските студии беше да се образоваат, учат, да осознаат младите жени и девојки за постојните родови разлики и со своето стекнато знаење да дадат придонес за надминување на стереотипите и улогата на жените на сите нивоа, со цел овие женски студии да бидат основа, за понатамошно оформување на родовите студии на повисоко ниво, што за наше задоволство и се случи“* (извадок од интервју со Савка Тодоровска).

> *„Во однос на теоријата, морам да кажам дека таа дебата беше елитна, се водеше во академската заедница, а многу малку во организираните женски форми. Имаше школи за женски и родови студии кои почнаа да ги привлекуваат и активистките, па почна да се подига свеста за теоретските пристапи. Мојот личен придонес беше и во промоцијата на родови студии додека работев во Фондацијата – бев во контакт со академска литература и можев да направам мост помеѓу академската теорија и активизмот“* (извадок од интервју со Марија Савовска).

Паралелно, истата година (1999) беше и иницијативата за формирање на Истражувачкиот центар за родови студии (ИЦРС) во рамките на Институтот Евро-Балкан во 1999 година. Центарот произлезе од поддршката на женската програма на Фондацијата Институт Отворено општество – Македонија, со јасна цел да се поттикне развојот на научноакадемско знаење од областа на родовите студии и негово поврзување со активистичките практики. Според Колозова, „*идејата за родови студии како самостојна академска област за прв пат беше воведена на организиран и јавно видлив начин (преку настани и публикации) во 1999 година. Тоа беше резултат на активностите на неформална академска мрежа иницирана од новоформираниот Истражувачки центар за родови студии (ИЦРС), како дел од Евро-Балкан – Институтот за истражување на општествените науки и хуманистичките науки*“ (Kolozova, 2011: 59-60). Колозова заклучува дека она што било всушност задачата на ИЦРС е промоција и борба за признавање на феминистичката теорија и родовите студии како научна и академска релевантност во македонската научна мисла (ibidem.). Истовремено, еден од првите значајни потфати била и меѓународната конференција како дел од активностите за институционализирање на родовите студии, која била реализирана во соработка со Филозофскиот факултет во Скопје во декември 1999 година. Веднаш потоа, во 2000 година во Охрид се одржал летен семинар по родова теорија за млади истражувачи од Централна и Источна Европа, на кој гостинка предавач била еминентната професорка по родови и квир студии Џудит Батлер (Докмановиќ и др., 2019).

> *„Ако се осврнам кон минатото и почетните години на развојот на оваа дисциплина, можам веднаш да забележам дека научниот дискурс околу родот во последните две децении помина низ значајна трансформација, при што постепено ја напушти маргиналната позиција и стана составен и признаен сегмент од општите општествени науки. Тогашните академски дебати беа пред сè инспирирани и иницирани од активизмот и*

*неформалните академски школи, кои често се организираа преку граѓански организации и невладини здруженија и тимски проекти, што претставуваше продуктивна суштина преку која се отвораше прашањето за родовата еднаквост, дискриминацијата и социјалната правда. Тогашниот академски простор најпрвин се соочуваше со специфична отпорност кон прифаќање на родовите студии како легитимен и универзален научен пристап, сметајќи го за прашање кое има маргинално или најчесто второстепено значење...“* (извадок од интервју со Боби Бадаревски).

Во 2006 година Институтот Евро-Балкан се трансформира во приватен научноистражувачки центар за општествени науки, кој во соработка со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје го воспостави Центарот за поддршка и развој на наставни програми по родови студии во високото образование. Истовремено, преку Неформалната школа за род и политика се потврди реалната потреба од институционализирање на родовите студии на универзитетско ниво. Веќе во 2007 година беа добиени првите акредитации за додипломски родови студии на Филозофскиот факултет при УКИМ, како и за интердисциплинарни постдипломски програми во областите „Род и социологија“ и „Род и филозофија“ на тогашниот Оддел за родови студии при Институтот Евро-Балкан. Подоцна, во 2012 година, акредитирана беше и нова интердисциплинарна постдипломска програма по родови студии на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

Ако се разгледаат овие почетоци, јасно се забележува дека развојот на родовата теорија и феминистичкиот дискурс во Македонија постепено се поместуваше од маргинализирана и често оспорувана позиција кон легитимна академска насока. Првичните иницијативи, кои беа пред сè резултат на активистички потфати и неформални академски школи, отворија пат кон подлабока институционализација на дисциплината во рамките на високото образование. Академските дебати, што во почетокот се водеа во ограничени интелектуални кругови и беа инспирирани од граѓанскиот сектор, со текот на времето создадоа критична маса и ја подготвија академската средина за нови формални образовни програми.

Во таа насока, идејата за основање додипломски родови студии започна да се артикулира на Катедрата за хуманистички студии при Филозофскиот факултет на УКИМ уште во академската 2002/2003 година, во време на пошироки активности за реформи во високото образование. Иако оваа иницијатива беше јасно формулирана, нејзината реализација требаше да почека сè додека не се создадат соодветни институционални предуслови. Важен пресврт се случи на 4 ноември 2005 година, а со одлука на деканот на 19 декември истата година беше формиран и тим за подготовка на програмата, составен од проф. д-р Слободанка Марковска, проф. д-р Марија Ташева, проф. д-р Денко Скаловски, проф. д-р Владимир Давчев и проф. д-р Сузана Симоновска. Последниот чекор во процесот беше донесувањето на Решението на Министерството за образование и наука на 5 ноември 2007 година, со кое се потврди исполнувањето на условите за официјален почеток на родовите студии. Родовите студии се осмислени како интердисциплинарни студии, и во нив е направен спој на класичната академска, хуманистичка традиција, со современите актуализации и иновации во доменот на хуманистичките и општествените науки. Целта е студентите да се запознаат со положбата на половите и родовите улоги и релации низ еден историски след, како и со еманципаторските тенденции и движења, продирајќи длабоко во корените на родовото дискриминирање и потчинување во сите сегменти на општествениот живот. Главната мисија на родовите студии е да се образова родово сензитивен кадар, кој ќе придонесува во унапредувањето на родовата рамноправност и почитувањето на човековите права, и кој треба да биде главен носител во креирањето и спроведувањето на политиките и мерките за родова рамноправност, подготвен да ги препознава и да се справува со родовите предрасуди и стереотипи и со разните облици на дискриминација: родова, верска, етничка, расна, врз основа на сексуалната ориентација, итн.

> *„Интегрирањето на родовата перспектива во универзитетското образование во Македонија се развива како навистина сложен процес, кој, иако е забележливо придвижен напред во одредени етапи и моменти, сепак постојано се соочува со сериозни, повеќестрани предизвици од различни формални и неформални карактери. Од една страна, Македонија во последните години остварува конкретни формални чекори како одговор на своите заложби кон родовите политики и еднаквоста, а во рамките и контекстот на долгорочниот стремеж кон европските интеграции и исполнување на глобалните цели и стандарди за инклузивност и*

*недискриминација. Како резултат на тие напори, од посебна важност се одредени значајни институционални акти и документи...“* (извадок од интервју со Боби Бадаревски).

„*Се воведоа родовите студии на Филозофскиот факултет при УКИМ и женските постдипломски студии при Евро-Балкан, но за жал неочекувано прекинаа алтернативните женски студии при СОЖМ, што по мене не требаше да се случи, заради можноста на алтернативно ниво да се создаваат кадар и видици за приклучување кон високото образование на родовите студии“* (извадок од интервју со Савка Тодоровска).

Членовите на Институтот за родови студии реализирале многубројни истражувачки проекти од областа на родовата проблематика, самостојно или во соработка со државни институции и организации од цивилниот сектор. Во насока на обезбедување литература на македонски јазик за студентите беше реализиран проектот за превод на петтомната едиција „Историја на жените на западот“ (капитално дело од областа на родовата проблематика). Во соработка со Министерството за труд и социјална политика – Сектор за еднакви можности, Институтот беше вклучен во изработувањето на Стратегијата за родова еднаквост 2013 – 2020, и на првата Родово-буџетската анализа на социјалната заштита и активните политики за вработување. Институтот е партнер на градот Скопје во спроведување на Стратегијата на град Скопје за родова еднаквост и е вклучен во реализирање на проектот „Вечери на женски права“, во соработка со канцеларијата на UN Woman во Скопје и Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА. Во овој проект активна улога имаат студентите од ЕСРА и Институтот за родови студии. Институтот учествуваше и во изработката на Стратегија за родова еднаквост на град Скопје и акциски план за периодот 2016 – 2021 година, и е дел од процесот на изработка на новиот закон за еднакви можности.

Институтот за родови студии е партнер на ЈУ Заводот за социјални дејности, како и со други организации од цивилниот сектор во обезбедување поддршка и експертиза. Исто така, Институтот одржува интензивна и успешна соработка со голем број невладини организации. Наставниците на Институтот се редовни членови на седниците на Комисијата за еднакви можности при Собранието на Република Северна Македонија. Тука е и ангажманот на професорите за активно вклучување на студентите во активности надвор од наставната дејност, преку

организирано учество на настани и обуки, на интерактивен Форум театар на тема родовото насилство (одржан на Филозофскиот факултет) и на маршот за 8 Март. Студентите се вклучени и како волонтери во изданијата на „WikiGap“, наменети за зголемување на бројот на текстови на „Википедија“ за истакнати жени од Северна Македонија и од светот, или за значајни настани за родовата еднаквост. За потребите на студентите на родови студии е креирана и веб-страница.

> *„За разлика од минатото кога академските истражувања поврзани со родот беа скоро целосно игнорирани од политичките и институционалните структури, денешната состојба е значително поинаква, што е резултат на промените во општествената свест и свеста на базичната политичката култура во Македонија. Истражувањата за родот денес се земаат предвид при креирањето на јавните политики и стратегиите за еднаквост и недискриминација, што доведува до поздрави и порамноправни институционални и правни рамки кои директно придонесуваат во намалување на дискриминацијата и нееднаквоста во општеството. Гледајќи во ретроспектива и споредувајќи ги промените кои се случија во овие две децении, уверен сум дека родовите студии денес имаат значително поголемо и појасно дефинирано влијание врз социјалниот, политичкиот и културниот живот“* (извадок од интервју со Боби Бадаревски).

Како алтернативен начин на едукација, значајна улога има и Феминистичката школа ФЕМ 101, организирана од „Медуза“ и „Тиииит!“ Таа претставува модел кој, надвор од формалните институционални рамки, овозможува интердисциплинарен и критички пристап кон феминизмот и родовите студии. Преку комбинација на предавања, работилници и креативни практики, школата создава простор каде што учесниците можат не само да ги совладаат клучните концепти од областа туку и да развијат сопствени стратегии за критичко пишување, застапување и активистички ангажман. Со учество на реномирани професорки, теоретичарки и активистки, ФЕМ 101 ја гради врската меѓу академскиот дискурс и граѓанскиот активизам, нудејќи паралелна образовна патека која ја надополнува, но и ја предизвикува традиционалната академска структура. Во таа смисла, школата се јавува како значаен ресурс за заедниците кои често остануваат на маргините на формалното образование – девојки, жени, сексуални и родови малцинства. Овој формат ја демонстрира можноста на граѓанскиот сектор да продуцира алтернативни образовни модели, кои не само што обезбедуваат нови знаења и критичка свест туку и придонесуваат за создавање инклузивна јавна сфера и

зајакнување на демократските процеси. На тој начин, ФЕМ 101 се вградува во поширокиот контекст на феминистичкото образование во Македонија како витално надополнување на институционалните форми на учење.

> *„Школата ФЕМ 101 ми е еден од најдрагите проекти на 'Медуза', зашто преку нејзините неколку едиции имавме можност подиректно, во физичкиот простор – време, да се запознаеме со многу девојки и жени со интерес за феминизмот и пишувањето и да им помогнеме да го продлабочат своето знаење и потоа да ги артикулираат своите ставови, знаења и искуства во пишана форма. Школата се базира на теоретски дел кој опфаќа предавања за историјата на феминизмот и женската борба, како и современи феминистички дебати, квир теорија, феномени од полето на поп-културата, интернет-културата, уметностите и медиумите; и практичен дел, каде што преку интензивни работилници учесничките на школата развиваат свои текстови. Очекувањата од школите за мене веќе се исполнуваат, односно ги гледам плодовите: информирани, здружени, омоќени феминистички гласови – иднината на локалниот феминизам“* (извадок од интервју на Калиа Димитрова).

Истражувањата од областа на родовите студии во Македонија (како и во регион) традиционално се соочуваат со недоволна поддршка која се движи од институционални ограничувања до посуптилни облици на отпор во академската и општествената сфера. Оваа состојба е резултат на недоразбирањето на значењето и улогата на родовите студии за унапредување на научните истражувања и за развојот на општествено-културните процеси. За нивно поефикасно интегрирање неопходно е воспоставување системска поддршка што ќе овозможи вклучување на родовата перспектива во сите академски и институционални структури, во согласност со политиките за gender mainstreaming.

Оттука, според Бадаревски (интервју), сериозен предизвик за овој процес претставува силниот конзервативизам и патријархалност што се вкоренети во научните, социјалните и политичките контексти, што резултира со отпор кон родовите студии и нивните програми. Симптоматичен пример за ваков институционализиран отпор е укинувањето на програмата по родови студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во академската 2012/2013 година. Ваквиот развој не само што го отежнува напредокот на родовите истражувања туку и го намалува општественото признавање на нивната критичка улога во процесите на демократизација и општествен развој. Вистинската интеграција на родовите студии,

следствено, бара суштинска, а не само декларативна поддршка и посветеност од државните и академските институции.

> *„Пример за институционализиран отпор е укинувањето на програмата по родови студии на УКИМ во 2012/2013 година, што претставува сериозен удар врз развојот на оваа област. Ваквите реакции не само што го забавуваат академскиот и истражувачкиот напредок туку и го ограничуваат поширокото признавање на родовите прашања како клучни за демократскиот и општествениот развој. Вистинската интеграција на родовите студии, според тоа, бара не декларативна, туку суштинска и континуирана посветеност од државните и универзитетските институции“* (извадок од интервју со Боби Бадаревски).

Оттука, патријархалноста претставува една од клучните причини за ограничување и инхибиција на женското учество во различни сфери на општествениот и културниот живот. Општествената прифатливост на стереотипите за родовите улоги и однесувања, како и недоволната сензитивност и освестеност на културните практики ја продлабочуваат маргинализацијата на жените и нивното исклучување од одредени позиции и области. Во македонското општество, патријархалните модели симболизирани преку традиционалните обичаи, вредности и социјални очекувања често го потиснуваат женското учество и го обесхрабруваат критичкото учество во јавниот, професионалниот и културниот живот. Овие општествени и културни структури не само што влијаат квантитативно, преку недоволно застапување на жените, туку и квалитативно, бидејќи доминантната улога на традиционалните родови очекувања ја ограничува можноста на жените да напредуваат во различни сфери. Евидентно е дека патријархалниот систем на вредности претставува широка рамка на социјални и културни норми, кои континуирано го обликуваат начинот на кој жените се перципираат, интерпретираат и вреднуваат во јавноста, создавајќи услови за нивна нееднаква позиција и репрезентација. Во овој контекст, родовата перспектива и критичките пристапи во истражувањето и образованието стануваат клучни алатки за разбивање на стереотипите, подигање на свеста и обезбедување рамноправно учество на жените во сите сегменти на културниот и општествениот живот.

> *„Како и секаде во светот, така и кај нас, сè уште се наоѓаме во постојана состојба на судир помеѓу андроцентричниот и гиноцентричниот светоглед. Во патријархатот секако преовладува*

> *андроцентризмот, односно толкување на социо-културолошките феномени преку машка перцепција и искуство. Женското тело и понатаму се објективизира... можностите за спротивставување се исто така побројни во смисла на борбата против мизогинијата и борбата за правото на сопствен став за сопствениот идентитет. Секако, како и секаде, и во македонското општество таа јавна перцепција е во тесна корелација со индивидуалните околности, општественото окружување и влијание, но и традицијата. Перцепцијата на жената како Другиот е уште присутна, како и обиди за нејзина маргинализација“* (извадок од интервју со Рајна Кошка-Хот)

Образовниот систем се препознава како една од клучните структури за подготовка на жените и мажите за активно и еднакво учество во сите сфери на општествениот живот. Прилагодувањето на образовните програми и професионалната обука, примената на иновативни методи, како и елиминирањето на предрасудите и родовите стереотипи се посочуваат како значајни мерки за остварување на целите утврдени со Законот. Покрај тоа, надлежните институции и образовните установи имаат обврска да вршат редовна проверка и ревизија на наставните планови, програмите и учебниците, со цел обезбедување и унапредување на еднаквите можности за жените и мажите во образовниот процес.

> *„Во крајна линија, за постигнување вистински ефект во областа на родовата еднаквост и интегрирањето на родовата перспектива во македонските универзитети, потребно е овој процес да премине од декларативни и формални рамки во конкретни и континуирани практични активности“* (извадок од интервју со Боби Бадаревски).

Образованието на жените претставува клучен предуслов за постигнување родова рамноправност и за целокупниот општествен развој. Вклучувањето на жените во образовниот процес не само што придонесува за нивна лична еманципација и зголемување на можностите за активно учество во јавниот и политичкиот живот туку има и поширокии импликации врз економскиот и социо-културниот напредок на општеството. Во македонскиот контекст, борбата за пристап на жените до образование отсекогаш била поврзана со процесите на модернизација и демократизација. Во таа смисла, родовите студии не се само нова академска дисциплина туку и значаен механизам преку кој се унапредува свеста за важноста на образованието на жените, како и за улогата на критичкото знаење во рушењето на стереотипите и промовирањето на социјалната правда.

> *„Образованието е најважниот процес во животот на секој поединец, особено ако е жена... сметам дека образованието треба да биде приоритетна дејност за секој поединец, но зошто велам особено ако е жена? ...Нема ништо посамоуверено и непоколебливо од образована жена и мислам дека образована жена е иднината на борбата за женските права. Образованието ви дава моќ која понекогаш ви е неопходна да се изборите за правата“* (извадок од интервју со Магдалена Стојмановиќ).

Со оглед на тоа, во македонското општество, културните практики, традицијата и образованието се тесно поврзани со конструирањето и реинтерпретирањето на родовите нееднаквости. Образованието на жените не само што им овозможува да ја репродуцираат и преиспитаат сопствената субјективност туку и постојано реинтерпретира и трансформира социо-културните структури во кои се инкорпорирани. Преку родово сензитивни програми, критичка анализа на учебниците, интердисциплинарни студии и алтернативни форми на образование, се создава простор каде што жените можат да ја артикулираат својата перспектива и да се реинтерпретираат и ремапираат родовите очекувања, со цел да се вклучат активно во обликувањето на културниот и јавниот дискурс. Ова не значи само формално учество туку и можност за симболичен и креативен отпор кон патријархалните модели, кои се присутни во доминантните наративи и вредности, во јазикот, уметничките практики и перформансите. На овој начин, образованието станува клучен генератор на критичка мисла и културен потенцијал, преку кој се отвораат патеки за родовата рамноправност и за активно трансформирање на социјалниот и културниот пејзаж.

#### *6.3.1.3. Феминистички гласови: јазик, перформанс и симболичен отпор*

Феминистичкиот активизам отсекогаш бил тесно поврзан со јазикот и со симболичките практики што излегуваат надвор од класичните рамки на политичкото дејствување. Јазикот не е само средство за комуникација туку и поле на моќ, во кое се обликуваат значењата на родот. Во македонскиот контекст, феминистичките гласови често се движат меѓу институционалните иницијативи за родова рамноправност и креативните стратегии на отпор, кои ги користат културата, уметноста и јавниот простор како медиуми за политички израз. Перформансот, во оваа смисла, претставува форма на отпор што преку телото,

визуелноста и јавниот чин создава алтернативни начини на изразување на незадоволството од структурната нееднаквост. Од протестни маршеви и улични акции, до дигитални кампањи и уметнички интервенции, овие практики имаат цел да ја нарушат доминантната културна матрица и да отворат можност за нови општествени толкувања. Во контекст на феминистичката, односно родовата теорија, перформанс, поим воведен од Џудит Батлер, може да се согледува во контекст на однесување на личноста во (не)согласност со одредени општествени и културолошки норми и обичаи (Кошка-Хот, 2010).

> *„'ПичПрич' беше инспириран од фестивалот за раскажување приказни 'Причигин' што се одржува подолго време во Сплит, Хрватска, каде што имав настап во 2015 година што предизвика бурни реакции во нашата јавност. Потоа мојата колешка и пријателка Ана Василева ми пристапи со идеја да изградиме наша таква иницијатива, но во која ќе дадеме платформа на женските гласови кои се недоволно чуени во нашата јавност, а притоа ќе оддадеме почит и на женската традиција на усното пренесување на историјата и знаењето. Проектот се покажа многу успешен и влијателен, со што се отворија многу табу-теми и се нормализира присуството на женските приказни во јавноста. Се забележа големо ослободување на жените, како и интерес од јавноста да се следат ваквите женски, секојдневни приказни, при што се покажа и дека жените, во спротивно на патријархалниот норматив кој ги исклучува и од можноста да бидат смешни, имаат голема успешност во хумористичните настапи“* (извадок од интервју со Румена Бужаровска)

Според, исказот на Бужаровска, може да се забележи дека самиот проект „Пичприч“ во една линија е и хумористична реакција на порноглосијата присутна во јавниот дискурс. Порноглосија е ситуација во која јазикот се користи со цел да ја истакне жената како објект атрактивен за мажите, односно јазик кој се користи како прикажување на жените како предмети на сексуална желба и привлечност. Тоа може да биде и јазикот на визуелните медиуми и, воопшто, јавниот дискурс (ibid.).

> *„Во однос на јавниот дискурс, и визуелно и текстуално, во медиумите сведочиме на присуство на различни интердисциплинарни и мултимедијални форми на отпор кон присутната мизогинија или она што денес во општа смисла се нарекува токсична машкост“* (извадок од интервју со Рајна Кошка -Хот).

Во феминистичката теорија, женскиот глас и писмо се појавуваат како метафори и практики на отпор кон патријархалниот канон кој традиционално ги исклучувал жените. Поимот на гласот во феминистичката теорија се врзува со улогата на нараторот и женските ликови во литературата, упатувајќи и на стојалиштето кон авторството (ibid.).

> *„Во овој контекст може да го спомнеме примерот на романот 'Пиреј' од Петре М. Андреевски каде што гласот на главниот женски лик е автентично женски, односно нејзиниот наратив е од женска перспектива и искуство иако се однесува на истите историски настани низ кои поминува главниот машки лик и е сосем различен. Очигледно е сè погласното присуството на женскиот глас во сите книжевни жанрови, а секако и во уметноста. Во основа би било интересно да се разгледа присуството на гиноцентричноста во современата литература од жени автори и уметници, односно дали гласот во тие дела – текстуалниот или визуелниот – е базиран врз женска перспектива и искуство“* (извадок од интервју со Рајна Кошка-Хот)

Начинот на којшто општеството ја конструира сликата за жената припаѓа во фундаменталните поими со кои се осмислува и интерпретира феминистичката критичка теорија. Оттука, во делото (лексикон) *Феминизам и род* на Рајна Кошка-Хот, Славица Србиновска и Маја Бојаџиевска посочуваат дека „*феминистичката критичка теорија ја констатира тенденцијата женското (женскиот принцип) да се дефинира како негативен референт во однос на машкото (машкиот принцип) како норма, а оттаму, и како еден вид не-човек и абјект – Друг*“ (ibid., 11). Теоријата на Другоста е клучна за феминистичката мисла и се темели на филозофско и социолошко исходиште – како се конструира субјектот преку односот со „другиот“. Во феминистичка смисла, жената е поставена како „Другост“ во однос на мажот, кој историски бил сфатен како универзален субјект и мерка за човечкото, односно примарно суштество, додека жената е секундарна. Во современите феминистички теории, концептот на Другоста служи за да се покаже дека родовите односи не се природни или дадени, туку резултат на историски процеси на дефинирање и исклучување. Со препознавањето на жената како „Другост“, се отвора можност и таа позиција да се преиспита, деконструира и трансформира од објект во субјект (Бовоар, 1989 & Иригаре, 2003).

*„... Секако, како и секаде, и во македонското општество таа јавна перцепција е во тесна корелација со индивидуалните околности, општественото окружување и влијание, но и традицијата. Перцепцијата на жената како Другиот е уште присутна, како и обиди за нејзина маргинализација...“* (извадок од интервју со Рајна Кошка-Хот)

### *6.3.2. Трансформација на феминистичкиот активизам – од „традиционален“ кон „современ“ феминизам*

Трансформацијата на феминистичкиот активизам во македонското општество од „традиционален“ кон „современ“ феминизам претставува процес на премин од основните борби за формално-правна рамноправност, како што се пристапот до образование, политичка партиципативност, кон пошироки и покомплексни прашања поврзани со родовата рамноправност, интерсекционалност и критика на структурните нееднаквости. Додека традиционалниот феминизам главно се фокусираше на институционалното признавање на женските права, современиот феминизам вклучува мултидимензионални стратегии на отпор и застапување, интегрирајќи ги аспектите на социјалната правда, идентитетските политики, дигиталниот активизам и глобалната солидарност. Овој развој сведочи за динамичниот карактер на феминистичкото движење, кое се приспособува на новите општествени, културни и политички предизвици.

#### *6.3.2.1. Генерациски континуитет и дисконтинуитет во женското движење*

Генерациското толкување на општествените и политичките процеси, вклучувајќи го и развојот на женското движење во Македонија, во последните децении добива посебна важност како аналитичка рамка. Од периодот на осамостојување па до денес, женското движење се трансформира преку генерациски искуства кои се одразуваат на промените во општеството, политиката и културата. Додека **етничката анализа** некогаш беше доминантен пристап во толкувањето на женското движење, особено во раните години по независноста кога меѓуетничките односи и прашањата на колективниот идентитет беа во прв план, со текот на времето генерацискиот пристап стана поатрактивен и пошироко прифатен. Ова се должи делумно на фактот што социјалните и економските услови кои ги

обликуваа женските искуства низ генерациите, особено во периодот на транзиција, значително се менуваа.

Првите генерации активистки и активисти во македонското женско движење беа формирани во специфични историски и општествени услови во рамките на поранешната Југославија (поврзано со активностите на АФЖ), време на идеолошки наративи во рамките на социјалистичката мисла, каде што борбата за родова еднаквост имаше посебен карактер. Со независноста и пазарната транзиција, новите генерации се соочија со други предизвици, меѓу кои растечки нееднаквости, процеси на демократизација и либерализација, но и потребата за градење автономно женско движење надвор од партиските и државните структури. Овие услови доведоа до појава на нови форми на активизам – од професионализирани невладини организации до пофлексибилни, неформални иницијативи – што го трансформираа дискурсот за родова еднаквост и ја прошириjа агендата на движењето во насока на човекови права, европски интеграции и интерсекционални перспективи. Оттука, **генерациските разлики** во пристапот кон феминизмот и стратегиите за родова рамноправност стануваат сè позначајни. Помладата генерација активистки и активисти често развиваат нов јазик и нови стратегии кои се разликуваат од претходните генерации. Тие користат дигитални алатки и социјални мрежи за организирање и застапување, што создава јасна граница во стилот и методите, но истовремено артикулираат и различни идеолошки и дискурзивни практики на активизам, кои ја рефлектираат променетата социо-културна и политичка констелација. Сепак, овие разлики се гледаат и како генерациски расколи, кои, иако можат да создадат конфликти, сепак го движат женското движење напред и го прават поразновидно и поотворено за различни гласови.

> *„Во поново време, се основаат организации од млади жени и девојки од поновата генерација, кои воведуваат поинаков пристап кон решавање на проблемите со кои се соочуваат жените, како и кон родовата еднаквост и прашањето на сексуалните родови малцинства. Работата кон родовата еднаквост и прашањата на сексуални и родови малцинства е еднакво важна и корисна за демократијата во секое општество“* (извадок од интервју со Савка Тодоровска).

*„Нормално е да постои генерациски јаз, зошто различните генерации имаат различни искуства живеејќи во други времиња и со поинакви политички околности, секако и битките им се поинакви. Солидарност постои на одредени идеи и проекти, но генерално солидарноста во граѓанскиот сектор се поврзува во голема мера на заеднички проекти кои треба заедно да се изработат. Соработката секогаш била дискутабилна и поврзана со различни мотиви и влијанија“* (извадок од интервју со Даниела Димитриевска).

*„За жал, веќе не гледам солидарност, ниту меѓусебно разбирање, а најмалку почитување. Има големи поделби по идеолошка линија, кои сме ги немале порано, кога сме знаеле за што и против што се бориме. И поделбите не се строго генерациски. Да, најголем дел од застапниците на интерсекциски пристап во феминизмот се од помладите генерации, но има и повозрасни претставници со истите убедувања“* (извадок од интервју со Лилјана Поповска).

*„Не би го нарекла генерациски јаз. Мислам дека станува збор за природен тек на развојот на мислата за прашањата на поимите поврзани со женските движења и за улогата на полот и родот и во теорија и во практика. Со други зборови, сведочиме на т.н. 4. бран феминистичко движење којшто ги промовира истите вредности, но сега во формат на протест, отпор и активизам преку различен формат“* (извадок од интервју со Рајна Кошка-Хот).

*„Не би го нарекла тоа воопшто јаз. Тоа е обична генерациска разлика, но меѓу различните генерации феминистки во Македонија не наидувам во идеолошки или какви било други несогласувања. Напротив, работиме заедно, се дружиме и чувствуваме меѓусебна солидарност, радост и разбирање“* (извадок од интервју со Румена Бужаровска).

*„Се чини дека врските со претходните генерации активистки се слаби, па дури и да ги нема. За жал, генерациски континуитет постои во мал дел. Недостаток од дискусија внатре во движењето за самото движење. Чувството дека сѐ започнува од нашата генерација е често во многу движења, ама за да се надмине, потребно е овозможување на канали и простори за комуникација. Тука би ги посочила и донаторите како едни од виновниците, кои поддржуваат само активности насочени кон институциите, а речиси никогаш не сакаат да поддржат активности насочени кон зајакнување на социјалните движења“* (извадок од интервју со Ирена Цветковиќ).

*„Гледам разноликост во движењето, во однос на темите кои се отвораат и стратегиите и платформите кои се користат. Новата генерација феминистки се попрогресивни и поеманципирани. Мислам дека е клучно да се работи заедно со други движења, да се покажува солидарност, да се*

> *мобилизираат феминистки Ромки, Албанки, жени со попреченост, лезбијки и транс жени, земјоделки, работнички, со цел феминистичката борба да го реализира својот еманципаторски потенцијал на повеќеслојно политичко движење"* (извадок од интервју со Драгана Дрндаревска).

Евидентно е дека постојат три фази или генерации на македонското женско движење кои своите фокуси и цели ги поставуваат на различно поле на активизам. **Првата генерација** се манифестира во периодот непосредно по стекнувањето на независноста, кога општеството се соочуваше со фундаментални предизвици на политичка и економска транзиција. Пионерките на женското движење дејствуваа во контекст на институционален вакуум, каде што отсуството на функционални државни механизми за заштита на женските права создаваше итна потреба од граѓански иницијативи. Приоритетната агенда на првата генерација беше детерминирана од непосредните егзистенцијални потреби на жените, вклучувајќи хуманитарна помош за жртвите на војните во регионот, психосоцијална поддршка за жени жртви на насилство и создавање на првичните форми на солидарност и заемна помош. Методолошкиот пристап на првата генерација се карактеризираше со прагматизам и фокус на конкретни, мерливи резултати, што беше неопходно за легитимирање на женските прашања во јавниот дискурс. Институционалните иновации како што се воспоставувањето на СОС-линиите за жртви на семејно насилство и формирањето на МЖЛ и Клубот на пратенички претставуваа пионерски обиди за создавање формални канали за артикулација на женските интереси. Во овој период, значаен исчекор беше и воведувањето на системот на родови квоти за кандидатските листи во Собранието, кој овозможи зголемено присуство на жени во политиката и отвори простор за институционална видливост на прашањата за еднаквост. Оваа практика претставуваше суштински механизам за поттикнување на политичкото учество на жените и создавање првични основи за родова демократизација на политичкиот систем.

Транзицијата кон **втората генерација** на феминистички активизам се одвива во периодот од првата, па сè до втората деценија на XXI век, паралелно со процесите на консолидација на граѓанското општество и стабилизација на демократските институции во земјата. Во овој период, женското движење настапуваше со зголемена институционална легитимност и со јасна ориентација

кон структурни промени во сферата на родовата еднаквост. Клучната преокупација на втората генерација беше преминувањето од непосредна граѓанска интервенција кон создавање долгорочни механизми за вградување на родовата перспектива во јавните политики и образовниот систем. Воведувањето на родовите студии како академска дисциплина претставуваше значаен чекор во ширењето на феминистичката мисла и во градењето систематски знаења за општествените нееднаквости, додека интегрирањето на родовите прашања во академската средина ја легитимираше нивната важност и надвор од активистичкиот контекст.

Во овој период може да се зборува и за појава на **државен феминизам**, со оглед дека дел од агендата за родова еднаквост се институционализира преку усвојување закони, формирање посебни тела и изработка на акциски планови. Донесувањето на Законот за еднакви можности (2006), основањето на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Собранието, воспоставувањето координатори за еднакви можности во државните институции, како и Националниот акциски план за родова еднаквост (2007 – 2012) ја демонстрираат тенденцијата државата да ја преземе улогата на регулатор и промотор на родовите политики. Меѓународната поддршка, особено од европските и американските фондации, продолжи да игра клучна улога преку финансирање истражувања, публикации и образовни програми. Така, втората генерација изгради мост помеѓу активизмот, академската заедница и институциите, создавајќи услови за развој на долгорочни стратегии за родова еднаквост.

**Третата генерација** на македонскиот феминизам се појавува во услови на продлабочена глобализација и трансформација на општествените движења, носејќи со себе проширени хоризонти на теорија и дискурзивни практики. За разлика од претходните генерации, кои беа фокусирани првенствено на политичката партиципативност и институционалното вградување на родовата перспектива, современиот феминизам се дефинира преку интерсекционалната рамка која го нагласува испреплетувањето на различните репресивни структури, како што се полот, родот, сексуалноста, етничка припадност, возраст, инвалидитет, итн. На тој начин, феминизмот ја надминува својата првична идентификација како борба

ограничена на жените и се афирмира како критичка перспектива кон сите форми на маргинализација и нееднаквост, претставувајќи суштинска опозиција на патријархалниот поредок. Овој развој внесува и генерациски јаз во однос на претходните генерации: додека првата генерација ја отвори институционалната агенда за родова рамноправност, а втората ја консолидира преку јакнење на законската рамка и академската легитимност на родовите студии, третата генерација се движи кон пошироко политичко и теоретско преосмислување на самиот концепт на родот. Родот, во овој контекст, добива терминолошка и аналитичка оправданост што овозможува вклучување на политиките на идентитетот во рамките на феминистичката борба. Со тоа, феминизмот се позиционира како поширок дискурс за општествена правда, а не само како проект за еманципација на жените.

Институционалната димензија на оваа генерација е видлива во усвојувањето нови антидискриминациски закони кои го признаваат принципот на интерсекционалност и ги интегрираат различните основи на дискриминација, како и во донесувањето стратегии за родова еднаквост кои ја потенцираат неопходноста од интегрални политики за елиминација на нееднаквостите. Истанбулската конвенција претставува значајна рамка за овие процеси, бидејќи не само што воведе заеднички стандарди за заштита од родово базирано насилство туку и ја потврди заложбата дека прашањето за насилството врз жените и девојките не може да се третира изолирано туку мора да се интегрира во пошироки политики на недискриминација и заштита на човековите права. Оттука, третата генерација го задржува континуитетот со претходните генерации македонски женски активизам, преку стремежот кон институционално зајакнување и усогласување со меѓународните стандарди, но истовремено внесува и значајно проширување на феминистичката агенда, трансформирајќи го феминизмот во поширока критичка рамка за демократизација на општеството.

Може да се забележи дека генерацискиот пристап ни помага да сфатиме дека женското движење не е хомогено, туку дека неговиот развој е врзан со историските прилики и предизвици кои различните генерации ги искусиле. Од

периодот кога пристапот до образование, пазарот на труд и политичката застапеност/партиципативност беа ограничени, а фокусот бил ставен кон борбата против семејното насилство и обезбедувањето простор во јавниот дискурс, до денес, кога младите жени настојуваат да го прошират полето на правата, акцентот се префрлува кон нови идеолошки и дискурзивни практики, интерсекционален феминизам и поширока агенда на човекови права (Gülçiçek, 2021). Истовремено, генерацискиот пристап го покажува и фактот дека одредени општествени нееднаквости и структурни бариери, како родовата дискриминација, насилството врз жените и недоволната застапеност во политиката, се отпорни на брзи промени, и дека за нивно надминување е потребен континуиран и мултигенерациски активизам (ibid.). Иако генерацискиот пристап кон анализата на македонското женско движење има свои ограничувања, тој е важен бидејќи овозможува историско разбирање на промените и поттикнува инклузивност во политичките дискусии. Ја истакнува потребата од признавање на различните искуства, вредности и пристапи меѓу жените од различни генерации. Во време на брзи општествени и технолошки промени, генерацискиот пристап ни помага да ги разбереме динамиките во женското движење, како и потенцијалите за заедничка борба за родова еднаквост и социјална правда во иднина (ibid.).

#### *6.3.2.2. Македонскиот феминизам во своите сопствени координати: дали феминизмот веќе не е непопуларен?*

Феминизмот, покрај тоа што може да се сфати како теорија, практика, активизам, ангажман и политичка заложба, претставува и повеќе од еден стабилен поим, тој е подвижен означител, отворен кон постојано преиспитување. Прашањето „Што е феминизам?“ упорно се враќа кон самите феминистки, како да е можно една апсолутна дефиниција да ја заокружи хетерогеноста на практики, стратегии и теоретски позиции што се кријат во овој термин. Постструктуралистичката перспектива укажува дека секоја дефиниција е привремена и парцијална, дека феминизмот не е суштина туку процес, не фиксна доктрина туку поле на дискурзивни борби (Батлер, 2002).

Сепак, во јавниот простор постојат перцепции што ја искривуваат оваа сложеност: некои одат дотаму да тврдат дека феминизмот е нова форма на дискриминација, при што, врз основа на старите сексистички претпоставки, улогите на доминација и потчинување би биле „превртени“. Таквите претстави, засновани на незнаење и предрасуди, ја минимизираат суштината на движењето: стремежот кон еднакви права и можности. Во тој поглед, феминистичко е секое уверување дека жената треба да има еднаква плата за иста работа, дека домашните обврски не смее да бидат поделени по пол, дека секој субјект има право да одлучува за своето тело (Tong, 2018)

Оттука, да се биде феминист/феминистка не е идентитет во класичната смисла, туку позиција на постојано отворање и преиспитување на општествените односи на моќ. Тоа значи да се верува дека секое суштество има право на свој живот, независно од пол или род, и дека тоа право не е предмет на ничија сопственост. Тоа значи да се одбиваат бесмислените улоги што општеството ги нормира како „природни“, и да се инсистира на еднаквост во приватната и јавната сфера. Тоа значи и да се разберат интимните односи како доброволни партнерства во кои двете страни слободно и рамноправно учествуваат. Конечно, да се биде феминист/феминистка значи да се разобличи насилството како симптом на недоразвиена емоционална култура и како практика на доминација што мора да биде општествено неприфатлива (ibid.).

Феминизмот, во оваа смисла, не е затворен концепт туку дискурс во движење или простор на интерпретации и практики што го разнишуваат патријархалниот поредок и овозможуваат алтернативни визии на праведност, слобода и еднаквост.

Во својата студија од 2006 година, со наслов *Јас не сум феминистка, но...: Како феминизмот стана зборот со буквата F,* **Торил Мои** укажува дека феминизмот е темел врз кој се гради феминистичката теорија, но воедно нагласува дека неговата иднина е сè повеќе неизвесна. Многу жени, според неа, избегнуваат да се идентификуваат како феминистки поради страв од негативни стереотипи – дека ќе бидат перципирани како агресивни, доминантни, нетолерантни или, во

крајна линија, како жени кои ги мразат мажите. Мои дополнително забележува дека сè почесто младите жени во разговор за родови прашања чувствуваат потреба да започнат со фразата „Не сум феминистка, но...“, што за неа претставува симптом на длабок раскол помеѓу идеалите за женска слобода, правда и еднаквост, и самиот поим „феминизам“. Како една од причините за оваа појава, таа ја истакнува успешната конзервативна кампања во САД од 1990-тите години, која целосно го изместила значењето на зборот. Мои го наведува примерот со изјавата на Пет Робертсон од 1992 година, која тврдела дека феминистичката агенда не се занимава со еднаквост, туку дека станува збор за „*социјалистичко, антисемејно движење кое ги охрабрува жените да ги напуштат своите мажи, да абортираат, да практикуваат магија, да го срушат капитализмот и да станат лезбијки.*“ Бидејќи формално еднаквоста веќе била прифатена како општествена вредност, Робертсон ја прикажува како недоволна за да го дефинира феминизмот, претставувајќи ги феминистките наместо тоа како ирационални екстремистки кои го отфрлаат семејството, ги презираат мажите и се поврзуваат со „опасни“ алтернативни идентитети (Moi, 2006).

Понатаму, Торил Мои ги разгледува и критички ги пренесува ставовите на авторки како Розалинд Кауард и Кети Јанг, кои кон крајот на 20-тиот век изразуваат сериозни резерви кон феминизмот. Така, Кауард во својата книга „Sacred Cows“ (1999) објаснува дека се откажала од феминистичкиот идентитет, бидејќи не се согласува со основната претпоставка дека жените никогаш не може да имаат моќ како мажите, ниту пак мажите може да бидат ранливи како жените. Од друга страна, Кети Јанг, во својата книга „Ceasefire!“ од истата година, истакнува дека феминизмот премногу се фокусира на личното незадоволство на жените, што според неа доведува до еден вид колективен нарцизам и промовирање на митот за моралната супериорност на жените, при што мажите се прикажуваат во негативна светлина (ibid.)

Мои нагласува дека овие и слични ставови, кои се појавија во деведесеттите години од минатиот век, одразуваат широка критика на феминизмот и, сакале или не, помогнаа во ширењето на конзервативна агенда која придонесе за

стигматизација на самиот поим „феминизам“. Денес, феминизмот сè почесто се избегнува во јавниот дискурс, па дури и од страна на самите жени (ibid.)

Сепак, според Мои, феминистичката теорија сè уште има потенцијал и улога во современото општество – но за да има иднина, таа мора да стане релевантна и применлива во реалниот живот. Тоа значи дека феминистичката мисла треба да понуди практични, корисни и смислени увиди за секојдневните предизвици со кои се соочуваат жените, како што се љубовните односи, професионалниот развој, мајчинството и општествените очекувања. Наместо да се навраќаме само на теоретските рамки од минатото, неопходно е да го анализираме сопствениот современ контекст. Мои смета дека иако идеите на Симон де Бовоар сè уште имаат суштинска вредност, тие се продукт на нејзиното време. Ние, пак, сме повикани да ја преиспитаме женската позиција денес и да ја развиеме нова теоретска парадигма што ќе одговара на предизвиците на сегашноста. Можеби токму во овој момент се подготвуваат нови, свежи феминистички гласови кои ќе донесат потребна трансформација во дискурсот и ќе понудат визија за иднината на феминистичката мисла (ibid.)

Во македонското општество, иако феминизмот се препознава како борба за основни права и заложби насочени кон родовата рамноправност, постојат поделени ставови околу неговото значење и улога. Дел од јавноста го отфрла поимот поради неговата негативна конотација или го поврзува со елитистички и западно инспирирани агенди и често го користат поимот „женски активизам“ отколку феминизам. Некои критичари го гледаат испреплетувањето со идентитетските политики како оддалечување од реалните, секојдневни проблеми на жените. Ова создава сериозен предизвик во рамките на македонскиот женски активизам/феминизам кој настојува да се изгради во рамките на феминистички дискурс во согласност со специфичниот културен и социјален контекст:

> *„Феминизмот е правец и движење за женски права, на сите нивоа и голема заблуда е на сите оние кои работат за женските права, а за себе велат дека не се феминистки, но времето ќе покаже и на сите нив ќе им докаже дека борејќи се за женските права тие се феминистки и работат во правецот на феминизмот“* (извадок од интервју со Савка Тодоровска).

*„Феминизмот сѐ уште е збор што треба да се дообјаснува. Има жени за кои тој сѐ уште се доживува како нешто радикално, па знаат да се оградат: 'Јас сум за женски права, ама не сум феминистка.' Во крајна линија, тоа и не е од суштинско значење. Битно е ако некој има желба да биде 'борец за женски права', да има ентузијазам за активизам и идеали за подобар и поправеден свет во секоја смисла, за секого"* (извадок од интервју со Лилјана Поповска).

*„Денес е проблем дефиницијата на тоа што е феминизам. Новите ветрови од запад во феминизам вклучуваат и дел од ЛГБТ+, како и мировни, еколошки, ваксерски и мн. други движења. Кога вака е спакувано сѐ во едно и истите актери за сѐ, се кријат зад транспарентот на феминизмот и на некои нови теории за нови правци во феминизмот, тогаш кај поголем број на граѓани ова се спротивставува на класичната позиција на феминизмот и раѓа недоверба и таа позиција генерално им прави штета на сите – и на 'класичните' феминисти и на 'новите' феминисти"* (извадок од интервју со Даниела Димитриевска).

*„... феминизмот не беше прифатен како поим. Но, кога организациите се ставаа во позиција да размислуваат за вредности и права во македонскиот контекст, почнуваа да разбираат дека всушност веќе дејствуваат феминистички – се залагаа за спречување насилство, учество во донесување одлуки, итн."* (извадок од интервју со Марија Савовска).

*„Јас бев жртва на заблудите дека феминизмот е движење на жени кои ги мразат мажите. Како и голем број на луѓе кои со индигнација гледаат кон феминизмот, сметав дека феминизмот не е област во која припаѓам. Благодарение на образованието, успеав да расчистам со моите заблуди и да сфатам дека феминизмот го инкриминираат луѓе кои не го разбираат и за кои феминизмот претставува загрозување. Во суштина, јас феминизмот го разбирам како борба на жените да говорат во свое име бидејќи во минатото тоа обично го правеле мажите. Феминизмот е 'женскиот поглед на светот' и прикажување на проблемите од позиција на автентичен субјект. И така треба да биде. За мене неприфатливо е маж да говори во име на жената и обратно"* (извадок од интервју со Магдалена Стојмановиќ).

*„... бев нарекувана 'курва' од други феминистки затоа што зборувам многу за правата на сексуалните работнички. 'Курва' за мене не е навреда одамна, туку орден што гордо го носам. Премногу долго се занимавав со дебатата околу сексуална работа и во феминистичка литература и помеѓу активистки и адвокатки. Феминизам кој исклучува сексуални работнички, транс жени и други групи, за мене не е феминизам, ниту вредносно ниту како политичка теорија. Феминизмот како политичка теорија е пред сѐ за преиспитување и разнишување на структурите на моќ кои репродуцираат субординација на жените, ЛГБТИ, Ромите, луѓето со попреченост итн. Феминизмот денес се користи стратегиски за да се дехуманизираат транс луѓето и да се врами прашањето како легитимна*

*борба на жени и деца против транс луѓе“* (извадок од интервју со Драгана Дрндаревска).

### *6.3.2.3. Помеѓу „еднаквите можности на жените и мажите“ и „родовата еднаквост“: поимно „деконструирање“ на категориите пол и род*

Синтагмата „еднакви можности“ означува дека жените треба да имаат еднакви права на човечки, социјален, економски и културен развој, како и подеднакво право на глас во општествениот и во политичкиот живот. Та оттука, самиот концепт на еднакви можности за жените и за мажите би значел отсуство на пречки за економско, политичко и социјално учество врз основа на полот. Тоа значи промовирање на начелото за воведување еднакво учество на жените и на мажите во сите области од јавниот и од приватниот сектор, еднаков статус, еднаков третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој (Ивановска & Бадаревски, 2012). Во 2006 година, во македонското законодавство за прв пат е донесен Законот за еднакви можности на жените и мажите. Овој Закон претставува прв систематизиран обид за воспоставување правна рамка што ќе ја гарантира еднаквата положба на жените и мажите во сите сфери на општествениот живот. Основната цел на Законот е да се обезбеди еднаков третман и рамноправно учество без разлика на полот, преку забрана на дискриминација, вознемирување и сексуално вознемирување, но и преку промовирање позитивни мерки за надминување на историски и социјални нееднаквости.

Со овој Закон се уредува не само формалната еднаквост туку и суштинската еднаквост преку воспоставување механизми за активно учество на жените и мажите во политиката, економијата, образованието, здравството, културата, медиумите и јавната администрација. Законот обврзува институциите, од Собранието и Владата до локалната самоуправа, политичките партии и медиумите, да интегрираат родова перспектива во своите политики и практики (gender mainstreaming). Дополнително, се воведува посебен правен механизам т.н. правен

застапник за еднакви можности, кој постапува при случаи на дискриминација и нееднаков третман.

Евидентно е дека Законот од 2006 година претставува клучен момент во правната еволуција во македонското законодавство во насока на усогласување со европските стандарди за родова еднаквост и човекови права. Тој поставува рамка за т.н. „државен феминизам“, односно институционализирање на прашањето за еднаквите можности како составен дел од јавните политики и правниот систем, со цел трансформација на постојните родови односи во насока на праведност и инклузивност. По овој Закон следуваа низа на законски решенија за унапредување на родовата рамноправност, како на пример формирањето во 2007 година во МТСП, секторот за еднакви можности на жените и мажите, а во 2010 година беше донесен Законот за спречување и заштита од дискриминација. Понатаму, во 2013 година е донесена првата Стратегија за родова еднаквост (2013 – 2020), а во 2018 година се донесени измени на Законот за учебници за основно и средно образование – со цел да се ограничат дискриминирачките и стереотипни содржини во учебниците и да се обезбеди квалитет во учебниците, исто така и донесени се измени на Законот за основно образование – со кои се воведе одредба за антидискриминација. Во 2020 година, донесен е Закон за спречување и заштита од дискриминација – со кој се признаваат родовиот идентитет и сексуалната ориентација како дискриминирачки основи и се воведува концептот на интерсекциска дискриминација.

Во 2022 година се објавува од страна на Министерството за труд и социјална политика предлог-законот за родова еднаквост, кој имаше за цел да се обезбеди остварување потполна родовата еднаквост, преку зајакнување на положбата и статусот на жената во општеството, еднаков пристап до ресурси и еднакво учество во донесување одлуки во сите сфери на општествено живеење за целосно надминување на пречките и создавање услови за остварување на потенцијалите на сите луѓе, без разлика на полот, родот и родовиот идентитет.

Но, фокусот што отвори сериозна дискусија во јавноста беше дефинирањето на полот и родот во самиот закон. Предлог-законот дефинира „Пол“ како биолошка и психолошка карактеристика врз основа на која луѓето се дефинираат како жени

или мажи, додека „Род“ е социјална конструкција која ги подразбира општествените својства и можности што се поврзуваат со тоа да се биде женско или да се биде машко.

Сепак, токму ова разграничување предизвика во јавноста реакции и отвори поле за хетероглосија околу тоа што значи „женско“ и „машко“ во современиот социјален простор, но и проблематизација околу можна „скриена агенда“ на ЛГБТ+ идеологијата или т.н. „родова идеологија“. Дел од јавноста, вклучително и одредени политички и религиски структури, го доживеа воведувањето на поимот „род“ како закана за традиционалните вредности и за постојните културни модели. Ова доведе до радикализирање на позициите: од една страна, инсистирањето на „автентичноста“ на биолошкиот пол како темел на политичката субјективност на жените, а, од друга страна, отворањето на категоријата „род“ како флуидна, контингентна и перформативна матрица што овозможува нови можности за субјективизирање. Овој јаз се преслика и во самото женско движење, создавајќи различни линии на поделба. Традиционално ориентираните феминистички групи го нагласуваа значењето на биолошкиот пол како основа за женскиот активизам и женската еманципација, додека поновите генерации на активистки и академски истражувачки кругови го поддржуваа проширувањето на дефинициите како неопходен чекор кон инклузивност. Таа полемика во суштина ја отвори и подлабоката тензија меѓу „универзалистичкиот“ пристап на феминизмот, кој се концентрира на правата на жените како биолошка категорија, и „постмодернистичкиот“ пристап, кој инсистира на перформативноста на родот и на деконструкцијата на бинарните поделби.

На тој начин, јавната дебата околу предлог-законот не може да се сведе само на нормативна расправа за правни дефиниции, туку претставува сцена на дискурзивна конфронтација, во која се прекршуваат различни концепти за феминизмот, визии за женското движење и перспективи за идниот правец на борбата за родова еднаквост.

*„Овој закон немаше да ја подобри положбата на жените забележително, или немаше многу да влијае врз подобрување на правата на жените. Главна цел беше да се вметне родот како флуктуирачки во законска рамка,*

*да отвори можност за сеопфатно сексуално образование (кое впрочем беше ставено во предлог-законот), каде што во училиштата, покрај сексуално преносливи болести и теми поврзани со периодот на тинејџерството, ќе се занимава и со родот. Движењето кое се преставува за родови движења во голема мера го злоупотребија терминот род којшто долго време се користеше за социјален конструкт врзан со половата одредница... Така, родот кој беше прилепен за полот, сега наеднаш полот е ирелевантен, туку чувството го детерминира родот“* (извадок од интервју со Даниела Димитриевска)

*„Изготвувачите на Закон за родова еднаквост добиле нерешлива задача – да спојат два закона во едно. Така од два добри закона добиле неуспешен ОБИД за закон. Законот за еднакви можности на жените и мажите и Законот за спречување и заштита од дискриминација се донесени со транспонирање на европски директиви во македонското законодавство. Тие функционираат онолку колку што се силни институциите, па поголема ефективност треба да се бара преку институционално јакнење и подигање на свеста, а не преку поништување на законите и правење некаков НАДЗАКОН. Поставувајќи си за цел да ги заштити и унапреди положбата на жените и на ЛГБТ лицата во општеството, што е легитимно како општа цел, прави неуспешна компилација на одредби од двата закона. Со ваков предлог-текст и укинување на законот за еднакви можности на жените и мажите, се гази по женската борба за рамноправност и се разблажува со други агенди, како да е небитна. Се поништува женското движење за еманципација на сите жени од различно културно миље, за излез од патријархатот и активно вклучување во развојот на државата. Со ваков текст се наштетува и на движењето за правата на ЛГБТ лицата за достоинствен живот...“* (извадок од интервју со Лилјана Поповска).

*„Во поново време, се основаат организации од млади жени и девојки од поновата генерација, кои воведуваат поинаков пристап кон решавање на проблемите со кои се соочуваат жените, како и кон родовата еднаквост и прашањето на сексуалните родови малцинства. Работата кон родовата еднаквост и прашањата на сексуални и родови малцинства е еднакво важна и корисна за демократијата во секое општество* (извадок од интервју со Савка Тодоровска).

Сепак, може да се забележат и различни видувања во рамките на женското движење што ја откриваат фрагментацијата на некогаш „унифицираната агенда“ за еманципација и нејзиното прелевање во интерсекционален хоризонт. Женското искуство веќе не може да се профилира како единствено и кохерентно, туку како поле на вкрстување на повеќекратни позиции на субјективност, обележани со различни теоретски и практични „апории“. Во таа смисла, дебатата околу Законот за родова еднаквост и неговото однесување кон постојниот Закон за еднакви

можности на жените и мажите може да се разбере како место на преобмислување на самите темели на македонскиот феминистички дискурс. Од една страна, борбата за еднакви можности се темели врз нормативна рамка која жените ги третира како биолошка и правна категорија, со јасна агенда за отстранување на дискриминацијата и унапредување на нивната општествена позиција. Од друга страна, предлогот за Закон за родова еднаквост воведува нарација на интерсекционален феминизам, која го доведува во прашање бинарниот модел на родот и настојува да го прошири поимот на еднаквост кон признавање на политиката на идентитети.

> *„Исклучително сум среќна и горда затоа што генерално женското и квир движење во Македонија сè уште се блиско поврзани и таа релација почива не само на традиција туку и на заемна доверба. Највидлива манифестација на блискоста се секоја година заедничко организирање и спроведување на маршовите за 8 Март и Парадата на гордоста или друго протести и маршови од тој тип. Во Македонија постојат помал број на женски активистки или организации кои отворено застапувале против нашите иницијативи насочени кон препознавање на транс луѓето (или родовиот идентитет) во легислативата“* (извадок од интервју со Ирена Цветковиќ).

> *„Првите организирани форми на ЛГБТИ активизам почнаа да се јавуваат дури кога првиот активист јавно проговори во медиумите. Тие природно бараа сојузници во женските организации, и ние бевме меѓу првите што јавно и без проблем им дадовме поддршка. Идентитетската политика донекаде прави штета – на практично ниво е нефункционална. Затоа, застапуваме системски пристап кој ќе направи промени во институциите, не само во рамки на недискриминација, туку и во начинот на управување со институции и креирање политики... Ако зборуваме за жени како најширока политичка категорија, таа може да ги вклучи и транс жени и лезбијки, но мора да се внимава како се врамуваат прашањата за да се постигне промена без да се наштети на ниту една категорија“* (извадок од интервју со Марија Савовска).

> *„Феминизам кој исклучува сексуални работнички, транс жени и други групи, за мене не е феминизам, ниту вредносно ниту како политичка теорија. Феминизмот како политичка теорија е пред сè за преиспитување и разнишување на структурите на моќ кои репродуцираат субординација на жените, ЛГБТИ, Ромите, луѓето со попреченост итн. Феминизмот денес се користи стратегиски за да се дехуманизираат транс луѓето и да се врами прашањето како легитимна борба на жени и деца против транс луѓе“* (извадок од интервју со Драгана Дрндаревска).

### *6.3.3. Новите предизвици на македонскиот женски/феминистички активизам: трасирање на патот напред*

Денес, женскиот и феминистичкиот активизам во македонското општество се соочува со предизвици кои истовремено се структурни и генерациски. Од една страна, се препознава слабеењето на организираниот женски сектор и неговата фрагментираност, што резултира со ограничена способност за заедничко дејствување и артикулирање на јасна агенда. Оваа состојба отвора простор за појава на нови форми на лидерство и иницијативи кои, во согласност со современите општествени услови, можат да мобилизираат поширока критична маса. Од друга страна, останува суштинска потребата за негување и поддржување на постојните форми на активизам, било тие да се институционални или неформални, бидејќи и едните и другите функционираат во општествена клима, што често е демотивирачка и рестриктивна. Оттука, технолошките и глобалните промени се јавуваат како нови непредвидливи фактори што ќе го обликуваат активизмот во иднина. Вештачката интелигенција и нејзиното потенцијално влијание врз секојдневниот живот неминовно ќе дадат одраз и врз родовите релации и односи. Притоа, женското движење е соочено со двоен предизвик: да ги препознае овие процеси навремено и да развие стратегии за нивно критичко интерпретирање. Истовремено, се очекува и засилување на отпорот кон феминизмот, што бара од активистките да ги преобмислат формите на отпор и да се потпрат на историјата на феминистичката борба како извор на сила и легитимитет. Историското искуство претставува клучна алатка за градење визија за иднината. Феминистичката историја, со своите борби и постигнувања, не е само наследство туку и ресурс за современите феминистички заложби и активизам. Со нејзино интегрирање, македонскиот женски активизам може да создаде простор за нови сојузништва, да ја зајакне својата автономија и да се позиционира во поширокиот контекст на глобалните промени. Во оваа смисла, иднината на движењето ќе зависи од способноста истовремено да се одржи континуитетот и да се артикулираат

иновативни стратегии за дејствување во време на комплексни и неизвесни општествени процеси.

> *„Искрено мислам дека, без оглед на формата, женскиот активизам треба да се негува и охрабрува. Претпоставувам дека општествената клима подеднакво не охрабрувачки дејствува и на ГО и на неформалните иницијативи“* (извадок од интервју со Јасмина Фришчиќ).

> *„Во иднина ние тешко може да предвидиме како вештачката интелигенција која зазема сѐ поголем замав ќе влијае врз општеството, начинот на живот и вработливоста. Секако дека овие промени во голема мера ќе влијаат и врз односите помеѓу мажите и жените, а како – останува да видиме“* (извадок од интервју со Даниела Димитриевска).

> *„Женското движење е расцепкано, со сосем различни приоритети и слабо, многу слабо. Потребни се некои нови лидерки изнедрени од современите услови, со нов, силен ентузијазам за активизам и моќ за нови мобилизации и нова критична маса за позитивни работи од интерес на жените“* (извадок од интервју со Лилјана Поповска).

> *„... визијата е секогаш феминистички, (о)слободен свет. Времето во кое живееме е густо, напорно и страшно, особено за исклучените, маргинализираните. Очекувам дека тек ќе станува полошо, а отпорот кон феминизмот ќе расте. За да се соочиме со тој отпор, мора гордо да ја прифатиме и разбереме историската феминистичка борба, бидејќи единствено преку изучување и славење на нашата историја (читај женската), можеме да се позиционираме кон предизвиците со кои се соочуваме денес и да замислиме поразлична иднина“* (извадок од интервју со Калиа Димитрова).

# VII

# ДЕЛ

# Од интерсекционализам до конфликт: глобални перспективи и локални контексти?

### 7.1. Глобални феминистички текови: политички хоризонти и идеолошки наративи

Во рамките на современите општества, поимот женски активизам не може да се третира како еднодимензионален или универзално применлив феномен. Напротив, тој треба да се согледа како политички и културен хетероген израз кој настанува, се артикулира и еволуира во различни општествени, економски и историски контексти. Женскиот активизам не е нужно феминистички, ниту пак секој феминистички израз ги претставува целокупната идеолошка наративност и реалност на женското дејствување. Притоа, постои потреба да се разграничат и

препознаат различните модалитети на женско политичко и општествено ангажирање – од оние кои се засноваат на еманципација и деконструкција на патријархатот, до оние кои функционираат во рамките на традиционални, па дури и конзервативни политички платформи.

Оваа сложеност бара да се преиспитаат и самите аналитички категории што се користат при истражување на женските движења. Поставувањето на феминизмот како примарна или единствена рамка за анализа ризикува да ги исклучи оние форми на женско учество што не се идентификуваат со феминистичките теории или цели, сепак имаат значајна мобилизациска и трансформативна улога во заедницата. Така, некои женски иницијативи може да произлезат од економски интереси, или пак да бидат мотивирани од националистички, религиски или конзервативни идеологии.

Та оттука, неопходно е да се направи концептуална дистинкција меѓу женското и феминистичкото, од една страна, и ЛГБТ+, транс и други маргинализирани движења, од друга. Иако честопати постои сојузништво, овие политички субјекти не се автоматски идентични, ниту имаат унифицирани цели. Женското движење не е хомогена категорија, туку е поле на интерсекциски пресек помеѓу класни, расни, етнички, сексуални и идеолошки позиции кои може да бидат и заемно спротивставени. Анализата на овие феномени мора да се одвива со внимателна свест за хиерархиите на моќ, внатрешните противречности и потенцијалите за солидарност или конфликти.

Во таа насока, ќе разгледаме неколку конкретни движења во светот, со цел да се овозможи критичка компаративна анализа која ќе покаже како жените се организираат различно во зависност од културниот контекст, целите и расположливите ресурси. Нивната политичка агенда, стратегиите на мобилизација, и вредносната основа на нивното дејствување се суштински за разбирањето на пошироките општествени трансформации и можностите за еманципаторна акција или пак за репродукција на постојните нееднаквости.

Во рамките на современите дебати за облиците на женскиот активизам, сè почесто се појавуваат примери кои ја предизвикуваат традиционалната претстава за политичкото учество како чин на интеграција во постојните структури.

Движењето **#MeToo** претставува едно од највлијателните и широко распространети форми на современ феминистички активизам против сексуално вознемирување и злоупотреба. Иако глобално стана препознатливо во 2017 година, неговите корени се наоѓаат во 2006 година, кога афроамериканската активистка Тарана Берк (Tarana Burke) ја започна иницијативата како начин за поддршка на девојки и жени од маргинализирани заедници, преживеани од сексуално насилство. Основната намера на Берк била да создаде простор на солидарност и емпатија меѓу оние кои минале низ слични искуства, без притоа движењето да има јавен карактер или медиумска експонираност. Пресвртен момент за движењето се случува во октомври 2017 година, кога актерката Алиса Милано (Alyssa Milano) го реобјавува изразот „Me Too“ како хаштаг на „Твитер“, повикувајќи ги жените да го споделат искуството со сексуално вознемирување. Овој повик се совпадна со изнесувањето многубројни обвинувања против филмскиот продуцент Харви Вајнштајн (Harvey Weinstein), што предизвика лавина сведоштва и солидарни објави од жени низ светот. Во краток временски период, #MeToo прерасна во глобално движење кое ги преиспита темелите на родовите односи, особено во сферата на трудот, медиумите, политиката и образованието. Со масовната изложеност на лични сведоштва на милиони жени, се демонстрираше не само распространетоста на сексуалното насилство туку и тишината што долго време ги придружува овие појави. Истовремено, движењето отвори прашања за интерсекциска видливост – иако иницијативата на Берк потекнува од афроамериканска активистка насочена кон ранливи заедници, јавната слика што доминираше во медиумите најчесто ги претставуваше искуствата на бели, високообразовани жени од западниот свет. Ова предизвика многубројни критики и отвори дискусија за тоа како родот, расата, класата и сексуалната ориентација заемно влијаат врз видливоста и пристапот до правда (Tambe, 2018).

На институционално ниво, #MeToo поттикна донесување и изменување на законодавства во повеќе држави, вклучувајќи ја и забраната на договори за тајност во случаи на сексуално насилство, зголемена поддршка за преживеани преку правни фондови и развој на политики за превенција на вознемирување на работното место. Истовремено, движењето ги охрабри медиумите и јавните институции да развијат механизми за отчетност и етички кодекси на однесување, со фокус на заштита на ранливите групи и промена на културата на молк. Сепак, ефектите на #MeToo не беа еднозначни. Иако придонесе за поголема јавна свест и храброст кај преживеаните да проговорат, истражувањата покажуваат дека не се регистрирани значајни промени во општите ставови кон сексуалното вознемирување во општествата. Дополнително, во одредени контексти се појавија реакции на одбивност и страв, особено кај мажи кои изразија несигурност околу интеракциите на работното место, а дел од јавноста изрази загриженост за можни лажни обвинувања и отсуство на правна проверка (ibid.).

Во поширок социополитички контекст, #MeToo го постави прашањето за балансот меѓу индивидуалната одговорност и структурната промена, поттикнувајќи нова етапа во развојот на феминистичкиот дискурс. Неговата иднина зависи од способноста да остане интерсекциски, да се прошири надвор од медиумскиот спектакл и да продолжи да ги артикулира проблемите на најневидливите и најмаргинализирани жени и родови идентитети во општеството (ibid.).

Понатаму важно да се спомене е корејското **4B движење**, кое настанува како израз на радикално дистанцирање од доминантните родови и општествени норми, но не во форма на директен отпор, туку преку самосвесно повлекување. Ова движење се заснова на четирикратно „не“ – одбивање брак (bihon), раѓање деца (bichulsan), романтични врски (biyeonae) и сексуални односи со мажи (bisekseu). Во неговата основа лежи стремежот за афирмација на женската автономија и телесна неприкосновеност, артикулирана преку доброволно напуштање на оние улоги што традиционално ја дефинираат жената во патријархалниот контекст (Yoon, 2022).

Историските и социо-културни услови во Јужна Кореја овозможуваат појава и ширење на ваков вид активизам. Во текот на последната деценија, жените во земјата се соочија со ескалација на дигитално сексуално насилство, родова нееднаквост на работното место и социјален притисок поврзан со бракот и мајчинството. Овие фактори придонесуваат кон појава на генерациска критика која ги преиспитува длабоко вкоренетите норми за женската улога во општеството. Движењата како Escape the Corset[44] и MeToo во голема мера го трасираат патот за 4B, кое се јавува како логичен след на овој континуитет на отпор. За разлика од претходните иницијативи, сепак, 4B не инсистира на промена преку конфронтација, туку на зачувување на интегритетот преку откажување (ibid.).

Организациски, движењето не е формализирано, туку функционира преку онлајн платформи, форуми и групи кои овозможуваат дисперзирана, сепак солидарна заедница. Неговата децентрализирана структура овозможува широк опфат, особено меѓу младите жени, кои во сè поголем број го прифаќаат начинот на живот што го пропагира. Ваквиот избор, иако личен, има и политички импликации: преку одбивањето на традиционалните релации со мажите, жените го проблематизираат самиот општествен договор што ги позиционира во улоги на партнери, мајки или сексуални објекти. Во таа насока, 4B претставува форма на индивидуализиран отпор со колективен потенцијал. Оттука движењето е предмет на многубројни критики и дебати, пред сè, се поставува прашањето до кој степен повлекувањето од социјалните релации може да доведе до структурна промена, или, пак, напротив, претставува реакција која, иако разбирлива, останува внатре во рамките на индивидуалниот избор. Од теориска перспектива, овој модел на дејствување ја доведува во прашање самата дефиниција на политичкото – дали

[44] Движењето познато како „**Escape the Corset**“ претставува значаен облик на феминистички активизам во Јужна Кореја, кој се појавил како критика на доминантната култура за убавината и очекувањата од жените во светот на модата. Преку симболично, но длабоко политизирано отфрлање на козметиката, строгите модни трендови и хетеронормативните стандарди за женски изглед, активистиките во ова движење ја преиспитуваат вредносната рамка која женското тело го редуцира на предмет на визуелна процена и општествена прифатливост. Поттикнато од поширокиот контекст на дигитализирана мизогинија, стандардизација и објективација на женскиот изглед, „Escape the Corset“ претставува обид за враќање на телесниот и идентитетски суверенитет преку одбивање на културно наметнатата улога на „женственост“. Во таа смисла, движењето не само што проблематизира индивидуални избори туку ја отвора поширока дискусија за природата на системските очекувања од жените и за формите на отпор што се јавуваат како одговор на нив.

одбивањето да се учествува во одредени општествени релации претставува чин на отпор или на ескапизам? Во последните години, елементи од 4B реториката почнуваат да се појавуваат и надвор од Кореја, особено меѓу младите жени во САД, како реакција на рестриктивните законски мерки во сферата на репродуктивните права. Сепак, транспозицијата на ова движење во други контексти мора да се врши со внимание. Врзана за специфична културна и политичка средина, смислата на 4B не може механички да се пренесе, без да се земат предвид локалните услови и потреби. Во спротивно, постои ризик ваквиот модел да биде сведен на симболичен или естетски активизам, без вистинско влијание врз општествената реалност (ibid.).

Евидентно е дека 4B движењето претставува значаен пример за алтернативна форма на женски активизам, кој не се води од стремежот за промена на постојните структури однатре, туку од потребата за создавање простор надвор од нив. Тоа претставува одраз на една длабока криза на доверба во општествените институции и истовремено ја отвора можноста за преосмислување на поимите како што се политичка акција, заедништво и отпор. Преку својот специфичен гест на повлекување, 4B не нуди готови решенија, но упатува на прашања кои заслужуваат сериозно внимание за анализа (ibid.).

Исто така, значајно да се спомене е Движењето **Ni Una Menos**[45] (Ни една помалку) како транснационален феминистички активизам кој произлегува од Аргентина, започнувајќи во 2015 година како одговор на растечката епидемија на фемициди и родово базирано насилство. Името на движењето, кое може да се преведе како „Ни една помалку", е директен одговор на убиства на жени и девојки, со цел да се истакне дека секоја жртва е важна и дека не смее да бидат заборавени.

Движењето добило национално внимание на 3 јуни 2015 година, кога повеќе од 200 000 луѓе излегле на улиците на Буенос Аирес, а слични демонстрации се

[45] Иако не најдиректно, но **минисеријата „Ni Una Más" од 2024** година во продукција на „Нетфликс" се поврзува со целите на движењето „Ni Una Menos" преку својата посветеност на откривање на проблемите со сексуалното насилство и неговите последици. Серијата „Ni Una Más" може да се гледа како културен придонес во контекстот на феминистичките движења, бидејќи, преку својата нарација и ликови, таа ги истражува динамиките на моќ, доверба и правда во рамките на образовниот систем. Таа нуди платформа за дискусија за важни социјални проблеми и може да служи како катализатор за понатамошна акција и свест.

одржале и во други градови, користејќи го хаштагот #NiUnaMenos на социјалните мрежи. Оваа масовна мобилизација била поттикната од бруталното убиство на 14-годишната Кјара Паез, која била пронајдена закопана под куќата на своето момче, откако тој ја претепал до смрт бидејќи таа сакала да го задржи бебето. Овој настан ја разбудил јавноста и ја мобилизирал женската заедница во Аргентина и пошироко.

Од своето основање, Ni Una Menos се проширило во други земји во Латинска Америка, вклучувајќи ги Перу, Чиле, Мексико, Парагвај, Уругвај и Еквадор, како и во Шпанија и САД. Оваа транснационална експанзија била овозможена преку моќната употреба на социјалните медиуми, кои овозможуваат брзо ширење на пораки и мобилизација на поддршка. Движењето се фокусира на различни аспекти на родовата нееднаквост, вклучувајќи фемициди, сексуално насилство, економска експлоатација и дискриминација на ЛГБТК+ заедницата. Во Аргентина, Ni Una Menos има значителни постигнувања, вклучувајќи создавање Национален регистар на фемициди. Движењето исто така беше клучно за легализацијата на абортусот до 14-та недела во декември 2020 година, што беше историски момент за Латинска Америка. Оваа победа била резултат на упорната борба и застапување на феминистичките групи, кои го поставиле прашањето за репродуктивните права како централно во својата агенда.

Покрај своите политички и правни успеси, Ni Una Menos исто така игра важна улога во културната и социјалната промена, поттикнувајќи јавна дебата за родовата нееднаквост и насилство. Движењето организира редовни протести, јавни настани, уметнички инсталации и образовни кампањи, кои ги вклучуваат сите слоеви на општеството и ги охрабруваат луѓето да се изразат и да се борат за своите права. Според тоа, Ni Una Menos претставува глобален феминистички активизам кој комбинира директна акција, правна застапеност и културна промена. Неговата способност да се адаптира и да се проширува на регионално и глобално ниво покажува дека борбата против родовото насилство и нееднаквост е универзална и дека солидарноста и колективната акција може да донесат значајни промени во општеството.

Движењето **Red Umbrella Project** (Црвени чадори), основано во 2010 година од страна на писателката и активистка Аудација Реј (Audacia Ray), претставува значаен чекор во глобалната борба за правата на сексуалните работнички. Како поранешна секс работничка, Реј била сведок на дискриминацијата и маргинализацијата со кои се соочуваат овие работнички, што ја инспирирало да создаде организација која ќе им овозможи на сексуалните работнички да ги споделат своите приказни, да се залагаат за промени и да си помагаат меѓусебно. Името на проектот потекнува од протестот во 2001 година на 49-тото Венециско биенале, каде што сексуалните работнички во Венеција, Италија, демонстрирале против нехумани работни услови и повреди на човековите права, држејќи црвени чадори како симбол на отпор против дискриминацијата (Ray, 2015).

Во 2009 година, Реј започнала да организира настани за раскажување приказни со сексуални работнички во „Happy Ending Lounge“ во Њујорк, со цел да се декриминализира оваа професија. Тие настани открија заеднички проблеми, како што се високото ниво на ХИВ/СИДА меѓу нив, стравот од носење кондоми поради криминализацијата на кондомите, како и маргинализацијата и злоупотребата од страна на општеството. Многу од учесниците се идентификувале како транс или квир, што дополнително ја нагласува потребата од специфицирани стратегии за нивната заштита и праведност (ibid.).

Ова движење исто така организирало настани за раскажување приказни, познати како „The Red Umbrella Diaries“, кои започнаа како месечни настани во Њујорк. Овие настани имале за цел да ги осветлат искуствата на сексуалните работнички, да ја намалат стигмата и да покажат дека сексуалната работа може да биде професија. Овие настани доведоа до создавање документарен филм кој ги прикажува приказните на седум сексуални работнички од Њујорк, кој беше премиерно прикажан на „Portland Film Festival“[46]. Оттука, „Red Umbrella Project“ претставува значаен пример за активизам кој се базира на лични искуства и заедничка солидарност, со цел да се слушнат во јавниот дискурс гласовите на

[46] Види повеќе: https://pdxff15.sched.com/list/descriptions/ [пристапено на: 12.7.2025]

сексуалните работнички и прашањата за нивните права. Нивниот пристап комбинира директна акција, едукација и застапување, со акцент на работнички и здравствени права, што пак придонесува кон глобалната борба за правата на работниците во секс индустријата (ibid.).

Од друга страна, организацијата или движењето **Women for Trump**, основано во јуни 2016 година од Amy Kremer и Kathryn Serkes – личност со претходно ангажирање во Tea Party[47] активизмот – се очитува како женско политичко учество кое се воздржува од феминистичката парадигма и наместо тоа ја прокламира женската агенда преку поддршка на конзервативни вредности и на Доналд Трамп како политичка фигура. Kremer отворено го критикува инсистирањето врз родовата солидарност, што ја истакнува тежината на индивидуалниот избор над колективната родова идентификација.

Women for Trump функционираше како политички активизам преку реафирмирање на тезата дека жените може да дејствуваат политички во рамки на традиционални и економски конзервативни структури. Од теоретска перспектива, Women for Trump и сродните конзервативни иницијативи ја илустрираат појавата на женско движење кое е отпорно на либерални или феминистички агенди, односно се појавува како антипод на феминистичкото движење. Овие жени често ја отфрлаат научената интерпретација за женскиот статус како системски угнетувачки, а наместо тоа се определуваат за „equity feminism“ или индивидуализирана форма на родова автономија, како што ја застапува **Independent Women's Forum**, при што ја минимизираат важноста на интерсекционалниот феминизам или „родов

[47] **Движењето Tea Party**, кое се појавило во САД по финансиската криза во 2008 година, претставува идеолошки и популистички израз на десничарскиот антиетатизам, втемелен во американската политичка традиција на либертаријанизам и фискален конзервативизам. Оваа граѓанска мобилизација, која се претставува како автентичен глас на „обичниот народ“ против „корумпираната елита“, се организирала околу протести против зголемената државна интервенција, особено во контекст на здравствените реформи на администрацијата на Обама, фискалниот дефицит и даночната политика. Иако движењето се самопретставувало како неформално и ненасочено, неговата структура и пораст биле поддржани од многубројни десничарски медиуми, корпоративни донатори и интересни групи, што укажува на сложената динамика меѓу популизам и институционална моќ. Иако „Tea Party“ ја поставило основата за натамошна радикализација на Републиканската партија, тоа истовремено открил длабоки класни, расни и идеолошки расцепи во американското општество, кои подоцна кулминирале со појавата на уште поекстремни политички формации (Sanneh, 2012).

феминизам“ како што го нарекуваат. Имено, „Independent Women's Forum“ (IWF) претставува конзервативна американска организација формирана во 1992 година, која во суштина претставува реактивен одговор на тогашната доминантна либерално-феминистичка парадигма, особено во контекст на политичкиот и медиумскиот интерес за родовите односи во јавниот живот. Иако ја афирмира важноста на учеството на жените во политиката, економијата и образованието, IWF го отфрла колективниот активистички наратив на современиот феминизам, промовирајќи индивидуализам, слободен пазар, семејни вредности и минимална државна интервенција како суштински механизми за женска еманципација. Организацијата го артикулира својот идентитет преку критика на „жртвената култура“ и институционализираните политики за еднаквост „gender mainstreaming“, тврдејќи дека ваквите интервенции често ги поткопуваат личната одговорност и слободата на избор. Во тој контекст, IWF функционира како женски глас во рамките на конзервативниот идеолошки простор, но истовремено се дистанцира од феминистичкиот дискурс како таков, нагласувајќи дека родовата еднаквост може и треба да се постигне преку класично-либерални, а не преку колективно-политички стратегии (Schreiber, 2008).

Во контекст на современите транснационални политички, етички и културни полемики, прашањето за правото на абортус и неговото негирање претставува еден од најконтроверзните идеолошки дискурси, што ги мобилизираат и радикализираат различни политички актери. Во глобални рамки, се забележува паралелен пораст на движења кои или активно се залагаат за проширување и заштита на репродуктивните права на жените (право на абортус движења), или, обратно, бараат рестрикции или целосно укинување на тие права (антиабортус движења). Двата фронта не се само локално условени туку функционираат како дел од глобализирани идеолошки мрежи, често поттикнати од транснационални невладини организации, религиски структури, или, пак, меѓудржавни политички сојузи и конзервативни тинк-тенкови.

**Антиабортус движењата**, често именувани и како „**pro-life**“ (за живот), се карактеризираат со религиско-конзервативна идеолошка подлога која ја поврзува

неродената фетална егзистенција со апсолутизирана морална вредност. Нивните стратегии, како што покажуваат студиите за САД, Полска, Аргентина и други држави, не се сведуваат само на културна реторика, туку се институционализираат преку законски предлози, судски процеси и политички кампањи. Овие движења настојуваат да ги редефинираат поимите за човекови права така што приоритетот му го даваат на правото на фетусот, при што правата и телесниот интегритет на жената стануваат секундарни или потиснати. Ваквиот пристап претставува етички предизвик и за либералните демократии, каде што правото на приватност и телесна автономија се темелни вредности (Saurette and Gordon, 2016). Како интересен пример за ова движење може да се согледа активизмот на Дестини Херндон-Де Ла Роса (Destiny Herndon-De La Rosa) која е основачка на организацијата New Wave Feminists, каде што своите феминистички ставови ги презентира како pro-life, обединувајќи љубов кон жените и одбраната на нероденитe деца. Нејзината организација основата во 2004 година се залага против абортус, казнена смрт, тортура и неправедни војни (Llana, 2022).

Од друга страна, **движењето за права на абортус**, често под мотото „**My body, my choice**", се заснова на фундаментални претпоставки за телесна автономија, родова еднаквост и сексуални и репродуктивни права. Овие движења се интерсекционални по својата природа и ја поставуваат практиката на абортус не како изолиран чин, туку како дел од поширокиот спектар на репродуктивна слобода, кој вклучува пристап до контрацепција, сексуално образование и социјална грижа. Притоа, движењето ја проблематизира нееднаквоста во пристапот до овие услуги, особено кај маргинализираните групи – сиромашни жени, мигрантки, расни малцинства или млади девојки. Во тој контекст, правото на абортус не се сведува исклучиво само на избор, туку и на прашање на социјална правда и родова еднаквост (Valenti, 2024).

Овие движења функционираат како антиподи во рамките на современиот глобален политички спектар, репрезентирајќи не само спротивставени ставови за абортусот како практика, туку и фундаментално различни идеолошки провиненции.

Евидентно е дека и двете страни ја користат фигурата на жената како централна, но со сосема различни политички, идеолошки и културни конотации.

Во овој контекст станува јасно дека не секое женско движење може автоматски да се третира како феминистичко. Додека движењата кои се залагаат за правото на абортус често се втемелени во феминистички рамки кои ја афирмираат телесната автономија, изборот и критиката на патријархалната хегемонија, антиабортус движењата, главниот фокус не е во насока на ослободување или критика кон патријархалниот систем на вредности, туку на зацврстување традиционални, понекогаш експлицитно религиозни или конзервативни вредности.

Понатаму, појавата на **антиродово движење** (Anti-gender movement) претставува транснационален феномен кој се појавува како систематски отпор кон концептите поврзани со родот и родовата еднаквост, особено во контекст на правата на ЛГБТ+ заедницата. Ова движење, поддржано од конзервативни, религиозни и десничарски популистички актери, ја поставува „родовата идеологија“ како централна метафора на наводна закана за традиционалните социјални структури, семејни вредности и институционални норми. Во основа, антиродовите наративи функционираат како политичка реторика чија цел е да ги делегитимираат и маргинализираат напорите за родова инклузија, преку конструирање морална паника и ширење дискриминаторски дискурс (Kuhar, R. & Paternotte, D. 2017).

Историски, ова движење има корени во конзервативните католички и други религиозни институции кои од крајот на дваесеттиот век интензивно реагираат на прогресивните социјални промени во областа на родовите прашања. Во 2010-тите години, антиродовите движења се интензивирале преку масовни протести, лобирање за промена на веќе стекнатите права или блокирање нови институционални права, како и медиумски кампањи, со што се претвориле во релевантна политичка сила во повеќе земји низ Европа и пошироко. Антиродовите движења се насочени кон редефинирање и ограничување на родовите политики, зафатени со теми како што се репродуктивните права, родово сензитивни

образовни политики, сексуално образование и директен напад кон академските дисциплини, особено родовите студии (ibid.).

Од феминистичка перспектива, антиродовото движење претставува сериозна закана, бидејќи неговата реторика и практики директно ја поткопуваат борбата за женски права и инклузија на трансродовите и други маргинализирани групи. Социолозите Роман Кухар (Roman Kuhar) и Давид Патернот (David Paternotte) во своето дело *Антиродови кампањи во Европа (Anti-Gender Campaigns in Europe)* го карактеризираат движењето како реакционерен и дискриминаторски феномен, кој се обидува да го врати општеството кон патријархалните и хетеронормативни режими на моќ. Во таа смисла, антиродовите движења се комплексна и мултидимензионална социјална појава, која функционира преку комбинирање реторички, политички и социјални механизми со цел да ги оспори и редефинира современите разбирања за родот и родовата еднаквост. Негирањето на правата на ЛГБТ+ заедницата и ограничувањето на родовите политики претставуваат клучни елементи кои го одразуваат поширокиот конфликт помеѓу конзервативните и прогресивните вредности во современите општества (ibid.).

Нападот на антиродовите движења е насочен кон т.н. **„родова идеологија“**, термин кој во нивната реторика се користи за да означи широка палета на идеи и политики кои, според нив, ја нарушуваат традиционалната и биолошки утврдена поделба на половите. „Родова идеологија“ се дефинира како систем на верувања кој го третира полот како чисто социјален конструкт, одделен од биолошкиот пол, со што се промовира поглед дека родот е избор и лична идентитетска категорија која не е фиксирана или објективна, поставувајќи ги социјалните и културните фактори како доминантни во дефинирањето на родот, наместо биолошките карактеристики (ibid.). Оттука, антиродовите движења го користат овој поим како средство за критика и противење на различни политики и програми кои го застапуваат концептот на родово сензитивни политики, gender mainstreaming, инклузивноста на трансродовите лица, односно целокупната борба за родова еднаквост. Ова движење го прикажува ова како опасна идеологија која, според нив, има за цел да го релативизира и уништи природниот поредок на половите, што, според нивните

тврдења, носи сериозни социо-културни, морални и психолошки последици. Во нивната перспектива, „родовата идеологија“ не е само напуштање на традиционалните вредности туку и закана за интегритетот на семејството, образованието и општеството воопшто (ibid.).

Истовремено може да се забележи анти-LGBTQ реториката, како дел од поширокото идеолошко и политичко движење против родовата еднаквост како свесно конструиран дискурзивен апарат кој има за цел да ги делегитимира и демонизира постоењето и правата на родови и сексуални малцинства. Таа се темели врз логиката на морална паника, мобилизирајќи стравови поврзани со загуба на традиционални вредности, семејна структура и национален идентитет. Користејќи агресивен јазик, стереотипи и конспиративни наративи, оваа реторика често ги претставува LGBTQ лицата како закана за „природниот поредок“ или како дел од глобална агенда на т.н. „родова идеологија“. Токму оваа терминолошка конструкција – „родова идеологија“ – е централниот поим што го користат антиродовите движења за да ги редуцираат сложените академски, правни и активистички заложби за родова еднаквост на ниво на наводна догматска доктрина. Оттука, антиродовите движења свесно ја спојуваат борбата против правата на LGBTQ луѓето со отпорот кон родово сензитивните образовни политики, антидискриминациските закони и телесната автономија на жените, сè во име на борба против „родовата идеологија“ (ibid.).

Евидентно е дека постојат одредени европски трендови на зголемувањето на антиродовите движења, како на пример пред една деценија низ цела Европа и САД, кога антиродовото движење почна да добива сè поголема поддршка и видливост. Потоа имаше масовно конзервативно обединување на антиродовите движења кои се мобилизираа од Франција, преку Словенија, до Полска, против кампањите за правото на брак со истополовите заедници и против ратификацијата на Истанбулската конвенција. Според Бобичиќ и Стојчиќ, оваа „борба“ против „родовата идеологија“ започнала многу порано и била предводена од Ватикан од средината на 1990-тите, обидувајќи се да спроведе контранапад на признавањето на сексуалните и репродуктивните права во ОН. Ваквите движења прават

конструктивен напад врз самото поимање на „родот“ и ги прокламираат ставовите за „семејни вредности“, „патријархални вредности“, „биолошки пол“, „рамноправност помеѓу мажи и жени“ (Bobičić & Stojčić, 2023).

### *7.1.1. Македонски контекст: рефлексии и трансформации на глобалните феминистички текови*

Во континуитетот на македонското женско движење, кое низ годините се обликувало под влијание на транзициските процеси, развојот на граѓанското општество и борбата за институционално признавање на родовата еднаквост, се издвојува и специфичниот начин на рецепција и адаптација на глобалните феминистички импулси.

На пример, глобалното движење #MeToo, каде што жените преку **иницијативата #СегаКажувам** започнаа јавно да ги споделуваат своите лични искуства со сексуално вознемирување, особено во академски, здравствени и уметнички средини. Иако во Македонија немаше масовна институционална реакција како во некои западни земји, ова претставуваше важен момент на прекинување на културата на молк и иницирање јавен дискурс за родово базираното насилство. Поврзаноста со глобалното #MeToo движење се согледува не само во употребата на дигитални алатки и хаштази за мобилизација туку и во заедничкиот стремеж кон освестување на структурните нееднаквости што го одржуваат сексуалното насилство како нормализирана појава. Преку #СегаКажувам, македонското општество го направи првиот колективен обид за артикулација на преживеаното насилство како прашање во јавен дискурс, што претставува значаен чекор кон создавање услови за поголема видливост на прашањата за сексуалното вознемирување и сексуално насилство. Во споредба со македонскиот контекст, каде што реакциите на #MeToo останаа ограничени во јавниот простор, во земјите од регионот движењето доби подлабока јавна рецепција и предизвика пошироки социо-културни потреси во медиумскиот и граѓанскиот простор.

Во однос на движењето Red Umbrella Project, според ХОПС (2022), од 2008 година наваму се етаблира еден специфичен облик на активистички ангажман во Македонија, каде што низ јавниот дискурс се промовира гласот на сексуалните работници преку јавни перформативни акции, симболично инкорпорирани во т.н. **Марш на црвените чадори**. Иницијативата е започната во Скопје, како колаборативен напор помеѓу граѓанската организација ХОПС и тогаш неформалната иницијатива СТАР-СТАР. Во своите почетоци (2008 – 2010), маршевите се карактеризирале со симболичност и минимален медиумски одек, главно поради високиот степен на стигматизација и страв кај самите сексуални работници да бидат јавни носители на активизмот.

Сепак, постепено, видливоста на движењето се засилува, паралелно со јакнењето на самосвеста и храброста на заедницата. Веќе од 2011 година, сексуалните работници излегуваат на централните улици на главниот град со јасна политичка и социјална агенда, привлекувајќи медиумско внимание и иницирајќи поширока јавна дискусија околу поимот „сексуална работа“ и неговата политичко-правна реперкусија. Во следните години, протестниот наратив се проширува со нови форми на уметничко и улично изразување. Особено значајна е 2013 година кога, покрај традиционалниот марш, во рамки на кампањата „Тортура не е култура“, е организирана уметничка изложба „Sex Work in Art“, со што сексуалната работа се поставува и како тема на естетска и културна критика. Маршот се трансформира од локален отпорен гест во национален активистички модел – со одржување паралелни акции и во други градови како Струмица, Охрид и Тетово – а СТАР се позиционира како прв колектив на сексуални работници на Балканот (ibid.)

До 2017 година, активизмот на сексуалните работници добива консолидирана форма – одбележан со јубилејното десетто издание на маршот, под слоганот „10 години гласно за сексуалните работници“. Се артикулираат клучни барања до институциите, меѓу кои и препознавање на сексуалната работа како легитимна професија, со цел нејзина декриминализација и инклузија во правниот и социјалниот систем. Во рамки на оваа офанзива е реализиран и иновативен уметнички перформанс „Скопје ред лајт дистрикт“, кој, инспириран од

холандскиот модел, ги проблематизира прашањата на регулацијата и јавната перцепција на сексуалната работа. Со појавата на пандемијата од КОВИД-19, формите на отпор се адаптираат. Во 2020 година, маршот е одржан во форма на прес-конференција, укажувајќи на ранливоста на сексуалните работници во кризни состојби. Веќе следната година, со строго почитување на здравствените протоколи, маршот е повторно физички присутен на улиците, носејќи ја пораката „Декриминализација кога?“ – еден директен апел кон државните институции за итно адресирање на нерешениот статус на сексуалната работа (ibid.)

Во изминатите четиринаесет години, низ континуирано присуство во јавниот простор, сексуалните работници во нашето општество ја изградиле една од најконзистентните и највидливи форми на граѓански отпор во рамки на борбата за човекови и работнички права. Преку овие акции се предизвикува доминантниот дискурс, се деконструираат стигмите и се отвора простор за критичко преиспитување на институционалната репресија и социјалната маргинализација. Маршот на црвените чадори, денес, претставува не само политички чин на самоафирмација и солидарност туку и симболичко сведоштво за опстојувањето на една заедница која, и покрај системската маргинализација, успеа да изгради свој јавно препознатлив глас (ibid.).

Во 2013 година е донесен **Законот за прекин на бременоста**[48], тој е резултат на специфичен политички и општествен контекст, поддржан од конзервативни идеолошки матрици, а единствена цел за носењето на Законот била зголемувањето на наталитетот во државата. Имено, во јавниот дискурс од 2008 година сѐ до донесувањето на Законот, постепено се забележувала засилена реторика против правото на абортус, која се промовира преку владини кампањи, непотпишани постери и медиумски содржини, со цел да се подготви терен за рестриктивна законска промена. Во јавниот дискурс се прокламирале моралистички и традиционалистички ставови, а секое отстапување од доминантната идеологија се третирало како непријателски акт. Законот бил донесен без широка јавна расправа и без вистинско учество на релевантните

[48] **Види повеќе:** стр. 118 и интервју со Марија Савовска.

општествени чинители. Иако формално не се забранувал абортусот, неговата содржина значително го отежнувала пристапот до ова право. Се предвидувале задолжително советување, административни бариери и рокови за одложување на постапката, што во практика создаваат психолошки и логистички притисок врз жените. Советувањето било дизајнирано со единствена цел да одврати од прекин на бременоста, преку емотивна манипулација и идеолошки обоени пораки. Медицинскиот персонал бил обврзан да прикажува ултразвучни снимки со срцебиење на фетусот, а дополнително биле нагласувани ризиците од интервенцијата, без балансирана и научно заснована информација.

Како резултат на донесувањето на Законот, голем број женски организации, феминистики, борци за човекови права и други започнаа со протести и организирање јавни дебати со цел да се стави акцент на уназадувањето на женските и репородуктивните права. Се нагласувало дека Законот не само што го ограничува правото на избор туку и ја засилува културната и институционалната стигматизација на абортусот. Жените, наместо да се третираат како субјекти со капацитет за рационално донесување одлуки, се редуцирани на објекти за политички цели на зголемување на наталитет и морално осудување доколку одлучат да абортираат. Евидентно е дека рестриктивната законска регулатива е дел од патријархален политички проект што настојува да ја врати жената во позиција на контролирана продуктивност, каде што нејзината функција се дефинира низ биолошка репродукција, а не низ граѓанска, политичка или егзистенцијална автономија. Истовремено, може да се забележи дека, за разлика од други земји каде што се воведувале рестриктивни мерки за прекин на бременоста, каде што се појавувале женски организации кои поддржуваат законски решенија за прекин на бременоста, кои најчесто биле религиозни или конзервативни здруженија, во Македонија тоа не беше случај, во јавниот дискурс се појавија движења, протести и дебати исклучиво контра Законот за прекинување на бременоста (Кајевска, 2016). Во 2019 година македонското Собрание ги укина сите административни бариера за абортус, со што абортусот повторно стана слободен избор на жената.

Во однос на појавата на антиродово движење во Македонија, во 2023 година беше организиран протест против предлог-законот за родова еднаквост и измените во законот за матична евиденција. Ваквите случувања иницираа сериозна дискрепанца и внатре во самото феминистичко (женско) движење, разоткривајќи суштински идеолошки и политички разлики меѓу активистките. Може да се забележат поделби во однос на позициите кон трансродовоста и ЛГБТ+ заедницата, но и во самото терминолошко и политичко разбирање на поимот „род". Во таа насока, Цветковиќ и Величковска во своето истражување *Кој се плаши од родот?* (2022) укажуваат на појава на феминист(к)и кои, и покрај формалната припадност кон феминистичките кругови, се приклучуваат кон антиродовите движења. Според авторките, овие движења се темелат на идеолошки позиции кои се спротивставени на темелните вредности на феминизмот, како што се инклузивноста, автономијата и критиката на патријархалните структури. Посебно значајна е појавата на есенцијалистички пристап кај дел од феминист(к)ите, кои ја задржуваат бинарната и биологизирана дефиниција на женскоста, поставувајќи ја прашалната категорија – што значи да се биде жена – како граница за вклучување или исклучување на транс жените од феминистичките агенди (Цветковиќ & Величковска, 2022).

Евидентно е дека станува збор за постоење на генерациски разлики во феминистичкото движење во Македонија, вклучувајќи ги различните активности, заложби, акции и програмски идеологии, кои се променливи во зависност од историските, политичките и културните контексти. Следствено на тоа, иако терминолошкото поимање на „родот" може да биде точка на поврзување помеѓу феминистичкото и ЛГБТ+ движењето, постојат и разлики во фокусот и стратегиите на овие две заедници. Некои феминист(к)и можеби ќе се фокусираат ексклузивно на проблемите на жените и политиките за родовата рамноправност, додека други ќе ги вклучат и проблемите на ЛГБТ+ заедницата во својата агенда. Во исто време, не сите активист(к)и во ЛГБТ+ движењето можеби ќе се идентификуваат со феминизмот или ќе го користат родот како примарна категорија за својата борба за права и признавање.

### *7.1.2. Културни практики на визуелна артикулација и колективна мобилизација*

Во контекст на борбата за родова еднаквост, културните форми на изразување сè повеќе се појавуваат како важни алатки за промислување и преосмислување на постојните општествени односи. Визуелната уметност, филмската продукција и јавните настани што ги тематизираат прашањата за женските права не се сведуваат само на уметничка активност, туку дејствуваат како платформи за генерација на критичка свест, колективна чувствителност и зајакнување на граѓанскиот ангажман.

Во таа насока, се „**Вечери на женски права**", настан кој од 2010 година традиционално се организира на различни локации во Скопје и нуди алтернатива за прославувањето на Меѓународниот ден на жената – 8 Март. Преку уметност, филм и музика, „Вечери на женски права" поттикнуваат жените и мажите да размислуваат критички за родовата нееднаквост и да оддадат почит на досегашните достигнувања. Овие форми на културен израз добиваат особено значење поради ограничениот простор за родово сензитивни содржини во доминантните медиуми и јавниот дискурс. Програмата на овој настан претставува важна форма на симболичко и јавно присуство на феминистичките идеи, создавајќи простор за колективно сеќавање, политичка рефлексија и емотивно поврзување околу прашања што често се маргинализирани. Преку нив, се гради култура на активна меморија и социо-политичко вмрежување, каде што жените не се само објекти на претставување туку субјекти на креација и промена. Во општество во кое феминистичките идеи често се маргинализирани, ваквите културни практики стануваат суштински дел од борбата за родова еднаквост.

Дополнително, од 2013 година се организира и **„Прво па женско", фестивал за феминистичка култура**, каде што се промовираат разновидни пристапи во промислувањето и репрезентацијата на родот во уметноста и критичките практики низ преиспитување на доминантните наративи, оспорување на стереотипите и одржување безбедна и инклузивна платформа на која гласовите на различните идентитети и маргинализирани групи стануваат дел од мејнстримот.

Како единствен фестивал на феминистичката култура и активизам во земјата, „ПРВО ПА ЖЕНСКО“ го промовира феминизмот, придонесува за суштинско препознавање на женската интелектуална и креативна работа и ги поддржува напорите на активист(к)ите за женски и ЛГБТИ+ права. Неколкудневната интердисциплинарна програма вклучува изложби, предавања, перформанси, концерти, презентации, панел дискусии, промоции на книги, дискусии, активности за деца и млади, работилници, кои претставуваат различни рефлексии на феминизмот во теоријата и уметноста. Вкоренет во феминистичките вредности, фестивалот ги промовира еднаквоста, недискриминацијата, грижата, инклузивноста, заедништвото, солидарноста, сојузништвото и интерсекционалноста како столбови на слободните, праведни и инклузивни општества[49].

Преку овие културни практики се отвора простор за преосмислување на традиционалните родови улоги, за споделување маргинализирани искуства и за градење заеднички визии за општествена промена. Наместо да се третираат како спорадични или симболички настани, тие треба да се разберат како конститутивни елементи на поширокиот феминистички проект – простори каде што приватното станува политичко, а индивидуалното искуство добива колективно значење.

## 7.2. Што (не) е исто помеѓу женското, феминистичкото и ЛГБТ+ движењето

Современите теориски и активистички пристапи сè понагласено ја третираат категоријата „род“ како аналитичко јадро во кое се вкрстуваат борбите на феминистичкото и ЛГБТИ движењето. Родот се сфаќа не како биолошки детерминирана или фиксна категорија туку како историски и политички конституирана општествена конструкција која служи како механизам за одржување хиерархии, нормативност и маргинализација. Таквото разбирање овозможува критичко испитување на начинот на кој бинарните и хетеронормативни системи на моќ ги регулираат не само родовите и сексуалните идентитети туку и самите општествени односи и форми на вклучување и исклучување (Serano, 2007).

[49] https://tiiiitinc.com/festivali [пристапено на: 25 јули 2025].

Во овој контекст, се покажува како погрешна претпоставката дека само ЛГБТИ заедниците поседуваат родова или сексуална „идентитетска специфика“, додека останатите – особено цис-хетеро субјектите – се сметаат за „нормални“. Напротив, сите субјекти се конституирани преку исти нормативни структури кои ги продуцираат нормата и девијацијата. Токму во оваа точка се отвора можноста за политичка и теоретска солидарност помеѓу феминистичките и ЛГБТИ иницијативи, кои се обединети во критиката на патријархалниот поредок, хетеросексизмот и институционализираната трансфобија (ibid.).

Интерсекционалниот пристап тука се наметнува како клучен методолошки и политички алат, преку кој различните форми на потчинетост – родови, сексуални, расни, класни, етнички и телесни – не се третираат изолирано, туку како меѓусебно вкрстени и сложени. Таквиот пристап бара радикално преосмислување на самата рамка на феминизмот, кој мора да биде инклузивен, неесенцијалистички и отворен кон потребите и искуствата на транс, квир и небинарни субјекти. Иако постојат идеолошки тензии и несогласувања – како што е појавата на трансисклучувачки дискурси во одредени феминистички струи – сè поочигледна е нужноста од премостување на овие разлики преку градење политичка заедница базирана на еманципаторски и антидискриминаторски вредности. Различноста во тој контекст не треба да се доживува како пречка, туку како потенцијал за заедничко дејствување и структурна промена (Koyama, 2001).

Оттука поддржувачите на интерсекционалниот пристап ја нагласуваат потребата дека современата феминистичка борба, доколку навистина тежнее кон социјална правда и родова еднаквост, мора да ја вклучи ЛГБТИ перспективата како составен дел од својата агенда, а не како споредна борба. Само преку интерсекционален, трансинклузивен и политички свесен феминизам може да се артикулира одговор на сложените форми на угнетување што ги обликуваат современите општества (Serano, 2007).

Од друга страна, во рамките на феминистичката теорија и активизам, изминатата деценија се забележува појавата и засилувањето на таканаречениот „**родовокритички феминизам**“ (gender-critical feminism) или познат како TERF

(trans-exclusionary radical feminism/TERFism), кој претставува идеолошка и политичка струја што ги доведува под прашање легитимноста и општествената применливост на поимната категорија „род“ како флуидна и самодефинирана категорија. TERF често го критикуваат она што го нарекуваат ***„родова идеологија***[50]***“***, тврдејќи дека концептот на род базиран на самоидентификација ја поткопува материјалната, културолошката и политичката реалност на жените, разбрани врз основа на биолошкиот пол. Според нив, вградувањето трансинклузивни политики во женските простори, јазици и институции го нарушува женскиот автономен политички субјект и ги релативизира структурните нееднаквости што произлегуваат од телесната (женска) реалност во патријархални контексти. Нивните ставови најчесто се поврзуваат со вториот бран на феминизмот, особено со радикалниот феминизам кој ја анализира женската потчинетост преку биолошки и репродуктивни параметри. Оваа струја во повеќе наврати била обвинета за трансисклучувачки ставови (trans-exclusionary), оттука всушност и ја нарекуваат TERF (trans-exclusionary radical feminism), термин што самите родовокритички феминист(к)и го отфрлаат како навредлив и неточен. Во нивните анализи, воведувањето на транс жени во женските простори и права се гледа како политички и правен предизвик на веќе кревко стекнатите права на жените. Притоа, се инсистира на разликување помеѓу родот како општествена норма и полот како биолошка категорија, а не нивно поимно испреплетување (ibid.).

Во таа насока е и **Декларацијата на жените за права базирани врз основа на полот** (Women's Declaration International), документ кој има за цел да ги дефинира и заштити специфичните права на жените како категорија дефинирана врз основа на биолошкиот пол. Оваа декларација произлегува од перцепцијата дека современите социјални и институционални политики, особено оние поврзани со родовата идентификација и трансродовите прашања, ги нарушуваат и загрозуваат традиционалното разбирање и заштита на женските права. Главната заложба на декларацијата е да го врати и потврди значењето на биолошкиот пол како клучен критериум за дефинирање на женските права и простори, со што се поставува јасна граница помеѓу жените и трансродовите лица, особено транс жените (Duffy, 2021).

[50] **Види повеќе:** стр. 226.

Та оттука, документот прокламира идеи кои имаат за цел да ја обезбедат автономијата на женските права и заложби во различни сфери, вклучувајќи ги здравствениот систем, образованието, работното место и јавниот простор. Женската декларација дури ја нагласува и потребата од зачувување на „женски простори", како што се тоалетите, соблекувалните и прифатилиштата, исклучиво за лица кои се биолошки жени. Покрај тоа, декларацијата апелира за заштита од какви било форми на дискриминација кои би произлегле од промена на дефинициите за полот и родот, со тврдење дека ваквите промени ги ставаат жените во нееднаква и ранлива положба (ibid.).

Идеолошки, декларацијата претставува критика на поимите на род и родова еднаквост во кои родот се поставуваат како опција или лична изборна категорија, наспроти биолошкиот пол како фиксна и непроменлива категорија. Во таа смисла, таа застапува есенцијалистички пристап кој ја гледа биологијата како основа на социјалните и институционалните права, спротивставувајќи се на постмодернистичките и интерсекционалните теории кои го нагласуваат социјалниот и културниот конструкт на родот. Така, Декларацијата се најде во центарот на поширокиот конфликт помеѓу конзервативните и прогресивните движења во областа на родовата политика и човековите права (ibid.).

Навраќајќи се на интерсекционалниот и трансинклузивниот феминизам, каде што за родовокритичкиот феминизам тврдат дека тој воспоставува исклучувачки и есенцијалистички рамки кои ја репродуцираат истата логика на маргинализација што феминизмот треба да ја демонтира. Транс и небинарните заедници, во овој контекст, укажуваат дека нивната егзистенцијална борба против насилство, здравствени и институционални ограничувања е неразделно поврзана со пошироката борба за родова еднаквост и ослободување. Оттаму, современиот трансинклузивен феминизам не го негира постоењето на полово базирана нееднаквост, туку го проширува фокусот кон пофлексибилни и постструктуралистички дефиниции на родот, што овозможуваат поголема опфатност и политичка ефикасност (Koyama, 2001).

На тој начин, дискрепанцата помеѓу родовокритичките и интерсекционалните феминистички перспективи ги одразува пошироките епистемолошки, културолошки и политички парадигми за тоа како правилно треба да се дефинира „женското“ и кои критериуми се прифатливи во активизмот за женски права и родова еднаквост. Додека едните се повикуваат на материјалноста на женското искуство и политичките придобивки изградени на тоа, другите укажуваат на потребата од деконструкција на бинарните, стабилни и фиксни категории како предуслов за инклузивно и еднакво општество. Вистинскиот предизвик, во тој контекст, лежи во создавање модел на феминизам што ќе биде истовремено критички, инклузивен и способен да ги опфати различните облици на угнетување без нивна хиерархија или исклучување првостепени или второстепени права и вредности (Serano, 2007).

Несомнено дека современите дискусии во феминистичката теорија и активизам сè поинтензивно се соочуваат со внатрешни идеолошки и концептуални предизвици кои произлегуваат од прашањето на трансродовоста и нејзиното место во рамките на борбата за родова еднаквост. Наместо да се задржуваат на бинарни опозиции, современите теоретски концепции ги акцентираат сложените пресекувања помеѓу идентитетите, искуствата и системите на угнетување. Оттука, се појавуваат два доминантни феминистички пристапи – еден кој го афирмира трансинклузивниот феминизам, и друг, родовокритички ориентиран, кој на трансинклузивниот феминизам гледа како на потенцијална закана за политичката кохерентност на женското движење (ibid.).

Поддржувачките на трансинклузивниот феминизам, втемелени во квир теоријата, постструктурализмот и постмодерните теории за родот, ја прифаќаат родовата флуидност како основа за редефинирање на „женското“ надвор од биолошките и есенцијалистички граници. Според ова гледиште, родот не е предодреден, туку се обликува низ општествени и културни практики, а правото на самоидентификација е клучен политички чин на отпор. Според Џудит Батлер, транс и небинарните лица во рамките на феминистичката анализа не го нарушуваат нејзиниот интегритет, туку, напротив, го прошируваат нејзиниот капацитет да се

справи со сложените модалитети на исклучување и нееднаквост. За Батлер, исклучувањето на транс жените од женските простори и политики не е само теоретски неосновано туку и политички штетно, бидејќи го репродуцира истиот механизам на исклучување што феминизмот настојува да го демонтира (Butler, 2024).

Може да се забележи дека оваа научнотеоретска елаборација (или дискусија) не останува ограничена само на теорија туку се прелева и во сферата на јавните политики и активизмот, каде што конкретни примери – од забрани за родово сензитивни образовни политики до законски рестрикции за транс лица – се дел од поширокиот тренд на антиродов популизам. Мнозинството прогресивни феминистички организации, сепак, го прифаќаат трансинклузивниот пристап како неопходен одговор на овие регресивни тенденции, гледајќи во него не компромис туку нормален теоретски и практичен след на заедничките напори и борби за родова еднаквост. Така, современиот феминизам не само што ја преиспитува својата внатрешна структура туку и се трансформира во движечка сила за пошироко општествено преосмислување во сферата на човековите права и родовата еднаквост како концепти и заложби (Serano, 2007).

Следствено на тоа, во овие спротивставени визии лежи прашањето за иднината на феминизмот: дали ќе остане ограничен на традиционално разбрани граници на „женското“, или ќе се осмели да ги прифати разноликите форми на родова субјективност што произлегуваат од реалните, често тешки, искуства на маргинализација. Инклузијата, во таа смисла, не е само прашање на солидарност туку и на политичка ефикасност. Феминизмот кој се стреми кон трансформативна улога во општествената реалност не може да си дозволи селективност – тој мора да стане простор за сите оние кои се под сегрегација на хетеронормативниот, патријархален и биополитички режим на моќ (ibid.).

# VII

# ДЕЛ

## Заклучни согледувања

Како завршен дел од спроведеното истражување, може да се заклучи дека овој труд, на својствен начин, ја обединува теоретската, историската и емпириската рамка со цел да изведе систематска анализа на социо-културните аспекти на македонското женско движење. Истражувањето покажа дека неговата генеза, развој и современа профилација не може да се разберат изолирано, туку исклучиво во контекст на пошироката општествено-културна динамика што ја оформува положбата и дејствувањето на жените во македонското општество.

Според тоа, целокупниот теоретски, историски и емпириски преглед на социо-културните аспекти на македонското женско движење во фокусот го конструираше прашањето за женското движење и неговото настанување, развој, идеолошка и институционална динамика, како и неговата современа профилација во рамките на македонскиот социо-културен контекст. Македонското женско движење, како што покажа анализата, не може да се разбере изолирано од пошироките општествени, историски и културни процеси кои ги детерминирале неговото појавување и дејствување. Напротив, неговото обликување претставува резултат на комплексна интеракција меѓу историските наративи на отпорот, институционалните рамки, системот на вредности, родовите релации и глобалните идеолошки наративи и феминистички влијанија.

Теоретскиот приод на трудот ја нагласи нужноста на социо-културната перспектива како најсоодветна аналитичка рамка за проучување на женското движење. Културата, како систем на вредности, симболи и практики, го посредува начинот на кој општеството ги артикулира своите претстави за родот, моќта и јавниот ангажман, а преку тоа и начинот на кој се појавуваат/профилираат и институционализираат женските движења. Од тие причини, македонското женско движење е можеби најрелевантен показател за процесите на демократизација, модернизација и културна трансформација на општеството по неговото осамостојување. Неговата еволуција не е само прашање на активизам и застапување туку и на длабоки културни промени во односот кон општествените

вредности, улогата на државата и положбата на жените во јавната и приватната сфера.

Истражувањето на социо-културните аспекти на македонското женско движење, како што беше зададено во целите на овој труд, ги реализира своите парадигми преку интегриран теоретски и емпириски пристап, со јасно изведена структура која ги опфаќа историските, идеолошките, културните и современите димензии на феминизмот и женскиот активизам во Македонија. Сите поставени истражувачки цели беа доследно иследувани преку систематско следење на научната логика, континуирана аналитичност и интерпретација на податоците добиени од теоретското истражување, комбинирајќи историска и дискурзивна анализа, како и метод на длабински полуструктурирани интервјуа.

Првата цел на истражувањето, да се направи анализа на историскиот развој на феминизмот и македонското женско движење, е иследувана во делот „Историски глас на отпорот: Женското движење во Македонија низ времето". Во оваа целина се претставени клучните периоди, настани и личности кои ги обележале феминистичката мисла и женската еманципација на македонски простор, од првите форми на организиран женски активизам и антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ), па сè до појавата на современите невладини и граѓански организации. Истражувањето го следи континуитетот на феминистичката идеја како дел од поширокиот општествен процес на демократизација, покажувајќи дека женското прашање не е изолиран феномен, туку составен дел од социо-културната трансформација на општеството. Притоа, трудот ги поврзува историските и културните фактори, објаснувајќи како колективната меморија и културната традиција влијаат врз создавањето на родовата свест и феминистичката практика.

Историската анализа укажа дека корените на женското движење во Македонија се вградени во антифашистичката борба и постјугословенскиот проект на еманципација на жената, особено преку дејствувањето на Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ). Во овој контекст, АФЖ не треба да се разбира единствено како организација со политички цели, туку како културно-политичко движење што ја постави основата за подоцнежната артикулација на родовите политики и јавната

видливост на жената во социјалистичкиот систем. Токму од ова искуство произлегуваат првите форми на институционална артикулација на женските интереси, кои подоцна, по распадот на Југославија, се реинтерпретираат во услови на нови политички, економски и културни предизвици. Постјугословенскиот контекст ја означи транзицијата на женското движење од државно-политички во граѓанско-цивилен облик, што претставува суштински момент на неговото современо дефинирање.

Втората истражувачка цел, насочена кон анализа на современата динамика на македонското женско движење, е анализирана преку деталното испитување на движењето во контекст на актуелниот социо-културен пејзаж. Во емпирискиот дел од трудот, особено во поглавјата каде што се анализираат резултатите од длабинските интервјуа, се истражуваат механизмите на дејствување, комуникацијата со институциите, употребата на јазикот, стратегиите за застапување и влијанието на медиумската и дигиталната култура врз современиот феминистички активизам. Културолошкиот приод се применува доследно, третирајќи ја културата како конститутивен дел од женското движење и како аналитичка категорија што овозможува да се разберат неговата внатрешна структура и идеолошка поставеност. На тој начин, истражувањето дава прецизна слика за начинот на кој женското движење функционира и се обликува во рамките на современите вредносни системи, како и за тоа како културните обрасци, општествените ставови и доминантните идеологии влијаат врз неговата стратегија и опсег.

Социо-културниот приод овозможи да се согледа дека македонското женско движење се развива во постојана тензија меѓу локалното и глобалното, традиционалното и современото, структурите на патријархална хегемонија и родовата рамноправност. Од анализата произлезе дека родовата рамноправност не може да се постигне само преку институционални механизми, туку бара промена на културните парадигми и вредносните системи. Ваквото сфаќање го наметнува феминизмот не само како идеологија или движење туку како општествен процес кој ги препрочитува односите на моќ, симболичките структури и јазикот на јавниот

дискурс. Со други зборови, феминизмот во македонскиот контекст е културна практика, а не само политичка идеологија, со што добива посебна значајност во анализата на современите општествени процеси.

Емпирискиот дел од трудот, заснован на длабински полуструктурирани интервјуа со активистки, теоретичарки и институционални актери, отвори поле на разни интерпретации без фиксни заклучоци, но консеквентно се навестува дека македонското женско движење е хетероген и повеќеслоен феномен. Преку сведоштвата и личните наративи се реконструира културната топографија на движењето: од првите женски организации во 1990-тите, преку формирањето невладини платформи за родова рамноправност, до современите форми на дигитален и интерсекционален активизам. Интервјуираните соговорници/соговорнички укажаа на неколку клучни точки на прекин и континуитет: генерацискиот јаз меѓу активистките, ограниченоста на институционалните механизми за родова еднаквост, идеолошките и политичките поларизации, како и промената на начинот на комуникација и колективна мобилизација во рамките на новите парадигми на значење. Овие наоди укажуваат дека женското движење, иако институционално постои веќе три децении, сè уште е во процес на самоидентификација и рефлексивно редефинирање на сопствената агенда.

Третата димензија на истражувањето, насочена кон испитување на генерациските разлики и хетерогеноста на идеите во современото женско движење, е реализирана преку прецизна категоризација на неколку генерации на активистки, почнувајќи од 1990-тите години до денес. Овој дел од трудот прави јасна разлика меѓу „транзициската“, „посттранзициската“ и „новата“ генерација активистки, анализирајќи ги нивните приоритети, пристапи и релации кон феминизмот како теорија и практика. Преку ваквиот генерациски пресек, трудот ги открива хетерогеноста и динамичноста на движењето, но и неговиот континуитет во заложбите за родова рамноправност и општествената промена. Анализата на интервјуата потврдува дека генерациските разлики не претставуваат поделба, туку показател за флексибилност и одржливост на движењето, што укажува на неговата

општествена континуираност и културна вкоренетост во променливите политички и културни услови.

Оттука, може да се констатира дека првата генерација на женското движење во Македонија ја воспостави основата на институционалната артикулација на родовата рамноправност преку прагматичен и контекстуално чувствителен пристап, кој ја препознаваше динамиката на општествените промени и ја конструираше женската агенда во нов дискурс на видливост и моќ. Нивната активност, произлезена од непосредните егзистенцијални и општествени потреби на жените, овозможи трансформација на хуманитарните и солидарни практики во првични облици на организирано женско дејствување.

Во првата деценија на 21-виот век се конституира т.н. вториот генерациски бран на женскиот активизам во македонското општество, кој се одликува со зајакната институционализација преку воспоставување на системот квоти во македонското Собрание, формирањето на Македонското женско лоби и Клубот на пратенички во состав на Собранието, кои, пак, придонесоа за усвојување закони и законски рамки за примена на концептот на gender mainstreaming. Истовремено, во овој период се отвораат можностите и за академската афирмација на женските и родовите студии што од неформални иницијативи се конституираа како легитимна дисциплина во високото образование и воопшто во македонската научна мисла.

Во т.н. третата генерација (по 2010-тите години) се отвораат нови хоризонти на критичко мислење, при што женскиот (феминистички) активизам на еден начин ја надминува својата претходна рамка и се преклопува со алтернативни идеолошки матрици и се преплетува со пошироки идеолошки наративи, меѓу кои и афирмирањето на ЛГБТ+ правата и промовирањето на трансинклузивноста како составен дел од современите стратегии на отпор кои ја дестабилизираат хетеронормативната хегемонија. Во рамката на таа констелација, станува збор за појава која истовремено се соочува со наследената патријархална традиција и со предизвиците на современите идентитетски политики. Преку таквите согледувања се разоткрива дека културната димензија е подеднакво важна како и институционалната рамка во која се движи активизмот. Препознавајќи ја таа двојна

улога, се потврдува дека без културна рефлексија, не може да се разбере долгорочниот капацитет на македонското женско движење.

Истражувањето на македонското женско движење ја потврдува комплексноста на неговите корени и современи трансформации, откривајќи дека секој историски период носи различни модели на отпор, ангажман и културна афирмација. Теоретската и емпириска елаборација на трудот покажува дека таквиот активизам не може да се сведе на еднонасочен процес, туку се одвива низ динамични социо-културни и политичко-идеолошки контексти кои постојано ја обликуваат неговата форма на дискурзивна практика. Со посебна јасност се издвојуваат генерациските дисконтинуитети и идеолошките насоки што влијаат врз женското организирање и неговото самопретставување во јавната сфера. Ваквиот развој демонстрира дека женското движење и феминистичкиот активизам не се хомогена појава, туку повеќегласен процес во кој се испреплетуваат различни интереси, вредности и стратегии. Преку разгледувањето на тие генеалошки траги, станува јасно дека општествената реалност профилирана во македонски контексти е неразделно поврзана со културните матрици што го обликуваат движењето/активизмот. Врз основа на тоа може да се заклучи дека препознавајќи ја ваквата интеракција се добива подлабока претстава за неговата иднина, при што истовремено се нагласува потребата од понатамошна теоретска и емпириска надградба.

Емпириските податоци, добиени преку полуструктурирани длабински интервјуа, открија разновидни искуства и ставови кои ја потврдуваат хетерогеноста на женското движење. Испитаниците изнесоа лични приказни што ја осветлуваат индивидуалната димензија на активизмот, но и колективните предизвици со кои се соочува движењето. Преку нивните наративи стана видливо дека се јавуваат различни стратегии на отпор, мобилизација и застапување во зависност од генерациската припадност, институционалната рамка и идеолошки матрици. Ваквиот материјал ја потврди претпоставката дека македонското женско движење е поле на динамичен однос меѓу традицијата и модерноста. Та оттука, може да се согледа потенцијалот за градење нови стратегии за социо-културни промени.

Изведувајќи ги овие согледувања од конкретните гласови на учесничките, се потврдува дека токму нивната интерпретација претставува најважниот извор за понатамошни академски анализи.

Понатаму, четвртата цел, да се разгледаат феноменот на феминистичката идеологија и односот помеѓу феминизмот и женското движење, е иследувана и теоретски и емпириски. Во теоретскиот дел се разгледани различните феминистички пристапи (радикален, либерален, социјалистички, постмодерен, интерсекционален и др.), нивната идејна генеалогија и влијание врз македонскиот контекст. Во емпирискиот дел, пак, преку анализата на одговорите од интервјуата, трудот го испитува прашањето дали современите форми на женски активизам воопшто се препознаваат како феминистички, како и степенот на нивната самосвест и идеолошка ориентација. На овој начин, истражувањето ги потврдува поставените хипотези дека не секое женско движење е нужно феминистичко, но дека постои јасна идеолошка линија која го поврзува феминизмот со активизмот, и тоа преку свесното дејствување во рамките на граѓанското општество и институциите.

Во трудот, јасно се прикажува значајноста на плуралните феминистички парадигми, откривајќи дека либералниот, радикалниот, марксистичкиот, интерсекционалниот и постмодерниот пристап оставиле различни траги во рамките на обликувањето на македонскиот женски и феминистички активизам. Ваквиот спектар на идеи ја нагласува потребата движењето да се согледува како дискурзивно поле, а не како униформен блок на практики и уверувања. Во таа смисла, современите идеолошки контроверзии околу поимите „пол“ и „род“ ја покажуваат важноста на критичката теоретизација за разбирање на идните траектории. Истовремено, интерсекционалните перспективи овозможуваат поврзување на прашањата на жените со пошироки форми на социјална неправда и дискриминација. Таквото проширување на аналитичкото поле нуди основа за подлабоко вклучување на женските организации во граѓанското општество. Доведувајќи ги овие аргументи во кохерентна целина, се добива јасна претстава дека идните вакви истражувања мора да ги вградат токму тие плурални гледишта.

Од друга страна, пак, интерсекционалниот аспект на анализата отвори можност за пошироко разбирање на современите општествени движења, вклучително и нивната поврзаност со ЛГБТ+ активизмот, младинските иницијативи и дигиталните платформи на солидарност. Оваа димензија покажува дека современото женско движење во Македонија не е веќе единствено определено со биолошката или нормативната категорија „женственост“, туку со пошироки концепти на род, идентитет и човекови права. Таквиот развој го впишува македонскиот феминизам во глобалните текови на критичката мисла, но истовремено ги задржува неговата локална специфичност, историската меморија и општествената реалност на транзициското општество.

Оттука, во овој труд поставените цели претставуваат темелна синтеза на историските, културните и современите димензии на женското движење, користејќи го културолошкиот пристап како аналитичка рамка што овозможува да се разберат релациите меѓу културата, моќта, идентитетот и родовата политика. Комбинирањето на теоретската анализа со емпириски истражувања овозможува трудот не само да ја опише појавата туку и да ги интерпретира нејзината суштина и значење за македонското општество. На тој начин, истражувањето го реализира својот научен и општествен потенцијал, нудејќи нови сознанија за феминизмот, активизмот и културната еволуција на родовата еднаквост во Македонија.

Од социолошки аспект, може да се заклучи дека македонското женско движење ја има функцијата на посредник меѓу индивидуалната еманципација и колективната трансформација. Тоа го поставува прашањето за родовата рамноправност не како поединечен акт туку како системска промена во начинот на мислење, во симболичките поредоци и во односите на моќ во општеството. Со ова движењето добива улога на значаен агент на културна и родова трансформација, кој во современи услови ја преиспитува соодветноста на нормативните политики за родова рамноправност. Притоа, резултатите од истражувањето потврдија дека постои јасна дихотомија меѓу формалната (институционална) и реалната (културна) рамноправност. Додека државните институции воспоставуваат механизми за родова рамноправност, во културната матрица на т.н. секојдневните практики на

поединците во општествениот живот сè уште се забележува длабока асиметрија на родовите улоги и статуси.

Според тоа, соочено со овие ограничувања, женското движење во Македонија развива стратегии на културен отпор, симболички израз и критичка рефлексија. Тие стратегии се манифестираат во јазикот, уметничките перформанси, јавните акции и академските дебати, преку кои движењето настојува да го пренасочи јавниот дискурс од прашањето „еднакви можности" кон прашањето „родова рамноправност". Оваа промена е суштинска бидејќи укажува на еволуцијата на феминистичката мисла, од нормативно-политичка ориентација кон културно-критичка перспектива. Таа е и доказ дека феминизмот, во македонски услови, го надминува своето ограничување на идеолошка категорија и се издигнува како научен, културен и општествен феномен со трајно влијание врз демократските процеси.

Следствено на тоа, како клучен аспект во овој труд е и дека процесите на институционализација на родовата рамноправност не се доволни за да се трансформира општеството без истовремена трансформација на културните практики. Законските механизми, стратегиите и акциските планови за родова еднаквост, иако претставуваат значаен напредок, не можат целосно да го изменат патријархалниот модел на општествена организација без интервенција во образовниот систем, медиумската култура и симболичките кодови на секојдневниот живот. Оваа констатација ја потврдува тезата дека социо-културниот приод претставува најсоодветната научна перспектива за разбирање на женското движење, бидејќи ја открива неговата врзаност со вредностите, дискурзивните практики и идеолошките структури на едно општество.

Основната претпоставка дека македонското женско движење претставува динамичен социо-културен процес кој ги поврзува вредностите, институциите и колективните идентитети во насока на демократска трансформација на општеството се иследува преку согледување на теоретската елаборација и анализата на емпириските податоци. Женскиот активизам не е само наратив за борби и достигнувања туку и мрежа на искуства, смисли и контекстуални

трансформации, но и процес на постојано преиспитување на значењето на родовата рамноправност, на односите на моќ и на културните симболизации на половите разлики. Женското движење, во овој контекст, е огледало на културната експлицитност на развојот на општеството, односно колку повеќе општеството е отворено за родова рамноправност и критичка мисла, толку повеќе движењето станува простор на динамики на социјална трансформација и меѓусебна поврзаност.

Со тоа, трудот ја потврдува потребата од постојано академско, институционално и културно преиспитување на родовите политики во македонското општество. Истражувањето покажа дека иднината на феминизмот и женското движење во земјата зависи не само од правните и политичките инструменти туку пред сè од културната рецепција на идеите за рамноправност, инклузивност и човеково достоинство. Преку социо-културниот приод се отвора перспектива за поинтегрирано разбирање на женското движење како форма на културна промена, и како предмет на проучување, но и како двигател на демократските процеси во општеството.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА (БИБЛИОГРАФИЈА)

### (Латинично писмо)


Althusser, L. (1971) ***Lenin and Philosophy and Other Essays***. London: New Left Books.

Baksh, R., Harcourt, W. (ed.) (2015) ***Transnational feminist movements***. Oxford University Press.

Benford, D.R. & Snow, A.D. (2000) ***"Framing Processes and Social Movements: An Overview and Assessment"***, in, Annual Review of Sociology, Vol. 26. pp. 611-639. [https://www.jstor.org/stable/223459]

Bereni, L., Revillard, A. (2012) ***A Paradigmatic Social Movement? Women's Movements and the Definition of Contentious Politics***. in Sociétés contemporaines, Presses de Sciences Po, pp.17-41.

Berger, P.L. and Luckmann, T. (1966) ***The Social Construction of Reality: A Treatise in the Sociology of Knowledge***. Garden City, NY: Doubleday.

Blagojević, J. & Lončarević, K. (2011) ***"Postmoderni feminizam"***, in, Milojevič I., Markov, S. (ur.), *Uvod u rodne teorije,* Novi Sad: Mediterran Publishing. pp.203-214.

Bobičić, N. & Stojčić, M. (2023) ***"Antirodni diskurs u medijima u Srbiji"***, in, CM: Communication and Media, 18(53). pp. 3-31.

Bottomor, T. (1987) ***Politička sociologija***, Zagreb: Kulturni radnik.

Bourdieu, P. (1986) "***The Forms of Capital"***, in J. Richardson (ed.) Handbook of Theory and Research for the Sociology of Education. New York: Greenwood.

Burdje, P. (2001) ***Vladavina muskaraca***, Podgorica, CID

Butler, J. (2024) ***Who's Afraid of Gender?*** New York: Farrar, Straus & Giroux.

Cameron, D. (1992) ***Feminism and Linguistic Theory***, London, Palgrave Macmillan.

Carastathis, A. (2014) ***"Reinvigorating Intersectionality as a Provisional Concept"***, in, Why Race and Gender Still Matter: An Intersectional Approach. Eds. Namita Goswami, Maeve O'Donovan, and Lisa Yount. London: Pickering and Chatto. pp.304–314.

Carden, L.M. (1974) ***The new feminist movement***. New York: Russel sage foundation.

Cerjan-Letica, G. (1985) "***Feministički pokret - organizacija, oblici i sadržaj borbe***", in, Revija za sociologiju, 15(3-4), pp. 15-30. Достапно на: https://scispace.com/journals/revija-za-sociologiju-3kwlfrel/1985 (Пристапено: [3/22/2025]).

Ćopić, H. (2018) '***Žene i jezik***', u, Zaharijević, A. [pr.]. Neko je rekao feminizam?: Kako je feminizam uticao na žene XXI veka, Beograd: Heinrich Böll Stiftung/Regionalna kancelarija za Jugoistočnu Evropu, pp. 216-226.

Čupić, Č. (2002) ***Sociologija: struktura, kultura, vladavina***. Beograd: Čigoja štampa.

Daglas, M. (2002) ***Čisto i opasno: Analiza pojmova nečistoće i tabua***. Beograd: Biblioteka XX vek.

Datta, N. (2025) ***The Next Wave: How Religious Extremism Is Reclaiming Power***. Brussels: European Parliamentary Forum for Sexual and Reproductive Rights (EPF).

Davis, K., Evans, M. and Lorber, J. (eds.) (2006) ***Handbook of gender and women's studies***. London: SAGE Publications.

Duffy, S. (2021) '***An International Human Rights Law Analysis of the WHRC Declaration***'. Available at: [https://sandraduffy.blog/2021/10/26/an-international-human-rights-law-analysis-of-the-whrc-declaration/] [Accessed: 28 June 2025].

Duhaček, D. (2011) ***"Klasični liberalni feminizam"***, in, Milojevič I., Markov, S. (ur.), *Uvod u rodne teorije,* Novi Sad: Mediterran Publishing. pp.85-95.

Duhaček, N. (2018) '***Istorija (ne)vidljivosti žena: žene, pozorište i feminizam'***, u, Zaharijević, A. [pr.]. Neko je rekao feminizam?: Kako je feminizam uticao na žene XXI veka, Beograd: Heinrich Böll Stiftung/Regionalna kancelarija za Jugoistočnu Evropu, pp. 286-295.

Durkheim, E. (1982) ***The Rules of Sociological Method***. Edited by S. Lukes. New York: Free Press.

Eagleton, T. (2014) ***Ideja kulture***. Zagreb: Naklada Jesenski I Turk.

Evans, J.R. (1977) ***The Feminists: Women's Emancipation Movements in Europe, America and Australasia 1840-1920***. London and New York: Routledge.

Ferree, M.M. & Tripp, M.A. (ed.). (2006) ***Global Feminism: Transnational Women's Activism, Organizing, and Human Rights***, New York University Press.

Forbes, B., Hale, R. (1911) ***What Women Want: An Interpretation of The Feminist Movement***. New York: Frederick A. Stokes Company Publishers.

Friedland, R. and Alford, R.R. (1991) "***Bringing Society Back In: Symbols, Practices, and Institutional Contradictions"***, во Powell, W.W. and DiMaggio, P.J. (eds.) The New Institutionalism in Organizational Analysis. Chicago: University of Chicago Press.

Gans, H.J. (2012) "***Against culture versus structure"***, Identities: Global Studies in Culture and Power, 19(2), pp. 125-134.

Giddens, A. (1984) ***The Constitution of Society: Outline of the Theory of Structuration***. Cambridge: Polity Press.

Giddens, E. (2003) ***Sociologija***, Beograd, Ekonomski fakultet.

Gipson, F. (2022) ***Women's work: from feminine arts to feminist art,*** London: Frances Lincoln.

Giugni, M.G. (1998) ***"Structure and Culture in Social Movement Theory",*** in, Sociological Forum, 13(2), pp. 365-375.

Goodwin, J., Jasper, M.J. (ed.) (2015) ***The Social Movements Reader: Cases and Concepts*** (third edition). Malden: Blackwell Publishing.

Gülçiçek, D. (2021) ***Beyond the Waves: Navigating complexity, context and care in how we read feminist texts***. UK: The Sociological Review website and online magazine ISSN 2754-1371. [URL: https://thesociologicalreview.org/magazine/october-2021/generations/generation-talk/ пристапено на: 8/17/2025]

Harrison, K., Boyd, T. (2003) ***Political ideas and movements***. Manchester University Press.

Hooks, B. (2015) ***Feminist theory: from margin to center***. New York: Routledge.

Jasper, J.M. (2014) ***Protest: A Cultural Introduction to Social Movements***. Cambridge: Polity Press.

Jenks, C. (1998) "***Structure/Agency"***, in, Core Sociological Dichotomies. London: SAGE Publications, pp. 19-44.

Jesper, M.J. (2014) ***Protest: A Cultural Introduction to Social Movements***. Malden: Polity Press.

Jovanovski, D., Simonovska, S. (2016) ***High Education in the Balkans and the Inclusion of Women***, во, International Journal of Educational Research and Technology (IJERT), [2.1, pp. 137-143].

Klandermans, B., Johnston, H. (1995) ***Social Movements and Culture***. Minneapolis: University of Minnesota Press.

Knottnerus, J.D. (1996) ***"Social Structure: An Introductory Essay"***, Humboldt Journal of Social Relations, 22(2), pp. 13-17.

Kojić Mladenov, S. (2023) ***Feminizam i vizuelna umetnost: između teorije i prakse***, Novi Sad: Muzej savremene umetnosti Vojvodine.

Kolozova, K. (2011) '***The Gender-Neutral Essence of Science. Good Practices in Gender Mainstreaming Higher Education Curricula in Macedonia***', in Grünberg, L. (ed.) From Gender Studies to Gender IN Studies: Case Studies on Gender-Inclusive Curriculum in Higher Education. Bucharest: UNESCO-CEPES, pp. 59–72.

Koyama, E. (2001) ***The transfeminist manifesto***. [online] p.3. Available at: https://web.archive.org/web/20191010013104/http://eminism.org/readings/pdf-rdg/tfmanifesto.pdf [Accessed: 28 June 2025].

Kroeber, A. L., Parsons, T. (1958) ***The Concepts of Culture and of Social System***, in, American Sociological Review, no. 23, (pp. 582-593).

Kuhar, R. & Paternotte, D. (2017) ***Anti-Gender Campaigns in Europe: Mobilizing Against Equality***. Lanham, MD: Rowman & Littlefield.

Lazar, Ž., Koković, D. (2017) ***Sociologija kulture*** *[sa elementima kulturne antropologije]*, Novi Sad: Mediterran Publshing.

Leacock, B.E. (1981) ***Myth of Male Dominance***, New York: Monthly Review Press.

Leschziner, V. and Brett, G. (2019) "***Symbol Systems and Social Structures"***, in, Abrutyn, S. and Lizardo, O. (eds.) The Handbook of Classical Sociological Theory. Springer.

Lèvi-Strauss, C. (1958) ***Strukturalna antropologija***. Zagreb: Stvarnost.

Llana, S.M. (2022) '***Can you be feminist and "pro-life"? The women who say yes***', The Christian Science Monitor, 22 June. Available at: https://www.csmonitor.com/USA/Society/2022/0622/Can-you-be-feminist-and-pro-life-The-women-who-say-yes (Accessed: 26 June 2025).

Lončarević, K. (2011) ***"Liberalni feminizam u 20. veku"***, in, Milojevič I., Markov, S. (ur.), *Uvod u rodne teorije,* Novi Sad: Mediterran Publishing.pp.127-138.

Mackay, F. (2015) ***Radical Feminism: Feminist Activism in Movement***. Basingstoke: Palgrave Macmillan.

Manhajm, K.; (1978) ***Ideologija i utopija***. Beograd: Nolit.

Martin, J.L. and Lee, M. (2015) "***Social Structure***", во Wright, J.D. (ed.) International Encyclopedia of the Social & Behavioral Sciences, 2nd edition, Vol 22. Oxford: Elsevier, pp. 713-718.

McAdam, D. & Snow, A.D. (1997) ***Social Movements: Readings on Their Emergence, Mobilization, and Dynamics***. London: Roxbury Pub.

Mesić, M. (1998) "***Teorija društvenih pokreta - Američke perspektive***", in, Društvena istraživanja, 7(4-5), pp. 699-729.

Meyer, D. S. & Tarrow, S. (ed.) (1998) ***The Social Movement Society: Contentious Politics for a New Century***. Lanham, MD: Rowman & Littlefield.

Milić, A. (2011) ***"Marksistički i socijalistički feminizam"***, in, Milojevič I., Markov, S. (ur.), *Uvod u rodne teorije,* Novi Sad: Mediterran Publishing. pp.153-172.

Molony, B., Nelson, J. (ed.) (2007) ***Women's Activism and "Second Wave" Feminism: Transnational Histories***. London: Bloomsbury Academic, An imprint of Bloomsbury Publishing Plc.

Morgan, R. (1996) ***Sisterhood is Global: The International Women's movement anthology***. The feminist press at The City University of New York, Belleville public library.

Murdock, G.P. (1956) ***How Culture Changes***, in, Shapiro, L.H. (ed.), Man, Culture and Society, New York: Oxford University Press, (pp. 247-260).

Neš, K. (2006) ***Savremena politička sociologija: globalizacija, politika i moć***. Beograd: JP Službeni glasnik.

Ortner, B.S. (2003) ***New Jersey Dreaming: Capital, Culture, and the Class of '58***. Durham, North Carolina: Duke University Press Books.

Polletta, F. (1997) ***"Culture and Its Discontents: Recent Theorizing on the Cultural Dimensions of Protest"***, in, Sociological Inquiry, 67(4), Hoboken, New Jersey: Wiley-Blackwell Publishing. pp. 431–450.

Porpora, D.V. (1996) ***"Are There Levels of Social Structure?"***, in, Humboldt Journal of Social Relations, 22(2), pp. 12-26.

Porta, D. Donatella and Diani, M. (2006) ***Social movements: an introduction*** (second edition). Malden: Blackwell Publishing.

Radonjić, M. (2014) ***"Okupiraj Volstrit: Neoklasični društveni pokret 21. veka"***, во, Političke perspektive 3, Časopis za istraživanje politike. Beograd: Fakultet političkih nauka, pp. 23-44.

Ray, A. (ed.) (2015) ***Prose & Lore: Collected Issues 1-5: Memoir Stories About Sex Work***. 1st edn. New York: Red Umbrella Project.

Richardson, D. and Robinson, V. (eds.) (2020) ***Introducing gender and women's studies***. 5th edn. London: Red Globe Press.

Rosaldo, M., Lamphere, L. (1974) ***Woman, Culture, and Society***. Redwood City, California: Stanford University Press.

Roseneil, S. (1999) ***“Postmodern Feminist Politics: The Art of the (Im)Possible?“***, in, The European Journal of Women's Studies Copyright, SAGE Publications, London, Thousand Oaks and New Delhi, Vol. 6. pp.161-182.

Sandler, I. (1996). ***Art of the Post Modern Era***, New York: HarperCollins.

Sanneh, K. (2012) ‘***Party Crasher***’, The New Yorker, 19 February. Available at: https://www.newyorker.com/magazine/2012/02/27/party-crasher (Accessed: 28 June 2025).

Saurette, P. and Gordon, K. (2016) ***The Changing Voice of the Anti-Abortion Movement***. Toronto: University of Toronto Press.

Schreiber, R. (2008) ***Righting Feminism: Conservative Women and American Politics***. Oxford and New York: Oxford University Press.

Scott, W.J. (2011) ***The Fantasy of Feminist History***. Durham, NC: Duke University Press.

Serano, J. (2007) ***Whipping Girl: A Transsexual Woman on Sexism and the Scapegoating of Femininity***. Emeryville, CA: Seal Press.

Sewell, W.H. (1992) ***“A Theory of Structure: Duality, Agency, and Transformation“***, in, American Journal of Sociology, 98(1), pp. 1-29.

Snow, A.D., Soule, A.S., Kriesi, H. (ed.) (2004) ***The Blackwell Companion to Social Movements***. Malden: Blackwell Publishing.

Spillman, L. (1996) ***“How Are Structures Meaningful? Cultural Sociology and Theories of Social Structure“***, in, Humboldt Journal of Social Relations, 22(2), pp. 31-45.

Stoller, R. (1994) ***Sex and gender: On the development of masculinity and feminit***, London, Routledge

Tambe, A. (2018) ‘***Reckoning with the Silences of #MeToo***’, in, Feminist Studies, 44(1), pp. 197–203.

Tarner, Dž. (2009) ***Sociologija***, Beograd/Novi Sad, Centar za demokratiju Mediteran.

Thompson, J.B. (1990) ***Ideology and Modern Culture: Critical Social Theory in the Era of Mass Communication***. Cambridge: Polity Press.

Treanor, N. (2002) ***The feminist movements***. San Diego: Greenhaven Press.

Turen, A. (1983) ***Sociologija društvenih pokreta***. Beograd: Radnička štampa.

Valenti, J., 2024. ***Abortion: Our bodies, their lies, and the truths we use to win***. New York: Random House.

Von Stein, L. (1964) ***The History of the Social Movement in France***, 1789-1850. Bedminster Press Publisher [*online book*]

Walby, S. (1986) “***Theorizing Patriarchy”***, in, Sociology, Vol. 23, No. 2. Thousand Oaks, California: Sage Publications, Ltd. pp. 213-234.

Williams, R. (1976) ***Keywords: A Vocabulary of Culture and Society***, Croom Helm.

Winch, P. (1958) ***The Idea of a Social Science and its Relation to Philosophy***. London: Routledge & Kegan Paul.

Yoon, K. (2022) '***Beneath the Surface: The Struggles of Dismantling Lookism in Looks-Obsessed South Korea***', Embodied: The Stanford Undergraduate Journal of Feminist, Gender, and Sexuality Studies, 1(1). Palo Alto: Stanford University.

Zaharijević, A. (2011) ***"Radikalni feminizam"***, in, Milojević, I. и Markov, S. (pr.), Uvod u rodne teorije. Beograd: Ministarstvo prosvete i nauke Republike Srbije, pp. 139-152

Zaharijević, A. [pr.]. (2018) ***Neko je rekao feminizam?: Kako je feminizam uticao na žene XXI veka***, Beograd: Heinrich Böll Stiftung/Regionalna kancelarija za Jugoistočnu Evropu.

Zizek, S. (1994) ***Mapping ideology***. London/New York: Verso.

**(Кирилично писмо)**

Аврамовић, З. (2008) ***Култура***. Београд: Завод за уџбенике.

Антиас, Ф. & Јувал-Дејвис, Н. (2003) ***„Ставајќи го феминизмот во контекст - родови, етнички и класни поделби"*** [превод од англиски јазик: Кристина Хаџи-Василева], во, Колозова, К. (ур.) Хрестоматија на класични текстови од областа на родовата теорија. Скопје: ЕвроБалкан Пресс. стр. 274-296.

Антонић, С. (2014) ***Моћ и сексуалност: социологија геј покрета***, Источно Сарајево,

Астеруд, Р.К. (2009) ***Феминистички теории за политиката***. Скопје: Евро Балкан Прес.

Балон, Б. [ур.] (2014) ***Положбата на жените во вооружените сили на државите од Западен Балкан*** [превод: Огњановски, В.;], Белград: UNDP/SEESAC.

Батлер, Џ. (2002) ***Проблеми со родот***, Скопје, Евро-Балкан Пресс.

Бирн, К. (2020) ***Анализа на состојбата на жените и децата во Република Северна*** Македонија [Електронски извор]: финален извештај; Скопје: Канцеларија на УНИЦЕФ.

Богоевска, С.В. и др. (2017) ***Феминизација на наставничката професија во одделенската настава и стереотипизација на воспитните улоги во општеството***; Скопје: Фондација „Фридрих Еберт".

Бојаџиева, М. (1999) ***Андрогин: утопија на совршениот пол***; Скопје: Сигмапрес.

Васев, С. (2018) ***Поврзувањето на феминизмот и женското движење со марксистичката теорија и пракса***, во, Социолошка ревија (бр.1/2018), Скопје: Филозофски факултет (стр.211-229).

Величковска, Р. (2016) ***Културниот идентитет на женската обредно-пејачка традиција од областа Осоговија, изразена преку варварушкото пеење***, во, Култура / Culture [Vol 6 No 14]; Скопје: УКИМ.

Весковиќ-Вангели, В. (1990) ***Жената во ослободителните борби (1893-1945)***; Скопје: Култура.

Вилијамс, Р. (1996) ***Културата***, Скопје, Култура.

Гешоска, И. и др. (2016) ***Музеј на женски приказни***; Скопје: Локомотива – Центар за нови иницијативи во уметноста и културата.

Гирц, К. (2007) ***Толкување на културите***, Скопје, Магор.

Даибес, Ф. (2021) ***Уништување на патријархатот и компанијата***, во, Предизвици: списание за општествени прашања [тематски број: родова еднаквост], Скопје: Фондација „Фридрих Еберт“.

Де Бовоар, С. (1989) ***Вториот пол***: втора книга, Скопје, Наша книга.

Докмановиќ, М. и др. (2019) ***Политичко учество на жените во Северна Македонија***; Скопје: Фондација за демократија Вестминстер -Северна Македонија.

Државен завод за статистика. (2025). ***Жените и мажите во Северна Македонија: 2025***. [Ур.: Татјана Ѓорѓиевска]. Скопје: Државен завод за статистика.

Ивановска, М., Бадаревски, Б. (2012) ***Водич во феминистичката и родовата терминологија***, Скопје, Акција Здруженска.

Иглтон, Т. (2005) ***Идеологија***. Скопје: Темплум.

Кајевска, М.,А. (2016) ***Закон за прекинување на бременост од 2013 година: Јасна слика за укинувањето на демократијата во Македонија***, Познањ: IPSA (Меѓународно политиколошко здружение).

Кениг, Н. (1998) ***Светскиот поредок и мир од феминистичка перспектива***, во, Годишен Зборник, Скопје: Филозофски факултет.

Кениг, Н. (2016) ***Квалитативни методи на истражување;*** Скопје: Филозофски факултет.

Ковилоски, С. (2018) ***Жените во Македонското револуционерно движење во XIX век и првите години на XX век (книжевно-историски осврт)***, во, Современост: списание за литература култура и уметност, Скопје, Година 74 (68), бр.1. (стр.53-62).

Ковилоски, С. (2019) ***Македонски женски книжевни и историски ликови од XIX век***, во, Современост: списание за литература култура и уметност, Скопје, Година 74 (69), бр.1. (стр.133-157).

Корубин, Н. и др. (2014) ***Портретирање на жената во македонските медиуми: родовата еднаквост – клише, традиција или демократско право?***; Скопје: Фондација „Фридрих Еберт“.

Коруновска, Н. и др. (2015) ***Жените во политиката : патот до политичките функции и влијанието на локално ниво во Македонија***; Скопје: Реактор: истражување во акција.

Кузманова, П.К. (2016) ***Родовите релации во обредните поворки***, во, Култура / Culture [Vol 6 No 14]; Скопје: УКИМ.

Латковиќ, Т.М. и др. (2020) ***Студија за жените во Република Северна Македонија***; Скопје: Фондација „Фридрих Еберт“.

Марковска, С. и др. (2011) ***Родовата практика на Универзитетите во Република Македонија: вклученост/исклученост на жените во телата и процесите на донесување на одлуки: истражувачки проект***; Скопје: Филозофски факултет.

Марковска, С. и др. (2024) ***„30 +“: жените тоа го можат***. Скопје: Национален совет за родова рамноправност.

Мартиновска, А. (2018) ***Културна фабрика***; Скопје: Институт за македонска литература.

Маршал, Г. (2004) ***Оксфордски речник по социологија***; Скопје: МИ-АН.

Мои, Т. (2001) ***Сексуална/текстуална политика***. Скопје: Сигмапрес.

Најчевска, М. (2021) ***Родови јазли***, во, Предизвици: списание за општествени прашања [тематски број: родова еднаквост], Скопје: Фондација „Фридрих Еберт“.

Петковска, А. (2009) ***Есеи од социологијата на културата***; Скопје: Аз-бука.

Петреска Настоска, Ј. (2020) ***Зад црвените чадори***. Скопје, Арс Ламина.

Пирот, Г. (2016) ***Поимот граѓанско содружништво*** [превод: Ило Трајковски]. Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка.

Пирот, Г. (2016) ***Поимот граѓанско содружништво***; Скопје: МЦМС;

Поповска, Л. (2013) ***Комисија за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија - КЕМ: Формирање, активности, резултати (2006-2013)***, Скопје, UN Women.

Поповска, Л. (2016) ***Мултикултурните поврзувања во граѓанскиот сектор во Република Македонија како претпоставка за развој на граѓанската демократија***. [Докторска дисертација] Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.

Расел, Б. (2012) ***Освојување на среќата***, Скопје: Магор.

Симоновска, С. (2003) ***Мишел Фуко и новите форми на знаење како моќ и доминација,*** во Годишен зборник на Филозофскиот факултет -Скопје [број. 56], (стр. 461–472).

Скаловски, Д. (2010) ***Во прво лице еднина: мал личен културолошки речник***. Скопје, Аз Буки.

Старова, Н. (2021) ***Препознавање и менување на долгогодишните родово дискриминациски пракси***, во, Предизвици: списание за општествени прашања [тематски број: родова еднаквост], Скопје: Фондација „Фридрих Еберт“.

Страмшак, Б. (2008) ***Феминистички почетоци на социјалната работа***; Скопје: МЦМС.

Ташева, М. (1999) ***Социолошки теории***; Скопје: Универзитет Св. Кирил и Методиј.

Трајаноски, Ж. (2002) ***Идеологијата на женските невладини организации во Македонија***, во, Истражувања од обласТа на родовите студии: том 1 [зборник], ур. Катерина Колозова; Скопје: Евро Балкан Пресс;

Трајковски, И. (1997) ***Граѓанско содружништво***; Битола: Гоцмар;

Фуко, М. (2010) ***Археологија на знаењето***. Скопје: Слово.

ХОПС, 2022. ***Историја на Маршот на црвените чадори во Скопје***. [online] Скопје: ХОПС. Available at: https://hops.org.mk/istorija-na-marshot-na-tsrvenite-chadori-vo-skopje/ [Accessed 25 July 2025].

Хот -Кошка Р., Србиновска, С., Бојаџиевска, М. (2010) ***Феминизам и род: лексикон***. Скопје: Сигмапрес.

Цветковиќ, И. & Величковска, М. (2022) ***Кој се плаши од родот? Анализа на клучните стратегии и наративи на анти-родовите движења во Северна Македонија***. Скопје: Коалиција МАРГИНИ.

Џепаровски, И. [ур.] (2007) ***Аспекти на другоста***; Скопје: Евро Балкан Прес/Менора.

Џордан, Г., Ведон, К. (1999-2000) ***Културна политика: класа, род, раса и постмодерен свет***. Скопје: Темплум.

Шајноски, С., Ибиш, Е. [ур.] (2019) ***Жената во современото општество***, Скопје: Европски Универзитет.

Шелева, Е. (2005) ***Дом/идентитет***; Скопје: Магор.

Шкариќ, М.О. (1997) ***Женска визија: приоритети, проекти и стратегии***; Скопје: СОЖМ.

Штерјова-Симоновиќ, Х. (2019) ***Прирачник за примена на Факултативниот протокол на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените***. Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија.